# СОВЕТИ
## за правилно воспитување на
## *детето*

Наслов за оригиналот:
**Child Guidance**
by Ellen G. White

(Делумно скратено издание)

Превод и обработка:
**Миле Павловиќ**

Лектура:
**Каролина Коларовска**
**Мелита Томовска**

Корица:
**Лазар Томовски**

Форматирање:
**Сузана и Лазар Томовски**

Издава:
**АИК „Знаци на времето“ - Скопје**
ул. Влае бр. 42

За издавачот:
**Томе Трајков**

Печати:
„Маринг“ - Скопје

Елена Вајт

# СОВЕТИ

## за правилно воспитување на ***детето***

*(Компилација од списите на Елена Вајт)*

Второ издание

# С О Д Р Ж И Н А

Отсек I

**ДОМОТ, ПРВАТА ШКОЛА ЗА ДЕТЕТО**

1. Важноста на домот како воспитна школа ................................ 11
2. Првите учители .....................................................................14
3. Кога да се почне со воспитувањето на детето ........................18

Отсек II

**МЕТОДИ И УЧЕБНИЦИ**

4. Методи на поучување ........................................................... 23
5. Библијата како учебник ..........................................................31
6. Природата како учебник........................................................ 33
7. Практични поуки од книгата на природата.............................36

Отсек III

**СООДВЕТНО ОБУЧЕНИ УЧИТЕЛИ**

8. Потребна е подготовка ...........................................................45
9. Повик за личен напредок ...................................................... 51

Отсек IV

**ПОСЛУШНОСТА, НАЈВАЖНА ЛЕКЦИЈА**

10. Клуч за среќен и успешен живот ...........................................57
11. Да се поучат уште од најраното детство ...............................59
12. Послушноста мора да стане навика .....................................61

Отсек V

**ДРУГИ ОСНОВНИ ЛЕКЦИИ**

13. Самоконтрола .................................................................... 67
14. Тивкост, почитување и стравопочит .......................................71
15. Ракување со туѓа сопственост ............................................. 74
16. Здравствени начела .............................................................76
17. Чистота на телото ................................................................78
18. Уредност, ред и редовност .................................................. 81
19. Морална чистота...................................................................83

Отсек VI

**ПОУКИ ЗА ПРАКТИЧНИТЕ ДОБЛЕСТИ**

20. Корисност ....................................................................89
21. Работливост ..................................................................91
22. Вредност и истрајност ..................................................95
23. Самоодрекување, несебичност и промисленост ..................97
24. Економија и штедливост ..................................................99

Отсек VII

**РАЗВИВАЊЕ НА ХРИСТИЈАНСКИТЕ КВАЛИТЕТИ**

25. Едноставност ................................................................103
26. Учтивост и резервираност.............................................106
27. Бодрост и благодарност ................................................108
28. Вистинитост..................................................................110
29. Искреност и чесност ......................................................112
30. Самостојност и чувство за чесност ...............................114

Отсек VIII

**НАЈВОЗВИШЕНАТА ЗАДАЧА – РАЗВИВАЊЕ НА КАРАКТЕРОТ**

31. Важноста на карактерот................................................ 119
32. Како се обликува карактерот .........................................121
33. Родителската одговорност во формирањето на карактерот .. 124
34. Начини на кои карактерот се упропастува .......................129
35. Како родителите можат да градат силни карактери ..........136

Отсек IX

**ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ВО ИЗГРАДУВАЊЕ НА КАРАКТЕРОТ**

36. Предноста на раните години.......................................... 145
37. Силата на навиката .......................................................149
38. Проучувајте ги годините, наклонетостите и темпераментот ... 152
39. Волјата – фактор во успехот .........................................156
40. Објаснете ги со пример христијанските начела ................161

Отсек X

**ДИСЦИПЛИНАТА И НЕЈЗИНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ**

41. Предмети на дисциплината ........................................... 167

42. Време да се започне со дисциплина....................................171
43. Дисциплината во домот......................................................174
44. Спроведување на исправна дисциплина..............................182
45. Со љубов и цврстина .........................................................192

Отсек XI

**ПОГРЕШНА ДИСЦИПЛИНА**

46. Злото кое произлегува од попуштањето..............................203
47. Лабавата дисциплина и нејзините плодови.........................206
48. Реакции на детето..............................................................209
49. Односот на роднините........................................................217

Отсек XII

**РАЗВИТОК НА УМСТВЕНИТЕ СИЛИ**

50. Од што се состои вистинското образование? .....................221
51. Подготовка за училиште......................................................225
52. Одбирање на училиште .......................................................228
53. Одговорноста на црквата ....................................................231
54. Учителите и родителите во партнерство .............................233
55. Единство во дисциплината ..................................................235
56. Воспитувањето во средно училиште и на факултет ...........238

Отсек XIII

**ОСНОВНАТА ВАЖНОСТ НА ТЕЛЕСНИОТ РАЗВОЈ**

57. Физичката активност и здравјето.........................................243
58. Обучување за практичен живот...........................................246
59. Учење на корисни занимања...............................................252
60. Познавање и послушност кон законите на животот...........255

Отсек XIV

**ОДРЖУВАЊЕ НА ФИЗИЧКА КОНДИЦИЈА**

61. Домаќинката во кујната .......................................................261
62. Јадење за живеење..............................................................265
63. Умереност во сите нешта.....................................................275
64. Домот и делото на умереност..............................................278

Отсек XV

## СООДВЕТНА ОБЛЕКА

65. Благословите од прописното облекување ........................ 287
66. Поучување на основните начела на облекување............... 292
67. Фасцинантната сила на модата ........................................ 302

Отсек XVI

## ЗАЧУВУВАЊЕ НА МОРАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ

68. Распространетост на расипничните пороци ...................... 309
69. Последици од штетните навики ......................................... 313
70. Предупредувања и совети ................................................ 316
71. Родителска будност и помош ............................................ 320
72. Борба за реформа ............................................................. 326

Отсек XVII

## БУДЕЊЕ НА ДУХОВНАТА СИЛА

73. Одговорност за вечните интереси ..................................... 331
74. Секој дом треба да биде црква .......................................... 338
75. Водењето на малите деца кон Христа ............................... 342
76. Подготовка за членство во црквата ................................... 347

Отсек XVIII

## ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕРСКОТО ИСКУСТВО

77. Библијата во домот ............................................................ 355
78. Силата на молитвата ......................................................... 363
79. Саботата – ден на задоволство ......................................... 370
80. Стравопочит кон она што е свето ..................................... 379
81. Координација во домот и црквата ..................................... 385

Отсек XIX

## ДЕНОТ НА СУДОТ

82. Доцна е часот ..................................................................... 391
83. Наградите .......................................................................... 395

# ОТСЕК I

# *Домот, првата школа за детето*

# ВАЖНОСТА НА ДОМОТ КАКО ВОСПИТНА ШКОЛА

**Воспитувањето почнува во домот.** – Домот е место каде што треба да започне воспитувањето на детето и тој претставува негова прва школа. Крај своите родители како инструктори, детето треба да ги научи лекциите кои ќе го водат низ целиот негов живот – лекции за почит, послушност, стравопочит и самоконтрола. Воспитните влијанија во домот претставуваат сила која ќе го води детето да се определи за добро или за зло. Во многу случаи тие влијанија дејствуваат тивко и постепено, но доколку се добро насочени, тие стануваат далекусежна сила за вистината и праведноста. Доколку детето во домот не е правилно насочено, сатаната ќе го воспита преку средства кои самиот тој ќе ги одбере. Колку е тогаш важно домашното воспитување!

**Тука се поставуваат темелите.** – Врз сите родители почива обврската на своето дете да му дадат поуки во телесен, интелектуален и духовен поглед. Основна цел на секој родител треба да биде на своето дете да му обезбеди развој на добро урамнотежен, хармоничен карактер. Ова е задача која има голема важност – работа, која бара сесрдно размислување и молитва, како и трпеливо и истрајно вложување на неуморни напори. Мора да се постави добар и здрав темел, да се подигне силен и цврст скелет; и тогаш од ден на ден да се продолжи со делото на изградување, дотерување и усовршување на градбата.

**Детето да не биде лишено од тоа.** – Родители, запаметете дека вашиот дом е воспитна школа во која вашите деца треба да се подготват за небесниот дом. Попрво лишете ги од сѐ друго, само не од воспитувањето што тие треба да го примат од најмали нозе. Не дозволувајте им ниту еден раздразлив збор. Учете ги вашите деца да бидат љубезни и трпеливи. Учете ги да имаат обѕир кон другите. На тој начин вие ги подготвувате за повозвишена служба во нештата поврзани со верата.

Домот треба да биде подготвителна школа каде што децата и младите ќе се подготват да му служат на Учителот, приготвувалиште за повозвишената школа во Божјето царство.

**Да нема второстепена важност.** – Домашното воспитување не треба да се смета за нешто што е од второстепена важност. Тоа го зазема првото место во секое вистинско образование. На татковците и мајките им е доверено обликувањето на умот на своите деца.

Колку е потресна поговорката: „Каде е свиткано гранчето, кон таму е наклонето и дрвото.“ Истата треба да биде употребена во воспитувањето на нашите деца. Родители, дали ќе запаметите дека вам ви е доверена света обврска вашите деца да ги воспитувате уште од нивните најрани години? За да можат да бидат пресадени во Господовата градина, тие млади дрвја треба да бидат нежно воспитани. Домашното воспитување во никој случај не треба да биде занемарено. Оние, што го прават тоа, занемаруваат една религиозна должност.

**Домашното воспитување има голем досег.** – Важноста на домашното воспитување е мошне голема. Тоа подразбира дека неговите дострели се големи. Авраам бил наречен татко на сите верни. Она што го прави тој да биде еден од најдобрите примери за побожност, е токму тоа што во неговиот дом биле почитувани Божјите заповеди. Тој негувал религија во домот. Оној што гледа какво воспитување се покажува во секој дом, и кој ги мери влијанијата на тоа воспитување, рекол: „Оти Јас го познавам него дека тој ќе им заповеда на своите деца, и на домот свој по себе, да одат по патот Господен и да извршуваат правда и суд.“

Бог им заповедал на Евреите своите деца да ги поучуваат за сè она што Тој барал од нив, и да дознаат како Тој постапувал со нивниот народ. Домот и школата биле едно. Место усните на туѓинец, љубовните срца на таткото и мајката им давале поуки на своите деца. Божјите мисли ги поврзувале со сè она што со себе го носи секојдневниот живот во домот. Речито и со стравопочит им раскажувале за моќните дела што ги направил Бог кога го ослободил Својот народ. Во умот на младите биле втиснувани големите вистини за Божјото провидение и за идниот живот. Тие биле запознаени со сè што е вистинито, добро и убаво.

Поуките биле претставувани со употреба на илустрации и симболи, и на тој начин посилно врежани во умот. Со така оживеаната поука, уште од своето рано детство, детето навлегувало во тајните, мудроста и надежта на неговите претци. Тоа било водено да раз-

мислува, да чувствува и да учествува во достигнувањата на видливите и поминливи нешта, кои пак, ќе го водат кон невидливото и вечното.

**Образованието стекнато во назаретскиот дом.** – Своето образование Исус го примил во домот. Негов прв учител била неговата мајка. За небесните вистини Тој учел лично од неа и од свитоците на пророците. Живеел во селски дом и верно и храбро го носел Својот дел од домашниот товар. Некогаш Заповедник на небото, а сега доброволен слуга и послушен син, полн со љубов. Со свои раце работел и научил занает во дрводелската работилница, заедно со својот татко Јосиф.

# ПРВИТЕ УЧИТЕЛИ

**Родителите треба да ја разберат својата одговорност.** – Таткото и мајката треба да бидат првите учители на своите деца.

Родителите треба да ја сфатат својата одговорност. Светот е преполн со стапици кои го демнат секој чекор на младите. Мнозина ги привлекува животот исполнет со себични и телесни задоволства. Тие не можат да ги осознаат скриените опасности ниту страшниот завршеток на патот, за кој сега сметаат дека е пат на среќата. Бидејќи им угодуваат на апетитот и страстите, тие залудно ја трошат својата енергија, и така милиони се упропастуваат, не само за сегашниот, туку и за идниот свет. Родителите треба да запомнат дека нивните деца мора да се соочат со таквите искушенија. Дури и пред да се роди детето, треба да започне таква подготовка која ќе ги оспособи за успешно војување против злото.

За да сфатат како најдобро да ги воспитаат своите деца за корисен и среќен живот на оваа земја, и за повозвишена служба и поголема радост во идниот свет, на родителите на секој чекор им е потребна повеќе од човечка мудрост.

**Воспитувањето на детето, важен дел од Божјиот план.** - Воспитувањето на детето зазема значаен дел во Божјиот план а тука се открива и силата на христијанството. Пред родителите стои свечена одговорност своите деца да ги воспитуваат на начин според кој, откако ќе се осамостојат, ќе им прават добро, а не зло на оние со кои ќе бидат поврзани.

Родителите не треба да го потценуваат воспитното дело за своето дете, ниту да го занемаруваат за сметка на нешто друго. Тие треба да одвојат доста време и внимателно да се посветат да ги проучат законите кои управуваат со човечкото тело. Најпрво што треба да направат е да научат како правилно да се однесуваат кон своите деца, а со тоа да можат да им обезбедат здрав дух во здраво тело...

За жал, мнозина кои велат дека се Христови следбеници ги занемаруваат домашните должности; тие не ја согледуваат важноста на светата должност која Бог ја поставил пред нив - да го обликуваат карактерот на своето дете за тоа да има морална сила да

им се спротивстави на примамливите искушенија кои ги фаќаат младите во стапица.

**Неопходна е соработка со Бога.** – Христос не го молел Својот Отец да ги земе учениците од светот, туку да ги сочува од злото кое владее во светот; да ги чува да не им се препуштаат на искушенијата со кои ќе треба да се соочат на секој чекор. И таткото и мајката треба да приложат иста таква молитва за своите деца. Но дали тие само ќе се молат на Бога за потоа да ги препуштат своите деца да прават она што им е угодно? Бог не може да ги чува децата од злото доколку родителите не соработуваат со него. Вложувајќи неуморни напори, родителите треба храбро и бодро да ја започнат својата работа.

Доколку родителите се свесни дека во ниеден миг не се ослободени од воспитното бреме и од одговорноста да ги образуваат своите деца за Бога, и ако го извршуваат своето дело со вера, соработувајќи со Бога преку сесрдна молитва и работа, тие ќе имаат успех во своите намери да ги донесат своите деца кај Спасителот.

**Како една брачна двојка се соочила со одговорноста** – Од небото дошол ангел кој ги упатил Захарија и Елисавета како треба да го воспитаат и да го образуваат своето дете, работејќи во хармонија со Бога, за да го подготват гласникот кој ќе треба да го објави Христовото доаѓање. Како родители тие требале верно да соработуваат со Бога и да обликуваат таков карактер кај Јована кој би го оспособил да ја изврши задачата што му ја одредил Бог како Свој соодветен работник.

Својот син Јован тие го добиле на стари години. Тој бил дете произлезено од чудо. Затоа можеби родителите имале право да мислат дека Господ ќе се погрижи за него, бидејќи тој требало да изврши едно посебно дело за Него. Меѓутоа, родителите не размислувале така; тие се преселиле на осамено место во природа, каде што нивниот син нема да биде изложен на искушенијата кои ги поставува градскиот живот, или да биде наведен да се оддалечи од советот и упатствата кои би му ги дале неговите родители. Тие го извршиле својот дел во развивањето на карактерот кај детето, кое во секој поглед ја исполнило целта којашто Бог ја одредил за неговиот живот... Својата должност тие ја извршиле на свет начин.

**Сметај на тоа дека детето ти е доверено. –** Родителите треба да гледаат на своите деца како на доверени од Бог со цел тие да бидат воспитани за небесното семејство. Воспитувај ги со Божји страв и љубов; бидејќи „стравот од Господа е почеток на мудроста.“

**Родителите да бидат обучени како христијански учители.** – Иако работата на родителите има големо значење, таа е мошне занемарена. Родители, разбудете се од вашиот духовен дремеж и разберете дека вие треба на детето да му ги дадете првите поуки. Вие треба малечките да ги поучувате да го познаваат Христа. Тоа дело мора да биде завршено пред сатаната да посее свои семиња во нивните срца. Христос ги повикува децата и вие треба да ги водите кај него, формирајќи кај нив навики на работливост, уредност и ред. Таква дисциплина Христос сака тие да примат.

**Неопходно е единство меѓу родителите.** – Во извршувањето на своето воспитно дело во домот мажот и жената треба да бидат тесно поврзани. Тие треба да бидат многу нежни и многу да внимаваат на својот говор, за да не му отворат на сатаната врата за искушение низ која тој може да оди од победа во победа. Тие треба да бидат љубезни и учтиви еден кон друг, и да се однесуваат на начин кој покажува дека меѓусебно се почитуваат. За да се внесе во домот пријатна и здрава атмосфера, родителите треба да си помагаат еден на друг. Нивното однесување не треба да биде поинакво кога се наоѓаат во присуство на своите деца. Христијанското достоинство треба да се задржи во секое време.

**На секое дете му е доделено посебен воспитувач.** – Воспитното дело на мајката секогаш ќе има доминантно значење; иако врз таткото почиваат сериозни и важни должности, мајката, поради речиси постојаното дружење со своите деца, особено во периодот на првите години, мора секогаш да биде нивен посебен инструктор и придружник.

**Воспитувањето има пошироко значење, а не само упатување.** – Родителите мора да ја научат онаа лекција која налага целосна послушност на Божјиот глас, кој им се обраќа преку Својата Реч; и откако ќе ја научат таа лекција, тогаш можат да ги поучуваат

своите деца како да почитуваат и да бидат послушни на збор и на дело. Такво дело треба да се изврши во домот. Оние кои така прават и самите ќе доживеат раст и ќе сфатат дека мора да ги воздигнат своите деца. Ова воспитување значи многу повеќе отколку само едноставно давање упатства.

**Случајната работа е неприфатлива.** – Случајната работа во домот нема да ја помине истрагата на судот. Верата и делата треба да бидат комбинирани од страна на христијанските родители. Како што Авраам му заповедал на својот дом, така и тие треба да им заповедаат на своите домови. Стандардот што секој родител мора да го достигне е даден: „Тие ќе се држат до патот Господов." Секој друг пат е патека која води, не кон Божјиот град, туку кон редовите на уништувачот.

**Родителите треба да го прегледаат своето дело.** – Дали родителите ќе го прегледаат своето дело на образување и воспитување на своите деца, и ќе размислат дали својата целокупна должност ја извршиле со надеж и вера дека тие деца можат да бидат круна на нивната радост во денот кога ќе се сретнат со Господа Исуса Христа? Дали тие работеле за доброто на своите деца на начин според кој Исус можел да погледне од небото и преку дарот на Својот Дух да ги посвети нивните напори? Родители, вам ви припаѓа должноста да ги подготвите своите деца за да бидат од најголема полза во овој живот и најпосле да учествуваат во славата што треба да дојде.

# КОГА ДА СЕ ПОЧНЕ СО ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕТЕТО

**Образованието почнува од мали нозе.** – Значењето на зборот „образование“ подразбира далеку повеќе отколку само студирање во некоја школска установа. Образованието почнува уште кога малото дете се наоѓа во рацете на неговата мајка. Додека мајката го формира и го обликува карактерот на своите деца, таа им дава образование.

Кога родителите ги испраќаат своите деца на училиште, тие мислат дека тоа е доволно за нивното образование. Меѓутоа, образованието допира многу пошироко отколку што мнозина го сфаќаат тоа; тоа во себе го содржи целокупниот процес во кој детето се поучува уште од својата најрана возраст до детството, од детството до младоста, од младоста па сè додека не стане возрасен. Тогаш кога детето ќе почне да размислува, тогаш треба да започне и неговото воспитување.

**Започнете кога умот е најприемлив.** – Образовното и воспитното дело треба да започне уште од најраното детство на детето; умот тогаш е најприемлив, и дадените поуки лесно се паметат.

Детето во суштина треба да добие воспитување во домашната школа, од јасли до полна зрелост. И, како што е тоа случај во добро организираните школи, потребното знаење го стекнуваат и самите учители; особено мајката, која е главен учител во домот, тука треба да ги научи најважните поуки за нејзиниот живот.

Родителите ја имаат таа должност да изговараат правилни зборови... Родителите треба од ден на ден да учат во Христовата школа, да учат поуки од Оној што безмерно ги сака. На тој начин, сторијата за Божјата вечна љубов, ќе му биде пренесена на нежното стадо во домашната школа. Според тоа, уште пред разумот целосно да се развие, децата можат да го примат правиот дух од своите родители.

**Проучувај за раното воспитување**. – Предмет, кој сите родители треба внимателно да го проучат, е токму воспитувањето на детето од мали нозе. Ние треба воспитувањето на детето да го

сфатиме како занимање, зашто нивното спасение во голема мерка зависи од воспитувањето што ќе им се даде во детството. Доколку родителите и старателите копнеат нивните деца да бидат чисти, и самите мораат да одржуваат чистота на срцето и животот. Секој родител треба да се воспитува и да се дисциплинира самиот себеси. Потоа, како учители во домот, ние можеме да ги воспитуваме нашите деца и да ги подготвиме да го примат бесмртното наследство.

**Важноста на воспитувањето на првото дете.** – Првото дете треба посебно да биде воспитувано со голема грижа, зошто тоа ќе влијае врз воспитувањето на останатите. Децата растат според влијанието на оние со кои се опкружени. Доколку се управувани од оние кои се бучни и немирни, тие и самите ќе станат бучни и речиси неподносливи.

**Започнете правилно**. – Вашите деца се Божја сопственост и Тој платил со висока цена. О, татковци и мајки, однесувајте се кон нив на христијански начин.

Младите треба да бидат внимателно и промислено воспитани, бидејќи погрешните навики оформени во детството и младоста, честопати се присутни во текот на целокупното животно искуство. Бог нека ни помогне да ја согледаме неопходноста да имаме правилен почеток во воспитувањето на детето.

# ОТСЕК II
## *Методи и учебници*

# МЕТОДИ НА ПОУЧУВАЊЕ

**Треба да биде проучувано родителското устројство.** – Делото на родителот ретко се извршува на начин на кој би требало да биде извршено... Родители, дали сте проучиле како да бидете вистински управители за мудро да ја насочувате волјата на вашите деца и нивните нагони? Учете ги вашите млади да се испреплетат околу Бога кој ќе им даде поддршка. Не е доволно да кажете, изврши го ова или она, а потоа да сте сосема безобѕирни и да заборавите што сте побарале од нив, бидејќи тие сигурно нема да обратат доволно внимание за да ги извршат вашите заповеди. Подгответе го патот за вашето дете да ги извршува вашите заповеди бодро; учете ги ластарите да се прилепат за Исуса... Учете ги за секоја една малечка работа во животот да бараат помош од Бога; да бидат крајно будни да ги препознаат малите должности кои треба да ги извршат и да бидат подготвени секогаш да помагаат во домот. Доколку вие не ги воспитате, постои друг што ќе ги воспита, зашто сатаната будно чека на секоја можност да посее какол во срцето.

**Пристапете кон задачата со смирен дух и срце полно со љубов.** – Сестро моја, дали Бог ти ја доверил таа одговорност да бидеш мајка?... Ти треба да научиш одредени правилни методи и да стекнеш тактичност во воспитувањето на своите малечки, за тие да можат цврсто да го следат Господовиот пат. Ти треба постојано да напредуваш во највозвишената култура на умот и душата, а во образованието и воспитувањето на своите деца да внесеш спокоен дух и срце полно со љубов; на тој начин ќе можеш своите деца да ги исполниш со чисти стремежи, и во нив да негуваш љубов кон оние работи кои се чесни, чисти и свети. Како понизно Божјо дете, учи во Христовата школа; постојано настојувај да ги усовршуваш своите сили со цел најсовршено да ја извршуваш својата работа во домот, и преку упатства и со пример.

**Влијанието на тивката, внимателна постапка.** – Малкумина го сфаќаат влијанието на нежното, но цврсто однесување, покажано дури и во грижата за малечкото дете. Ако е мајката или негу-

вателката загрижена и нетрпелива, создава раздразливост кај детето во своите раце, додека внимателниот став тежнее да ги смири нервите кај малечкото дете.

**Теории кои треба да се испробаат. –** Ако само се проучуваат книги, ползата ќе биде мала доколку здобиените идеи не се применат во практичниот живот. Сепак, ни највредниот предлог упатен од страна на другите не треба да биде прифатен без размислување и без способност за разликување. Тие можеби не одговараат еднакво на околностите во кои се наоѓа секоја мајка, или на поединечната природа или темперамент на секое дете во семејството. За да ја забележи разликата помеѓу нивните методи и нејзините, мајката треба внимателно да ги проучува искуствата на другите и, исто така, внимателно да ги испроба оние за кои смета дека имаат вистинска вредност.

**Методи користени во старите времиња.** – Уште во почетокот верните во Израелот придавале големо внимание на самата образовна материја. Господ посочил дека децата треба за Неговата добрина и за Неговото величие да бидат поучувани уште од мали нозе, токму онака како што е откриено во Неговиот закон и покажано во историјата на Израел. Преку песна, молитва и поуки од Списите, приспособени за отворениот ум, таткото и мајката треба да им дадат упатства на своите деца дека Божјиот закон е израз на Неговиот карактер, и дека, кога ќе ги примат начелата на законот во срцето, Божјиот лик се врежува во умот и душата. Во поголем дел поучувањето во училиштето и домот било усно, меѓутоа, младите научиле да ги читаат и еврејските списи; на тој начин свитоците на списите од Стариот Завет им биле достапни за проучување.

**Поучувајте со љубезност и чувства полни со љубов.** – Таткото и мајката имаат посебно дело според кое треба своите деца да ги поучуваат со љубезност и чувство на љубов. Како родители, тие треба да покажат дека ги држат конците во свои раце, дека тие управуваат, а не да бидат управувани од нивните деца. Тие треба да ги поучуваат децата дека од нив се бара послушност.

Немирниот дух природно е наклонет кон зло; активниот ум, доколку се остави да не се занимава со подобри нешта, ќе се сврти

кон советите дадени од сатаната. Децата треба... да бидат поучувани, да бидат водени на безбедни патеки, да бидат чувани од злото, да бидат придобиени преку љубезност и да се утврдат да творат добро.

Татковци и мајки, пред вас стои свечена работа која треба да ја извршите. Од вашиот начин на дејствување зависи и вечното спасение на вашите деца. Како успешно ќе ги образувате своите деца? Не со карање, зошто со тоа нема да се постигне никакво добро. Зборувајте им на своите деца дека имате доверба во нивната интелигенција. Постапувајте со нив љубезно, нежно, со љубов. Кажете им што сака Бог тие да прават. Кажете им дека Бог сака да имаат такво образование и воспитување, со цел да бидат работници заедно со него. Кога вие го вршите својот дел од работата, тогаш можете да имате доверба дека Бог ќе го изврши Својот дел.

**Одвојте време за резонирање.** – Секоја мајка треба да одвои време да резонира со своите деца, да ги исправа нивните грешки и трпеливо да ги поучува за вистинскиот пат.

**Првите лекции учете ги во природа.** – Мајки, вашите малечки нека си играат на отворен воздух; нека ги слушаат песните на птиците и за Божјата љубов нека учат од Неговите прекрасни дела. Поучувајте ги за едноставните лекции од книгата на природата и за нештата што ги опкружуваат; и додека нивните мисли се развиваат, тие ќе можат да примат и поуки од книги, кои цврсто ќе се втиснат во паметењето.

Обработувањето на земјата претставува добро занимање за децата и младите. Тоа ги доведува во непосреден допир со природата и со Создателот на истата. За да им се овозможи таквата предност, колку што е тоа возможно, покрај нашите училишта, треба да постојат големи градини со цвеќиња и доволно земја за обработување.

Образованието стекнато среде такво опкружување е во согласност со упатствата дадени од Бога за поучување на младите...

Тоа ќе биде од голема вредност за нервозните деца или младинци кои стекнуваат поуки од книги кои исцрпуваат и тешко се паметат. Во проучувањето на природата тие ќе најдат здравје и среќа; и впечатоците коишто ќе бидат стекнати на таков начин, нема да

избледат од мислите, зашто тие ќе бидат поврзани со нештата кои постојано се наоѓаат пред нивните очи.

**„Зборувајте едноставно; Зборувајте почесто.“** – Оние коишто ги поучуваат децата треба да одбегнуваат заморни излагања. Големо дејство ќе имаат кратките и добро одбрани излагања. Доколку треба многу да се зборува, заради краткоста, материјалот нека биде поделен. Ако се кажат сега неколку интересни зборови, а малку и следниот пат, ќе има поголема полза отколку сите да се изложат одеднаш. Долгите говори ќе го обременат малиот ум на детето. Многу зборување ќе го наведе да почуствува одбивност кон духовното поучување, исто како што прејадувањето го обременува желудникот и го намалува апетитот, водејќи дури и до одвратност кон храната.

**Поттикнете независно размислување.** – Додека децата и младите се запознаваат со факти од страна на учителите и од учебниците, самите треба да научат да извлекуваат поуки и да ја распознаат вистината. Прашувајте ги, на пример, додека ја обработуваат градината, што научиле од грижата за своите растенија. Додека ја набљудуваат прекрасната глетка, прашајте ги зошто Бог ги облекол полињата и шумите со толку прекрасни и разновидни бои. Зошто сето тоа не било обоено само со темна кафена боја? Додека берат цвеќиња, поттикнете ги да размислуваат зошто Бог ни ја оставил убавината на овие патници од Еден. Додека ја посматраат природата, научете ги да ги забележуваат сите докази за Божјата грижа кон нас, кои се прекрасно прилагодени кон нашите потреби и нашата среќа.

**Насочувајте ја активноста на децата.** – Родителите не треба да мислат дека треба да ја потиснат активноста на своите деца, меѓутоа, треба да разберат дека тоа е неопходно за да ги водат децата во правилна и соодветна насока. Тие активни импулси се како лозите, кои, доколку не се насочат, ќе се испреплетат околу секоја пенушка и грмушка, и ќе ги врзат своите ластари за ниските потпирачи. Доколку лозите не се насочуваат да се обвиткаат кон соодветен потпирач, тие бесцелно ги трошат своите сили. Така е и со децата. Нивната активност мора да биде насочена во правилна насока. На нивните умови и раце дајте им да прават нешто,

што ќе придонесе да се зголеми нивниот физички и ментален развиток.

**Поучувај ги децата да бидат корисни уште од мали нозе.** – Детето треба многу рано да се научи да помага. Штом силата и разумот ќе бидат доволно развиени, треба да му се одредат некои домашни обврски што ќе ги извршува. Треба да се охрабрат сите негови обиди да им помага на таткото и мајката, да се научи на самооткажување и како да се контролира себеси, среќата и удобноста на другите да ги стави пред својата, да не пропушта можности да ги развесели и да им помогне на браќата, сестрите и другарите во игра, како и да биде љубезен кон старите, болните и несреќните. Колку е поцелосно проткаен духот на вистинска служба во домот, толку повеќе ќе се развие во животот на децата. Тие ќе научат да најдат задоволство во службата и пожртвуваноста за доброто на другите.

Родители, помогнете им на своите деца да ја извршуваат Божјата волја на тој начин што, како членови на семејството, верно ќе ги извршуваат поставените должности. Со ова ќе стекнат вредно искуство. Тоа ќе ги научи да не бидат сосредоточени кон самите себе, да не го прават само она што им причинува ним задоволство, или да се забавуваат себеси. Родители, воспитајте ги децата да ги извршуваат своите должности во семејниот круг.

**Оформување на карактерот со мали, често повторувани вниманија.** – Родители, во воспитувањето на вашите деца вклучете го и проучувањето на оние лекции коишто Бог ги дал во природата. Доколку би одгледувале каранфил, ружа или лилјан што би направиле? Запрашајте го градинарот што е тоа што прави секоја гранка и секој лист да цути толку прекрасно и да развие симетричност и убавина. Тој ќе ви каже дека тоа не се прави со груб допир, или насилен обид, бидејќи, тоа само би ги скршило тие нежни стебленца. Тоа се прави со мали, почесто повторени вниманија. Тој ги навлажнува почвата и растенијата што растат, ги заштитува од сурови ветришта и од сонцето кое пече, а Бог прави тие да цветаат и милно да цутат. Во однесувањето со своите деца, следете ги методите на градинарот. Преку нежни допири и служење со љубов, според моделот на Христовиот карактер, настојувајте да го оформување и нивниот карактер.

**Обратете внимание на малите нешта.** – Во воспитувањето на децата и младите, родителите прават голема грешка кога се однесуваат кон нив пристрасно, кога ги размазуваат и ги галат! Тие стануваат себични и неделотворни при што им недостига енергија за извршување на секојдневите мали обврски. Тие не се упатени да се запознаат со силата на карактерот преку извршување на секојдневните должности, колку и да се тие мали...

**Талентираните деца имаат потреба од поголема нега.** – Во умот на нашите деца треба да биде врежано дека тие не си припаѓаат себеси, дека не можат да излегуваат и да доаѓаат, да се облекуваат и да постапуваат како што им е ним угодно... Доколку поседуваат лични привлечности и ретко природни способности, во нивното образование треба да се вложат поголеми напори, со цел, тие дарби да не се претворат во проклетство, и да не ги онеспособат за трезвените нешта на реалниот живот, а со ласкање, суетност и љубов кон покажување, да ги направат неспособни за подобриот живот.

**Воздржувајте се од несоодветна забелешка или ласкање.** – Покажете мало внимание кон децата. Научете ги сами да се забавуваат. Не ставајте ги на призор пред посетителите како грамади на ум или мудрост, туку, колку што е можно, овозможете им да имаат едноставно детство. Една од најголемите причини зошто толку многу деца се дрски, бесрамни и безобразни, лежи во претераното внимание и прекумерните пофалби, така што нивните умни и бистри размислувања се повторуваат во нивно присуство. Трудете се несоодветното да не ги критикувате прекумерно, ниту пак да ги затрупате со пофалби и ласкања. Тогаш сатаната прерано ќе го посее своето лошо семе во нивното младо срце, а вие не треба да му помогнете во таквата негова работа.

**Читајте им на своите деца.** – Татковци и мајки, искористете ја сета помош која ви ја овозможуваат нашите книги и публикации. Одвојте време за да им читате на своите деца... Образувајте домашен читачки круг, во кој секој член на семејството ќе ги стави настрана секојдневните грижи и ќе се соедини во заедничко проучување. Особено оние млади кои биле научени да читаат романи и

ефтини книги со приказни, ќе имаат полза од заедничкото вечерно проучување во семејството.

**„Воспитувај“, а не „Кажувај.“** – На родителот му е доверено извонредното дело да го образува и да го воспита своето дете за идниот, вечен живот. Многу родители сметаат дека ја исполниле својата должност ако само ги нахранат, ги облечат своите деца, и ги образуваат според стандардите на светот. Тие се презафатени со работа или задоволства, за да остават простор воспитувањето на нивните деца да стане нивно животно проучување. Тие не настојуваат да ги воспитаат своите деца да ги употребат своите таленти во чест на својот Откупител. Соломон не рекол: „Кажи му на детето за патот по којшто треба да оди, а кога ќе остари, нема да скршне од него.“ Туку тој рекол: „Воспитај го детето за патот по којшто треба да оди, и кога ќе остари нема да скршне од него.“

**Воспитајте ги да имаат самоконтрола.** – Ниту една работа што некогаш ја преземал човек не бара поголема грижа и вештина како правилното воспитување и образување на младите и децата. Ниедно влијание не е толку моќно како она со кое сме опкружени во нашите први години... Природата на човекот е тројна, и воспитувањето, за кое зборува Соломон, подразбира правилен развој на физичките, интелектуалните и моралните сили. За правилно да се изврши ова дело, родителите и учителите треба самите да го разберат „патот“ по кој детето треба да оди. Тука не се вклучени само познавањата стекнати од книги или научените работи на училиште. Тоа подразбира примена на умереноста, братската љубезност и побожност, извршување на должностите кон самиот себе, своите ближни и Бога.

Воспитувањето на детето мора да биде поинакво од оние принципи кои владеат при тренирање на некое неразумно животно. Животното треба само да се навикне да му се покорува на својот господар, меѓутоа, детето мора да биде поучено да се контролира себеси. Волјата мора да биде воспитана да ги слуша прописите на разумот и совеста. Едно дете може да биде воспитано на истиот начин како и животното, да нема своја волја, а неговата личност да се претопи во личноста на својот учител. Таквото воспитување не е мудро и неговите влијанија се катастрофални. На така воспитаните деца ќе им недостасува цврстина и решителност. Тие нема

да научат да дејствуваат според принцип; поради тоа што не се употребуваат, силите на расудување нема да бидат зацврстени. Колку што е можно, секое дете нека се воспитува да биде самостојно. Мудриот учител ќе им посвети посебно внимание на развојот на послабите карактерни црти, за детето да може да оформи добро балансиран, хармоничен карактер.

ГЛАВА 5

# БИБЛИЈАТА КАКО УЧЕБНИК

**Првиот учебник на детето.** – Библијата треба да биде првиот учебник на детето. Од оваа книга родителите треба да му дадат мудри поуки. Божјата реч треба да биде правилник на животот. Од неа децата треба да научат дека Бог е нивниот небесен Татко, и од прекрасните лекции во неговата Реч, тие треба да го запознаат Неговиот карактер.

**Книга полна со ветувања, благослови и укори.** – Мајката мора својот ум да го освежува и да го снабдува со ветувањата и благословите од Божјата реч, како и за забранетите нешта, така што, кога нејзините деца ќе направат нешто погрешно, таа да може да ги укори со Божјите зборови и да им укаже на тоа дека го жалостат Божјиот Дух. Учете ги дека Христовото одобрување и неговата насмевка имаат поголема вредност отколку пофалбата или ласкањето на најбогатите, највозвишените и најучените на оваа земја. Од ден во ден, водете ги кон Христа со љубов, нежно и срдечно. Вие не смеете да дозволите нешто да ве попречи во остварувањето на ова големо дело.

**Таа ја претставува Божјата љубов како угодна тема.** – Децата во секое семејство треба да бидат одгледани под влијанието на грижата и науката Господова. Лошите особини треба да бидат контролирани, а лошиот темперамент покорен. Децата треба да се поучат дека се Божја сопственост, купени со Неговата скапоцена крв, дека не можат во животот да им се предадат на задоволството и суетата, да негуваат самоволие и да ги спроведуваат само личните идеи, а сепак да се вбројат меѓу Божјите деца. Децата треба да бидат поучени со љубезност и трпение... Родителите нека им ја пренесат Божјата љубов на таков начин што таа да биде мила тема во домот, а црквата нека ја преземе врз себе одговорноста да ги храни јагнињата и овците од стадото.

**Нејзините стории му влеваат сугурност на плашливото дете.** – Единствено свеста за Божјото присуство може да го истера стравот, кој го обременува животот на плашливото дете. Во својот

ум нека го вреже ветувањето: „Господов ангел се настанува околу оние што се бојат од него, и ги избавува“ (Псалм 34:7). Детето нека ја чита прекрасната сторија за Елисеј во планинскиот град, каде мноштво небесни ангели стоеле помеѓу него и војските на вооружените непријатели. Нека чита како пред Петар, затворен и осуден на смрт, се појавил Господов ангел; кој, поминувајќи ги вооружените стражари, огромните порти и големата железна врата со шарки и шипки, го одвел Божјиот слуга на безбедно место.

Бидете силни во верата и учете ги своите деца дека сите ние зависиме од Бога. Читајте им ја сторијата за четирите еврејски деца, и поттикнете го нивниот ум да сфати колку било важно доброто влијание покажано во времето на Даниел, заради неговото строго држење на принципите.

**Поедноставете ги поуките од Библијата.** – Родителите треба да ги поучуваат своите деца од Библијата и поуките да ги поедностават, со цел, децата полесно да ги разберат.

Учете ги своите деца дека Божјите заповеди мора да станат правило во нивниот живот. Околностите можат да ги одвојат од родителите и од нивниот дом, меѓутоа, лекциите примени во детството и младоста, ќе бидат благослов за нив во текот на целиот живот.

# ПРИРОДАТА КАКО УЧЕБНИК

**Неисцрпен извор на поуки.** – Покрај Библијата, наша најголема книга за поуки треба да биде природата.

За малото дете, кое сè уште не е способно да учи од печатен збор или да се вклучи во редовниот тек на училишната настава, природата претставува неисцрпен извор на поуки и воодушевување. Срцето кое сè уште не затврднало од допирот со злото, бргу може во сето создадено да го препознае Божјето присуство. Сè уште не отапено од вревата на светот, увото е приемчиво за Гласот кој зборува преку природата.

**Природата ги илустрира поуките од Библијата.** – Децата треба да бидат охрабрени во природата да бараат илустрации за библиските учења, а во Библијата да наоѓаат споредби извлечени од природата. Сето она што го претставува Христа, како и она што Тој го употребил опишувајќи ја вистината, тие треба да го истражуваат и во природата и во Светото Писмо. На тој начин ќе можат да научат да го препознаат Него во дрвото и лозата, во лилјанот и розата, во сонцето и ѕвездата. Тие можат да научат да го слушаат неговиот глас во песната на птиците, во шумот на дрвјата, во татнежот на громот и во музиката на морето. Секое нешто во природата ќе им ги повторува неговите скапоцени поуки.

**Библијата ги толкува тајните на природата.** – Кога ќе дојде во допир со природата детето ќе биде збунето. Тоа неизбежно ќе го забележи дејствувањето на соперничките сили. И токму тука му е потребен толкувач на тие процеси во природата. Гледајќи како злото се покажува дури и во светот на природата, сите мораат да ја научат истата жална поука – „Човек непријател го направи тоа“ (Матеј 13:28).

Поуките на природата можат правилно да се прочитаат само во светлината што сјае од Голгота. Преку сторијата за Витлеем и крстот нека се покаже како доброто треба да го надвладее злото и дека секој благослов што го примаме е дар на откупувањето.

Злото кое расипува и уништува е претставено со боцки и трње, со плевел и троскот. Во птицата што пее и цветот кој се отвора, во

дождот и сјајот на сонцето, во летното ветренце и нежната роса, во десетици илјади нешта во природата, од дабот во шумата до темјанушката што цути при неговиот корен, се гледа љубовта која обновува. И природата сè уште ни зборува за Божјата добрина.

**Негувајте љубов кон природата.** – Нека мајката... најде време да ја негува љубовта кон убавите нешта во природата во себе и кај своите деца. Нивниот поглед нека го посочи кон славните нешта во широчините на небесата, до илјадниците облици на убавина што ја красат земјата, и тогаш зборувајте им за Оној кој го создал сето тоа. На тој начин таа ќе го води умот на младите кон Создателот и во срцето ќе разбуди стравопочит и љубов кон Дарителот на сите благослови. Полињата и ритчињата – аудиториумот на природата – треба да биде училница за малите деца. Нејзините ризници треба да бидат нивни учебници. Лекциите предадени на таков начин, детето никогаш нема да ги заборави.

Родителите можат да направат многу за да ги поврзат своите деца со природата. Тие можат да ги охрабрат да ги сакаат убавините на природата кои сам Бог ги поставил за нив и да ја препознаат раката на Дарителот во сè она што го примаат од него. Со тоа, почвата на срцето може рано да биде подготвена за драгоценото семе на вистината, кое во свое време ќе никне и ќе донесе богата жетва.

**Придружени со птиците во песни на пофалба.** – Малите деца треба често да се изведуваат во природа. Наместо да ги ставаат врз нив оковите на модата, нека бидат слободни како јагниња и нека си играат под пријатната свежина на сончевата светлина. Покажувајте кон грмушките и цвеќињата, понизната трева и високите дрвја, и тие нека станат блиски со нивните убави, разновидни и нежни облици. Учете ги во сите создадени дела да ја препознаат Божјата мудрост и љубов; и кога нивните срца се разиграни од радост и благодарна љубов, нека им се придружат на птиците во нивните песни на благодарност.

**Природата и Библијата биле Христови учебници.** – Своето образование Исус го стекнал од извори што ги одредило Небото, од корисната работа, од проучувањето на Списите, од природата и од искуството на животот – Божји учебници полни со инструкции

за сите оние што доброволно подаваат рака кон нив со отворени очи и срце кое разбира.

Неговото добро познавање на Писмото покажува колку внимателно неговите рани години биле посветени на проучување на Божјиот Збор. Згора на тоа, пред него била отворена и големата библиотека на Божјите создадени дела. Оној, кој ги создал сите нешта, ги проучувал лекциите кои неговата рака ги запишала на земјата, во морето и на небото. Одвоен од несветите патишта на светот, Тој стекнувал научни познавања од природата. Го проучувал животот на растенијата, на животните и животот на човекот. Уште од неговите најрани години Тој пред себе имал една цел, да живее на благослов на другите. Извори за таа цел наоѓал во природата; додека го проучувал животот на растенијата и на животните, во неговиот ум би се родиле нови идеи за нивните патишта и значења...

Според тоа, додека се обидувал да ја разбере суштината на создаденото, пред Исуса се отворало значењето на Речта и на Божјите дела. Небесните суштества биле Негови постојани придружници, а Тој негувал свети мисли и заедница со Бога. Од мигот кога станал свесен за околината, Тој постојано растел и духовно се издигнувал во познавањето на вистината.

Секое дете може да се здобие со знаење какво што стекнал Исус. Додека се обидуваме да се запознаеме со нашиот небесен Татко преку Неговата Реч, ангелите ќе ни се придружат, нашиот ум ќе биде засилен, нашиот карактер возвишен и префинет.

# ПРАКТИЧНИ ПОУКИ ОД КНИГАТА НА ПРИРОДАТА

**Божјиот глас во Неговите созданија.** – Каде и да се свртиме, го слушаме Божјиот глас и ги гледаме Неговите созданија. Од свечениот трескот на громот и непрекинатиот ек на океанот, до милозвучните песни на птиците кои со своите мелодии ги исполнуваат шумите, природата со безброј гласови му оддава слава на својот Создател. На земјата, во морето и во воздухот со своите чудесни нијанси и бои, во раскошниот контраст или во разновидната хармонија ние ја гледаме Неговата слава. И вечните ритчиња зборуваат за Неговата слава. Дрвјата со своите зелени бајраци под сончевата светлина, и цвеќињата со нивната нежна убавина, зборуваат за својот Создател. Живописното зеленило распостелено врз кафената земја, зборува колку Бог се грижи и за најситните свои созданија. Длабочините на морето и земјата ги откриваат неговите богатства. Оној, кој ги поставил бисерите во океанот, и аметистот и хризолитот помеѓу карпите, е љубител на сè што е убаво. Сонцето, кое се издига на небесата, го претставува Оној кој е живот и светлина за сè она што го создал со Своите раце. За Бога зборува и сиот сјај и убавина што ја красат земјата и ги осветлуваат небесата.

Дали тогаш ние, кои ги уживаме неговите дарови, треба да го заборавиме Дарителот? Сето тоа нека нè поттикне да размислуваме за Неговата добрина и за Неговата љубов. Сета убавина на нашиот земен дом нека нè потсетува на кристалната река и зелените полиња, дрвјата кои се вејат и живите извори, блескавиот град и хорот во бела облека, на нашиот небесен дом – тој прекрасен свет што ниеден уметник не може да го нацрта и ниту пак смртен јазик да го опише. „Што окото не виде, што увото не чу, што во човечкото срце не дојде, тоа Бог го приготви за оние кои го љубат.“ (1. Коринтјаните 2:9).

**За Божјата љубов и Неговиот карактер.** – Мајките... не треба да бидат преокупирани со вештачкото и обременети со грижи, и да немаат време да ги воспитуваат своите деца од големата Божја книга на природата, втиснувајќи ја во нивниот млад ум убавината на отворањето на пупката и цветот. Високите дрвја и убавите птици,

кои му пеат радосни песни на својот Создател, на детските чувства им зборуваат за добрината, милоста и Божјата добродетел. Секој лист и секој цвет со своите разновидни нијанси, кои го исполнуваат воздухот со пријатен мирис, ги учат дека Бог е љубов. Сè она што е убаво и мило во овој свет им зборува за љубовта на нашиот небесен Татко. Тие можат Божјиот карактер да го забележат во Неговите создадени дела.

**За Божјото совршенство.** – Како што природата открива дека го цени Големиот Работник со тоа што прави најдобро што може за да го претстави Божјото совршенство, така и човечките суштества треба да се трудат во својата сфера да го претставуваат Божјото совршенство, дозволувајќи му на Бога преку нив да ги оствари Своите цели за праведност, милост и добрина.

**За Создателот и саботата.** – Кој ни го дал сонцето кое прави земјата да донесе плодови и кој ги излева плодоносните дождови? Кој ги поставил небесата над нас, сонцето и ѕвездите? Кој ти дал разум, и од ден во ден, кој внимава над тебе?... Секогаш кога ќе погледнеме кон создадениот свет, се потсетуваме дека нè создала Божјата моќна рака. Небесниот свод над нашите глави и земјата покриена со зелениот тепих, повикуваат да се сетиме на Божјата сила и на Неговата љубов и љубезност. Тој можел да направи тревата да биде кафена или црна, меѓутоа Бог е љубител на убавото и заради тоа, Тој нам ни дал прекрасни нешта кои можеме да ги гледаме. Би можел ли некој друг да ги обои цвеќињата со толку нежни нијанси со какви што ги облекол Бог?...

Ние немаме подобар учебник од природата. „Погледнете ги полските кринови;... ниту работат, ниту предат: но Јас ви велам, дека дури ни Соломон, во сета своја слава, не се облече како еден од нив.“ Умот на нашите деца нека биде посочен кон Бога. Заради тоа, Тој ни го дал седмиот ден и го оставил како спомен за Неговите создадени дела.

**Послушност кон законот.** – Истата сила што ја одржува природата дејствува и во човекот. Истите големи закони што ги водат патеките и на ѕвездата и на атомот, го надгледуваат и човековиот живот. Законите кои управуваат со работата на срцето усогласувајќи го протокот на струјата на животот според законите на телото, се

закони на моќниот Ум кој има власт над душата. Од Него произлегува целиот живот. Само во согласност со Него може да се утврди вистинското подрачје на активност на животот. Сите создадени суштества стојат пред ист услов – нивниот животот се одржува на тој начин што го примаат од Бога и треба да го употребат така што ќе живееат во согласност со волјата на Создателот. Ако го прекршува Божјиот закон - физичкиот, менталниот или моралниот, човекот сам се издвојува од хармонија со вселената и внесува дисхармонија, анархија и пропаст.

Оној кој ќе научи на ваков начин да ги толкува нејзините учења, ќе добие појасна претстава за природата; светот е учебник, а животот училиште. Единството на човекот со природата и со Бога, универзалната власт на законот, последиците од престапувањето, влијаат врз умот и го обликуваат карактерот. Тоа се лекциите кои нашите деца треба да ги научат.

**Други лекции од законите на природата**. – Обработувајќи ја земјата, внимателниот работник ќе согледа дека пред него се отвораат такви богатства какви што не ни сонувал. Никој не може успешно да се занимава со земјоделие или со градинарство ако не ги почитува законите на таа работа. Мораат да се проучуваат посебните потреби на секој растителен вид. Различни видови бараат различна почва и соодветна нега, а покорувањето на законите кои управуваат со секое од нив е услов за успех.

Вниманието што го бара пресадувањето, да не се притесни или погрешно да се постави макар и една жила од коренот, грижата за младите растенија, нивното кроење и наводнување, заштитувањето од мразот ноќе и од сонцето дење, борбата против плевелот, болестите и штетните инсекти, севкупното негување и уредување, не само што овозможуваат важни поуки за развивање на карактерот, туку покажуваат дека само со работа може да се постигне развој. Учејќи се да бидеме грижливи, трпеливи, темелни, послушни на законот, ние го стекнуваме највжното воспитување.

Постојаниот допир со тајните на животот и убавината на природата, како и нежноста која е потребна за грижата околу овие прекрасни дела на Божјото создавање, придонесуваат за оживување на умот и облагородување и воздигнување на карактерот; а научените поуки му помагаат на работникот успешно да се соочува со луѓето.

**Лекции од посеаното семе.** – Параболата за сејачот и семето ни дава длабока духовна порака. Семето ги претставува начелата посеани во срцето, а неговиот раст, развитокот на карактерот. Направете поучувањето на оваа точка да се примени во пракса. Децата можат да ја подготват почвата и да го сејат семето; и додека работат, родителот или учителот можат да им објаснат за градината на срцето, за доброто или лошото семе посеано таму; како што градината треба да биде подготвена за природното семе, исто така и срцето мора да биде подготвено за семето на вистината. Како што растението расте, сличноста помеѓу природното и духовното сеење може да продолжи.

Додека го фрлаат семето во земјата, тие можат да им ја пренесат поуката за Христовата смрт; а кога тревката ќе изникне, нека ги упатат на вистината за воскресението.

**Градината на срцето треба да се одгледува.** – Од обработувањето на почвата постојано можат да се извлекуваат одредени лекции. Никој не може да донесе заклучок дека необработено парче почва ќе донесе жетва одеднаш. Во подготовката на почвата, во сеењето на семето и во негувањето на растението, мора да биде вложена вредна и истрајна работа. Така мора да биде и со духовното сеење. Градината на срцето мора да се обработува. Почвата мора да биде изорана преку покајание. Мора да се искорне лошиот плевел што го задушува доброто зрно. Како што може, само со вредна работа почвата прекриена со трња да биде вратена во нејзината првобитна состојба, така и злите тенденции на срцето можат да бидат победени само со истрајни напори, во Христовото име и со Неговата сила.

**Растење во благодатта.** – Зборувајте им на децата за чудотворната Божја сила. Додека го проучуваат големиот учебник на природата, Бог ќе влијае врз нивниот ум. Земјоделецот ја ора својата земја и ги сее своите семиња, меѓутоа, тој не може да направи семето да расте. Тој мора да зависи од Бога кој ќе го направи она што човечка сила не може да го стори. Господ ја сместува Својата животодавна сила во семето, која потоа прави тоа да никне и да живее. Благодарение на Неговата грижа никулецот на животот ја пробива тврдата кора во кое е затворено, и изникнува за да го даде својот плод. Најпрво се појавува тревката, потоа класот, па дури

тогаш класот се исполнува со зрна. Кога на децата ќе им се објасни делото кое Бог го прави за семето, тие можат да ја сфатат и тајната на растењето во благодатта.

**Издигнување над нештата околу нас.** – Во Америка ние имаме свежи водни кринови. Тие прекрасни кринови изникнуваат чисти, неизвалкани, совршени, без ниту една мана. Тие се пробиваат низ густи урнатини. Јас му реков на мојот син: „Сакам да се обидеш да ми скинеш еден крин со стебло што е можно поблиску до коренот. Сакам да разбереш нешто во врска со тоа."

Тој извлече една рака кринови и јас ги посматрав. Целите беа полни со отворени канали, а стебленцата впиваа материи од чистиот песок под површината и беа развиени во чисти и неизвалкани кринови. Тие ги отфрлиле сите отпадоци. Тие ги отфрлиле сите непријатни нешта, но еве, тие се развиле во својата убавина.

Токму така ние треба да ги воспитуваме нашите млади во овој свет. Нивниот ум нека биде поучен за тоа кој е Бог, кој е Исус Христос, и за жртвата што Тој ја направи во наша полза. Нека црпат од чистотата, доблеста, благодатта, учтивоста, љубовта, воздржувањето; нека ги црпат од Изворот на сета сила.

**Поуки за доверба и истрајност. –** „Запрашај ги ѕверовите, и тие ќе те поучат; и птиците небесни, и тие ќе ти кажат:... и морските риби ќе ти објават тебе." „Оди кај мравката; размислувај за нејзините патишта." „Погледнете ги птиците." „Размислете за гавраните." Јов 12:7,8; Изреки 6:6; Матеј 6:26; Лука 12:24.

Ние не треба само да му раскажуваме на детето за овие Божји созданија. Самите животни треба да бидат негови учители. Мравките даваат поука за трпелива трудољубивост, за истрајност во совладување на пречките, за подготвување за иднината. Птиците се учители на милозвучната поука за довербата. Нашиот небесен Отец се грижи за нив; но тие мораат да ја собираат храната, мораат да ги градат своите гнезда и да ги подигаат своите млади. Тие секој миг се изложени на непријатели кои настојуваат да ги уништат. А сепак, колку радосно се зафатени со својата работа! Колку се нивните песни полни со веселба!

Псалмистот дава прекрасен опис за тоа колку Бог се грижи за шумските созданија –

„Високите планини им даваат засолниште на дивите кози,
и пештерите на јазовците.“ Псалм 104:18.

Тој испраќа потоци да течат меѓу ридовите, каде и птиците имаат свои станови, и „пејат среде гранките“ (Псалм 104:12). Сите созданија по шумите и горите се дел од неговото големо домаќинство. Тој ја отвора својата рака и обилно наситува „сè што е живо“ (Псалм 145:16).

**Инсектите даваат поука за работливоста.** – Работливата пчела на интелигентниот човек му дава пример на кој треба да се угледа. Овие инсекти живеат во совршен ред и на ниту еден безработник не му е дозволено место во кошницата. Тие својата определена работа ја извршуваат со таква разумност и ревност што ја преминува моќта на нашето сфаќање... Мудриот Соломон го насочува нашето внимание кон тие малечки созданија на земјата: „Оди при мравката, о мрзливецу; набљудувај ги нејзините патишта и биди мудар; таа нема водич, надзорник ни настојник, се грижи за храната лете и прибира јадење во време на жетвата.“ „Мравките во кои нема сила, сепак својата храна ја подготвуваат во текот на летото.“ Од тие малечки учители можеме да извлечеме лекција за верноста. Доколку вредно ги усовршуваме способностите со кои нè обдарил премудриот Создател, толку повеќе ќе се зголеми нашата корисност. Божјото око запира и врз најмалите Негови созданија; дали Тој тогаш нема да погледне кон човекот, кој е создаден според Неговиот лик, и да бара од него соодветен надоместок за сите подарени предности?

# ОТСЕК III

# *Соодветно обучени учители*

# ПОТРЕБНА Е ПОДГОТОВКА

**Подготовката на мајката е занемарена.** – Првиот учител на детето е неговата мајка. Во оној период кога неговиот ум е најприемчив и најбрзо се развива, неговото воспитување во голема мерка зависи од неа. Таа прва има можност да го обликува карактерот на детето за добро или лошо. Таа мора да ја разбере вредноста на можноста што ѝ е дадена и повеќе од секој друг учител да се оспособи да ја ползува на најдобар начин. Меѓутоа, нејзината подготовка е далеку помала од сите останати. Многу малку систематски напори се вложени со цел да ѝ се помогне на мајката, чие воспитно влијание е најсилно и најдалекусежно.

**Итно е потребна внимателна и целосна подготовка.** – Премногу често се случува оние, на кои им е доверена грижата за мало дете, да не ги познаваат неговите физички потреби; тие знаат малку за законите на здравјето или за принципите на развојот. Не се ништо подобро подготвени да се грижат ниту за неговиот ментален и духовен раст. Тие се можеби оспособени да управуваат со деловни зделки или да блескаат во општеството; можеби постигнуваат вонредни успеси во литературата и науката; но имаат малку знаење во врска со воспитувањето на детето...

Врз таткото, исто како и врз мајката, почива одговорноста за раното и подоцнежно воспитување на детето и затоа е неопходно и двајцата родители внимателно и темелно да се подготват за таа должност. Мажот и жената, уште пред да одлучат да ја преземат должноста на татковството и мајчинството, мораат да се запознаат со законите на физичкиот развој – со физиологијата и со хигиената, со важноста на влијанието врз детето уште пред неговото раѓање, со наследните закони, со санитарноста, облекувањето, вежбите на телото и лекувањето болести. Исто така, тие би морале да ги разберат и законите на менталниот развој и моралното воспитување...

Родителите треба да ги проучуваат законите на природата. Тие треба да бидат запознаени со организмот на човечкото тело. Тие треба да ги разберат функциите на различните органи и нивната поврзаност и зависност. Тие треба да ја проучуваат поврзаноста

на умствените со физичките сили, и условите потребни за здрава активност на секој поединечен дел. Да се преземат одговорностите на родителството, без таква подготовка, претставува грев.

**„Кој е способен?“** – Родителите можеби ќе се запрашаат: „Кој е способен за такво нешто?“ Единствено Бог може да им помогне. Доколку го заборават Него, ако не бараат помош и совет од Него, нивните напори ќе бидат залудни. Меѓутоа, преку молитва, проучување на Библијата и сесрдна ревност од нивна страна, тие можат да успеат во оваа важна обврска и да добијат стократна награда за вложеното време и сета нивна грижа... Изворот на мудроста е отворен и тие можат од него да го црпат сето неопходно знаење.

Некогаш срцето ќе се замори; меѓутоа, живото чувство на опасност која им се закaнува на сегашната и идната среќа на нивните сакани, треба да ги поттикне христијанските родители да бараат уште посесрдна помош од Изворот на секоја сила и мудрост. Тоа треба да ги направи попретпазливи, порешителни, посмирени, но сепак цврсти, додека бдеат над тие души, за кои ќе мора да дадат сметка.

**Воспитувањето на детето бара разбирање на Божјата волја.** – Родителите немаат изговор доколку занемарат да стекнат јасно разбирање на Божјата волја, за да можат да ги почитуваат законите на Неговото царство. Само на таков начин тие ќе можат своите деца да ги водат кон небото. Мои браќа и сестри, ваша обврска е да ги разберете Божјите барања. Како можете да ги воспитате децата за Господовите патишта, доколку најпрво вие не дознаете за себе лично што е правично, а што погрешно, додека не сфатите дека послушноста значи вечен живот, а непослушноста вечна смрт?

Наше животно дело мора да биде да ја разбереме Божјата волја. Само доколку правиме така, ние можеме правилно да ги воспитуваме своите деца.

**Божје упатство со целосни инструкции.** – Родителите не можат правилно да ги исполнат своите одговорности сѐ додека со нивниот живот не почне да управува Божјата Реч, сѐ додека не сфатат дека тие треба така да го воспитаат и обликуваат каракте-

рот на секое драгоцено човечко суштество, за на крајот да се здобијат со вечниот живот.

Библијата, книга богата со инструкции, треба да биде нивен учебник. Доколку ги воспитуваат своите деца според нејзините начела, тие, не само што ги поставуваат нивните млади стапала на сигурна патека, туку и себеси се воспитуваат за своите најсвети должности.

Делото на родителите е важно, свечено дело; тие имаат големи обврски. Но доколку внимателно ја проучуваат Божјата Реч, таму ќе најдат комплетни инструкции и многу драгоцени ветувања, под услов, тие својата работа да ја извршуваат верно и добро.

**Правила за родителите и децата.** – Бог одредил правила според кои треба да се раководат и родителите и децата. Овие правила треба да бидат строго почитувани. На децата не треба да им се угодува и да им се дозволи да мислат дека тие можат да ги следат своите желби без да бараат совет од своите родители...

Бог дал правила според кои треба да се раководат родителите и децата и тие не треба од нив да застранат. Бог очекува родителите на своите деца да им дадат воспитување според принципите на Неговата Реч. Верата и делата треба да бидат комбинирани. Сето она што треба да биде направено во домашниот и училишниот живот, мора да биде извршено пристојно и во ред.

**За законот и сведоштвото.** – Воспитното дело во домот, извршено онака како што била Божја замисла, побарува родителите да бидат грижливи проучувачи на Библијата. Тие мора да учат од Големиот Учител. Од ден во ден, на нивните усни мора да се гледа законот на љубовта и љубезноста. Во нивниот живот мора да се открива истата благодат и вистина кои се огледувале во животот на нивниот Пример. Тогаш посветената љубов ќе ги врзе заедно срцата на родителите и децата, и младите ќе растат зацврстени во верата и вкоренети и втемелени во Божјата љубов.

Кога волјата и патиштата на родителите адвентисти на седмиот ден ќе се усогласат со Божјата волја и Неговите патишта, нивните деца ќе израснат и во својот живот ќе го љубат, ќе му оддаваат чест и ќе му бидат послушни на Бога. Сатаната нема да може да се здобие со контрола над нивниот ум, затоа што тие биле воспи-

тани Божјата Реч да ја сметаат како врховна и секое искуство, кое доаѓа до нив, тие ќе го испитаат со законот и сведоштвото.

**Доколку сте биле невнимателни, откупете го времето.** – Родителите треба да ја проучуваат Божјата Реч за себе и за своите семејства. Но наместо тоа, многу деца се оставени да растат непоучени, неуправувани, неограничени. Родителите уште сега треба да направат сè од себе да го откупат своето занемарување на децата и да ги постават таму каде што тие ќе бидат под најдобри влијанија.

Родители, проучувајте го Писмото. Не бидете само слушатели; бидете извршители на Речта. Достигнете го Божјиот стандард во воспитувањето на вашите деца.

**Водечко правило: Што вели Господ?** – Сите родители треба да ги воспитуваат своите деца да го следат Господовиот пат. Ова не треба да се сфати лекомислено или да остане настрана, а да не предизвика незадоволство кај Господа. Не сме повикани да решаваме во која насока треба другите да тргнат, или како можеме најлесно да поминеме, туку, како вели Господ? Ни родителите ни децата не ќе имаат мир, среќа или одмор на духот ако тргнат по која и да е погрешна патека. Но кога Господовиот страв ќе завладее со срцето, соединето со љубовта кон Исуса, душата ќе се исполни со чувства на мир и радост.

Родители, отворете ја Божјата реч пред Оној кој го чита вашето срце и ја познава секоја тајна, и запрашајте се: Што вели Писмото? Ова мора да биде правило на вашиот живот. Оние, кои имаат љубов кон душите нема да молчат кога ќе забележат дека тие се наоѓаат во опасност. Ние сме уверени дека ништо друго, освен Божјата вистина, не може да им даде на родителите мудрост која го има во obsир спасението, кога е во прашање обликувањето на умот на нивните деца, и да ги одржи да останат такви.

**Лична подготовка.** – Доколку постои некоја должност која побарува нега на умот, каде што интелектуалните и физичките сили бараат здрав тон и сила, тоа е на подрачјето на воспитување на децата.

Во поглед на индивидуалната одговорност на мајките, секоја жена треба да развие добро избалансиран ум и чист карактер, кој

го одблеснува само она што е вистинско, добро и прекрасно. Жената и мајката може да ги врзе за своето срце сопругот и децата преку непопустливата љубов покажана со нејзините благи зборови и со своето учтиво однесување, кое, како правило, ќе биде копирано од нејзините деца.

**Мајко, ова е твое свето дело.** – Моја сестро, Христос ти го доверил ова свето дело своите деца да ги поучуваш да ги извршуваат Неговите заповеди. Со цел да се подготвиш за оваа работа, самата мораш да живееш во послушност на сите Негови начела. Грижливо внимавај на секој збор и на секое свое дело. Внимавај најгрижливо на твоите зборови. Победи го својот избувлив темперамент; бидејќи, доколку покажеш нетрпеливост, ќе му помогнеш на непријателот домашниот живот да го направи непријатен и неугоден за твоите деца.

**Работа во партнерство со божественото.** – Мајко, твоето срце нека биде отворено да ги прима Божјите инструкции, секогаш имајќи го на ум фактот дека мора да го извршуваш својот дел во согласност со Божјата волја. Мораш самата да се ставиш под влијанието на светлината и да бараш мудрост од Бога, за да знаеш како да дејствуваш, за да можеш да го признаеш Бога како твој главен соработник, и да сфатиш дека ти си работник заедно со Него. Твоето срце нека размислува за небесните нешта. Употреби ги своите од Бога дадени таленти во извршувањето на должностите кои Тој ги поставил пред тебе како мајка, и работи во партнерство со божествената сила. Работете промислено, и „што и да јадете, пиете или што и да правите, чинете го тоа на слава Божја.“

Мајката треба грижата за себеси и своите деца да му ја препушти на сочувствителниот Откупител. За да може во воспитувањето на своите деца да ги употребува правилно возвишените сили на умот, таа треба сесрдно, трпеливо и храбро да настојува да ги усоврши своите способности. Да му даде на своето дете воспитување, кое ќе биде прифатено од Бога, треба да биде нејзина највозвишена цел. Кога ќе ја преземе својата работа со разбирање, ќе прими сила за да го изврши својот дел.

Мајката треба да чувствува потреба да биде водена од Светиот Дух, за самата да стекне вистинско искуство во поглед на тоа сво-

јот живот да го потчини на Божјата волја и Неговиот пат. Тогаш преку Христовата благодат, таа може да биде мудар и благ учител на своите деца, полн со љубов.

**Доколку сте започнале погрешно.** – На родителите кои погрешно ја започнале својата работа, јас би им рекла: Не очајувајте. Вие треба вистински да бидете обратени кон Бога. Вам ви е потребен вистински дух на послушност кон Божјата Реч. Вие мора да направите темелни реформи во своите навики и постапки, усогласувајќи го својот живот со спасоносните принципи на Божјиот закон. Кога ќе го правите ова, вие ќе ја имате Христовата праведност која го проникнува законот, зашто вие го сакате Бога и го прифаќате Неговиот закон како препис на Неговиот карактер. Вистинската вера во Христовите заслуги не претставува фантазија. Од најголема важност е Христовите атрибути да ги внесете во својот живот, во својот карактер и да ги образувате и воспитате своите деца со истрајни напори кон послушност на Божјите заповеди. „Така вели Господ“, треба да ве води во сите ваши планови на воспитување...

Нека дојде до длабоко и целосно покајание пред Бога. Започнете ја годината... така што сесрдно ќе ја барате Божјата благодат, за духовно распознавање, со цел да ги откриете грешките направени во минатото. Покајте се пред Бога за работата што сте ја занемариле како мисионери во домот.

Ова е ваш ден на доверба, ден на одговорност и можност. Наскоро ќе дојде денот на судот. Започнете ја својата работа со сесрдна молитва и верно залагање. Учете ги своите деца дека нивна привилегија е секој ден да се крштаваат со Светиот Дух. Кога Христос ќе дојде нека ве затече како Негова помошничка рака во извршувањето на Неговите намери. Преку молитвата можете да стекнете искуство кое ќе направи вашата служба за вашите деца да доживее совршен успех.

# ПОВИК ЗА ЛИЧЕН НАПРЕДОК

**Неопходно е постојано напредување.** – Работата на мајката налага таа постојано да напредува, со цел своите деца да ги води кон сѐ повисоки и повисоки достигнувања. Меѓутоа, сатаната прави планови како да ја зароби душата и на родителот и на детето. Мајките, одвлечени од обврските во домот и од внимателното воспитување на своите деца, си служат себеси и на светот.

Заради своите деца, ако не од друга причина, мајките треба да го негуваат својот ум, зошто одговорноста на нивната работа е поголема отколку работата на еден цар на неговиот престол. Малку мајки го чувствуваат бремето на доверба коешто им е дадено и малку се оние кои разбираат колкава ефективност можат да достигнат во нивното посебно дело преку трпеливи, темелни напори во полза на својата префинетост.

Мајката најпрво треба строго да ги дисциплинира и да ги негува сите капацитети и чувства на љубов на својот ум и на своето срце, за да не поседува искривен или едноличен карактер и да не ги пренесе обележјата на нејзините недостатоци и ексцентричност врз своето потомство. Многу мајки треба да се разбудат и да ја согледаат потребата од промена на својот карактер и на своите цели, за да можат да ги исполнат обврските коишто тие доброволно ги прифатиле кога стапиле во брак. Доколку таа вложи соодветно внимание кон овие нешта, кои што влијаат врз судбината на човечката раса, корисноста на жената може да биде зголемена и нејзиното влијание проширено до скоро неограничен степен.

**Постојано расти во мудроста и делотворноста.** – Доколку сакаат да растат во мудроста и делотворноста, мајките треба, повеќе од сите други, да се привикнат себеси да размислуваат и да истражуваат. Оние коишто ќе опстојат во ваквиот начин на живот, наскоро ќе дознаат дека ја стекнале токму онаа способност која сметале дека им недостасува; тие учат како правилно да го формираат карактерот кај своите деца. Последиците на таквите напори и мислите посветени на оваа работа ќе се видат во нивната послушност, во нивната едноставност, скромност и морална чистота.

Овие резултати ќе бидат богата награда за сите вложени напори.

Бог сака мајките постојано да настојуваат да го унапредат својот ум и своето срце. Тие треба да чувствуваат дека пред нив стои едно образовно и воспитно дело за своите деца, кое треба да го извршат за Него и колку повеќе ги усовршуваат своите сили, толку покорисни ќе бидат во својата работа како родители.

**Восхитувачката сила на христијанската префинетост.** – Родителите сè уште не се разбудиле за да ја разберат восхитувачката сила на христијанската префинетост. Постојат рудници на вистината коишто требаа да бидат обработени, но кои се занемарени. Оваа безгрижна рамнодушност не е одобрена од Бога. Родители, Бог ве повикува оваа важна работа да ја посматрате со помазани очи. Вие само сте преминале површно. Зафатете се за своето долго занемарено дело и Бог ќе соработува со вас. Работете ја својата работа со цело срце, и Бог ќе ви помогне да напредувате. Почнете со тоа што ќе го внесете евангелието во домашниот живот.

Ние сега се наоѓаме во Божјата работилница. Многумина од нас се слични на груби камења донесени од каменолом. Меѓутоа, под воспитното дејство на вистината врз нашето срце, ќе исчезне секоја несовршеност и ние, како живи камења, ќе бидеме подготвени за небесниот храм, каде што ќе ни биде овозможено да пристапиме во друштвото, не само на небесните ангели, туку и на Самиот Цар на небото.

**Конечна цел – совршенство.** – Нема ли да ја отфрлите секоја некорисна, неважна работа, која мора да се отстрани за сметка на она што е корисно? Нема ли да настојувате да му се приближите на Бога, за да ве води Неговата мудрост и Неговата благодат да ви помага во делото кое ќе биде трајно колку и вечноста? Поставете си цел своите деца да ги водите до совршенство на карактерот. Имајте на ум дека само таквите ќе го видат Бога...

Многу родители го занемаруваат своето од Бога дадено дело. Самите тие се мошне далеку од чистотата и светоста и не ги гледаат недостатоците кај своите деца кои би ги согледале кога со сопствените очи би го посматрале Христовиот карактер и би се восхитувале на неговата совршеност.

**Како да се стане идеална мајка.** – Место да се задуши во извршувањето на тешките домашни обврски, мајката треба да има време да чита, да биде добро информирана, да му биде другар на својот сопруг и да биде во чекор со умствениот развој на нејзините деца. Треба мудро да ги ползува можностите да влијае на нејзините најмили да се развиваат кон повозвишен живот. Нека најде време Спасителот да стане нејзин секојдневен сопатник и близок пријател. Нека најде време за проучување на Неговата Реч, да оди со своите деца во полињата и да учи за Бога преку убавините на Неговите дела.

Нека биде бодра и весела. Наместо да го поминува секој миг во бескрајно шиење, вечерите нека ги посвети на пријатно заедничко време, семеен собир по дневните обврски. Затоа, многу мажи повеќе ќе сакаат да останат во своето домашно друштво, отколку да одат во клубовите и кафеаните. Многу момчиња ќе бидат сочувани од улиците и продавничките. Многу девојки ќе бидат поштедени од лесноумно и заводливо друштво. На тој начин, и за децата и за родителите, домот ќе биде она што Бог предвидел да биде – доживотен благослов.

**Родители кои се премногу зафатени.** – Многу родители велат дека имаат многу нешта да направат и не одвојуваат време културно да се издигнат, да ги воспитаат своите деца за практичниот живот или да ги учат како да станат јагниња на Христовото стадо.

**Родителите треба да примат совет**. – Додека тие спијат во безбожна рамнодушност, сатаната сее семе во срцата на нивните деца кое подоцна ќе донесе жетва за смрт. Но сепак, таквите родители се навредени кога ќе им се укаже на нивните грешки. Тие постапуваат како да сакаат да ги запрашаат оние кои нудат совет: „Какво право имате вие да ни се мешате во врска со нашите деца?“ Но, дали и нивните деца не се Божји деца? Како Тој гледа на нивното занемарување на обврската? Какво оправдување ќе понудат кога Тој ќе ги праша зошто донеле деца на свет а потоа ги оставиле да бидат занимација за искушенијата на сатаната.

Бидете подготвени да слушате совет од другите. Не мислете дека вашите браќа или сестри треба да бидат резервирани околу

тоа како вие се однесувате кон своите деца, или за тоа како се однесуваат вашите деца.

**Полза од состаноци за заедничко советување.** – Соборите можат да ни помогнат подобро да ги разбереме нашите домашни обврски. Тука можат да се научат лекции во врска со делото кое Бог би сакал нашите сестри да го вршат во своите домови. Тие треба да научат да негуваат учтивост на говорот кога разговараат со својот сопруг или со своите деца. Тие треба да проучуваат како да му помогнат на секој член од семејството да се стави себеси под Божја дисциплина. Таткото и мајката треба да сфатат дека нивна обврска е домот да го направат угоден и привлечен и дека послушноста не треба да се придобие со карање и заканување. Многу родители допрва треба да научат дека со изливи на карање не се постигнува никакво добро. Мнозина не ја земаат предвид потребата да зборуваат љубезно со своите деца. Тие заборааат дека тие малечки се скапо купени и дека се сопственост на Господа Исуса.

# ОТСЕК IV

# *Послушноста, најважна лекција*

Г Л А В А 1 0

# КЛУЧ ЗА СРЕЌЕН И УСПЕШЕН ЖИВОТ

**Среќата зависна од послушноста.** – Таткото, мајката и образовните работници во нашите училишта треба да запаметат дека повозвишена гранка на образованието е децата да се поучат да бидат послушни. Севкупно земено, многу малку важност се придава на оваа точка од воспитувањето.

Децата ќе бидат посреќни, далеку посреќни, ако добијат правилна дисциплина, отколку да бидат препуштени да го прават она на што ги поттикнуваат нивните невоспитани нагони.

Неодложната и постојана послушност кон мудрото родителско управување ќе ја зголеми среќата на самите деца, како и почитта кон Бога и доброто на општеството. Децата треба да научат дека токму во потчинувањето на законите на домот се наоѓа нивната совршена слобода. Христијаните ќе ја научат истата лекција – дека нивната целосна слобода се наоѓа во послушноста на Божјиот закон.

Божјата волја е законот на небото. Додека тој закон управувал со животот, сите Божји семејства биле свети и среќни. Но, кога божествениот закон бил прекршен, тогаш настапиле љубомората, зависта и судирот, и еден дел од небесните жители паднале. Сè додека во нашите овоземни домови се почитува Божјиот закон, семејството ќе биде среќно.

**Непослушноста, причина што Едем е загубен.** – Историјата за непослушноста на Адам и Ева, целосно е прикажана уште на самиот почеток од историјата на оваа земја. Само со тој еден чин на непослушност нашите прародители го загубија убавиот Едемски дом. А тоа беше толку мала работа! Ние имаме причина да бидеме благодарни што тоа не била некоја поголема работа, бидејќи, ако тоа се случело, би се намножиле малите невнимании кога е во прашање непослушноста. Тоа бил најмалиот тест што Бог можел да го стави пред светата едемска двојка.

Непослушноста и престапот секогаш се голема навреда за Бога. Неверноста кон нешто најмало, доколку бргу не биде корегирана, ќе води кон поголем престап. Не е зло големината на непослушноста, туку самата непослушност.

**Водете ги децата на патот на послушноста.** – Света обврска почива врз родителите да ги водат своите деца кон патиштата на строга послушност. Вистинската среќа не само во овој живот, туку и во идниот, зависи од послушноста кон „така вели Господ.“ Родители, Христовиот живот нека ви биде образец. Сатаната ќе измисли секакви можни средства за да го сруши овој висок стандард на побожност и да го претстави како премногу строг. Ваша задача е да ја втиснете мислата кај вашите деца, уште додека се мали, дека тие се создадени според Божјиот лик. Христос дојде во овој свет да им даде жив пример за тоа какви мора да бидат, и родителите кои тврдат дека веруваат во вистината за ова време, треба да ги учат своите деца да го љубат Бога и да се послушни на Неговиот закон. Ова е најголемата и најважна работа која што таткото и мајката можат да ја вршат... Божја замисла е сите, и децата и младите да разберат што бара Бог, за да можат да прават разлика меѓу праведноста и гревот, меѓу послушноста и непослушноста.

**Послушноста да стане задоволство.** – Родителите треба да ги воспитуваат своите деца заповед по заповед, правило по правило, тука малку и таму малку, не дозволувајќи ниту најмало запоставување на Божјиот свет закон. Тие треба да се потпрат врз божествената сила, барајќи од Бога помош нивните деца да му бидат верни на Оној кој го даде Својот единороден Син за да ги врати нелојалните и непослушните кон нивната верност.

# ДА СЕ ПОУЧАТ УШТЕ ОД НАЈРАНОТО ДЕТСТВО

**Да се почне со учење од најраното детство.** – Почитта кон родителскиот авторитет треба да биде всадена уште од најраното детство и подоцна негувано во младоста. Некои родители мислат дека тие можат на своите млади да им дозволат свој начин на однесување во најраното детство, мислејќи дека кога тие ќе бидат повозрасни, ќе резонираат со нив, но тоа е голема грешка. Почнете уште од бебешкиот живот да ги поучувате на послушност... Барајте послушност во вашето домашно училиште.

Од нивното најрано детство децата треба да бидат воспитувани да бидат послушни на своите родители, да го почитуваат нивниот збор и да имаат стравопочит кон нивниот авторитет.

**Пред разумот да биде развиен.** – Послушноста е една од првите лекции што детето треба да ги научи. Пред тоа да стане доволно возрасно да резонира, треба да биде научено да биде послушно.

Работата на мајката треба да почне кога детето е уште доенче. Таа треба да ја совлада волјата и темпераментот на детето и да ја доведе неговата наклонетост во покорност. Поучувај го на послушност и како што детето расне, не се опуштај.

**Пред своеглавоста да се развие.** – Малкумина родители почнуваат доволно рано да ги учат своите деца на послушност. Обично детето се остава две или три години од своите родители, кои се воздржуваат да го дисциплинираат, мислејќи дека е премногу мало за да се научи на послушност. Но цело ова време неговото јас се засилува во него и секој ден задачата на родителите да стекнат контрола врз детето станува сè потешка.

Од најраните години децата можат да го сфатат она што им е разбирливо и едноставно кажано и со љубезно и разумно управување, можат да бидат научени на послушност... Мајката не треба да му дозволи на своето дете да стекне предност над неа ниту во еден случај, и со цел да го одржи својот авторитет, не е неопходно да се прибегне кон остри мерки; цврста, постојана рака и љубезност, која ќе го убеди детето за вашата љубов ќе ја постигне целта.

Но ако се дозволи себичност, гнев и своеглавост во првите три години животот на детето, ќе биде премногу тешко да се постигне покорност кон корисната дисциплина. Неговиот карактер станува неподнослив и тоа наоѓа задоволство во својот сопствен начин на однесување, при што родителската контрола за него е неподнослива. Како што детето расте, растат и овие зли тенденции, сѐ до неговата полна зрелост, кога крајната себичност и недостаток на самоконтрола го препуштаат на милоста и немилоста на злодејствата кои владеат во нашата земја.

Никогаш не треба (на децата) да им се дозволи да покажат непочитување кон своите родители. Своеглавоста не треба да помине неукорена. Идната благосостојба на децата изискува љубезна, полна со љубов, но цврста дисциплина.

**Послушноста кон родителите води кон послушност на Бога**. – Младите и децата кои имаат родители кои се молат имаат голема привилегија, затоа што имаат можност да го познаваат и љубат Бога. Во почитувањето и послушноста кон нивните родители, тие можат да научат како да го почитуваат и му бидат послушни на нивниот небесен Отец.

**Само послушните влегуваат во рајот.** – Родителите и учителите нека остават силен впечаток врз умот на децата дека Бог ги испитува во овој живот, за да се види дали тие кон Него ќе покажат послушност со љубов и стравопочит. Оние кои нема да му се потчинат на Христа на оваа земја, нема да му бидат послушни ниту во вечниот живот. Ако родителите или децата некогаш бидат добредојдени во небесните домови, тоа ќе биде само заради тоа што тие уште во овој свет научиле како да бидат послушни на Божјите заповеди.

# ПОСЛУШНОСТА МОРА ДА СТАНЕ НАВИКА

**Приложете благи, но упорни напори.** – Децата треба да бидат поучувани дека нивните способности им се дадени за да ги употребат во чест и слава на Бога. Кон таа цел тие мора да ја научат лекцијата на послушност... Таа навика треба да биде воспоставена преку благи и истрајни напори. Така во голема мера можат да бидат спречени идните конфликти помеѓу волјата и авторитетот кои во умот на младите често водат кон одвојување и огорченост кон родителите и учителите, и премногу често противење на секој авторитет, како човечки, така и божествен.

**Не дозволувајте ниту аргументи ниту избегнувања.** – Прва грижа на родителите треба да биде да воспостават добро устројство во семејството. Зборот на родителите треба да биде закон, недопуштајќи ги сите видови на аргументи или избегнувања. Децата од својата најрана возраст треба да бидат учени без прашање да им бидат послушни на своите родители.

Строгата дисциплина понекогаш може да причини незадоволство и децата ќе сакаат да им биде угодено; но оние коишто ја научиле лекцијата на послушност кон своите родители, се подобро подготвени да се предадат на барањата Божји. Така воспитувањето кое е примено во детството влијае врз верското искуство и го образува карактерот на човекот.

**Не дозволувајте исклучоци.** – Како учители во своето семејство, родителите треба да настојуваат правилата да бидат почитувани... Дозволувајќи им на своите деца да продолжат во непослушноста, тие занемаруваат да практикуваат соодветна дисциплина. Децата мора да бидат донесени до точка на потчинетост и послушност. Непослушноста не смее да биде дозволена. Гревот лежи пред вратата на родителите кои на своите деца им дозволуваат да бидат непослушни... Децата треба да разберат дека треба да бидат послушни.

**Барајте неодложна, совршена послушност.** – Кога родителите занемаруваат да бараат неодложна и совршена послушност

од своите деца, тие занемаруваат да постават правилен темел во карактерот кај нивните малечки. Тие ги подготвуваат своите деца да покажат непочитување кон нив кога ќе пораснат и да им донесат жалост кога тие се приближуваат кон гробот.

**Барањата треба да бидат разумни.** – Барањата на родителите треба секогаш да бидат разумни; љубезноста треба да се изразува, но не со неразумно попуштање, туку преку мудро насочување. Родителите треба да ги поучуваат децата на пријатен и угоден начин, без укорување или наоѓање на мани, настојувајќи да ги врзат срцата на малечките со себеси преку свилените врвки на љубовта.

Во своето воспитување на децата и во воспитувањето на туѓите деца, докажано е дека тие никогаш не ги сакале своите родители и старатели помалку затоа што тие ги ограничувале во чинењето на злото.

**Треба да се кажат причините за послушност.** – Децата треба да научат да бидат послушни во домот. Тие треба да обликуваат симетричен карактер кој Бог може да го одобри, држејќи го законот во домашниот живот. Родителите – христијани треба да ги воспитаат своите деца да бидат послушни на законот Божји... Причините за оваа послушност и почит кон Божјиот закон треба да бидат втиснати во децата тогаш кога тие ќе можат да ја разберат неговата природа, зашто така ќе знаат што треба да чинат и од кои нешта треба да се воздржуваат.

**Зборот на родителот треба да биде закон.** – Вашите деца, кои се под ваша контрола, треба да бидат научени да ви бидат послушни. Вашиот збор треба да биде нивен закон.

Многу родители христијани не им заповедаат на своите деца и потоа се чудат зошто нивните деца се перверзни, непослушни, неблагодарни и несвети. Таквите родители се наоѓаат под Божји укор. Тие занемариле своите деца да ги подигнат во грижата и науката Господова. Тие пропуштиле да ги научат на првата лекција на христијанството: „Стравот од Господа е почеток на мудроста.“ „Безумноста,“ вели мудриот човек, „е врзана во срцето на детето.“ Љубовта кон безумноста, желбата да се чини зло, омразата кон светите

нешта, се некои од потешкотите со кои родителите ќе мора да се соочат во домашното мисионско поле...

Со Божјата сила, родителите мора да се подигнат и да им заповедаат на своите домови. Тие мора да научат цврсто да го потиснат злото, но сепак без нетрпеливост или страст. Тие не треба да ги остават децата да претпоставуваат што е правично, туку треба да го посочат патот со непогрешливи зборови и да ги поучат да одат по него.

**Влијанието на едно непослушно дете.** – Едно непослушно дете ќе им причини голема штета на оние со кои се дружи, затоа што тоа ќе ги обликува другите деца според својот пример.

**Замижување пред гревот.** – Учете ги своите деца да ве почитуваат, затоа што Божјиот закон ја поставува оваа обврска врз децата. Доколку им дозволите на вашите деца да не ги вреднуваат вашите желби и да не ги почитуваат законите на семејството, вие замижувате пред гревот; вие му дозволувате на ѓаволот да прави што сака; и истата непотчинетост, недостигот на стравопочит и љубовта кон себеси ќе биде носена со нив дури и во верскиот живот и во црквата. И причината за сето ова зло е запишана во небесните книги како резултат на занемареноста на родителите.

**Навиката на послушност е воспоставена преку повторување.** – Поуките на послушност и почит на авторитетот, треба често пати да бидат повторувани. Ова дело извршено во семејството ќе биде сила за добро, и не само што децата ќе бидат ограничени од злото и натерани да ја љубат вистината и праведноста, туку и родителите еднакво ќе имаат полза. Ова дело кое што Господ го бара не може да биде извршено без многу сериозно размислување и многу проучување на Зборот Божји, со цел тие да можат да бидат поучени според Неговите подучувања.

# ОТСЕК V

# *Други основни лекции*

# САМОКОНТРОЛА

**Подготви ги децата за животот и животните обрвски.** – Мајката има добра причина да се запраша со длабока загриженост кога ги гледа децата што ѝ се доверени: Која е големата цел и предмет на нивното воспитување? Зарем не е да ги подготви за животот и животните обврски, да ги квалификува да заземат чесна положба во светот, да чинат добро, да им бидат од полза на нивите сограѓани и на крај да се здобијат со наградата на праведните? Доколку е тоа така, тогаш првата лекција на која треба да бидат поучувани е самоконтролата; затоа што ниту една недисциплинирана, тврдоглава личност не може да се надева на успех во овој свет или за награда во следниот.

**Воспитувајте го детето да се предава.** – Малечките, пред да наполнат една година, го слушаат и го разбираат она што се зборува во врска со нив и знаат до кој степен може да им се угодува. Мајки, вие треба да ги воспитувате своите деца да им се предаваат на вашите желби. Ова мора да биде постигнато доколку сакате да имате контрола над вашите деца и да го зачувате вашето достоинство како мајка. Вашите деца брзо го учат она што го очекувате вие од нив, тие знаат кога нивната волја ја надвладува вашата волја и тие максимално ќе ја искористат својата победа.

Најголема суровост претставува да се дозволи лошите навики да бидат развиени, законот да се даде во рацете на детето и нему да му се дозволи да владее.

**Не ги задоволувајте себичните желби.** – Доколку родителите не се внимателни, тие ќе се однесуваат кон своите деца на таков начин кој ќе ги води децата да бараат внимание и привилегии кои од родителите ќе бараат да се лишуваат себеси со цел да им угодуваат на своите деца. Децата ќе бараат од родителите да направат некои работи за нив, да ги задоволуваат нивните желби, и родителите ќе ги прифатат нивните желби без оглед на фактот дека тоа развива себичност кај нивните деца. Но чинејќи така родителите им штетат на своите деца, и подоцна ќе откријат колку е тешко да се дејствува против влијанието на образованието во првите

неколку години од животот на детето. Децата треба рано да научат дека не може да им се угодува кога нивните желби се водени од себичност.

**Не давајте им го на децата она по коешто плачат.** – Една драгоцена лекција која мајката ќе треба да ја повторува повторно и повторно е дека детето не треба да владее; тоа не е господарот, туку нејзината волја и нејзините желби треба да бидат врховни. Така таа нив ги поучува на самоконтрола. Не им го давајте она по коешто плачат, дури и доколку вашето срце тоа толку многу го посакува; бидејќи ако тие еднаш добијат победа со нивниот плач, тие ќе очекуваат истото да го сторат повторно. Следниот пат борбата ќе биде пожестока.

**Никогаш не дозволувај изразување на гневни страсти.** – Меѓу првите задачи на мајката е да ги заузда страстите на своите деца. На децата не треба да им се дозволи да манифестираат гнев, ним не треба да им се дозволи да се фрлат на подот, удирајќи и плачејќи затоа што не им било дадено она кое не било за нивно добро. Јас бев растажена кога видов колку многу родители им угодуваат на своите деца со тоа што им дозволуваат да изразуваат гневни страсти. Се чини дека мајките гледаат на тие изливи на гнев како на нешто кое мора да се претрпи и изгледаат индиферентни кон однесувањето на детето. Но доколку на злото му се попушти еднаш, тоа ќе биде повторено и неговото повторување ќе резултира во навика, така што карактерот на детето ќе прими лош облик.

**Кога да се укори лошиот дух.** – Јас често пати имам видено како малечки деца се фрлаат себеси на под и врескаат доколку нивната волја е пречекорена на било кој начин. Тогаш е време да се укори лошиот дух. Непријателот ќе се обиде да го контролира умот на нашите деца, но дали ние ќе му дозволиме да ги образува според неговата волја? Малечките не можат да го препознаат духот кој влијае врз нив и родителите се должни да расудуваат и да решаваат наместо нив. Нивните навики мора внимателно да се надгледуваат. Злите тенденции мора да бидат зауздани и умот стимулиран во полза на праведноста. Кај детето треба да биде охрабрен секој напор да владее со себеси.

**Почнете со „Витлеемските песни.“** – Мајките треба да ги воспитаат своите бебиња во своите раце според правилни начела и навики. Тие не треба да им дозволат со главата да удираат по подот... Нека мајките ги воспитаат од нивното најрано детство. Започнете со Витлеемските песни. Тие нежни тонови ќе имаат смирувачко влијание. Пејте им ги тие тивки песни за Христа и Неговата љубов.

**Без колебање или неопределеност.** – Изопачениот темперамент кај детето треба да биде спречен колку што е можно поскоро; зашто колку повеќе се одложува со таа обврска, потешко ќе биде да се изврши тоа. Родителите треба да покажат посебна грижа кон децата кои имаат брзи, страствени склоности. Со нив треба да се постапува на особено љубезен но на цврст начин; не треба да постои колебливост или неопределеност од страна на родителите во таквиот случај. Цртите на карактерот коишто природно ќе го спречат развитокот на нивните посебни слабости треба да бидат внимателно хранети и зајакнувани. Угодувањето на детето кое поседува страствена и изопачена наклонетост ќе резултира во негова пропаст. Неговите слабости ќе зајакнат со текот на годините, ќе го ретардираат развојот на неговиот ум и ќе преовладеат над сите добри и благородни црти на неговиот карактер.

**Примерот на родителска самоконтрола е витален.** – Доколку родителите сакаат да ги учат своите деца на самоконтрола, тие прво мораат самите да се здобијат со таа навика. Укорувањето и наоѓањето мани од страна на родителите поттикнува брз, страствен темперамент кај нивните деца.

**Неуморни во чинење добро.** – Откако ќе се разбудат моралните чуства на родителите и со обновена енергија ќе фатат за својата работа, нема да се обесхрабрат или да си дозволат себеси да бидат попречени во истата. Мнозина стануваат уморни во чинење добро. Кога ќе откријат дека тоа бара тешки напори и постојана самоконтрола и дополнителна благодат, како и знаење, за да се соочат со неочекуваните итности кои се појавуваат, тие стануваат обесхрабрени и се предаваат во борбата, дозволувајќи му на непријателот на душите да чини како што сака. Од ден за ден, од месец во месец, од година во година, работата се одвива, сѐ до-

дека карактерот на детето не се формира, и навиките не се воспостават на правилен начин. Вие не треба да се предадете и да ги оставите своите семејства да бидат распуштени и да не бидат управувани.

**Никогаш не губете контрола над себеси.** – Ние никогаш не треба да губиме контрола над себеси. Да го имаме пред себеси секогаш совршениот Пример. Грев е да се зборува нетрпеливо и загрижено или да се чувствува гнев – и покрај тоа што нема да изговориме ништо. Ние треба да живееме достојно, давајќи правилна претстава за Христа. Зборувањето на еден гневен збор е како кремен кога удира од кремен; тоа веднаш запалува гневни чувства.

Никогаш не бидете како боцка од костен. Не си дозволувајте во домот да користите груби, рапави зборови. Вие треба да го поканите небесниот Гостин да дојде во вашиот дом, истовремено овозможувајќи му Нему и на небесните ангели да пребиваат со вас. Вие треба да ја примите Христовата праведност, посветување од Божјиот Дух и убавината на светоста, за да им ја откриете Светлината на животот на оние околу вас.

# ТИВКОСТ, ПОЧИТУВАЊЕ И СТРАВОПОЧИТ

**Потиснете ја претераната врева и немирот.** – Нека мајката не му дозволи на својот ум да биде преокупиран со премногу нешта... Со најголема работливост и највнимателна будност таа мора да се грижи за малечките на кои, ако им се дозволи, ќе го следат секој импулс кој извира од полнотата на нивните неискусни, неупатени срца. Во нивната бујност на духот тие ќе прават врева и турбуленција во домот. Тоа треба да биде отстрането. Децата ќе бидат исто толку среќни кога би биле воспитани да не ги чинат тие нешта. Тие треба да бидат поучувани дека кога ќе дојдат посетители тие треба да бидат тивки и полни со почит.

**Нека владее мир во домот.** – Татковци и мајки,... учете ги своите деца дека тие мора да бидат потчинети на закон. Не им дозволувајте да мислат дека заради тоа што се деца можат да бидат колку сакаат бучни во домот. Мудри правила и регулации мора да бидат направени и присилени, за убавината на домашниот живот да не биде расипана.

Родителите на своите деца им чинат голема штета кога им дозволуваат да врескаат и плачат. Нив не треба да им биде дозволено да бидат безгрижни и бучни. Доколку тие непожелни црти на карактерот не се спречат во нивните рани години, децата истите ќе ги понесат со себе, засилени и развиени во верскиот и деловниот живот. Децата ќе бидат исто толку среќни ако бидат поучувани да бидат тивки во домот.

**Поучувај почитување кон судот на искусните.** – Децата треба да бидат поучувани да го почитуваат расудувањето стекнато врз основа на лично искуство. Тие треба да бидат така воспитани што своето мислење и волјата ја ускладуваат со мислењето на своите родители и учители, и така поучени да ја согледаат исправноста и умешноста во прифаќањето на нивниот совет. Тогаш нивниот карактер, и кога веќе нема да биде под контрола и раководство на постарите, нема да биде сличен на трска која се вее на ветрот.

**Млитавоста на родителите поттикнува на непочитување.** – Доколку во нивните домови на децата им е дозволено да бидат неучтиви, непослушни, неблагодарни и раздразливи, нивните гревови лежат пред вратата на нивните родители.

Мајката... треба да управува со своето домаќинство мудро, во достоинството на нејзиното мајчинство. Нејзиното влијание во домот треба да биде највисоко; нејзиниот збор, закон. Доколку таа е христијанка, која Бог ја води, таа ќе ужива почит од нејзините деца. Кажете им на своите деца што точно барате од нив.

Кога родителите не го одржуваат својот авторитет, кога детето ќе појде на училиште, тие немаат посебна почит кон учителите или управителите на училиштата. Респектот и почитта која треба да ја имаат, тие никогаш не биле поучени да ја поседуваат во домот. Таткото и мајката биле на исто ниво како и децата.

Покажете почит кон вашите деца и не им дозволувајте да ви кажат ниту еден неучтив збор.

**Стравопочитта да биде внимателно негувана.** – Ние треба да ги учиме (децата) да бидат учтиви еден кон друг и учтиви кон Бога. „Што мислиш" можеби ќе се запрашате, „со тоа што велиш дека треба да ги учиме да бидат учтиви кон Бога?" Јас мислев на тоа дека тие треба да бидат учени на стравопочит кон нашиот небесен Татко и да ја вреднуваат големата и бесконечна жртва која што Христос ја направи во наша полза... Родителите и децата треба да имаат толку блиска врска со Бога така што небесните ангели да можат да комуницираат со нив. Овие гласници се истерани од многу домови каде што беззаконието и неучтивоста кон Бога изобилува. Да се потрудиме од Неговиот Збор да се здобиеме со духот на небото и истиот да го внесеме во нашиот живот на оваа земја.

**Како да се поучува детето на стравопочит.** – Родителите можат и треба да ги заинтересираат своите деца на разни начини да го бараат знаењето кое се наоѓа во светите страници. Но, ако сакаат своите синови и ќерки да ги заинтересираат за Божјата реч, мораат и сами да се заинтересираат за неа. Тие мора да се запознаат со нејзиното учење и за тоа да зборуваат, како што Бог му заповедал на Израел: „Кога седиш дома и кога одиш на пат, кога легнуваш и кога стануваш." Второзаконие 11:19. Сите кои копнеат нив-

ните деца да имаат љубов и стравопочит кон Бога, морал да зборуваат за Неговата добрина, за Неговата величественост и за Неговата сила онака како што е откриено во Неговата Реч и во делата на создавањето.

**Стравопочита се открива преку послушноста.** – На децата треба да им биде покажано дека вистинската стравопочит се открива преку послушноста. Бог не заповедал ништо што не е неопходно и не постои друг начин за манифестирање на стравопочит толку угоден за Него како што е послушноста кон она што Тој го кажал.

Г Л А В А  1 5

# РАКУВАЊЕ СО ТУЃА СОПСТВЕНОСТ

**Потиснете ги тенденциите кои водат кон уништување.** – Воспитувањето мора да биде целокупно и избалансирано. Секоја мајка треба да биде работлива. Таа не смее да дозволи ништо да го сврти нејзиното внимание. Таа не смее да им дозволи на своите деца да ја следат нивната невоспитана волја во нивното ракување со нештата во домот. Тие треба да научат дека не треба да го остават домот во постојан неред со тоа што ќе ракуваат со нештата заради своја забава. Мајки, поучете ги своите деца уште од мали дека не треба да сметаат дека сите работи што се во домот се играчки. Преку овие малечки нешта тие учат како да го почитуваат редот во домот. Без оглед на тоа какво возбудување децата можат да предизвикаат, родителот не треба да му дозволи на „органот“ за уништување, кој е голем во бебешките и детските години, да биде засилен и негуван. „Ти можеш,“ и „Немој“ вели Бог. Без да го загубат темпераментот, но решително, родителите треба да им речат - Не! на своите деца, и навистина да го мислат тоа.

Тие цврсто треба да одбијат сите работи во домот децата слободно да ги допираат и да ги фрлаат на подот или во правта. Оние што ќе им дозволат на своите деца да постапуваат така, им нанесуваат голема штета. Тоа може да не е лошо дете, но неговото воспитување ќе направи тоа да стане неудобно и разурнувачко.

**Поучувајте ги децата да имаат почит кон сопственоста на другите.** – Некои родители им дозволуваат на своите деца да расфрлуваат, и некои од работите, кои немаат право да ги допираат, да ги прават свои играчки. Децата треба да бидат упатени дека не треба да го допираат она што им припаѓа на другите луѓе. Заради удобност и среќа на семејството, тие мора да научат да се придржуваат кон правилата за пристојно однесување. Децата не се посреќни кога им се дозволува да го допрат сè она што го гледаат. Доколку не се воспитани да бидат грижливи, тие ќе пораснат со немилни, деструктивни црти на карактерот.

**Силни и трајни играчки.** – Не им давајте на децата играчки кои се лесно кршливи. Да се чини така значи како да се даваат лек-

ции за уништување. Нека имаат неколку играчки и тие нека бидат силни и трајни. Овој предлог, и покрај тоа што можеби се чини безз-начаен, има голема вредност во воспитувањето на детето.

# ЗДРАВСТВЕНИ НАЧЕЛА

**Започнете рано со здравственото воспитување.** – Од првите мугри на расудувањето, човечкиот ум треба да се запознае во поглед на физичката структура. Тука Јехова дал образец за Себеси, затоа што човекот е создаден според Божјиот лик.

Прво нешто што младите треба да го научат е да го запознаат своето тело и да знаат како да го одржуваат во здрава состојба.

**Лекции со најголема важност.** – Во раното воспитување на децата, многу родители и учители занемаруваат да разберат дека, за да се обезбеди здрава состојба на телото и мозокот, најголемо внимание треба да се посвети токму на телесната конституција.

Идната среќа на вашите семејства и благосостојбата во општеството, во голема мерка зависи од физичкото и моралното воспитување коешто вашите деца го примаат во првите години од својот живот.

**Родителите треба да ја разберат физиологијата и да ги поучуваат децата во таа насока.** – Учете ги вашите деца да размислуваат за причините и последиците; покажете им дека, доколку ги прекршуваат законите на своето битие, тие мора да ја платат казната со тоа што ќе страдаат од некоја болест. Доколку, и покрај вашите обиди, не можете да забележите некое подобрување, не се обесхрабрувајте; трпеливо упатувајте ги, заповед по заповед, начело по начело, овде малку, онде малку... Немојте да попуштите сѐ додека не извојувате победа. Продолжете да ги учите своите деца да го познаваат своето тело и како да се грижат за него. Незаинтересираноста во поглед на здравјето на нивното тело ќе тежнее кон незаинтересираност за нивниот морален карактер.

**Прашањето за здравјето треба да биде значајно прашање на целото семејство.** – Прашањето во врска со здравјето треба да биде значајно прашање за целото семејство. Родителите треба да станат свесни за своите од Бога дадени одговорности. Тие треба да ги изучуваат начелата на здравствената реформа, да ги учат своите деца дека патот на самооткажувањето е единствениот си-

гурен пат. Со непочитување на физичките закони, поголемиот број жители на овој свет, стануваат неспособни да владеат со себе и правилно да ја ценат вечната стварност. Тие своеволно остануваат без познавање во поглед на својот организам; тие ги водат своите деца на патот на самоугодувањето и на тој начин ги подготвуваат за страдањата кои ќе ги снајдат поради престапувањето на законите на природата.

**Треба да се пружи физичко воспитување.** – Физичкото воспитување, кое многу полесно може да се пружи отколку духовното воспитување, е наменето за развој и здравје на телото. Расадникот, игралиштето, работилницата, сеењето на семето, бербата и жетвата – сето тоа спаѓа во физичко воспитување. Под поволните околности на секојдневниот живот, детето природно стекнува здравствена сила и правилно ги развива телесните органи. Сепак, и во физички поглед, детето треба грижливо да се воспитува.

**Послушноста кон законите на природата донесува здравје и среќа.** – Нашите деца треба да се поучат да стекнат познавања во врска со нивниот организам. Уште од мали нозе, преку трпеливи упатства, може да се стори да разберат дека, доколку сакаат да ги одбегнат болките и болестите, тие треба да ги почитуваат законите на своето битие. Тие треба да разберат дека нивниот живот не може да биде од полза доколку е погоден со некоја болест. Ниту пак можат да му угодат на Бога ако си нанесат болест поради непочитување на природните закони.

ГЛАВА 17

# ЧИСТОТА НА ТЕЛОТО

**Бог гледа и на најмалите работи.** – На израелските деца Бог им заповедал да ги исперат своите облеки и да ја отфрлат сета нечистотија од нивниот камп, за додека Тој поминувал, да не ја гледа нивната нечистотија. Бог и денеска го посетува нашиот дом. Тој ја гледа нехигиенската состојба во нашите семејства и тромите навики. Зар не е подобро да направиме реформа и тоа без одложување?

Родители, Бог ве поставил како свои претставници со цел да вградите правилни принципи во умот на вашите деца. Вам ви се доверени Божјите малечки, и Бог, кој толку многу барал од израилските деца да пораснат во навиките на чистота, и денеска нема да дозволи ниту една нечистотија. Во тој поглед, Бог вам ви го доверил воспитното дело во тој поглед, и додека ги воспитувате децата во навиките на чистота, истовремено вие им давате и духовни поуки. Тие ќе видат дека Бог очекува од нив да бидат чисти, како во срцето, така и телесно. Тоа ќе ги води да ги разберат вистинските начела коишто Бог сака да ги негуваат во секоја постапка во нивниот живот.

Кога Бог јасно наложил чистота кај оние кои патувале низ пустината и кои биле скоро за цело време на отворен простор, Тој не бара помалку од оние кои живеат во покриени куќи, каде нечистотиите се позабележливи и имаат поголемо влијание врз здравјето.

**Чистотата треба да стане дел од нашата природа.** – Нечистотијата во домот е голема грешка. Таа делува воспитно со своите последици и своето влијанието го шири надалеку. Уште од бебе детето треба да прими правилни навики и инструкции во својот ум... Покажете им дека нечистотијата на телото или на облеката е неприфатлива за Бога. Учете ги да јадат без да расфрлаат околу себе. Родителот мора постојано да биде грижливо буден за овие навики да станат дел од природата на детето... Нечистотијата треба да биде презрена...

О, кога сите би разбрале дека овие малечки обврски не треба да бидат занемарени. Целиот понатамошен живот на детето ќе

биде обликуван од навиките и постапките во неговото детство. Децата се особено восприемливи за впечатоците, и не дозволувајќи им да прават неред, тие можат да се здобијат со знаење за хигиената.

**Поттикнувајте љубов кон чистотата и омраза кон нечистотијата.** – Вие треба да негувате љубов кон уредноста и строгата чистота.

Облекувајте ги вашите деца едноставно и просто. Нивните облеки нека бидат направени од траен материјал. Одржувајте ги миризливи и чисти. Учете ги да мразат сѐ што наликува на нечистотија.

Силата која сега непотребно ја трошите, планирајќи што ќе јадете и пиете, или облечете, употребете ја така што ќе настојувате своите деца да ги држите чисти и уредно облечени. Немојте погрешно да ме разберете во врска со ова. Не велам дека морате да ги држите затворени дома, како кукли. Во чистиот песок и сувата земја нема ништо валкано; она што нив ги валка се наоѓа во потта и испарувањата од нивните тела и затоа целото тело мора да се мие, а облеката да се менува.

**Одржувајте ја вашата околина чиста.** – Момчињата и девојчињата треба да чувствуваат дека се дел од семејната организација. Тие треба да настојуваат околината да ја држат чиста од сѐ она што е неуредно. Треба да им бидат дадени инструкции во поглед на тоа.

Секој вид нечистотија води кон болест. Микроорганизмите на смртта преобилуваат во темните, запоставени ќошиња, во остатоците што се распаѓаат, во влагата, мувлата и мувлосаноста. Не смееме да дозволиме отпадоците од овошје и зеленчук, ниту пак паднатите лисја да се распаѓаат блиску до куќата и да го загадуваат воздухот. Во домот не смее да се толерира ништо нечисто или распадливо. Како резултат на распадливите материи околу домовите на некои небрежни домаќини, во некои градови кои биле сметани за совршено здрави, се појавиле многу епидемии на треска. Совршената хигиена, изобилната сончева светлина, грижливото одржување на секој дел од куќата, имаат суштествена важност за ослободување од болестите и за расположението и виталноста на секој член во домот.

**Личната чистота има суштествена важност за здравјето.** – Совесната хигиена има суштествена важност, не само за физичкото туку и за менталното здравје. Од телото, преку кожата, постојано се исфрлаат нечистотии. Доколку не се одржува чиста со често капење, нејзините милиони пори бргу ќе се затнат; на тој начин нечистотијата која требала да излезе преку кожата станува дополнителен товар за другите органи за нејзино елиминирање.

Повеќето луѓе ќе имаат полза од студена или умерено топла бања секој ден, наутро или навечер. Наместо да ја намалува отпорноста кон настинки, добрата бања нè заштитува од нив, бидејќи ја подобрува циркулацијата на крвта; крвта излегува до површината и нејзиниот проток станува полесен и подобар. При тоа заживуваат и умот и телото. Мускулите стануваат поеластични, а разумот побистар. Бањата ги смирува нервите, ја потпомага работата на цревата, стомакот и црниот дроб, давајќи им здравје и енергија; а го подобрува и варењето.

Исто толку е важна и хигиената на алиштата. Облеката што ја носиме ги впива отпадните материи кои излегуваат преку порите; ако таа не се менува и не се пере доволно често, нечистотиите повторно ќе се апсорбираат.

**Чистата околина помага за чистота во поглед на моралноста.** – Често пати детските постели ги гледав во таква состојба што од нив се ширеше неподнослива и отровна реа. Сè што го задржува погледот на децата и што доаѓа во допир со нивното тело, било дење или ноќе, треба да биде чисто и здраво. Тоа ќе делува воспитно тие да го одберат она што е неизвалкано и она што е морално чисто. Колку и да биде сиромашно наместена, спалната на вашите деца нека биде чиста и уредна.

**Одржувајте правилна рамнотежа.** – Чистотата и уредноста спаѓаат во христијанските должности, сепак, во тоа може да се претерува и може само тоа да се смета за најважно, а да се занемарат многу поважни должности. Оние кои поради тоа ги запоставуваат интересите на своите деца, постапуваат како оние што давале десеток од нане, смирна и копар, а го занемариле она што е поважно во законот – правдата, милоста и божествената љубов.

# УРЕДНОСТ, РЕД И РЕДОВНОСТ

**Негувајте ред и вкус.** – Како старател и учител на вашите деца, должноста ве обврзува сите мали работи во домот да ги извршувате точно и уредно. Поучете ги децата на непроценливата лекција својата облека да ја чуваат уредно. Одржувајте ја вашата облека чиста, свежа и достојна за почит...

Вие имате обврска пред Бога секогаш да бидете пример за пристојност во вашиот дом... Имајте на ум дека на небото не постои неред и дека вашиот дом треба да биде небо на земјата. Имајте на ум дека, извршувајќи ги верно секојдневните мали нешта во домот, вие работите заедно со Бога и го усовршувате христијанскиот карактер.

**Воспитувајте ги децата да стекнат навики на уредност.** – Љубовта кон Бога ќе се изрази во семејството преку љубовта кон нашите деца. Вистинската љубов нема да им дозволи тие да станат небрежни и неуредни, бидејќи тоа е полесно; но, покажувајќи им личен пример во чистотата, нивните родители, со љубов и со постојана цврстина во негувањето на работните навики, ќе можат да ги воспитаат своите деца според истиот ред.

**Учете ги децата да се грижат за облеката.** – Уште од најраното детство почнете вашите малечки да ги навикнувате да внимаваат на својата облека. Нека имаат посебно место за своите работи и секој предмет треба да го ставаат на неговото место. Ако не сте во можност да купите ни најефтин регал, земете обичен сандак за амбалажа, ставете во него соодветни прегради, а потоа, и однадвор и однатре, обложете го со убаво декорирано платно со пријатна боја. Настојувањето вашите деца да ги навикнете на чистота и уредност, секој ден ќе ви одзема малку време, но тоа ќе биде наградено во нивната иднина и на крајот, ќе ви заштеди многу време и грижа.

**Сопствената соба да се одржува уредно.** – Ако децата имаат соба која ја сметаат за нивна и ако се научени да ја одржуваат уредна и да ја направат пријатна, тие ќе имаат чувство за сопстве-

ност - тие ќе чувствуваат дека во домот имаат свој дом и ќе им причинува задоволство да направат тоа катче да им биде уредно и вкусно наместено. Мајката ќе треба само да ја надгледува нивната работа и да дава предлози и упатства. Во тоа се состои задачата на мајката.

**Да имаат редовно време за спиење.** – Некои млади многу се противат на редот и дисциплината. Тие не го почитуваат правилото во домот да стануваат во редовен временски период. Тие лежат во својата постела неколку часа по излегувањето на сонцето, кога секој би требало да биде на нозе. Тие останување многу доцна во ноќта и зависат од вештачка светлина која го заменува местото на светлината која природата ја обезбедила за нив во разумните часови. Правејќи така, не само што залудно ги трошат драгоцените можности, туку тие причинуваат и дополнителен трошок. Но скоро во секој поединечен случај се слуша изговорот: „Јас не можам да ја завршам мојата работа; Имам нешто да довршам и не можам да си легнам рано."... Драгоцените навики на ред се нарушени, и така неискористените моменти во раното утро, ги пореметуваат сите други работи во текот на целиот ден.

Нашиот Бог е Бог на редот и Тој копнее сите Негови деца себеси да се стават во ред и под Негова дисциплина. Затоа, зар не би било подобро, да се отфрли таа навика ноќта да се промени во ден и свежите утрински часови во ноќ? Доколку младите формираат навики на редовност и ред, тие ќе го подобрат своето здравје, своето расположение, помнењето и своето расположение.

Сите имаат обврска да ги почитуваат стриктните правила во своите навики во животот. Драги млади, тоа е за ваше добро, како за телесното така и за моралното. Кога наутро ќе се разбудите, колку што е тоа можно, земете ја предвид работата која можете да ја завршите во текот на денот. Доколку е неопходно, имајте мало тефтерче во кое ќе ги запишете сите работи кои треба да бидат завршени, и за себе поставете време во чии рамки ќе ја извршувате својата работа.

# МОРАЛНА ЧИСТОТА

**Практикувајте постојана будност.** – Доколку сакаат нивните деца да бидат морално чисти, родителите и старателите треба да одржуваат чистота на срцето и животот. Тие мора да им ги пренесат неопходните инструкции и, како додаток на тоа, тие мора да бидат постојано будни. Секој ден се појавуваат нови мисли во умот на младите и нови впечатоци се втиснуваат врз нивните срца. Друштвото што го одбираат, книгите коишто ги читаат, навиките што ги негуваат – родителите мора на сето тоа да внимаваат.

**Одржувајте го домот чист и привлечен.** – Домот мора да се одржува чист и уреден. Валканите и запоставени ќошиња низ куќата наведуваат кон тоа и во душата да се најдат такви валкани ќошиња. Мајки, вие сте воспитувачи на вашите деца и можете да сторите многу. Уште од самото детство почнете да ја одржувате хигиената во нивната соба на вкусен и привлечен начин. Уредувајќи ги нивните соби на чист, вкусен и привлечен начин, во умот и душата на децата влевате чисти и благородни мисли.

**Заштитете го нивното друштво.** – Доколку родителите имаат желба нивните деца да имаат морална чистота, тие мора да ги опкружат со чисто друштво кое може да биде одобрено од Бога.

Со каква ли само грижа родителите треба да ги заштитат своите деца од безгрижните, лабави навики кои деморализираат! Татковци и мајки, дали сфаќате колку е голема важноста на одговорноста која почива врз вас? Дали на вашите деца им дозволувате да се дружат со други деца во ваше отсуство без да знаете какво воспитување тие примаат? Не им дозволувајте да бидат насамо со други деца. Подарете им посебна грижа. Вие треба да знаете каде се наоѓаат секоја вечер и што прават. Дали се тие морално чисти во сите свои навики? Дали вие сте ги поучиле за принципите на морална чистота? Доколку сте занемариле да ги поучувате заповед по заповед, правило по правило, малку тука малку таму, нека не помине ниту еден ден, а да не им кажете дека жалите што тоа сте го занемариле. Тогаш кажете им дека отсега сакате да ја

извршувате својата од Бога одредена работа. Замолете ги да бидат дел од таа реформа.

Соседите можеби ќе им дозволат на нивните деца да дојдат во вашиот дом и да ја поминат вечерта и ноќта со вашите деца. Тоа е тест и избор за вас, или да ги навредите своите соседи со тоа што ќе ги испратите нивните деца дома, или да им угодите и да им дозволите да преспијат со вашите деца и на тој начин да дозволите да примат знаење кое за нив ќе биде доживотно проклетство. За да ги запазам моите деца да не станат расипани, јас не им дозволував да спијат во ист кревет ниту во иста соба со други момчиња, и во одредени случаи кога патував и кога тоа беше потребно, јас попрво правев едноставен кревет на подот, отколку да им дозволувам да спијат заедно со други момчиња. Се обидував да ги запазам од друштво на груби, непристојни момчиња и поставував мотивации пред нив со цел да имаат занимање во домот кое ќе ги направи весели и среќни. Со тоа што нивниот ум и нивните раце ги одржував зафатени, тие имаа многу малку време или наклонетост да си играат на улица со други момчиња и таму да стекнат улично воспитување.

**Подигнете бариери против сензуалноста.** – Оние коишто имаат надлежност над Божјата своина, над душите и телата на децата создадени според Неговиот лик, треба да поставaт бариери против похотното угодување на овој век, којшто на илјадници им го уништува физичкото и моралното здравје. Доколку би се согледала вистинската причина за многуте зла на ова време, ќе сфатиме дека причината е во незнаењето на татковците и мајките кои се рамнодушни во врска со овој предмет. Жртва на ова жално незнаење се здравјето и животот.

Родители, доколку занемарите на своите деца да им го дадете она воспитување коешто Бог го поставил пред вас како ваша должност, мора да дадете одговор пред Него за последиците. Овие последици нема да бидат ограничени само на вашите деца. И на едно коренче какол ако му се дозволи да расте во полето тоа ќе донесе плод според својот род, Исто така, и гревовите кои се резултат на вашето занемарување, ќе бидат причина за пропаста на сите оние коишто ќе се најдат во сферата на нивното влијание.

**Исполнете го умот со слики на морална чистота.** – Христијанскиот живот е живот на постојано самоодрекување и самоконтрола. Таквите поуки децата треба да ги примат и да ги учат уште од најраното детство. Учете ги дека тие мора да практикуваат умереност, чистота на мислите, срцето и постапките, дека тие му припаѓаат на Бога, бидејќи се купени по висока цена – со драгоцената крв на Неговиот драг Син.

Доколку уште од мали нозе умот на децата е исполнет со пријатни слики на вистината, на моралната чистота и добрина, тие ќе формираат вкус за она што е чисто и возвишено и нивната имагинација нема да може лесно да се расипе или оскверни. Сè додека се постапува спротивно, доколку умот на родителите постојано се задржува на ниски нешта, доколку нивните разговори се темелат врз непожелни карактерни црти, доколку тие формираат навика да зборуваат жалејќи се на животот кои другите го одбрале, малечките ќе ги примат лекциите од нивните зборови и изрази на презир и ќе го следат нивниот многу штетен пример. Како и лепрозната дамка, доколку злото се втисне, ќе се прилепи за нив во текот на понатамошниот живот.

Семето посеано кај бебето од страна на внимателната, богобојазлива мајка, ќе се развие во дрво на праведност, кое ќе процвета и ќе донесе плод; лекциите од богобојазливиот татко дадени преку начела и пример, како во случајот на Јосиф, ќе донесат изобилна жетва во текот на животот.

# ОТСЕК VI

# *Поуки за практичните доблести*

# КОРИСНОСТ

**Учете го детето да биде корисно.** – Во домашното училиште децата треба да научат како да ги извршуваат практичните должности на секојдневниот живот. Додека се сè уште млади, мајката треба секој ден да им дава по некоја едноставна задача. Настојувањето да ги упати како да ја извршат таа работа ќе ѝ одземе повеќе време отколку тоа самата да го направи тоа, но таа треба да има на ум дека со тоа го положува темелот во изградбата на нивниот карактер, оспособувајќи ги да бидат корисни во животот. Нека таа има на ум дека домот претставува училиште во кое таа е главниот учител. Нејзина задача е да ги научи децата како домашните должности и задачи се извршуваат брзо и вешто. Децата од своето рано детство треба да се навикнуваат да учествуваат во носењето на домашните бремиња. Од своето детство момчињата и девојчињата треба да се поучат да преземаат поголеми и сè поголеми одговорности, разумно помагајќи во работата на семејната организација.

**Прогледајте ги детинските грешки.** – Илјадници во своите домови се оставени скоро целосно невоспитани. „Преставува голема тешкотија," вели мајката. „Јас попрво би ги извршила тие нешта самата; тоа претставува таква потешкотија; ти ми додеваш."

Дали мајката има на ум дека самата требаше да ги научи малечките нешта пред да може да биде корисна? Погрешно е кога децата не се учат на малку по малку. Нека децата бидат близу до вас. Нека поставуваат прашања, и во трпеливост одговарајте им. На своите малечки деца дајте им нешто да прават и нека бидат среќни мислејќи дека ви помагаат.

Децата не треба да се одбиваат кога се обидуваат да чинат корисни нешта. Доколку тие прават грешки, доколку се случуваат незгоди и некои нешта се кршат, не ги прекорувајте.

**Нека децата носат дел од домашните бремиња.** – Направете го животот на вашите малечки угоден и во исто време учете ги да бидат послушни и корисни, носејќи мали бремиња додека вие носите поголеми. Воспитајте ги да стекнат навики на работливост, за

да не може непријателот од нивниот да направи работилница. На своите деца дајте им нешта за кои можат да размислуваат, нешто да работат, за да бидат корисни во овој и во идниот живот.

Од најраните години тие треба да бидат воспитани да носат дел од домашните бремиња. Тие треба да бидат поучени дека обврските се обострани. Ова воспитување ќе биде за нив од најголема вредност во нивните подоцнежни години.

Секој член на семејството би требало да сфати што се бара и очекува од него да изврши во заедништво со другите. Сите, од шестгодишното дете па нагоре, би требало да сфатат дека од нив се бара да носат дел од животните бремиња.

**Извор на искуство и задоволство.** – Како што растат децата треба да ја вреднуваат грижата која што нивните родители им ја пружиле. Во помагањето на својот татко и својата мајка тие треба да наоѓаат најголемо задоволство.

**Секоја понизна работа може да биде проследена со убавина.** – Доколку децата би биле поучени да имаат обѕир кон понизниот дел од секојдневните должности кои пред нив ги поставил Господ, како училиште во кое тие треба да бидат воспитувани за пружање на верна и ефикасна служба, колку тогаш поугодна и подостојна за почит би им изгледала нивната работа.

# РАБОТЛИВОСТ

**Заштитник за младите.** – Една од најсигурните заштитни мерки за младите претставува корисното занимање. Децата кои што навикнале да работат корисно, поминувајќи ги часовите во некое корисно и пријатно занимање, не се склони да се жалат на својата ситуација ниту имаат време за безделничко мечтаење. Таквите деца помалку се изложени на опасностите од лошото друштво и порочните навики.

**Одредете задачи соодветни на годините и способноста.** – Од најраното детство децата треба да бидат воспитувани да ги чинат оние нешта кои одговараат за нивната возраст и способност. Родителите треба да ги поттикнат децата да бидат повеќе независни. Наскоро ќе дојдат сериозни неволји врз земјата и децата треба да бидат воспитани на таков начин кој ќе им помогне да бидат подготвени да се соочат со нив.

Учете ги вашите деца да бидат корисни, да носат бремиња согласно со нивните години; и тогаш навиката за работа ќе стане дел од природата, а корисната работа никогаш нема да им изгледа како нешто тешко и неподносливо.

**Плодови од безделничењето.** – Родителите не можат да извршат поголем грев отколку да ја занемарат од Бога дадената одговорност со тоа што ќе ги остават децата ништо да не работат; затоа тие деца наскоро ќе го засакаат безделничењето и ќе пораснат во нестабилни, бескорисни мажи и жени. Кога ќе пораснат доволно за да заработат за својата живеачка и добијат работа, тие ќе работат на мрзлив, влечкав начин и ќе мислат дека треба да бидат исто платени ако го безделничат своето време како да работеле верно. Постои голема разлика помеѓу оваа класа на работници и онаа која сфаќа дека мора да биде верен доверител. Каде и да се ангажирани, младите ќе бидат „вредни во работата, огнени по духот, служејќи му на Бога“; затоа што оној кој не е верен во малку нема исто така да биде верен ни во многу.

Ако децата примат добро воспитување во семејството, тие нема да го бараат на улица, примајќи случајно воспитување кое многу-

мина го примаат. Родителите кои своите деца ги сакаат на разумен начин нема да дозволат тие да пораснат во мрзеливоста, незнаејќи како да ги извршуваат домашните обврски. Неукоста е неприфатлива за Бога и таквиот е непогоден за Божјото дело.

**Мудро користење на времето**. – Таму каде што постои изобилие на безделничење, сатаната работи со своите искушенија да го упропасти животот и карактерот. Доколку младите не се воспитани на корисна работа, без оглед на тоа дали се богати или сиромашни, тие се во опасност; затоа што ѓаволот ќе најде вработување за нив според неговата желба. Младите кои не се барикадирани од начелото не го сметаат времето како драгоцено богатство, како доверба од Бога, за коешто секое човечко битие ќе мора да даде отчит.

Децата треба да бидат воспитани на најдобар можен начин да го користат своето време, да бидат од корист на својот татко и мајка, да бидат самоуверени. Ним не треба да им се дозволи да сметаат дека не треба да вршат ниту една од онаа работа која е неопходна.

**Победете ја секоја навика на мрзеливост.** – Во Својата Реч Бог има зацртано план за воспитување на децата и тој план родителите треба да го следат. Тие треба да ги учат своите деца да ја победат секоја навика на мрзеливост. Секое дете треба да биде учено дека за него постои едно одредено дело во светот.

**Зошто да се работи пред да се игра?** – Мојата мајка ме учеше да работам. Јас некогаш ја прашував: „Зошто морам секогаш да работам толку многу пред да си играм?“ „Тоа е така за твојот ум да биде воспитан за корисна работа, и друго нешто, да те чува од белја; и кога ќе пораснеш, ти ќе ми бидеш благодарна за тоа.“ Кога едно од моите девојчиња (една внука) ми рече: „Зошто морам да плетам? Бабите плетат,“ јас одговорив „Дали знаеш како бабите научија да плетат?“ „Тие започнаа кога беа мали девојчиња.“

**Вредноста на дневниот план.** – Колку што е можно, добро е да се земе во предвид што треба да биде завршено во текот на денот. Направете белешка за различните обврски кои треба да ги извршите и за нив одвојте време за извршување. Нека сите нешта

бидат направени целосно, уредно и брзо. Доколку вам ви се падне да ги исчистите собите, гледајте тие да бидат добро проветрени и постелата да биде изложена на сончева светлина. Одвојте неколку минути да ја извршите таа работа и не запирајте да читате весници и книги кои го фаќаат вашето око, туку речете си себеси: „Не, јас имам толку минути да ја извршам својата работа и морам таа задача да ја извршам таа задача во даденото време."

Оние кои по природа се спори нека настојуваат да станат активни, брзи, енергични, имајќи ги на ум зборовите на апостолот: „вредни во работата, огнени по духот, служејќи му на Бога."

Доколку тебе ти се падне да ги приготвиш оброците, направи внимателни пресметки и одвој онолку време колку што ти е неопходно за подготовка на храната, и истата постави ја на трпезата во добар ред и точно на време. Подобро е оброкот да биде подготвен пет минути порано од твоето предвидено време отколку тоа да биде пет минути подоцна. Но доколку си под контрола на спори, влечкави движења, доколку имате мрзеливи навики, за една работа која не побарува многу време, вие ќе потрошите повеќе време; оние кои што се спори имаат должност да се реформираат и да станат побрзи. Доколку сакаат тие можат да ги победат своите навики на посветување премногу време на не толку важни нешта и навиките на влечкање. Кога ги мијат садовите тие можат да бидат внимателни, а во исто време и брзо да ја завршат работата. Вежбајте ја волјата кон таа цел и рацете тоа брзо ќе го сработуваат.

**Спојувајте го физичкото со умственото.** – Кога некои деца, кои беа испратени во моето семејство за да престојуваат, ќе речеа: „Мојата мајка не ме тера да мијам садови," јас им одговарав: „Тогаш, дали ние да го направиме тоа за тебе и да ти наплатиме половина долар повеќе за твојот престој?" „О, не! Мојата мајка не сака да плати ниту малку повеќе за мене." „Добро, тогаш," јас би рекла: „Наутро кога ќе станеш измиј ги садовите. Бог никогаш не замислил ти да бидеш опслужуван од нас. Наместо твојата мајка да станува рано наутро и да подготвува појадок за тебе додека ти лежиш во кревет, ти треба да бидеш оној кој ќе каже: 'Мајко, не станувај толку рано. Ние ќе се зафатиме за таа работа и ќе ги извршиме тие должности.' Ти треба да им дозволиш на оние кои се со седа коса да си отпочинат наутро."

Зошто тоа не е така? Каде е проблемот? Проблемот е кај родителите кои им дозволуваат на децата да пораснат без да носат никакви бремиња во семејството. Кога овие деца одат на училиште тие велат: „Мама вели дека таа не сака јас да работам.“ Таквите мајки се неразумни. Тие ги расипуваат децата и ги испраќаат на училиште за да ги расипат и другите деца... Работата е најдобрата дисциплина којашто тие можат да ја имаат. Ним нема да им биде потешко отколку на нивните мајки. Спојувајте ја физичката работа со умствената и силата на умот ќе се развие далеку подобро.

**Измислете начини.** – Родителите треба да измислат начини и средства за нивните деца да бидат зафатени со корисна активност. На децата нека им бидат дадени малечки парцели земја кои ќе ги обработуваат, за да можат нешто да приложат како доброволен дар.

Дозволете им да ви помогнат на секој начин на кој тие можат и покажете им дека вие ја цените нивната помош. Нека тие почувствуваат дека сочинуваат дел од семејната организација. Учете ги да го користат својот ум колку што е можно повеќе за да ја планираат својата работа и да ја вршат брзо и целосно. Учете ги да бидат брзи и енергични во својата работа, да бидат економични со времето за да не бидат изгубени минути во нивните часови одредени за работа.

**Работата е благородна.** – Ние треба да ги учиме малечките да ни помагаат додека нивните раце се малечки и нивната сила е слаба. Ние треба да го импресионираме нивниот ум со фактот дека работата е благородна, дека е одредена од небото за човекот, дека им била дадена на Адам и Ева како неопходна за здрав развиток на умот и телото. Ние треба да ги учиме дека невиното задоволство никогаш нема да им пружи ниту половина од задоволството кое следи по активната работа.

# ВРЕДНОСТ И ИСТРАЈНОСТ

**Задоволство по завршената задача.** – Децата често пати започнуваат одредена работа со ентузијазам; но, станувајќи збунети или уморни од неа, тие посакуваат да ја променат и да започнат нешто ново. Така тие започнуваат неколку нешта, се среќаваат со мали разочарувања и се откажуваат; и така преоѓаат од едно нешто на друго, не завршувајќи ништо како што треба. Родителите не треба да дозволат љубовта кон промена да управува со децата. Тие не треба толку многу да бидат ангажирани со други нешта како би немале време трпеливо да ги дисциплинираат умот на младите кој е во фаза на развивање. Неколку зборови на охрабрување, или мала помош во вистинско време може да им помогне да поминат низ нивната неволја и обесхрабреност; и задоволството кое ќе го примат гледајќи како задачата со која тие се зафатиле е завршена ќе ги стимулира кон поголемо напрегнување.

Многу деца, заради недостаток на зборови на охрабрување и мала помош во нивните напори, стануваат обесхрабрени и одат од едно нешто на друго. И тие со себе го носат тој жалосен дефект во времето кога се веќе возрасни. Тие не успеваат во било што за кое се зафаќаат, затоа што не биле учени да истрајат под обесхрабрувачки околности. Така целиот живот на многумина е неуспех бидејќи тие не примиле правилна дисциплина кога биле млади. Воспитувањето примено во детството и младоста влијае врз целата деловна кариера во подоцнежниот живот, а и нивното верско искуство, исто така носи, соодветен белег.

**Навиките на мрзеливост се пренесуваат во подоцнежниот живот.** – Децата и младите кои биле мазени и кои биле опслужувани, очекуваат тоа непрекинато да им се чини; и кога нивните очекувања не се остваруваат, тие стануваат разочарани и обесхрабрени. Таквите склоности ќе ги следат низ целиот нивен живот. Чувствувајќи се беспомошни, тие постојано ќе зависат од други, очекувајќи да им се укаже помош и наклонетост. Дури и кога ќе станат возрасни мажи и жени, штом некој им се спротивстави, тие ќе сметаат дека со тоа им е сторена неправда. Заради тоа тешко ќе се пробиваат низ животот, одвај способни да го носат своето жи-

вотно бреме, негодувајќи и лутејќи се на сето она што не им поаѓа од рака.

**Развивајте навики на темелност и брзина.** – Од мајката децата треба да научат навики на уредност, целосност и брзина. Да му се дозволи на едно дете час или два во вршење на една работа која што лесно може да биде завршена за половина час е исто како да му се дозволи да формира навики на спорост. Работливите навики и навиките на темелност ќе бидат неискажлив благослов за младите во поголемата школа на животот, во која тие мора да влезат кога ќе пораснат.

**Совет кој посебно важи за девојчиња**. – Друг дефект кој ми причинува многу вознемиреност и неволја е навиката на девојчињата да им се дозволува да ги одврзат своите јазици, залудно трошејќи драгоцено време на разговор за безвредни нешта. Додека девојчињата му посветуваат внимание на разговорот, нивната работа заостанува. Кон овие нешта се гледа како на малечки нешта, недостојни за забелешка. Многумина се измамени во поглед на тоа што значи малечка работа. Малечките нешта важно се поврзани со големата целина. Бог не ги игнорира малите нешта кои имаат дел за доброто на човечкото семејство.

**Нека грешките бидат камен за искачување.** – Нека децата и младите научат дека секоја грешка, секоја мана и потешкотија, кога е совладана, станува камен за искачување кон она што е подобро и повозвишено. Преку таквите искуства сите кои животот го направиле достоен за живеење постигнувале успех.

# САМООДРЕКУВАЊЕ, НЕСЕБИЧНОСТ И ПРОМИСЛЕНОСТ

**Поуки кои му требаат на секој дом.** – Научете се на самоодрекување и на тоа учете ги своите деца. На делото му е потребно сето она што можете да го заштедите преку самоодрекување. Има многу неволни на кои треба да им се помогне, необлечени кои треба да се облечат и гладни кои треба да се нахранат. Сегашната вистина треба да им се објави на оние кои сè уште не ја познаваат.

**Кутија за самоодрекување.** – Децата треба да бидат воспитани на самоодрекување. Еднаш, кога проповедав во Нешвил, Бог ми даде светлина во поглед на ова нешто. Таа засветли врз мене со голема сила за тоа дека секој дом треба да има кутија за самоодрекување и дека во таа кутија децата треба да бидат учени да ставаат парички, кои инаку би ги потрошиле за бомбони или други ненужни нешта...

Ќе откриете дека кога децата ќе ги ставаат паричките во тие кутии, ќе се здобијат со голем благослов... Секој член на семејството, од најстариот до најмладиот, треба да практикува самоодрекување.

**Децата не треба да бидат центар на вниманието.** – Децата кои имаат две или четири години не треба да бидат поттикнувани да мислат дека мора да им се даде сè што ќе побараат. Родителите треба да им дадат поуки на самоодрекување и никогаш да не ги третираат на начин кој ќе ги стави во центар и да мислат дека сите нешта се вртат околу нив.

Многу деца наследиле себичност од своите родители, но родителите треба да настојуваат да го искоренат секое влакно на оваа зла наклонетост од нивната природа. Христос дал многу укори до оние кои биле лакоми и себични. Родителите треба да настојуваат, на првата појава на себични црти на карактерот, без оглед дали во нивна присутност или кога се во друштво на други деца, да ги зауздаат и искоренат тие црти од карактерот на нивните деца.

Некои родители посветуваат многу време забавувајќи ги своите деца, но децата треба да научат самите да се забавуваат, да развиваат сопствена остроумност и умешност. На тој начин ќе научат да се задоволуваат со мали задоволства. Треба да научат храбро да ги носат своите мали разочарувања и борби. Наместо да бараат внимание при секоја беззначајна болка или повреда, одвратете ги нивните мисли; научете ги да преминуваат лесно преку малите незгоди или неудобности.

**Доблеста на несебичност.** – Една од доблестите која треба посебно да се негува и развива кај секое дете е несебичноста, која на животот му дава толку природна милност. Од сите одлики на карактерот оваа е една од најубавите, и за секое вистинско животно дело тоа е една од најважните квалификации.

Размислувајте за тоа како своите деца да ги научите да бидат склони да размислуваат за другите. Младите од најраното детство треба да се навикнуваат на потчинетост, самодрекување и обѕир кон среќата на другите. Треба да ги научите да го потчинат избувливиот темперамент, да се воздржат од страствено зборување и, секогаш да манифестираат непроменлива љубезност, учтивост и самоконтрола.

Колку внимателно родителите треба да управуваат со своите деца со цел да дејствуваат против секоја наклонетост кон себичност! Тие постојано треба да сугерираат начини преку кои нивните деца можат да мислат на другите и да научат да чинат нешта за своите татковци и мајки, кои чинат сè што можат за нив.

# ЕКОНОМИЈА И ШТЕДЛИВОСТ

**Елиминирајте ги навиките на расипништво.** – Учете ги вашите деца дека Бог има право на сето она што тие го поседуваат, и дека ништо никогаш не може да го поништи тоа право; сето она што тие го имаат само им е доверено, за да се види дали тие ќе бидат послушни. Парите се неопходно благо; нека тие не бидат растурани врз оние кои немаат потреба од нив. Некому му се потребни твоите доброволни дарови... Доколку поседувате расипнички навики, отфрлете ги од својот живот колку што е можно поскоро. Ако не го направите тоа, вие ќе банкротирате за цела вечност. Навиките на економија, работливост и трезвеност дури и во овој свет се подобри за вас и вашите деца отколку богатите мирази.

**Поучете ги децата на штедливост.** – Според светлината којашто Господ ми ја даде ние треба да бидеме внимателни своето драгоцено време и пари да не ги трошиме немудро. Многу нешта можат да ни требаат според нашата фантазија, но ние треба да се чуваме од трошењето на парите за сето она што не е леб. Нам ќе ни требаат многу средства за решително да го напреднеме делото во нашите градови. Секој треба да има удел во Божјото дело. Родителите треба да ги поучат своите деца на штедливост, со цел помладите членови на стадото да научат да имаат дел во одговорноста на поддржување на Божјото дело во ова време.

**Љубовта не се искажува преку расипништво**. – Практикувајте штедливост во својот дом. Мнозина негуваат идоли и им служат. Отфрлете ги своите идоли. Откажете се од своите себични задоволства. Немојте ве молам да трошите пари во украсување на своите домови; зашто тоа се Божји пари и од вас ќе биде побарано сметка за нив. Родители, заради Христа немојте да ги користите Божјите пари за да ѝ угодите на фантазијата на своите деца. Немојте да ги учите да настојуваат кон отменоста и перчењето со цел да се здобијат со влијание во светот...

Не ги воспитувајте своите деца да мислат дека вашата љубов за нив мора да биде изразена со тоа што ќе им угодувате на нив-

ната гордост, нивната екстравангантност, нивната љубов кон покажувањето. Сега не е време да се измислуваат начини за трошење на парите. Вашите измислувачки способности треба да се растегнат за да се види дека можете повеќе да штедите.

**Не фрлајте ништо корисно.** – Ништо од она што може да биде употребено не треба да се фрли. За тоа ќе биде потребна мудрост, промисла и постојана грижа. Ми беше покажано дека неспособноста да се заштеди во малечки нешта е една од причините зошто толку многу семејства страдаат заради недостаток на животните потреби.

**Како да се поучува правилна употреба на парите.** – Нека секој млад човек и секое дете биде поучено, не само да ги решава теоретските задачи, туку да води точно книговодство за она што го прима и троши. Нека научи како правилно да ги користи парите. Дали ќе ги добијат од своите родители или ќе ги заработат, нека момчињата и девојчињата научат да ја одберат и купат својата облека, своите книги и другите потреби; и водејќи книговодство за своите трошоци, тие ќе научат, за вредноста и употребувањето на парите како што не можат да научат на ниту еден друг начин.

**Вредноста на водењето свое книговодство.** – Децата додека се сè уште млади треба да бидат научени да читаат, да пишуваат, да ја познаваат математиката, и да водат свое книговодство. Тие можат во ова знаење, чекор по чекор да напреднуваат во животот.

Нека децата бидат научени да водат свое книговодство. Тоа ќе ги оспособи да бидат прецизни. Расипничкото момче ќе прерасне во расипнички маж. Суетната, себична девојка која се грижи само за себе ќе биде иста таква жена кога ќе порасне. Ние треба да запаметиме дека постојат и други млади за кои сме исто така одговорни. Доколку ги воспитаме своите деца на исправни навики, преку нив ќе можеме да имаме влијание и врз другите.

# ОТСЕК VII

# *Развивање на христијанските квалитети*

# ЕДНОСТАВНОСТ

**Воспитувајте во природна едноставност.** – Малечките треба да бидат воспитувани во детска едноставност. Тие мораат да се навикнат да бидат задоволни со мали, полезни должности, задоволства и искуства кои се соодветни за нивната возраст. Детството во параболата е претставено со никулец чија убавина е својствена за него. Децата не треба да се принудуваат на предвремено созревање, туку колку е можно подолго треба да ја задржат свежината и милноста на своите рани години. Колку помирен и поедноставен е животот на детето – колку послободен и поусогласен со природата – толку поповолно ќе биде влијанието врз неговата телесна и ментална живост и духовна сила.

Родителите, преку својот пример, треба да ги поттикнат нивните деца да обликуваат навики на едноставност и да ги пренасочуваат своите деца од вештачкиот кон природниот начин на живеење.

**Едноставните деца се најпривлечни.** – Најпривлечни се оние деца кои се природни и негорделиви. Не е мудро на децата да им се подарува посебно внимание... Со пофалување на нивните гледишта, нивните зборови и постапки не смее во нив да се поттикнува суетност. Не треба да ги облекувате на прескап начин и на начин кој би бил за покажување пред светот. Тоа во нив поттикнува гордост, а во срцето на нивните другари буди завист. Учете ги децата дека вистинскиот украс не е она што може да се види од надвор. „Вашето украсување да не биде надворешно: во плетење на косата, во китење со златен накит или во раскошно облекување, туку во скриената личност во срцето, во нераспадливиот украс на кроткиот и тивок дух, што е од голема вредност пред Бога“ (1. Петрово 3:3, 4).

**Тајната на вистинската привлечност.** – Девојките треба да бидат учени дека вистинската привлечност на жената не се наоѓа само во убавината на формата или изгледот, ниту пак во достигнувањата; туку во кроткиот и тивок дух, во трпението, дарежливоста, љубезноста и волјата да чинат нешта за другите и да страдаат за-

ради нив. Тие треба да бидат поучувани да работат, да учат за некоја цел, да живеат за одредена цел, да имаат доверба во Бога и да се бојат од Него и да ги почитуваат своите родители. Тогаш, како што напредуваат во годините, тие ќе раснат со почист ум, посамостојни и повеќе сакани. Ќе биде невозможно да се деградира една таква жена. Таа ќе им избега на искушенијата и пробите кои упропастиле мнозина.

**Семиња на суетност.** – Во многу семејства, уште од бебе, срцата на децата се посеани со семиња на сутеност и себичност. Нивните паметни изреки и дела се коментираат и пофалуваат во нивно присуство и повторуваат во преувеличеност на другите. Малечките го забележуваат тоа и се полнат со самобендисаност; тие си земаат за право да прекинуваат разговори и да бидат премногу одважни и бесрамни. Ласкањето и попуштањето ја хранат нивната суетност и своеглавост, сѐ додека најмалите не неретко стануваат владетели над целото семејство, вклучувајќи ги и таткото и мајката.

Како што младите созреваат, наклоностите формирани со ваквиот начин на воспитување не се отстрануваат. Таа расне со нивното растење, и она што можеби изгледало симпатично кај бебето, станува презрено и зло кај мажите и жените. Тие настојуваат да владеат над нивните другари; и доколку некој одбие да се покори на нивните желби, тие себеси се сметаат за ожалостени и навредени. Тоа е така, бидејќи, на нивна штета им било угодувано во младоста, наместо да бидат поучени дека самоодрекувањето е неопходно за носењето со тешките моменти и потешкотии на животот.

**Немојте да поттикнувате љубов кон пофалба.** – На децата им е неопходно ценење, сочувство и охрабрување, но мораме да внимаваме во нив да не развиеме склоност кон пофалби... Родителот или учителот кој го има предвид вистинскиот идеал на карактерот и можноста за негово достигање, никогаш нема да негува ниту да поттикнува окупираност со себеси. Тој во младите нема да поттикнува стремеж или настојување да ги истакнуваат своите способности и умешности. Оној кој гледа на она што е повисоко од себеси ќе биде понизен; а сепак ќе има достоинство кое нема

да се засрами или вознемири од страна на надворешниот сјај или човечката големина.

**Охрабрете едноставност во исхраната и облеката.** – Родителите имаат света должност да ги научат своите деца да помагаат во носењето на домашните бремиња, да бидат задоволни со едноставна храна и уредна и евтина облека.

О, кога мајките и татковците би ја разбрале својата одговорност пред Бога! Каква промена тогаш би се случила во општеството! Децата нема да бидат расипани со пофалување и мазење, или направени суетни преку угодувањето во поглед на облеката.

# УЧТИВОСТ И РЕЗЕРВИРАНОСТ

**Учтивоста започнува во домот.** – Родители, учете ги вашите деца... како да се однесуваат во домот со вистинска учтивост. Воспитајте ги да покажуваат љубезност и нежност еден кон друг. Не дозволувајте себичноста да живее во срцето или пак да најде место во домот.

Младите кои израснуваат негрижливи и груби во зборовите и начинот на однесување го откриваат карактерот на нивното домашно воспитување. Родителите не ја разбрале важноста на нивното повереништво; и жетвата што ја посеале тие ја жнеат.

**Треба да проникнуваат небесните начела.** – Кога сите домашни се членови на царското семејство, тогаш ќе постои вистинска учтивост во домот. Секој член на семејството ќе настојува домот да го направи угоден за секој друг член.

**Почит кон старите.** – Бог особено бара да се укажува нежна почит кон старите. Тој вели: „Седите коси се венец на слава; доколку се наоѓаат на патот на праведноста“ (Изреки 16:31). Таа говори за битките кои се водени и за победите кои се постигнати; за носените бремиња и совладаните искушенија. Таа говори за изморените стапки кои се приближуваат кон смртта, за местата кои наскоро ќе бидат празни. Помогнете им на децата да мислат на тоа и тие ќе им го разубават патот на старите со својата пристојност и почитување и внесувајќи така милност и убавина во својот млад живот слушајќи ја заповедта: „Стани пред седа глава и почитувај го лицето на старецот“ (Левит 19:33).

**Поучувајте резервираност и скромност.** – Гордост, високо мислење за себеси и бесрамност се забележливи карактеристики на децата од ова време и тие се проклество за векот... Најсветите лекции на скромност и понизност треба да бидат поучени на децата, како во домот така и во саботното училиште.

Дали вие, на кои ги упатувам овие зборови, ќе обрнете внимание на советите кои ви се даваат? Нека младите го послушаат предупредувањето; нека не бидат дрски во разговорот, туку скромни

и ненаметливи. Нека бидат брзи да ги слушаат оние нешта кои се за добро на душата и бидат спори да зборуваат, ако тоа не е во случај да го претставаат Христа и да сведочат за вистината. Покажете понизност на умот преку скромно однесување.

**Чувар на доблеста.** – Негувајте ја драгоцената, од бесценета вредност скапоценост на скромноста. Тоа ќе ја пази доблеста... Божјиот Дух ми наложува да ги наговорам своите сестри, кои што исповедаат побожност, да негуваат скромно однесување и да бидат повлечени... Запрашав кога младите сестри ќе се однесуваат онака како што им доликува? Знам дека нема ништо да се промени на подобро сѐ додека родителите не сфатат дека треба да посветат поголемо внимание во правилно воспитување на своите деца. Учете ги да бидат повлечени и скромни.

**Вистински доблести.** – Вистинските доблести на детето се состојат во скромност и послушност – во уши подготвени да слушаат зборови на упатство, во стапала и нозе подготвени да чекорат и го вршат она што го наложува должноста. И вистинската добрина ќе ја добие својата награда, дури и во овој живот.

# БОДРОСТ И БЛАГОДАРНОСТ

**Нека пријатно влијание го исполнува домот.** – Над сè друго, родителите треба да ги опкружат своите деца со атмосфера на бодрост, учтивост и љубов. Домот во кој пребива љубовта и во кој се изразува преку погледи, зборови и дела е место на кое ангелите со задоволство го покажуваат своето присуство.

Родители, дозволете му на сонцето на љубовта, ведрината и среќното расположените да влезе во вашите срца; и дозволете му на неговото благо, весело расположение да го исполнува вашиот дом. Покажувајте љубезен, воздржан дух; и охрабрувајте го истиот кај вашите деца, негувајќи ги сите доблести кои ќе го разубават домашниот живот. Вака создадената атмосфера ќе биде за децата она што се воздухот и сончевата светлина за растенијата; таа ќе го унапредува здравјето и виталноста како на умот така и на телото.

**Нека изразот на лицето биде бодар.** – Децата ги привлекува ведрото и весело однесување. Бидете кон нив љубезни и учтиви и тие ќе се однесуваат исто така кон вас и едни кон други.

Децата ја мразат намуртеноста и жалоста. Нивните срца се одѕиваат на веселоста, бодроста и љубовта.

**Зборувајте угодни, весели зборови.** – Угодните, весели зборови не чинат повеќе од неугодните, непријатни зборови. Дали ти се допаѓа кога некој ти упатува груби зборови? Имај на им дека кога ти зборуваш такви зборови, други го чувствуваат тој остар убод... Родители, внесете практична побожност во домот. Ангелите не се привлечени во дом каде што владее неслога. Воспитајте ги вашите деца да изговараат зборови кои ќе донесат светлина и радост.

**Смејте се родители, смејте се.** – Некои родители – како и некои учители – изгледа како да забораваат дека и тие некогаш биле деца. Тие се со чувство на лично достоинство, ладни и нечувствителни... Нивните лица обично имаат израз на сериозност и критичност. Детската радост или самоволост, неодморната активност на

младешкиот живот, не наоѓа изговор во нивните очи. Безначајните грешки се третирани како тешки гревови. Таквата дисциплина не е христијанска. Децата кои се така третирани се плашат од своите родители или учители но не ги сакаат; тие не им ги доверуваат своите детски искуства. Некои од највредните квалитети на умот и срцето се оладени до смрт, како нежното растение пред зимската виулица.

Смејте се родители; смејте се учители. Доколку вашето срце е ожалостено, нека вашето лице не го открива тоа. Нека сончевата светлина од благодарното, со љубов полно срце го засветли изразот на лицето. Попуштете од своето железно достоинство, прилагодете се себеси на потребите на децата, и направете тие да ве љубат. Вие морате да ја придобиете нивната љубов доколку сакате да втиснете верска вистина врз нивните срца.

**Учете ги децата да бидат благодарни.** – „Ќе се радуваш за сите добра, што Господ, твојот Бог, ти ги даде тебе.“ Благодарност и пофалба треба да му се изрази на Бога за земните нешта и за сите удобности коишто Тој ги излева врз нас. Бог сака секое семејство, кое Тој го подготвува да ги наследи вечните живеалишта, да му даде слава за богатите блага на Неговата благодат. Доколку децата во домашниот живот се образовани и воспитани да бидат благодарни на Давателот за сите добра, ние ќе видиме како небесната добродетел се манифестира во нашите семејства. Веселоста мора да се покаже во домот, и доаѓајќи од такви домови, младите со себе ќе донесат дух на почит и стравопочит во училницата и во црквата.

# ИСКРЕНОСТ

**Нека родителите бидат модел за искреност.** – Родители и учители, бидете верни на Бога. Нека во вашиот живот не постојат измамливи постапки. Нека не се најде измама на вашите усни. Колку и да не ви одговара тоа во дадениот момент, нека вашите патишта, вашите зборови и вашите дела покажат исправност во очите на светиот Бог. О, колку се ужасни последиците од првата лекција на измама! Дали некој којшто тврди дека е ќерка или син Божји ќе се предаде себеси на мамење и лажење?

Нека вашите деца немаат никаков изглед за изговор велејќи, мојата мајка не ја кажува вистината. Татко ми не ја кажува вистината. Кога ќе бидете испитани на небесниот суд дали покрај вашето име ќе биде запишан записот Измамник? Дали вашето потомство ќе биде изопачено со примерот на оние коишто треба да ги водат по патот на вистината? Наместо ова, зар нема Божјата сила на обратување да влезе во срцето на мајката и таткото? Зар нема да му биде дозволено на Светиот Дух да го стави Својот белег врз нивните деца?

Не може да се очекува децата да бидат целосно без вина во својот говор. Но постои опасност преку немудро управување, родителите да ја уништат искреноста која треба да го карактериза животот на детето. Преку збор и дела родителите треба да направат сѐ што е во нивна моќ да ја зачуваат својата транспарентна едноставност. Како што децата растат, родителите не треба да дадат ниту најмала можност за сеење на она семе кое ќе се развие во измама и невистина и ќе созрее во навики недостојни за доверба.

**Никогаш не зборувајте дволично.** – Родителите треба да бидат модел на вистинитост, зашто тоа е секојдневната лекција која треба да биде втисната врз срцето на детето. Незастранувачко начело треба да владее со родителите во сите работи од животот, посебно во образованието и воспитувањето на нивните деца. „И детето се познава според она што го прави, дали е чисто и праведно неговото дело.“

Мајката на која ѝ недостига проникливост, и која не го следи Божјото водство, може да ги воспита своите деца да бидат измамници и лицемери. Негувани на таков начин, цртите на карактерот можат да станат толку истрајни, што лагата ќе стане толку природна како и здивот. Изговорот ќе се смета како искреност и реалност.

Родители, никогаш не зборувајте дволично; никогаш не кажувајте невистина преку своето поучување или пример. Доколку сакате вашето дете да биде искрено, бидете самите искрени. Бидете директни и недволични. Дури ни најмала дволичност не треба да се дозволи. Затоа што мајките се научени да бидат дволични и неискрени, детето го следи нејзиниот пример.

**Невистинитоста е поттикната од остри зборови.** – Не станувајте нетрпеливи кон вашите деца кога тие грешат. Кога ќе ги коригирате, не зборувајте им нагло и остро. Тоа ги збунува, правејќи ги исплашени да ви ја кажат вистината.

# ИСКРЕНОСТ И ЧЕСНОСТ

**Искреноста да биде практикувана и поучувана.** – Неопходно е чесноста да биде практикувана во сите детали на животот на мајката, и во воспитувањето на децата, младите девојки, како и момчињата, важно е да се поучуваат никогаш да не дволичат, ниту во најмало нешто да мамат.

**Стандардот кој Бог го бара.** – Бог бара луѓето во Неговата служба, под Неговото знаме, да бидат крајно искрени, беспрекорни по карактер, како нивните јазици не би изговориле ништо кое има најмал изглед на невистина.

**Чесни мерки и мерила.** – Чесен човек, според Христовото мерило, е оној кој ќе манифестира непопустлива чесност. Измамливи мерки и лажни мерила, со кои се настојува да се напредне интересот во светот, се одвратност во очите Божји.

**Искрени со времето и парите.** – Потребни се луѓе чијашто смисла за правда, дури и во најмалечките нешта, нема да им дозволи да прикажат изработено време кое не е точно и правилно – луѓе кои ќе сфатат дека ракуваат со средства кои му припаѓаат на Бога и кои нема неправедно да употребат ниту еден цент за сопствена употреба; луѓе кои ќе бидат верни и точни, грижливи и вредни во својата работа, во отсуство на својот работодавач како и во негово присуство, докажувајќи со својата верност дека тие не се луѓе кои сакаат само да им угодат на луѓето, служители на погледот, туку совесни, верни, вистински работници, чинејќи го она што е право, не само за човечка пофалба, туку затоа што тие сакаат и одбираат и се правилно потикнати од високо чувство за својата обврска пред Бога.

**Другите да мисла за него, токму тоа што тој е.** – Во секоја деловна трансакција христијанинот ќе биде она што тој сака другите да мислат дека тој навистина е. Неговиот начин на постапување е воден од внатрешни начела. Тој не прави сплетки; и заради тоа тој нема што да сокрие, ништо да покрие. Тој може да биде критикуван, може да биде испробан, но неговата непопустлива чесност

ќе светли како чисто злато. Тој е благослов за сите кои се поврзани со него, затоа што неговиот збор е достоен за доверба. Тој е човек кој нема да го искористи својот ближен. Тој е пријател и добротвор на сите, и неговите пријатели имаат доверба во неговиот совет... Вистински чесниот човек нема да ја искористи слабоста и неспособноста со цел да ја наполни својата торба.

**Не дозволувајте застранување од строгата чесност.** – Во секоја деловна трансакција бидете стриктно чесни. Колку и да сте искушувани, никогаш не мамете или зборувајте дволично дури ни најмалку. Понекогаш телесниот импулс може да донесе искушение да ве одврати од правиот пат на чесноста, но не застранувајте ниту за едно влакно. Доколку некогаш кажете дека нешто ќе правите и подоцна откриете дека тоа ќе биде во полза на другите а на ваша штета, ниту малку не отстапувајте од начелото. Извршете го она што сте се договориле. Настојувајќи да ги промените своите планови вие ќе покажете дека човек на вас не може да се потрпе. И доколку се повлечете во една таква мала трансакција, вие би сте се повлекле и во поголема. Под такви околности некои се искушувани да измамат, велејќи, јас не бев разбран. Моите зборови беа разбрани поинаку отколку што јас замислував. Факт е, тие значат токму она што е кажано, но го изгубија добриот импулс, и тогаш сакаат да се повлечат од договорот, за да не бидат во загуба. Господ бара од нас да чиниме правда, да ја љубиме милоста, вистината и праведноста.

**Одржувај стриктни начела.** – Во сите детали од животот треба да бидат одржувани најстриктни начела на чесност... Одвојувањето од совршена правичност во една бизнис зделка може да изгледа како нешто малечко во проценката на некои, меѓутоа, нашиот Спасител тоа не го гледа така. Неговите зборови за тоа се јасни и точни: „Оној кој е верен во малку е верен исто така во многу.“ Човек кој ќе го надитри својот ближен во малку, ќе измами и во многу доколку биде во такво искушение. Лажна репрезентација во нешто малечко е толку голема нечесност во Божјите очи како и лажноста во поголемо нешто.

Чесноста треба да биде печат на секоја постапка во нашите животи. Небесните ангели ја испитуваат работата која што е поставена во нашите раце; и тогаш кога постои одвојување од начелата на вистината, во записите стои „лесен“.

# САМОСТОЈНОСТ И ЧУВСТВО ЗА ЧЕСНОСТ

**Учете го секое дете да биде самостојно.** – Колку што е можно, секое дете треба да се учи да биде самостојно. Преку практикување на различните способности, тоа ќе научи каде е најсилно и каде има недостатоци. Мудриот инструктор ќе посвети посебно внимание на развитокот на послабите црти, за детето да може да формира добро урамнотежен, хармоничен карактер.

**Премногу леснотија е причина за развивање на слабостите**. – Кога родителите, додека се живи, би им помогнале на децата да си помогнат себеси, тоа би било подобро отколку да им остават голема сума пари при својата смрт. Децата кои што се оставени да се потпираат на своите лични напрегања ќе бидат подобри мажи и жени и поподготвени за практичниот живот отколку оние деца коишто биле зависни од имотот на своите татковци. Децата кои се оставени да бидат зависни од изворот на сопствената работа главно ги вреднуваат своите способности, ги подобруваат своите предимства и ги развиваат и управуваат своите таленти за да постигнат одредена цел во животот. Тие често развиваат карактер на работливост, штедливост и морална вредност, што е основа за успех во христијанскиот живот. Оние деца за кои нивните родители прават највеќе, често чувствуваат најмала одговорност кон нив.

**Подгответе ги децата смело да се соочат со проблемите.** – По дисциплината во домот и училиштето, сите мораат да се соочат со строгата дисциплина на животот. На секое дете и на секое младо суштество мораме да му објасниме како мудро да се соочи со неа. Вистина е дека Бог нè љуби, дека се труди да нè усреќи, и дека ние никогаш не би морале да го запознаеме страдањето ако секогаш сме го почитувале Неговиот закон; но не помала е и вистината дека на овој свет, како последици од гревот, секој мора да поднесува страдања, неволји и товари. На децата и младината цел живот ќе им служи на добро ако ги научиме храбро да се соочат со сите неволји и потешкотии. Иако мораме кон нив да покажеме сочувство, тоа никогаш не смее да биде такво што ќе ги на-

веде да се самосожалуваат. Ним им е потребно нешто што ќе ги поттикне и зајакне, а не нешто што ќе ги ослабне.

Тие мораат да научат дека овој свет не е место за одржување свечени паради, туку бојно поле. Сите се повикани, како добри војници, да поднесуваат тешкотии. Мораат да бидат силни и да се однесуваат како луѓе. Учете ги дека вистинската сила на карактерот се тестира преку подготвеноста да носат товар, да издржат на тешко место, да извршат работа која мора да биде извршена, иако не донесува никакво земско признание или награда.

**Засилете го чувството на почит.** – Мудриот воспитувач, со своето постапување кон учениците, ќе се труди да ја придобие нивната доверба и да го засили чувството на почит. Врз децата и младите поволно делува кога им се укажува доверба. Мнозина меѓу нив, дури и малите деца, имаат високо чувство на почит; сите сакаат со нив да се постапува со доверба и почитување, и тоа е нивно право. Не треба да се наведуваат на помислата дека не можат ниту да излегуваат ниту да влегуваат без постојано да бидат надгледувани. Недовербата деморализира и ги предизвикува истите оние зла кои сака да ги спречи... Наведете ги младите да почувствуваат дека им верувате и само ретки помеѓу нив нема да се потрудат да покажат дека ја заслужуваат довербата.

## ОТСЕК VIII

# *Највозвишената задача - развивање на карактерот*

# ВАЖНОСТА НА КАРАКТЕРОТ

**Единствено богатство кое ќе биде понесено од овој свет.** – Карактерот, обликуван според божествениот лик е единственото богатство што ќе можеме да го понесеме од овој свет на небото. Сите кои во овој свет биле во Христовата школа, ќе ги понесат сите свои духовни достигнувања во своите небесни станови. Но и на небото ќе продолжат да се усовршуваат. Според тоа, многу е важен развојот на карактерот во овој живот.

**Вистинскиот карактер, квалитет на душата.** – Умствената способност и генијалноста не претставуваат карактер, затоа што нив често пати ги поседуваат оние кои поседуваат карактер спротивен на добриот. Репутацијата исто така не е карактер. Вистинскиот карактер е квалитет на душата, откривајќи се себеси преку однесувањето.

**Неговите два суштински елемента.** – Силата на карактерот се состои од две работи: силата на волјата и силата на самокотрола. Многи млади мислат погрешно дека некотролираните страсти ја составуваат силата на карактерот; меѓутоа, вистината е дека оној со кого господарат неговите страсти е вистински слабак. Вистинската големина и благородност на еден човек се мери според силата на чувствата кои тој може да ги совлада, а не според силата на чувствата кои него го совладуваат. Најсилен е оној човек, кој иако е чувствителен на неправда, може да се совлада себеси и да им прости на своите непријатели.

**Понеопходно од надворешно покажување.** – Кога би се сметало како исто толку важно младите да поседуваат прекрасен карактер и наклонетост кон љубезност како што се смета дека е важно имитирањето на модата на светот во облеката и однесувањето, ние денес ќе видиме стотина такви каде што постои еден активен живот, подготвени да излеваат облагодорувачко влијание врз општеството.

**Развитокот на карактерот е дело за цел живот.** – Обликувањето на карактерот е работа за цел живот, и за вечноста. Доколку сите би го разбрале тоа, доколку сите би се разбудиле со мислата дека секој од нас индивидуално одлучува за својата судбина, за вечен живот или вечна пропаст, каква ли само промена би се случила тогаш! Колку поинаку би го користеле ова време на проба и колку поинакви карактери би го исполнувале нашиот свет.

**Најголемиот доказ во полза на христијанството.** – Доколку мајките христијанки би му презентирале на општеството деца со чесност на карактерот, со цврсти начела и здрав морал, тие би ја извршиле најважната од сите мисионерски работи. Нивните деца, целосно воспитани да ги заземат своите места во општеството, се најголем доказ кој може да му биде даден на светот во полза на христијанството.

**Влијанието на едно дете кое е правилно воспитано.** – Никогаш на смртниците не им била доверена повозвишена работа како што е обликувањето на карактерот. Децата не треба да бидат само образовани, туку и воспитани; и кој може да ја каже иднината на едно одраснато дете или млад човек? Нека биде посветена најголема грижа за развивање на културата на нашите деца. Едно дете кое е правилно дисциплинирано во начелата на вистината, кому љубовта и стравот Божји му се испрелетени низ карактерот, ќе поседува сила за добро во овој свет која што не може да се процени.

# КАКО СЕ ОБЛИКУВА КАРАКТЕРОТ

**Придобиен со истрајни, неуморни напори.** – Карактерот не се обликува случајно. Тој не се одредува од едно избувнување на темпераментот, еден чекор во погрешна насока. Повторувањето на еден акт причинува тој да стане навика, и го обликува карактерот за добро или за лошо. Правилните карактери можат да бидат обликувани само со истрајни, неуморни напори, преку усовршување на секој доверен талент и способност на Божја слава. Мнозина наместо да го чинат тоа си дозволуваат себеси да бидат носени таму каде што импулсите или околностите ги водат. Тоа не е заради тоа што умствено не се способни за тоа, туку затоа што не сфаќаат дека Бог во нивната младост бара тие да дадат сè од себе.

**Врз карактерот влијае секоја постапка.** – Колку и да се чини безначајна, секоја постапка во животот врши свое влијание врз обликувањето на карактерот. Добриот карактер е подрагоцен отколку световните блага, и делото на изградување на карактерот е најблагородно дело во кое човекот може да биде ангажиран.

Карактерот кој го изградиле околностите е променлив и нехармоничен – еден куп на спротивности. Оние кои поседуваат таков карактер немаат никаква возвишена цел во животот. Тие не шират облагородувачко влијание врз карактерот на другите. Тие се без цел и без сила.

**Мора да му се спротивставиме на искушението.** - Животот на Даниел е вдахновена илустрација за тоа што претставува еден посветен карактер. Тој претставува поука за сите, а посебно за младите. Стриктното усогласување со Божјите барања е корисно за здравјето на телото и умот.

Неговите родители го воспитале Даниел на навиките на стриктна умереност. Тие го поучувале дека во сите свои навики мора да се усогласи со законите на природата; дека неговото јадење и пиење врши директно влијание врз неговата физичка, ментална и морална природа и дека тој е одговорен пред Бога за своите способности; затоа што тој ги сметал како дар од Бога и никако не смеел

да ги уназади или осакати. Како последица на ова учење, Божјиот закон бил воздигнат во неговиот ум и почитуван во неговото срце. Во текот на првите години од своето заробеништво, Даниел минувал низ тешко искушение кое требало да го запознае со отменоста на дворовите, со лицемерството и со паганизмот. Навистина чудно училиште кое него требаше да го стори погоден за живот на трезвеност, работливост и верност! И сепак тој живеел живот нерасипан од атмосферата на злото со која што бил опкружен.

Даниел и неговите придружници биле благословени со правилно воспитување и обучување во раните години, но сами од себе тие предности не можеле од нив да направат она што тие биле. Дошло време кога морале самите за себе да решат како ќе постапат – кога нивната иднина зависела од нивниот начин на постапување. Тогаш тие решиле да останат верни на поуките коишто им биле дадени во детството. Божјиот страв, кој е почеток на мудроста, бил темел на нивната големина. Неговиот Дух ја засилил секоја нивна вистинска цел, секоја благородна одлука.

**Целта мора да биде возвишена.** – Доколку младите правилно го вреднуваат овој важен елемент во изградувањето на карактерот, тие ќе видат колку е неопходно да ја вршат својата работа како таа би се одржала на тестот на испитување пред Бога. Најпонизните и најслабите, преку истрајни напори спротивставувајќи му се на искушението и барајќи мудрост одозгора, можат да достигнат височини кои сега изгледаат невозможни. Овие достигнувања не можат да се достигнат без одлучна одлука да се биде верен во исполнувањето на малечките должности. Тоа бара постојана будност изопачените црти да не бидат оставени да се засилат. Младите можат да имаат морална сила, затоа што Исус дојде на светот да биде наш Пример и на сите млади и на оние од секоја возраст да им даде божествена помош.

**Советите и укорите мораат да бидат земени во предвид.** – Можеби ќе биде потребно многу работа за да се изгради вашиот карактер, затоа што можеби вие сте груб камен кој мора да биде обликуван и полиран пред да може да исполни едно место во Божјиот храм. Вие не треба да бидете изненадени доколку со чекан и клин Бог ги отсече острите рабови на вашиот карактер, се додека вие не сте подготвени да го заземете местото коешто Тој го подго-

твил за вас. Ниту едно човечко битие не може да ја изврши таа работа. Таа може да биде извршена само од Божја страна. И бидете сигурни дека Тој нема да направи ниту еден непотребен удар. Секој негов удар ќе биде нанесен со љубов, заради вашата вечна среќа. Тој ги познава нашите слабости и работи за да обнови, а не да уништи.

ГЛАВА 33

# РОДИТЕЛСКАТА ОДГОВОРНОСТ ВО ФОРМИРАЊЕТО НА КАРАКТЕРОТ

**Божја задача за родителите.** – Бог на родителите им ја дал нивната работа, да ги обликуваат карактерите на своите деца според божествената Мостра. Преку Неговата благодат тие можат да ја извршаат таа задача; но тоа ќе бара трпеливи, макотрпни напори, но не помалку ќе треба цврстина и одлука, за да се води волјата и зауздаат страстите. Поле кое е оставено само на себеси ќе донесе само трње и боцки. Оној кој сака да произведе жетва за корисност или убавина мора прво да ја подготви почвата и да го посее семето, потоа да копа околу младите ластари, отстранувајќи ја тревата и омекнувајќи ја земјата и драгоценото растение ќе процвета и богато ќе ја награди неговата грижа и работа.

Изградбата на карактерот е најважното дело, кое некогаш им било доверено на човечките суштества; и никогаш порано неговото вредно изучување не било толку важно како сега. Никогаш ниту една претходна генерација не морала да се соочува со толку тешки проблеми; никогаш порано момчињата и девојките не биле соочени со толку големи опасности како оние кои денес им се закануваат.

Тоа е вашата работа, родители, карактерите на своите деца да ги развиете во хармонија со начелата на Речта Божја. Оваа работа треба да има приоритет затоа што тука се вклучени вечните интереси. Изградувањето на карактерот на вашите деца е поважно отколку обработката на вашите поседи, понеопходна отколку изградување на куќи за живеење, или вршење на било кој вид на работа или трговија.

**Домот, најдоброто место за изградување на карактерот.** – Ниту училиштето ниту факултетот не пружаат можности за изградување на карактерот на детето, како што ги пружа домот.

**Искривените карактери мора да се исправат.** – Оние кои што искривените карактери нема да ги исправат во овој живот не ќе можат да имаат дел во идниот бесмртен живот. О, колку е важно за младите да не ги искриват своите карактери. Родителите играат

важна улога во оваа работа. Врз нив почива светата одговорност на воспитување на своите деца за Бога. Ним им е дадена можноста да им помогнат на своите малечки да формираат карактери кои ќе им обезбедат влез во небесните дворови.

**Родители, не грешете тука.** – Родители, заради Христа, не грешете во вашата најважна работа, во моделирањето на карактерите на вашите деца за сега и за вечноста. Ако сторите една грешка, занемарувајќи верно да ги поучите, или ѝ попуштате на таа немудра љубов која ги заслепува вашите очи за нивните мани и ве спречува да им пружите правилно зауздување може да биде на нивна пропаст. Вашиот начин на постапување може да ги упати на погрешна насока за целиот нивен понатамошен живот. Преку својот живот вие одлучувате што ќе бидат тие во иднина и што ќе сторат за Христа, за луѓето и за своите души.

Постапувајте чесно и верно со своите деца. Работете храбро и трпеливо. Не плашете се од крстови, не штедете време, напори, бремиња и страдања. Иднината на вашите деца ќе посведочи за карактерот на вашата работа. Верноста кон Христа од ваша страна може подобро да биде изразена преку симетричен карактер кај вашите деца, отколку на кој и да е друг начин. Тие се Христова сопственост, купени со Неговата крв. Доколку нивното влијание е целосно на страна на Христа, тие се негови соработници, помагајќи им на другите да го најдат патот кон животот. Доколку вие ја занемарите својата од Бога дадена работа, вашиот немудар начин на дисциплина ќе ги постави меѓу оние кои одведуваат од Христа и го засилуваат царството на темнината.

**Чист дом, но невоспитани деца.** – Јас видов како една мајка со критичко око можеше да ја увиди сета несовршеност во подесеноста на предметите изработени од дрво во домот, и која што беше многу специфична за тоа нејзината куќа да биде целосно чиста во точно определеното време, и тоа често го извршуваше на штета на физичкото и духовното здравје, додека нејзините деца беа оставени на пропаѓаат на улица и таму да се здобијат со улично воспитување. Тие деца ќе пораснат и ќе бидат непристојни, груби и непослушни. Мајката, и покрај тоа што имаше вработено помошничка, беше толку многу ангажирана во грижите околу домот што не можеше да одвои време за правилно да ги воспита своите деца.

Таа им дозволуваше да пораснат со деформитети на карактерот, недисциплинирани и невоспитани. Ние можевме да видиме дека префинетиот вкус на мајката не беше практикуван во правилна насока затоа што поинаку таа би ја видела неопходноста за обликување на умовите и манирите на своите деца и би ги образувала да имаат симетрични карактери и љубовни темпераменти.

Доколку мајката дозволи сите нешта на кои таа највеќе им посветувала внимание да бидат второстепени, таа би го сметала физичкото, умственото и менталното воспитување на своите деца од скоро бескрајна вредност. Оние кои врз себеси ќе ја превземат одговорноста на мајки треба да чувствуваат дека се под најсвечена одговорност пред Бога, и своите деца да ги воспитаат како тие би имале пријатни и мили наклонетости, за да бидат морално чисти, префинети по вкус и прекрасни по карактер.

**Единствено преку Божјиот Дух.** – Дали треба да сметаме дека сме способни да ги обликуваме нашите животи и карактери за да можеме да влеземе низ портите на славата? Ние не можеме. Ние секој момент сме зависни од Светиот Дух да работи во нас и врз нашите деца.

Доколку родителите сакаат да видат поинаква состојба на нештата во своето семејство, нека тие целосно му се предадат на Бога и Тој ќе измисли начини и средства преку кои ќе се случи преобразување во нивните домови.

**Божјиот и вашиот дел од работата.** – Христијански родители, јас ве молам да се разбудите... Доколку вие ја занемарите својата должност и одбегнете од својата одговорност, очекувајќи Господ да ја врши вашата работа, вие ќе бидете разочарани. Кога верно ќе го завршите сето она што можете, донесете ги своите деца пред Христа; и со сериозна истрајна вера, посредувајте за нив. Господ ќе биде ваш помошник; Тој ќе соработува со вашите напори; во Неговата сила вие ќе се здобиете со победа...

Кога родителите ќе покажат таков интерес за своите деца како што тоа Бог би сакал да биде, Тој ќе ги вослиши нивните молитви и ќе работи со нивните напори; но Бог нема да ја врши работата која Тој ја оставил да ја вршат родителите.

**Создателот ќе ви помогне.** – Мајки, запаметете дека во вашата работа ќе ви помогне Создателот на вселената. Во Негова сила и преку Негово име, вие можете да ги водите своите деца да бидат победници. Учете ги да гледаат кон Бога за сила. Кажете им дека Тој ги слуша нивните молитви. Учете ги да го победат злото со добро. Учете ги како да шират влијание кое што е воздигнувачко и облагородувачко. Водете ги да се соединат со Бога, и тогаш ќе имаат сила да се спротивстават на најсилното искушение. Тогаш тие ќе ја примат наградата на победникот.

**Збор на охрабрување до оние кои грешеле.** – Оние кои ги воспитувале своите деца на неправилен начин не треба да очајуваат; нека се обратат кон Бога и нека го бараат вистинскиот дух на послушност и тие ќе бидат оспособени да направат одлучни реформи. Во усогласувањето на своите навики кон спасителните начела на Божјиот свет закон, вие ќе имате влијание врз вашите деца.

**Некои деца ќе одбијат да го послушаат родителскиот совет.** – Родителите можат да сторат сè што е во нивна моќ на своите деца да им ги пружат сите предимства и инструкции, со цел тие да му ги предадат своите срца на Бога; но сепак децата може да одбијат да чекорат во светлината и преку својот зол начин на живот, да фрлат непријатни рефлексии врз своите родители кои ги љубат, и чиишто срца копнеат за нивното спасение.

Сатаната е оној кој ги искушува децата да чекорат по патот на гревот и непослушноста... Доколку тие одбијат да чекорат по патот на вистината, доколку одбијат својата волја и пат да му ги потчинат на Бога и се упорни во својот грешен живот и непокајание, светлината и предимствата кои што тие ги имаат на судот ќе се кренат против нив, затоа што тие не чекорат во светлината и не знаеја каде одат. Нив ги води сатаната, и луѓето во светот ќе зборуваат за тоа. Тие ќе речат: „Погледни ги тие деца! Нивните родители се многу религиозни, но гледате дека тие се полоши од моите деца, и затоа јас не исповедам дека сум христијанин.“ На овој начин децата кои што примаат добри совети, сепак не се обрнуваат кон нив и фрлаат укор врз своите родители, обесчестувајќи ги и изложувајќи ги на срам пред безбожниот свет. Тие исто така

донесуваат укор врз религијата на Исуса Христа преку својот зол начин на постапување.

**Родители, ова е вашето дело.** – Родители, ваша работа е во своите деца да развиете трпение, постојаност и вистинска љубов. Постапувајќи правилно со децата кои Бог ви ги дал, вие им помагате да постават основа за чисти, добро урамнотежени карактетри. Во нивните умови вие влевате начела кои тие еден ден ќе ги следат во своите семејства. Резултатите од вашите добро насочени напори ќе бидат видени во тоа што ќе ги водат своите семејства на Божјиот пат.

# НАЧИНИ НА КОИ КАРАКТЕРОТ СЕ УПРОПАСТУВА

**Родителите можат да сејат семиња за пропаст.** – Во заблуда се оние родители кои на своите деца им даваат такви поуки кои ќе се покажат погубни за нив и коишто ќе претставуваат само трње пред нивните нозе... Родителите во голем степен ја држат идната среќа на своите деца во своите раце. Врз нив почива важното дело на обликување на карактерот на своите деца. Поуките примени во детството ќе ги пратат во текот на целиот живот. Родителите сеат семе кое кога ќе изникне ќе донесе свои плодови; добри или зли. Своите синови и ќерки можат да ги направат среќни или несреќни.

**Преку попуштање или железна дисциплина.** – На децата често им се попушта од нивното најрано детство и на тој начин им се вкоренуваат лошите навики. Родителите ја свиткуваат младата билка. Преку нивниот начин на воспитување се развива карактер со деформитет или со складност и убавина. Додека едни грешат во поглед на попуштањето, други одат во спротивна крајност и со своите деца владеат со железен жезол. Ниту едните ниту другите на тој начин не ги следат библиските упатства, туку двете групи на луѓе чинат едно ужасно дело. Тие ги обликуваат умовите на своите деца и мораат да дадат отчет во денот Божји за начинот на кој го правеле тоа. Вечноста ќе ги открие последиците на делото извршено во овој живот.

**Преку занемарувањето да ги воспитуваат за Господа.** – Во пропуштањето да ги обучат своите деца да се држат до патот Господов и да ги чинат оние нешта кои Тој ги заповедал, родителите занемаруваат една свечена обврска.

Некои (деца) се оставени да чинат онака како што им е угодно; на други им се има наоѓано мани и биле обесхрабрувани. Но малку угодност и бодрост и зборови на одобрување им се имаат искажано.

О, кога мајките би работеле мудро, благо и одлучно, да ги воспитаат и потчинат телесните темпераменти на своите деца, колку многу гревови би се сотреле во цветањето и колку многу помалку

неволји во црквата би постоеле!... Многумина ќе бидат загубени за вечност заради тоа што родителите пропуштиле правилно да ги дисциплинираат своите деца и да ги учат на потчинетост на авторитетот во нивната младост. Ако ги мазиме грешките и ако гледаме да ги ублажиме првите изливи на злото, не само што не ја положуваме секирата при коренот на злото, туку ќе упропастиме илјадници души. Како ќе одговараат родителите пред Бога за ова страшно занемарување на нивната обврска?

**Преку занемарување кое си поигрува со гревот.** – На децата им е потребна будна грижа и управување како никогаш порано, затоа што сатаната настојува да превземе контрола врз нивните умови и срца и да го истера Светиот Дух. Ужасната состојба на младите во овој век е еден од најсилните знаци дека живееме во последните денови, меѓутоа пропаста на многумина може да биде трасирана во погрешното управување од страна на родителите. Духот на мрморење против укорот има земено корен и неговиот плод е непотчинетоста. На родителите не им се допаѓа карактерот кој нивните деца го развиваат, но не се во состојба да ги видат грешките кои се нивна одговорност за таквата состојба...

Бог ја осудува немарноста која си поигрува со гревот и злото, и нечувствителноста да се забележи нивната фатална присутност во семејството на оние кои тврдат дека се христијани.

**Преку недостаток на ограничување.** – Затоа што тие правилно не ги ограничуваат и насочуваат своите деца, илјадници развиваат деформирани карактери, со слаб морал и со малку образование во практичните обврски на животот. Тие се оставени да чинат како им е угодно со своите побуди, своето време и своите умствени сили. Загубата за Божјето дело во тие занемарени таленти лежи пред вратата на родителите и мајките; и какво оправдание тие ќе му дадат на Оној чиишто поверители се тие, доверени со светата обврска на подесување на душите под нивна власт да ги усовршат сите свои сили на слава на нивниот Создател.

Родителите мислат дека ги љубат своите деца, но се покажало дека тие се нивните најголеми непријатели. Тие го оставиле злото да напредува неограничено. Тие им дозволиле на своите деца да негуваат грев, коешто претставува како негување и мазење на

змија која не само што ќе ја касне жртвата која ја негува, туку и сите кои се поврзани со неа.

**Преку прогледување на очигледните грешки.** – Наместо да се соединат со оние кои носат бремиња, да го подигнат стандардот на моралот и да работат со срце и душа во страв Божји, исправувајќи ги грешките кај своите деца, многу родители ја смируваат својата совест велејќи: „Моите деца не се полоши од другите.“ Тие настојуваат да ги сокријат очигледните грешки кои Бог ги мрази, за нивните деца да не се навредат и заземат некој очаен став (и да тие среде тоа не тргнат по уште полош пат). Доколку во нив се наоѓа бунтовнички дух, многу подобро е тој да се потчини сега отколку да му се дозволи да се развие и засили преку попуштање. Доколку родителите би ги вршеле своите должности, би биле сведоци на поинаква состојба на нештата. Многу од тие родители имаат застрането од Бога и затоа им недостасува Неговата мудрост за да ги согледаат стапиците на сатаната и да се противат на неговите измами.

**Преку мазење и попуштање на децата.** – Родителите често ги мазат и им попуштаат на своите деца затоа што им се чини дека со нив така е полесно да се управува. Полесно е да им се дозволи да чинат како сакаат отколку да се запрат непокорните наклонетости кои толку силно се појавуваат во нивните гради. Но сепак тоа е кукавички начин на постапување. Претставува зло така да се одбегне одговорноста; затоа што ќе дојде време кога тие деца, чиишто незапрени наклонетости се засилиле во вистински пороци, ќе донесат укор и срам врз себеси и врз своите семејства. Тие одат во животот неподготвени за животните искушенија, ниту доволно силни да истраат под тешкотиите и неволјите; Страствени, неподносливи, недисциплинирани, тие настојуваат да ги наклонат другите кон својата волја, а кога не успеваат во тоа, тие себеси се сметаат за злоупотребени од страна на светот и се свртуваат против него.

**Преку сеење семиња на суетност.** – Каде и да одиме, ние гледаме деца на кои им се попушта, кои се мазени и фалени без претпазливост. Тоа тежнее да ги направи суетни, дрски и вообразени. Семињата на суетност лесно се сеат во човечките срца од страна

на непромислените родители и старатели, кои ги фалат и им попуштаат на децата кои се под нивна грижа, без да размислуваат за иднината. Самоволноста и гордоста се злата кои од ангелите направија демони и ги затворија небесните врати за нив. Но сепак родителите, несвесно систематски ги воспитуваат своите деца да бидат слуги на сатаната.

**Со тоа што им се станува слуга на тинејџерите.** – Колку многу исцрпени, обременети родители станале робови на своите деца, додека, во хармонија со нивното воспитување и обучување, децата живеат да си угодат, се забавуваат и слават себеси. Родителите сеат семиња во срцата на своите деца кои што ќе донесат жетва која тие нема да сакаат да ја жнеат. Под таквото воспитување, на возраст од десет, дванаесет или шестнаесет години, децата за себеси мислат дека се многу мудри, си замислуваат дека се невообичаено талентирани и дека знаат премногу за да бидат потчинети на своите родители, и премногу воздигнати за да се наведнат над должностите на секојдневниот живот. Љубовта кон задоволството управува со нивните умови; и од себичноста, гордоста и бунтовништвото произлегуваат горчливите последици во нивните животи. Тие ги прифаќаат приговорите на сатаната и негуваат непосветена амбиција за на големо да се покажат во светот.

**Преку погрешно покажана љубов и приврзаност.** – Попустливоста во барањето послушност, лажната љубов и наклонетост – погрешниот став дека мудрост е да се попушта, а не да се ограничи – претставува начин на воспитување кој ги ожалостува ангелите; но му пружа задоволство на сатаната, затоа што на тој начин привлекува стотици и илјадници деца во неговите редови. На тој начин тој ги заслепува очите на родителите, ги затапува нивните чувства и ги збунува нивните умови. Тие согледуваат дека нивните синови и ќерки не се пријатни, милни, послушни и грижливи; но сепак децата се множат во нивните домови за да ги загорчат нивните животи, да ги исполнат нивните срца со жал, и да придодадат број на оние кои сатаната ги користи да примами души во уништување.

**Преку пропуст да се бара послушност.** – Доколку неблагодарните деца се хранети и облекувани и им се дозволува да живеат

некоригирани, тие се поттикнати да продолжат по својот пат на зло. И доколку нивните родители или старатели така им се благонаклонети, тие се соучесници со нив во нивните зли дела. Таквите деца подобро е да бидат со злите, чиишто грешен пат го следат, отколку да останат во христијански дом и да ги затрујат другите. Во овој век на зло секој христијанин мора да стои цврсто во осудувањето на злите, сатански дела кон застранетите деца. Кон злите млади не треба да се постапува како кон љубезни и послушни, туку како кон нарушувачи на мирот и расипници на нивните другари.

**Преку дозволување на децата да ги следат своите замисли.** – Преовладувачкото влијание на општеството делува во прилог на допуштањето на младите да ги следат своите сопстеви умови.

Тие (родителите) мислат дека, задоволувајќи ја секоја желба на своите деца и допуштајќи им да се раководат според своите склоности, ќе успеат да ја задобијат нивната љубов. Каква ли заблуда! Децата на кои така им се попушта растат без какви и да се ограничувања во своите желби и склоности, стануваат себични, никогаш задоволни, неподносливи – вистинско проклетство за себе и за сите оние кои ги опкружуваат.

**Преку дозволување на погрешни ставови.** – Поуките во детството, добри или лоши, не се примаат напразно. Во младоста карактерот се развива за добро или лошо. Во домот може да има пофалба или ласкање, но во светот секој е вреднуван според својата вредност. Оние кои биле мазени, на кои сета домашна власт им била предадена, таму секојдневно се изложуваат на понижување со тоа што се обврзани да им се покоруваат на другите. Многумина дури тогаш се учени на нивното вистинско место преку практичните поуки на животот. Преку отфрлања, разочарувања и отворено мислење од нивните претпоставени, тие често пати го наоѓаат своето вистинско ниво и со понизност да го разберат и прифатат своето соодветно место. Но тоа е сурово и непотребно искуство низ кое мора да поминат и кое би можело да се спречи кога би имале правилно воспитување во нивната младост.

Поголемиот дел од тие недисциплинирани деца го поминуваат животот спротивно од целите на светот, неуспевајќи таму каде што

би требало да успеат. Кога ќе пораснат тие луѓе сметаат дека светот им греши затоа што не им ласка и не ги мази, и тие се одмаздуваат со тоа што негуваат непријателство против светот имајќи став на отворена непослушност кон него. Околностите некогаш ги прислуваат да се покажат понизни, какви што тие всушност не се, но нивната понизност не е природна ниту привлечна и нивните вистински карактери се покажуваат порано или подоцна...

Зошто родителите би ги воспитале своите деца на таков начин како тие би војувале со оние со кои доаѓаат во допир?

**Преку воспитување да бидат посветеници на општеството.** – Децата не треба да бидат воспитани да бидат посветеници на општеството. Тие не треба да бидат жртвувани на Молох, туку тие треба да станат членови на Божјото семејство. Родителите треба да бидат исполнети со Христовата сочувствителност, за да можат да работат за спасението на душите кои што се во доменот на нивното влијание. Тие не треба да дозволат нивните умови да бидат целосно преокупирани со модата и праксата на светот. Тие не треба да ги воспитаат своите деца да ги посетуваат забавите, концертите и игранките, да прават и посетуваат гозби, бидејќи така постапуваат незнабошците.

**Преку недостаток на побожност во домот.** – Доколку домовите кои исповедаат христијанство, каде мајките и татковците треба да бидат вредни проучители на Библијата, со цел да можат да ја знаат секоја поединетост и рестрикција во Речта Божја, постои манифестирана занемареност во следењето на инструкциите Божји и во израснување на децата во грижата и науката Господова. Родителите христијани занемаруваат да практикуваат побожност во домот. Како можат татковците и мајките да го претставаат Христовиот карактер во домот кога тие се задоволни во достигнувањето на еден невреден, низок стандард? Печатот на живиот Бог ќе биде ставен само врз оние кои што носат Христова сличност во карактерот.

**Доколку родителите биле послушни на Бога.** – Бог нема да го оправда погрешното управување од страна на родителите. Денес стотици деца ги преполнуваат редовите на непријателот, живеејќи и работејќи одвоени од Божјите цели. Тие се непослушни,

неблагодарни, несвети; но за тоа се одговорни нивните родители. Родители христијани, илјадници деца гинат во своите гревови заради пропустот на нивните родители мудро да управуваат со домот. Доколку родителите биле послушни на невидливиот Водач на војската Израилева, чијашто слава била скриена во столбот од облак, несреќната состојба на нештата кои сега постојат во многу семејства немала да се види.

# КАКО РОДИТЕЛИТЕ МОЖАТ ДА ГРАДАТ СИЛНИ КАРАКТЕРИ

**Посветете најмногу време и размислување за тоа.** – Кога родителите ќе ја видат важноста на нивната работа во воспитувањето на своите деца, кога тие ќе видат дека во тоа се вклучени вечните интереси, тие ќе чувствуваат дека мора да го посветат своето најдобро време и размислување за оваа работа.

**Здобијте се со знаење за начелата.** – Поуките научени и навиките стекнати во годините на раното и подоцнежното детство имаат многу поголема поврзаност со формирањето на карактерот и управувањето на животот отколку сето поучување и воспитување во подоцнежните години.

Родителите треба да го имаат ова во предвид. Тие треба да ги разберат принципите кои претствуваат темел на грижата и воспитувањето на децата. Тие треба да бидат оспособени за воздигнување на нивното физичко, ментално и морално здравје.

**Избегнувајте површност.** – Ние живееме во време кога скоро сите нешта се површни. Постои само малку стабилност и цврстина на карактерот, затоа што воспитувањето и образуванието на децата од колевката е површно. Нивниот карактер е изграден врз жив песок. Самоодрекувањето и самоконтролата не станале дел од нивниот карактер. Тие се мазени и ним им се попуштало сè додека не станале расипани за практичниот живот. Љубовта кон задоволството ги контролира умовите и на децата им селаска и угодува на нивна пропаст.

**Утврдете ги децата преку молитва и вера**. – Вие сте донеле на свет деца кои не одлучувале за тоа. Во голема мерка сте одговорни за нивната идна среќа и за нивното вечно добро. Врз вас почива одговорност, дали ја чувствувате вие или не, да ги воспитувате своите деца за Бога, будно да набљудувате на првото појавување на лукавиот непријател и подготвено да го подигнете знамето против него. Изградете тврдина со молитва и вера околу вашите деца и вредно стражарете во неа. Во ниту еден момент не сте си-

гурни од нападите на сатаната. Не смеете ниту еден момент да престанете да стражарите и сесрдно да работите. Не смеете ниту еден момент да заспиете на своето место. Оваа војна е од најголемо значење. Во прашање се последици кои ќе се чувствуваат низ сета вечност. Тоа е прашање на живот и смрт за вас и вашето семејство.

**Заземете цврст, одлучен став.** – Родителите во голем број на случаи имаат премногу доверба во своите деца; и децата најчесто знаат да ја прикријат својата вина токму тогаш кога родителите највеќе им веруваат. Родители, стражарете будно и ревносно над своите деца. Предупредувајте, укорувајте, советувајте кога станувате и кога седнувате, кога заминувате и кога доаѓате, „заповед врз заповед, правило врз правило, тука малку и таму малку." Зауздајте ги децата додека се мали. Ова кај многу родители е за жал занемарено. Тие кон своите деца не заземаат цврст и одлучен став каков што би требало да имаат.

**Трпеливо сејте го драгоценото семе.** – „Тоа што човек го сее, тоа и ќе го жнее." Родители, ваша работа е да ја задобиете довербата на вашите деца и со љубов трпеливо да го сеете драгоценото семе. Вршете ја својата задача со задоволство никогаш не жалејќи се на тешкотиите, грижите и напорната работа. Доколку преку трпеливи, љубезни, христијански напори вие можете да претставите една душа совршена во Христа, вашиот живот не би бил напразен. Држете ја својата душа надежна и трпелива. Нека на вашиот израз на лицето или во ставовите не се види обесхрабреност. Во вашите раце е оставено формирањето на карактерот, преку помошта Божја, за тие да работат во Господовото лозје и да задобијат многу души за Христа. Секогаш охрабрувајте ги вашите деца да достигнат висок стандард во сите нивни навики и тенденции. Бидете трпеливи со нивните недостатоци, како што Бог е трпелив со вашите недостатоци, трпејќи ве, бдеејќи над вас, за да вие принесете плодови за Негова слава. Поттикнете ги своите деца да се трудат кон своите достигнувања да ги придодадат доблестите кои им недостигаат.

**Поучувајте потчинетост на законот.** – Татковци и мајки, бидете чувствителни. Поучувајте ги вашите деца дека мора да се потчинуваат на законот.

Не претставува милост ниту љубезност кога на едно дете ќе му се дозволи да чини што сака, луѓето да му се потчинат нему и да се занемари да се исправи во неговите грешки затоа што премногу го љубите за да го казните. Каква љубов е таа која му дозволува на детето да ги развие цртите на карактерот кои од него и од секој друг ќе направи мизерни луѓе? Нам не ни треба таква љубов! Вистинската љубов ќе мисли на сегашното и вечното добро на душата.

Какво право имаат родителите да донесат деца во светот при тоа занемарувајќи ги и дозволувајќи им да пораснат без култура и христијанско воспитување? Родителите треба да бидат одговорни. Поучувајте ги на контрола; учете ги дека треба да бидат управувани а не тие да управуваат.

**Ускладете го физичкото, менталното и духовното.** – Физичките, менталните и духовните способности треба да бидат развиени со цел да обликуваат правилно балансиран карактер. За да се постигне тоа, на децата треба да се внимава, тие треба да бидат пазени и да бидат дисциплинирани.

Христовата физичка конституција, исто како и Неговиот духовен развиток нам ни се прикажани со следните зборови, „детето растеше,“ и „напредуваше во телесниот раст.“ Во детството и младоста треба да биде посветено внимание на физичкиот развиток. Родителите треба така да ги воспитаат децата на добри навики на јадење и пиење, облекување и вежбање, како би можеле да стекнат здрава основа за добро здравје во подоцнежните години од животот. Треба да се посвети посебна грижа на организмот со цел силите на телото да не бидат закржлавени, туку целосно развиени. Тоа го поставува детето во поволна положба, и со правилно верско воспитување тие би можеле, слично на Христа, да растат силни во духот.

**Здравјето е поврзано со интелектот и моралот.** – Колку е важно тогаш, умовите на родителите да бидат колку што е можно пословодни од збунувачката, заморна грижа во непотребните нешта, за тие да мислат и постапуваат со мирно размислување, му-

дрост и љубов, правејќи од физичкото и моралното здравје на своите деца своја прва и најважна работа.

Родителите се чудат на фактот дека сега е толку многу потешко децата да се контролираат отколку во минатото, кога во најголем број на случаи нивното лошо управување ги има направено тоа што тие се. Квалитетот на храната која тие ја поставуваат на трпезата и ги охрабруваат нивните деца да ја јадат постојано ги возбудува нивните животински страсти и ги ослабува моралните и умствените способности.

**Чистата храна е неопходна за умот.** – Воспитајте ги капацитетите и вкусовите на вашите драги деца; настојувајте да ги преокупирате нивните умови, за да нема место за ниските, понижувачки мисли или попуштања. Благодатта Христова е единствената антидоза или превенција на злото. Вие можете да одберете, доколку сакате, дали умовите на вашите деца ќе бидат окупирани со чисти, нерасипани мисли или со злото кое што постои насекаде – гордост и заборавеност на нивниот Откупител. Умот, исто како и телото, мора да има чиста храна со цел да поседува здравје и сила. Дајте им на своите деца да мислат на нешто коешто е надвор од нив и над нив. Умот кој живее во една чиста, света атмосфера нема да стане безвреден, површен, суетен и себичен.

Ние живееме во време кога сето она што е лажно и површно е воздигнато над сето она што е вистинско, природно и трајно. Умот мора да биде ослободен од сето она што би можело да го наведе во погрешна насока. Тој не треба да се оптоварува со бескорисни приказни, кои не придаваат сила на менталната моќ. Мислите ќе бидат од ист карактер како и храната со која ние го храниме умот.

**Не е доволно да се поседува само брилијантен ум.** – Вам може да ви годи брилијантниот интелект на вашето дете; но во случај тој да не е под контрола на едно посветено срце, тоа ќе дејствува спротивно со Божјите цели.

**Имајте за цел високи точки во развивањето на карактерот.** – Доколку ги учиме нашите деца да бидат работливи, половина од опасноста е одбегната, затоа што безделничењето води кон секаков вид на искушенија кои водат кон грев. Ние треба да ги воспи-

таме нашите деца да бидат едноставни во своите манири без да бидат дрски, да бидат добротворни и самопожртвувани без да бидат екстравагантни, да бидат економични без да бидат алчни. И над сè, ние треба да ги учиме на барањата Божји, дека нивна обврска е да ја спроведуваат верата во секој дел од животот, дека треба највеќе од сè да го љубат Бога и својот ближен, не занемарувајќи ги малите љубезни дела на животот кои се неопходни за среќата.

**Молете се за небесна мудрост.** – Родителите треба да размислуваат и да му се молат сериозно на Бога за мудрост и божествена помош за правилно да ги воспитаат своите деца, за тие да развијат карактери кои Бог може да ги одобри. Нивната грижа не треба да биде за тоа како да ги воспитаат своите деца да бидат фалени и славени од светот, туку за тоа како можат нив да ги воспитаат за тие да изградат прекрасни карактери кои Бог може да ги одобри. Многу молитва и проучување се потребни за да се добие небесна мудрост и да се има знаење за тоа како да се раководи со умовите на младите, затоа што многу зависи од насочувањето кое родителите им го пружаат на умовите и волјата на своите деца.

**Мора да биде пружено морално и духовно насочување.** – На родителите треба живо да им се укаже на нивната обврска на светот да му дадат деца со добро изграден карактер – деца кои ќе имаат морална сила да му се спротивстават на искушението и чии животи ќе му послужат на Бога на чест, а на ближните на благослов. Оние кои што на животниот повик му пристапуваат со цврсти принципи, ќе бидат во состојба да останат неизвалкани среде моралната изопаченост на овој век.

**Поучувајте ги децата да направат вистински избор.** – Младите и децата треба да научат да си изберат царско руво, исткаено на небесен разбој – „светло и чисто ленено платно“ (Откровение 19:8), што ќе го носат сите светии од Земјата. Ова руво, Христовиот неосквернат карактер, бесплатно му е понудено на секое човечко суштество. Но, сите што ќе го примат, ќе го примат и ќе го носат уште на земјата.

Објаснете им на децата дека кога се занимаваат со непорочни мисли, кои се вдахнати со љубов, и кога прават љубезни и полезни

дела, тие ја облекуваат прекрасната облека на Христовиот карактер. Таа облека ќе им овозможи да бидат убави и омилени и тука, а во вечноста ќе им го даде правото да влезат во палатата на Царот.

# ОТСЕК IX

## *Основни елементи во изградување на карактерот*

# ПРЕДНОСТА НА РАНИТЕ ГОДИНИ

**Раното детство е најважниот период од животот.** – Премногу важност не може да биде посветена во раното воспитување на детето. Поуките кои детето ги учи за време на првите седум години на животот можат повеќе да влијаат врз формирањето на карактерот отколку сè она што детето ќе го учи во подоцнежните години.

Уште од раѓање карактерот на детето треба да биде формиран и обликуван во согласност со божествениот план. Во неговиот отворен ум треба да бидат влеани доблести.

Работата на родителите мора да започне од најраната возраст на детето, за тоа да може да го прими правилното влијание врз карактерот, за светот да не го втисне својот жиг врз умот и срцето.

**Највосприемливи години.** – Во текот на првите години од животот, умот на детето е најприемчив за впивање на впечатоци за добро или зло. Во текот на овие години се постигнува пресуден напредок во доброто или пак во погрешна насока. Детето може да се стекне со мноштво безвредни информации, но исто така може да се стекне и со многу корисни и драгоцени сознанија. Силниот ум и солидното знаење претставуваат благо кое не може да се купи со офирското злато. Тоа е повредно од сребро и злато.

**Првите впечатоци ретко се заборавaат.** – Ни бебињата, ни децата, ниту пак младите не треба да слушнат некој нетрпелив збор од таткото, мајката или некој друг домашен; затоа што тие примаат впечатоци многу рано во животот, и она што од нив денес ќе направат родителите, такви ќе бидат утре, и следниот ден и следниот. Првите лекции кои се втиснати врз детето ретко се заборавaат...

Впечатоците кои што се направени врз срцето рано во животот се гледаат во подоцнежните години. Тие можат да бидат закопани, но ретко се избришани.

**Основата е поставена во првите три години.** – Мајки, правилно дисциплинирајте ги децата за време на првите три години

од нивниот живот. Не дозволувајте им да си создадат свои желби и копнежи. Мајката мора да биде ум за своето дете. Првите три години се време во кое треба да се насочува малечкото гранче. Мајките треба да ја разберат важноста која е прикачена за овој период. Тогаш е време кога се положуваат основите.

Доколку првите лекции се дефективни, како што често се случува, заради Христа, заради иднината на вашите деца и за нивното вечно добро, настојувајте да го исправите она што сте го погрешиле. Доколку сте чекале сѐ додека вашите деца не наполнат три години, па тогаш да ги учите на самоконтрола и послушност, настојувајте тоа да го сторите сега, и покрај тоа што ќе биде многу потешко.

**Не е толку тешко колку што се мисли.** – Многу родителска вознемиреност и жалост може да се одбегне доколку децата се поучувани од своите јасли дека нивната волја не треба да биде закон и дека на нивните каприци не треба постојано да им се попушта. Не е толку тешко како што тоа главно се претпоставува, малото дете да се поучува да го задуши својот излив на гнев и да ги потчини својот напад на страсти.

**Не ја одложувајте работата.** – Многумина ја занемаруваат својата должност за време на првите години од животот на децата, мислејќи дека кога ќе потпораснат, тогаш тие ќе бидат многу грижливи да го потиснат сето она што е лошо и правилно да ги воспитаат. Но вистинското време за таквата работа е кога децата се бебиња во нивните раце. Не е во ред родителите да ги галат и да им попуштаат на своите деца; ниту пак е во ред да се прејаки кон нив. Цврстиот, одлучен и директен начин на постапување ќе донесе најдобри резулатати.

Кога јас на некои родители им посочив на лошите навики кои тие ги поттикнуваат кај своите многу млади деца, некои родители изгледаа целосно рамнодушни; некои пак ми рекоа со насмевка: „Мили малечки! Не можам да поднесам да им застанам на ниту една желба. Тие подобро ќе постапуваат кога ќе пораснат. Тогаш тие ќе се срамат од овие страствени изливи. Не е најдобро да се биде премногу специфичен и стриктен со малечките. Тие ќе ги одраснат тие навики на лажење, мамење, мрзеливост и себичност.“

Многу лесен начин за мајките да ја избегнат должноста, но тоа нема да ја задоволи Божјата волја.

**Спречете ги напорите на сатаната да полага право на малечките деца.** – Родители, вие главно занемарувате својата работа рано да ја започнете. Вие му дозволувате на сатаната да ја преокупира почвата на срцето со тоа што тој прв ќе го посее семето.

Вие треба да извршите една такво дело за сатаната да не задобие контрола над вашите деца и да ги земе од вас пред тие да излезат од вашите раце. Мајки, вие треба да настојувате силите на темнината да не ги контролираат вашите малечки. Вие треба цврсто да одлучите непријателот да не го подигне своето знаме на темнината во вашиот дом.

**Во подготвувањето за практичниот живот.** – Постојат само малкумина кои одвојуваат време грижливо да размислат колку знаење за земните и вечните нешта може да се придобие од страна на детето во првите дванаесет или петнаесет години. Не само што детето во овие први години на животот треба да се здобие со знаење од книги, туку тие треба да ги научат вештините неопходни за практичниот живот; ова второто не треба да биде занемарено за сметка на првото.

**Воспитувањето на Наполеон и Волтер.** – Врз карактерот на Наполеон Бонапарта многу влијаело неговото воспитување во детството. Немудри инструктори го инспирирале со љубов кон освојувањето, правејќи војска од играчки, поставувајќи го него како нивен командант. Тука била поставена основата за неговиот живот на судири и крвопролевање. Доколку истата грижа и напори биле насочени кон тоа од него да се направи добар човек, исполнувајќи го неговото младо срце со духот на Евангелието, колку многу поинаква би била неговата историја.

Кога Волтер имал пет години, тој се зафатил да научи напамет една атеистичка поема и тоа погубно влијание никогаш не било избришано од неговиот ум. Тој станал еден од најуспешните агенти на сатаната во одведувањето на луѓето настрана од Бога. Илјадници ќе се подигнат на судот и причината за пропаста на своите души ќе му ја препишат на Волтер.

Преку мислите и чувствата кои се негуваат во раните години секој млад човек ја одредува својата животна историја. Правилните, доблесни, мажествени навики обликувани во младоста ќе станат дел од карактерот и вообичаено ќе го обележуваат животот на личноста. Младите можат да станат порочни или доблесни, според својот избор. Тие можат да се разликуваат по добрите и благородни дела исто како и по големиот криминал и зло.

**Наградата на Ана.** – На секоја мајка ѝ се доверени можности од неизмерлива вредност, интереси бесконечно драгоцени. За време на првите три години од животот на пророкот Самуел, неговата мајка грижливо го учела да прави разлика помеѓу доброто и злото. Преку секој познат предмет кој го опкружувал, таа настојувала неговите мисли да ги води кон Создателот. Во исполнување на нејзиниот завет да му го даде својот син на Господа, преку големо самодрекување таа него го поставила под грижа на првосвештеникот Илија, да биде обучуван за Божјиот дом... Неговото рано воспитување го водело Самуел да ја одржува својата христијанска чесност. Каква само награда беше тоа за Ана! И какво само охрабрување за верност претставува нејзиниот пример!

**Плодовите на мудрото воспитување.** - Жалосен е фактот дека секоја слабост и неодреденост од страна на мајката е брзо видена од страна на нејзините деца и тогаш искушувачот работи врз нивните умови, водејќи ги да истраат во следењето на своите наклонетости. Доколку родителите би ги негувале квалитетите кои се за нив неопходни во правилното воспитување на нивните деца, доколку тие пред децата јасно би ги положеле правилата кои мора да се следат и не дозволат тие правила да бидат прекршени, Господ ќе соработува со нив и ќе ги благослови и родителите и децата.

При многу млади години децата стануваат приемчиви за деморализирачките влијанија, меѓутоа, родителите кои тврдат дека се христијани изгледа не го согледуваат злото кое произлегло од нивниот начин на управување со децата. О, кога тие би сфатиле дека наклонетоста која што му е дадена на детето во неговите најрани години му дава тенденција на карактерот и ја одредува неговата судбина или за вечен живот или за вечна смрт! Децата се приемчиви за моралните и духовните впечатоци и оние коишто се мудро воспитани во детството можат некогаш да погрешат, но тие нема далеку да одат во тоа.

# СИЛАТА НА НАВИКАТА

**Како се воспоставени навиките.** – Преку повторување на постапки се формираат навики кои го обликуваат карактерот.

**Време за воспоставување добри навики.** – Карактерот се обликува главно во раните години од детството. Тогаш стекнатите навики, дури и повеќе од природната надареност, влијаат на тоа дали човекот ќе стане џин или ќе остане џуџе во интелектуален поглед; зашто, и најдобрите таленти можат да се расипат или ослабнат поради лошите навики. Колку порано во животот се вкорени некоја штетна навика, толку поцврсто ќе ја држи во ропство својата жртва и таа толку пониску ќе го спушти својот стандард на духовност. Од друга страна навиките на праведноста и чесноста стекнати во младоста, обично го одредуваат патот на човекот низ целиот негов живот. Во најмногу случаи се испоставува дека оние кои подоцна го почитуваат Бога и ја бранат правдата тоа го научиле во својата рана младост пред да можел светот да го втисне својот грешен лик во нивната душа. Луѓето во позрели години се како гранитна карпа и многу тешко примаат нови впечатоци, додека срцата на младите се многу приемчиви.

**Навиките можат да бидат модифицирани, но ретко променети.** – Она што детето го гледа и слуша впишува длабоки линии врз нежниот ум, коишто други околности во подоцнежниот живот не можат да ги избришат. Тогаш се обликува интелигенцијата, склоностите добиваат насока и сила. Повторени дела во одредена насока стануваат навики. Тие можат со напорно воспитување да бидат модифицирани, во подоцнежниот живот, меѓутоа ретко стануваат променети.

**Изопачените деца се опасност за другите.** – Богобојазните родители добро ќе размислат и планираат како да ги воспитуваат своите деца на добри навики. Тие попрво ќе одберат другари за своите деца, отколку да ги остават нив во своето неискуство да одберат за себеси.

Доколку во своето рано детство, децата не се истрајно и трпеливо воспитани на правилен начин, тие ќе формираат погрешни навики. Тие навики ќе се развијат во нивниот подоцнежен живот и ќе ги расипат другите. Оние чиишто умови имаат примено слабо обликување, кои се имаат обезвреднето себеси преку погрешни домашни влијанија, преку измамлива пракса, ги носат со себе лошите навики низ целиот свој живот. Доколку исповедаат религија, тие навики ќе се откријат и во нивниот верски живот.

Детето може да прими здраво верско упатување; но доколку родителите, учителите или старателите дозволуваат неговиот карактер да биде искривен од некоја лоша навика, таа навика, доколку не се победи, ќе стане предоминантна сила, и детето ќе биде загубено.

**Малечките дела се важни.** – Родителите или учителите кои не обрнуваат внимание на малите дела кои не се добри, ги воспоставуваат тие навики кај младите.

Родителите треба многу внимателно да постапуваат со душите кои им се доверени на нивна грижа. Во своите деца тие не треба да поттикнуваат зло, претерување и љубов кон упадливото облекување. Тие не смеат да ги привикнуваат на мали шеги коишто можеби изгледаат како осторумност кај малите деца, но од кои ќе мора да се одучуваат и да бидат исправувани кога ќе пораснат.

Малите изреки и грешки може да изгледаат интересни кога детето е бебе, и тогаш тие можат да бидат дозволени и поттикнати; но како што детето расте, тие стануваат одвратни и навредливи.

**Лошите навики полесно се формираат отколку добрите.** – Едно занемарување, честопати повторено формира навика. Еден погрешен акт го подготвува патот за друг. Лошите навики полесно се формираат отколку добрите и многу потешко е тие да се остават.

Малите деца, доколку бидат препуштени на себеси, попрво го учат доброто отколку злото. Лошите навики најдобро се согласуваат со телесното срце, и нештата коишто тие ги гледаат и слушаат во бебството и детството се длабоко врежани во нивните умови.

**Раните навики ја одлучуваат победата или поразот во иднината.** – Ние сме индивидуално, за сега и вечноста, тоа што нашите навики прават од нас. Животите на оние кои ќе формираат добри навики и кои се верни во извршувањето на своите должности ќе бидат како светилки кои светлат врз животот на другите; но доколку им се попушта на навиките на неверност, доколку на лабавите, мрзеливи навики им се дозволи да засилат, облак потемен од полноќ ќе се испречи пред нас и засекогаш ќе ни го затвори патот за вечниот живот.

Карактерот е најпогоден да прима впечатоци во детството и во младоста. Тогаш човекот треба да стекне моќ да владее со самиот себеси. Крај огништето и семејната трпеза се врши влијание чијшто резултат е траен како вечноста. Повеќе од која било природна дарба, навиките стекнати во детството одлучуваат дали некој човек ќе биде победник или победен во животната борба.

## ГЛАВА 38

# ПРОУЧУВАЈТЕ ГИ ГОДИНИТЕ, НАКЛОНЕТОСТИТЕ И ТЕМПЕРАМЕНТОТ

**Не брзајте ги децата надвор од нивното детство.** – Родителите не треба децата никогаш да ги брзаат од нивното детство. Нека лекциите кои ќе им бидат дадени бидат од таков карактер како би ги вдахнал нивните срца со благодородни цели; но нека тие бидат деца и израснат со едноставна доверба, искреност и вистинитост која ќе ги подготви да влезат во Божјото царство.

**Постои убавина која одговара за секој период од животот**. – Родителите и учителите би требале да настојуваат да ги насочат тенденциите на младите така што во секој степен на развој во животот ќе зрачат со убавина која е соодветна за таа возраст, развивајќи се природно, како растенијата во една градина.

Една од наубавите и највпечатливи Христови параболи е онаа за сејачот и семето... Вистините содржани во оваа парабола биле жива стварност во Христовиот личен живот. И во својата физичка и духовна природа Тој се водел по божествениот ред на постепено растење, илустриран во развојот на билката, кој според Христовата желба треба да се огледа и во искуството на младите. Иако бил Величество на небото, Цар на славата, Тој станал новороденче во Витлеем и извесно време бил беспомошно бебе доверено на грижа на својата мајка.

Во текот на детството се однесувал како послушно дете. Зборувал и постапувал во согласност со мудроста на едно дете, а не на возрасен човек. Ги почитувал своите родители и нивните желби ги остварувал на најдобар начин, во согласност со способноста на едно дете. Меѓутоа, во секој степен на Својот развој бил совршен, во Своите едноставни, природни благодети на еден безгрешен живот. Светиот запис на евангелието за Неговото детство вели: „Детето растеше и силеше во духот, и се полнеше со мудрост; и благодатта Божја беше врз него.“ (Лука 2:40). И за неговата младост е забележано: „И Исус напредуваше во мудрост и во раст, и во наклонетост кај Бог и кај луѓето“ (Лука 2:52).

**Разновидност на склоност кај членовите на семејството.** – Често пати во едно исто семејство постојат видливи разлики во наклонетоста и карактерот, бидејќи според Божјиот ред личности од различни темпераменти се поврзани еден со друг. Во тој случај, секој член на семејството треба да има свет обѕир кон чувствата и ги почитува правата на другите. Преку тоа ќе биде негувано меѓусебно земање во предвид и долготрпение, предрасудите ќе бидат омекнати и грубите црти на карактерот ќе бидат измазнети. Ќе биде обезбедена хармонија и мешањето на различните темпераменти ќе биде од полза еден за друг.

**Проучувајте ги индивидуалните умови и карактери.** – Секое дете донесено на свет ја зголемува одговорноста на родителите... Неговите наклонетости, неговите тенденции, неговите црти на карактерот треба да бидат проучувани. Многу грижливо треба да се воспитува силата за препознавање кај родителите, како тие би биле способни да го потиснат погрешното и ги поттикнат правилните импресии и исправните начела.

За ова дело не се потребни ниту насилство, ниту грубост. Самоуправувањето мора да се негува и да втисне свој впечаток врз умот и срцето на детето.

Справувањето со човечкиот ум е многу деликатна работа. Сите деца не можат да бидат третирани на ист начин, бидејќи тоа што ќе го ограничи едното ќе го смачка животот на другото.

**Стимулирајте ги слабите црти; потиснете ги грешните.** – Постојат малку добро балансирани умови, затоа што родителите се зли затоа што ја занемариле својата должност да ги стимулираат слабите и да ги потиснат злите црти на карактерот. Тие заборавaaт дека имаат најсвечена обврска да ги следат тенденциите на секое дете кое се наоѓа под нивна грижа, како тоа би формирало правилни навики и правилен начин на размислување.

**Научете ја склоноста на секое дете.** – На децата им треба постојана грижа, но вие не треба да дозволите тие да согледаат дека постојано внимавате на нив. Научете ја склоноста на секое дете онака како што се открива преку нивната меѓусебна поврзаност и настојувајте да ги исправите нивните грешки со тоа што ќе ги поткнувате спротивните црти. Децата треба да бидат учени дека

врз нив почива развитокот на менталните и физичките сили; тоа е последица на напорите. Тие треба рано да научат дека среќата не се наоѓа во себичното попуштање; таа следи само по извршената обврска. Во исто време мајката треба да настојува своите деца да ги направи среќни.

**Умствените потреби се исто толку важни како и физичките.** – Некои родители многу грижливо се грижат за земните потреби на своите деца; љубезно и нежно ги негуваат кога се болни и сметаат дека со тоа ја исполниле родителската должност. Тоа е заблуда! Нивната задача со тоа само што започнала. За духовните потреби треба постојано да се води грижа. Потребна е мудрост за една душа ранета од гревот да се најде и правилно да се примени соодветниот лек.

Децата имаат свои искушенија кои се исто така тешки и болни како и искушенијата на постарите. Самите родители не се чувствуваат секогаш исто. Тие често се чувствуваат збунети во душата и се раководат од погрешни погледи и чувства. Сатаната ги напаѓа на сите страни и тие им подлегнуваат на неговите искушенија. Во таква состојба, тие зборуваат раздразливо и на начин кој предизвикува гнев кај нивните деца, а понекогаш во своите барања се престроги и раздразливи. Истиот тој дух се пренесува и на несреќните деца, а родителите не се во состојба да им помогнат, затоа што токму тие се причина за настанатите тешкотии. Понекогаш изгледа дека сѐ тргнало наопаку. Сите се раздразливи, мизерни и несреќни. Родителите за сето тоа ги обвинуваат своите сироти деца сметајќи ги за непослушни, личности со кои не може да се управува, најлоши деца на светот, додека причината за неволјите се наоѓа во самите нив.

**Различни темпераменти бараат различна дисциплина.** – Децата имаат различни темпераменти и родителите не можат секогаш исто да го дисциплинираат секое едно од нив. Постојат различни квалитети на умот и треба да се проучува во молитва за тие да можат така да бидат обликувани за да ја извршат целта која Бог ја замислил.

Мајки,... одвојте време да се запознаете со своите деца. Проучувајте ги нивните наклонетости и темпераменти, за да знаете како

да управувате со нив. На некои деца им е потребно повеќе внимание отколку на други.

**Соочување со деца кои не ветуваат.** – Постојат деца на кои им е потребна потрпелива дисциплина и пољубезно воспитување отколку на други. Тие во наследство имаат примено црти на карактерот кои не ветуваат многу и заради тоа ним им е потребно повеќе сочувство и љубов. Преку истрајна работа тие застранети можат да бидат подготвени да го заземат своето место во делото на Господарот. Тие може да поседуваат неразвиени сили кои, кога би се разбудиле, би ги оспособиле нив да исполнат места далеку подобро отколку оние од кои повеќе се очекувало.

Ако некои од децата кои ги воспитувате поседуваат специфични темпераменти, нека разорувачкото дејство на обесхрабреноста не почива врз нивните животи... Кога им помагате исполувајте крајно трпение и сочувство. Засилете ги со милни зборови и љубезни дела за да можат да ги совладаат своите карактерни недостатоци.

**Ти можеш да воспиташ подобро отколку што мислиш.** – Онолку колку што мајката го сака Христа, толку таа ќе сака да ги воспита своите деца за Него. Вие можете да ја воспитате наклонетоста на децата од нивните најрани години повеќе отколку што мислите дека можете. Прекрасното Христово име треба да биде домашен збор.

# ВОЛЈАТА – ФАКТОР ВО УСПЕХОТ

**Секое дете треба да ја разбере силата на волјата.** – Волјата е управувачка сила во природата на човекот која владее со сите други способности. Волјата не е ниту вкус ниту наклонетост, туку сила за одлучување, која што во синовите човечки причинува послушност кон Бога, или непослушност.

Секое дете мора да ја согледа вистинската сила на волјата. Треба да му се помогне да разбере колкава е одговорноста поврзана со оваа дарба. Волјата е... сила за одлучување и избор.

**Успехот доаѓа кога волјата му е предадена на Бога.** – Секое човечко суштество, надарено со разум, има способност да го избере доброто. Во секое животно искуство, Божјата Реч ни зборува: „Денес изберете кому ќе му служите!“ (Исус Навин 24:15) Секој може да ја стави својата волја на страната на Божјата волја, може да избере да Му биде послушен, и поврзувајќи се на тој начин со божествените сили, може да стане толку цврст што ништо нема да може да го принуди да прави зло. Во секое младо суштество, во секое дете, лежи сила која со Божја помош може да изгради чесен карактер и да живее полезен живот.

Родителот или учителот кој со такво поучување му помага на детето да владее со себеси, извршува најполезна работа и постигнува траен успех. На површниот набљудувач неговата работа можеби нема да му делува особено полезна; таа нема да биде ценета толку високо како работата на оној кој умот и волјата на детето ги потчинува на својата апсолутна власт; но подоцнежните години сепак ќе ги покажат резултатите од подобриот метод на воспитување.

**Не ја ослабнувај туку насочувај ја волјата на детето.** – Сета сила на волјата треба да се чува, затоа што таа му е неопходна на секое човечко битие; но таа треба правилно да се насочи. Волјата на детето требе мудро и многу внимателно да се негува, како света драгоценост. Таа не смее насилно да се крши, туку преку поуки и вистински пример треба мудро да се обликува сѐ додека детето не порасне и ги постигне годините на одговорност.

Детето треба да биде обучувано да ја потчини својата волја и наклонетост на волјата и авторитетот на своите родители. Кога родителите им даваат ваква поука на децата, тие ги воспитуваат да се потчинат на Божјата волја и да ги почитуваат Неговите барања, подготвувајќи се себеси да бидат членови на Христовото семејство.

**Да биде водена, но не скршена.** – Родителите и учениците мораат да се трудат да го насочуваат развојот на детето, не попречувајќи го со прекумерна контрола. Премногу надзор е исто толку штетно како и премалку. Настојувањето да се „скрши волјата на детето“ е ужасна грешка. Умовите се различни; иако принудувањето може да обезбеди привидна послушност, тоа кај многу деца предизвикува уште поодлучна побуна во срцето. Дури и кога родителот или учителот ќе успее да ја постигне саканата контрола, последиците за детето нема да бидат ништо помалку штетни...

Бидејќи покорувањето на волјата за некои ученици е многу потешко отколку за други, учителот мора да настојува, колку е можно повеќе, да ја олесни послушноста кон своите барања. Волјата треба да се насочува и обликува, а не да се игнорира или потисне.

**Водете; Никогаш не гонете.** – Дозволете им на децата кои се под ваша грижа да имаат индивидуалност, исто како и вие самите. Секогаш обидувајте се да ги водите, но никогаш не ги гонете.

**Практикувањето на волјата го проширува и го засилува умот.** – Детето може да биде воспитано како не би имало своја волја. Дури и индивидуалноста на таквото дете може целосно да се стопи во личноста на оној кој врши врховен надзор над неговото воспитување; неговата волја и сите негови намери и склоности се потчинуваат на волјата на воспитувачот. На децата кои така се воспитуваат секогаш ќе им недостига морална сила и чувство на лична одговорност. Тие не се учени да се раководат според разумот и начелото. Нивната волја секогаш ја управувал некој друг, а силите на умот никогаш не им биле активирани, ниту им е пружена каква и да е можност преку вежбање да се развиваат и засилуваат. Особеноста на нивната лична природа не е почитувана и способно-

стите на нивниот ум не се насочувани да ги напрегнат сите свои најсилни сили кога тоа ќе затреба во животот.

**Кога доаѓа до судир на волјите.** – Ако детето има тврдоглава волја, мајката, доколку ја разбира својата одговорност, ќе сфати дека таа тврдоглава волја е дел од наследството кое му го пренела. Таа не треба да гледа кон неговата волја како на нешто кое мора да биде скршено. Постои време кога одлучноста на мајката се соочува со одлучноста на детето, кога цврстата, зрела волја се среќава со неразумната волја на детето и кога, или мајката одлучува заради нејзината предност во годините и искуството или помладата, недисциплинирана волја на детето владее со постарата. Во такви случаи е потребна голема мудрост; затоа што преку немудро раководење, преку строго отфрлање, детето може да биде расипано за овој и следниот живот. Сè може да биде загубено заради недостаток на мудрост.

Тоа е криза која ретко треба да биде дозволено да дојде, затоа што и мајката и детето ќе имаат тешка борба. Голема грижа треба да се покаже за да се одбегне таков случај. Но кога еднаш ќе се влезе во таков случај детето мора да попушти на супериорната мудрост на родителот. Мајката треба да ги држи своите зборови под контрола. Не смее да има гласно изговорени заповеди. Ништо не треба да се направи што во детето би развило бунтовнички дух. Мајката мора да проучува како да се соочи со него на таков начин како кој ќе го привлече кон Христа. Таа мора да се моли со вера како сатаната не би бил победник над волјата на детето. Небесните ангели ја набљудуваат таа сцена.

Мајката мора да сфати дека Бог е нејзин помошник, дека љубовта е нејзиниот успех, нејзината сила. Доколку таа е мудра христијанка, таа нема да се обидува да го присилува детето на послушност. Таа ќе се моли; и како што се моли, таа ќе стане свесна за обновување на духовната сила во неа. И во тоа време таа ќе види дека истата сила која што работи во неа работи исто така и во детето. И детето, наместо да биде присилено, тоа е водено и станува внимателно; и битката е добиена. Секоја љубезна мисла, секоја трпелива постапка, секој збор на мудро ограничување се како златни јаболка во сребрени садови. Мајката има задобиена победа подрагоцена отколку што јазикот може да опише. Таа има примено обновена светлина од Бога и позрело христијанско искуство. „Ви-

стинската Светлина која го осветлува секој човек кој доаѓа во светот,“ ја има потчинето нејзината волја. Постои мир по бурата, како сончевата светлина по дождот.

**Родителите треба да задржат младешки чувства.** – Малку се оние кои ја сфаќаат важноста за задржување, колку што е тоа можно на младешките чувства, нестанувајќи груби и нечувствителни по својата природа. На Бога би му било угодно кога родителите би ја комбинирале убавата едноставност на детето со силата, мудроста и зрелоста. Некои никогаш немале вистинско детство. Тие никогаш не уживале во слободата, едноставноста и свежината на животот кој е во цветање. Тие биле критикувани и одбивани, карани и тепани, сè додека невиноста и доверливата искреност на детето не биле заменети со страв, завист, љубомора и измамливост. Таквите ретко имаат карактеристики кои детството на своите драги ќе го направат среќно.

**Голема грешка.** – Голема грешка се прави кога конците на контрола се поставени во рацете на детето и нему му е дозволено да управува во домот. Со тоа на волјата, тоа прекрасно нешто, ѝ се дава погрешна насока. Меѓутоа тоа се има случувано и ќе продолжи да биде така заради тоа што татковците и мајките се слепи во нивното распознавање и проценки.

**Една мајка која му попушта на плачењето на нејзиното дете.** – На твоето дете... му е потребна мудра рака која правилно ќе го води. Нему му било дозволено да плаче за она што го бара сè додека тоа не станало навика. Нему му било дозволено да плаче по својот татко. Повторно и повторно, во домет на неговите уши, на другите им било кажано дека плаче по својот татко, се додека не биде сигурно дека тоа да го прави секој ден. Ако твоето дете биде кај мене, тоа за три седмици ќе биде преобразено. Јас ќе му дадам до знаење дека мојот збор е закон и љубезно, но цврсто, ќе ја спроведувам својата цел. Својата волја јас нема да ја потчинам на волјата на детето. Вие треба да извршите едно дело. Вие имате многу изгубено заради тоа што за таа работа не сте се зафатиле порано.

**Несреќен живот на разгаленото дете.** – Секое дете кое не е воспитано внимателно и со молитва ќе биде несреќно во ова време на милост и ќе формира такви немили црти на карактерот што Бог нема да може да го соедини со Своето небесно семејство. Постои големо бреме кое треба да се носи низ животот на едно разгалено дете. Во време на проба, разочарување, искушение, тоа ќе ја следи својата недисциплинирана, погрешно насочена волја.

Децата на кои им е дозволено да чинат што сакаат не се среќни. Во непотчинетото срце не постои мир и задоволство. Умот и срцето мораат да бидат дисциплинирани и правилно зауздани, со цел карактерот да се хармонизира со мудрите закони кои управуваат со нашето битие. Нескопојството и незадоволството се плодови на попуштањето и себичноста.

**Причина за многу зла. –** Колку многу животи пропаѓаат, колку зла се извршени под влијанието на нескротените страсти кои можеле да бидат запрени во детството, кога умот бил приемчив, кога лесно можело да се влијае врз срцето, кога тоа се покорувало на мајчинската волја. Лошото воспитување на децата е причина за голема појава на морална мизерност.

# ОБЈАСНЕТЕ ГИ СО ПРИМЕР ХРИСТИЈАНСКИТЕ НАЧЕЛА

**Децата ќе ги имитираат родителите.** – Татковци и мајки, вие сте учители; вашите деца се ученици. Вашиот тон на гласот, вашето однесување и вашиот дух, се копирани од страна на вашите малечки.

Децата се угледуваат на своите родители; затоа голема грижа треба да се посвети на тоа да им се даде добар пример. Родителите кои се љубезни и учтиви дома, додека во исто време се цврсти и одлучни, ќе ги видат истите карактеристики манифестирани кај своите деца. Доколку се искрени, чесни и полни со почит и нивните деца најверојатно ќе ги имаат истите карактеристики. Доколку тие имаат стравопочит од Бога и нему му служат, и нивните деца, воспитани на ист начин, нема да пропуштат да Му служат Нему исто така.

Во семејството, татковците и мајките треба секогаш пред своите деца да претставуваат пример на кој тие сакаат децата да се угледаат. Тие еден кон друг требе да манифестираат нежна почит во збор, поглед и дело. Тие треба да покажат дека нив ги управува Светиот Дух, со тоа што на своите деца ќе им го претстават карактерот на Исус Христос. Силата на угледувањето е силна; и во детството и младоста, кога оваа способност е најактивна, пред младите треба да биде поставен еден совршен пример. Децата треба да имаат доверба во своите родители и да ги прифатат лекциите кои родителите сакаат да ги засадат во нивните животи.

**Поучувај преку начела и пример.** – Мајката, при воспитување на своите деца, е во постојано училиште. Додека таа ги поучува своите деца, таа секојдневно учи самата. Поуките кои таа им ги дава на своите деца во самоконтрола мораат да бидат практикувани од неа самата. Во соочувањето со различни умови и расположенија на нејзините деца, неа ѝ се потребни остри сили на запазување или таа ќе биде во опасност погрешно да просуди и да делува пристрасно кон своите деца. Таа треба да практикува љубезност во нејзиниот домашен живот доколку би сакала нејзините

деца да бидат учтиви и љубезни. Така тие лекции им се повторувани секој ден, преку начела и личен пример.

Учителите во училиштето ќе направат нешто во воспитувањето на вашите деца, меѓутоа вашиот пример ќе направи повеќе од она што може да биде сторено на други начини. Вашиот разговор, начинот на кој вие се справувате со вашите деловни работи, изразите за тоа што ви се допаѓа и не ви се допаѓа, сето тоа помага во обликувањето на карактерот. Љубезноста, самоконтролата и учтивоста кои детето ги гледа во вас, ќе бидат за него секојдневни лекции. Како и времето, и ова воспитување си минува, и тендецијата на ова секојдневно училиште треба од вашето дете да направи она што тоа треба да биде.

Внимавајте да не бидете груби кон своите деца... Барајте послушност, и не си дозволувајте себеси да зборувате непромислено со вашите деца, затоа што вашите манири и вашите зборови се нивен учебник. Помагајте им грижливо и нежно во тој период од нивниот живот. Нека светлината на вашето присуство засветли во нивните срца. Тие момчиња и девојчиња кои растат се многу чувствителни и преку грубост вие можете да го расипете целиот нивен живот. Бидете внимателни мајки; никогаш не укорувајте, затоа што тоа не помага.

**Родителите треба да бидат пример за самоконтрола.** – Децата треба да стојат колку што е можно понастрана од возбудувања; заради тоа мајката мора да биде мирна и незабрзана, слободна од сето возбудување и нервоза. Тоа е училиште за нејзината дисциплина како и за таа на детето. Додека малечките ги учи на лекции на самоодрекување, таа себеси се воспитува да биде пример за детето. Додека со нежен интерес таа ја работи почвата на нивните срца, за да може да ги потчини природните грешни наклонетости, таа ги негува со нејзините зборови и однесување, доблестите на Духот.

Една победа здобиена над себеси ќе биде од голема вредност и охрабрување за вашите деца. Вие можете да стоите на возвишена почва, велејќи: Јас сум Господово лозје; Јас сум Господово здание. Јас се поставувам себеси под Неговата рака да бидам обликуван според божествената сличност, за да бидам соработник Божји во обликувањето на умовите и карактерите на моите деца за да биде полесно за нив да чекорат по Господовиот пат... Та-

тковци и мајки, кога вие се контролирате себеси, вие ќе се здобиете со големи победи во контролирање на вашите деца.

**Плодовите на самоконтрола.** – Родители, секогаш кога губите самоконтрола и зборувате или постапувате нетрпеливо, вие грешите против Бога. Ангелот записничар го запишува секој нетрпелив, невнимателен збор искажан пред нив, несакајќи или во шега; секој збор кој не е чист и воздигнат, ангелот го запишува како дамка на вашиот христијански карактер. Зборувајте љубезно со своите деца. Имајте на ум колку сте чувствителни, колку малку може да поднесете да бидете бламирани. Не го поставувајте врз нив она што вие не можете да го носите; затоа што тие се послаби од вас и не можат толку многу да истрајат. Плодовите на самоконтрола, промисленоста и напорите од ваша страна ќе бидат стопати повеќе.

Нека вашите угодни, бодри зборови секогаш бидат како сончева светлина во вашете семејство.

**Врз децата влијае однесувањето на оние кои исповедаат христијанство.** – Некои од нив се многу добри деца кои ги исполнуваат своите должности што се однесува до земните работи; но тие не чувствуваат длабока увереност за гревот и не чувствуваат потреба за покајание од гревот. Таквите се во опасна ситуација. Тие ги гледаат однесувањето и трудот на оние кои исповедаат христијанство. Тие гледаат како некои кои исповедаат голема посветеност, не се совесни христијани и тие ги споредуваат своите гледишта и дела со тие камења на сопнување; заради тоа што не постојат очевидни гревови во нивните животи, тие себеси си ласкаат дека се во ред.

Учењата на Писмото немаат поголемо влијание врз младите само затоа што многу родители и учители тврдат дека веруваат во Божјата Реч додека со својот живот се одрекуваат од нејзината сила.

**Родителите мора да му кажат „Не“ на искушението.** – Мајки, со тоа што нема да ја следите праксата на светот, вие можете пред децата да поставите пример на верност кон Бога, со што ќе ги учите да кажат не. Учете ги децата за значението на заповедта: „Ако те убедуваат грешниците, не се согласувај.“ Но доколку са-

кате вашите деца да му кажат не на искушението, вие самите мора да бидете во состојба да кажете не. Потребно е исто толку за возрасните да кажат не, како што е тоа потребно и за детето.

**Покажете кротост преку пример.** – Родители, бидете љубезни и кротки со вашите деца и тие ќе се научат на кротост. Ние треба во нашите домови да покажеме дека сме христијани. Јас воопшто не го вреднувам она христијанство кое не е спроведено во домашниот живот преку љубезност, воздржување и љубов.

**Внимавајте на тонот на гласот и на зборовите.** – Нека ниту еден збор на раздразливост, грубост или страственост не ви избега од вашите усни. Благодатта Христова чека на ваше барање. Неговиот Дух ќе превземе контрола над вашите срца и совест, претседавајќи над вашите зборови и дела.

Родителите не можат со сигурност да постапуваат заповеднички на кој и да е начин. Тие не смеат да покажат господарски, критички дух кој наоѓа мани. Зборовите кои ги изговараат, тонот на кој ги изговараат, се лекции за добро или лошо за нивните деца. Татковци и мајки, доколку лоши зборови излегуваат од вашите усни, вие ги поучувате вашите деца да зборуваат на ист начин, и рефинирачкото влијание на Светиот Дух е без ефект. Трпеливата издржливост во чинењето добро е неопходна за вас доколку би сакале кон децата да ја извршите својата должност.

**Втиснување на божествениот лик.** – Вие морате да поучувате, предупредувате и советувате, секогаш имајќи на ум дека вашите погледи и дела имаат директно влијание врз идниот начин на постапување на вашите деца. Ваша работа не е да изработите убава слика на платно или истата да ја изделкате од мермер, туку врз човечката душа да го врежете Божјиот лик.

# ОТСЕК X

# *Дисциплината и нејзиното спроведување*

# ПРЕДМЕТИ НА ДИСЦИПЛИНАТА

**Самоуправувањето – огромен предмет.** – Целта на дисциплината е увежбување на детето да владее со себеси. Тоа мора да научи да се потпира и да управува со себеси. Затоа, штом ќе се стекне со способност на расудување, треба да се придобие неговиот разум, да се согласи на послушност. Сите постапки кон него треба да бидат такви што ќе покажат дека барањето за послушност е оправдано и разумно. Помогнете му да согледа дека сè е подложно на законот и дека непослушноста на крајот доведува до пропаст и страдање. Кога Бог вели: „Немој“, Тој од љубов нè предупредува на последиците од непослушноста, за да нè спаси од злото и губитоците.

**Користи ја силата на волјата.** – Вистинската цел на укорот се постигнува дури кога самиот престапник е наведен да ја согледа својата грешка и кога неговата волја е поттикната да ја исправи. Кога ќе го постигнете ова, укажете му на изворот на простување и сила.

**Исправни навики, наклонетости, зли тенденции.** – Родителите имаат задача да ограничат, водат и управуваат. Тие не можат да извршат поголемо зло отколку да им дозволат на децата да ги задоволат сите свои детски желби и фантазии, да ги остават да ги следат своите наклонетости; тие не можат да им направат поголемо зло отколку врз нивниот ум да остават впечаток дека тие треба да живеат за да си угодат и да се забавуваат, да го одберат својот начин на живот и го најдат своето задоволство и друштво... На младите им се потребни родители кои ќе ги воспитаат и дисциплинираат, кои ќе ги исправат нивните лоши навики и наклонетости и да ги отсечат нивните зли тенденции.

**Срушете ги сатанските бедеми.** – Мајки, судбината на вашите деца на големо почива во вашите раце. Доколку вие попуштите во должноста, нив можете да ги поставите во редовите на сатаната и тој да ги користи како свои слуги во уништувањето на други души, или пак вашата верна дисциплина и побожен пример може да ги

води до Христа, и тие потоа ќе влијаат врз другите така што многу души можат да бидат спасени преку нив.

Ние треба внимателно да настојуваме да ги исправиме нашите грешки во минатото. Ние треба да ги срушиме бедемите на сатаната. Милостиво да ги исправиме нашите сакани и да ги чуваме од силата на злото. Не бидете обесхрабрени.

**Поучувајте ги на почит кон родителскиот и божествениот авторитет.** – Децата треба да бидат воспитани, образовани и дисциплинирани сѐ додека тие не станат послушни на своите родители, почитувајќи го нивниот авторитет. На таков начин во нивните срца ќе биде всадена почит за божествениот авторитет и семејното воспитување ќе биде подготвително воспитување за небесното семејство. Воспитувањето на децата и младите треба да биде такво за децата да бидат подготвени да ги превземат своите верски должности, и така станат угодни да влезат во небесните дворови.

**Послушност од начело а не присилување.** – Кажете им на своите деца што точно барате од нив. Тогаш тие нека разберат дека вашиот збор претставува закон и тој мора да се почитува. Така ги учите да ги почитуваат заповедите Божји, кои јасно велат, „Можеш,“ и „Немој“. Многу подобро е за твоето момче да биде послушно заради начелата, а не заради присилување.

**Младите ќе се одѕват на довербата.** – Младите мора да бидат импресионирани со знаењето дека им се верува. Тие имаат чувство на чест, и сакаат да бидат почитувани, и тоа е правилно. Доколку учениците примат впечаток дека не можат да излегуваат или доаѓаат иседат крај масата или бидат било каде, дури и во нивните соби, а да не се пазени, тоа ќе има деморализирачко влијание врз нив и во разонодата нема да постои задоволство. Ова знаење за постојано надледување претставува повеќе од родителска грижа и дури полошо; затоа што мудрите родители, преку такт, често пати, под површината ќе го видат работењето на неуморниот ум во копнеењето на младите или под силите на искушенијата, и ќе поставаат план за да го запрат злото. Но ова постојано пазење не е природно, и од него произлегува зло кое треба да се избегне.

**Самоуправување наспроти апсолутниот авторитет.** – Постојат многу семејства каде децата изгледаат дека се добро воспитани, додека се под дисциплина; но кога ќе се сруши системот кој што ги приврзувал за одредени прописи, таквите деца се неспособни да мислат, да работат и да одлучуваат за себеси. Таквите деца толку долго биле под железна дисциплина, која не им дозволувала сами да мислат и работат во оние нешта кои се за нив погодни така што изгубиле доверба во сопственото расудување и мислење. И кога тие ќе се одвојат од своите родители и ќе почнат да живеат независно, тогаш лесно се поведуваат по мислењето на другите и одат во погрешна насока. Таквите деца немаат стабилност на карактерот. Ним не им било дозволено да се потпираат на сопственото расудување во онаа мерка колку што тоа било можно и затоа нивниот ум не се развивал и засилувал како што треба. Тие толку долго биле под целосна власт на своите родители, така што во сè се потпирале на нив; нивните родители за нив биле ум и разум.

Од друга страна, младите не треба да бидат оставени да мислат и чинат независно од расудувањето на своите родители и учители. Децата треба да бидат научени да го почитуваат искусното расудување и да ги слушаат своите родители и учители... Тие треба да бидат така воспитани како нивниот ум би се соединил со умот на нивните родители и учители, и така поучени како би ја увиделе потребата да ги слушаат нивните совети. Само така нивниот карактер, кога ќе се одвои од раководството на своите родители и учители, нема да биде како трска која се вее на ветрот.

Строгото воспитување на децата ќе доведе до едно телесно и умно заостанато потомство, ако при тоа не ги упатиме на постојано размислување и работа според нивните способности и наклонетости, за да во нив се развијат чувства, мисли, самопочит и потпирање на своите сопствени способности. Кога ќе дојде време да се потпрат на себеси, ќе видат дека биле дресирани како животни, а не воспитувани. Строгата дисциплина од страна на родителите и учителите не одела кон тоа да ја води нивната волја, туку да ја потчини.

**Злото резултира кога еден ум доминира над друг.** – Оние родители и учители кои што се фалат дека имаат целосна контрола врз умовите и волјата на децата кои се под нивна грижа би преста-

нele со своето фалење кога би можеле да ја согледаат иднината на децата кои така се доведени во потчинетост преку сила или страв. Тие се скоро целосно неподготвени да примат сериозни одговорности во животот. Кога тие млади не се веќе под контрола на родителите и старателите и се принудени да мислат и постапуваат за себеси, тие скоро сигурно ќе тргнат по погрешен пат и ќе подлегнат на силата на искушението. Тие нема да постигнат успех во животот, а нивниот верски живот ќе ги покажува истите недостатоци. Кога воспитувачите на децата и младите би можеле да ги видат идните последици на својата строгост, би го промениле својот систем на воспитување. Таа класа на учители кои имаат скоро целосна контрола над волјата на своите ученици не се најуспешни учители и покрај сите ласкави надворешни изгледи.

Бог никогаш не замислил еден човечки ум да биде под целосна контрола на друг. И оние кои што се обидуват индивидуалноста на своите ученици целосно да ја потчинат на себеси и да им бидат ум, волја и совест, превземаат на себе ужасни одговорности. Тие ученици во одредени прилики ќе ни изгледаат како добро обучени војници. Но кога нема да бидат под стега, ќе согледаат дека се неспособни да работат самостојно по начелата кои би постоеле во нив.

**Преку вешти и трпеливи напори.** – Треба да се има умешност и трпение и да се вложува многу труд карактерот на младите да се обликува како што треба. Особено оние деца кои на свет дошле оптоварени со наследство на злото, со директни последици од гревот на своите родители, треба многу внимателно да се воспитуваат, со цел нивните умствени и морални способности да се развијат и зајакнат. Одговорноста на родителите е навистина тешка. Злите склоности на детето треба внимателно да се спречуваат и обѕирно да се укоруваат; умот треба да се насочи кон она што е исправно. Детето треба да се поттикнува и охрабрува во настојувањето да владее со себеси. Сето ова треба да се направи промислено и разумно, инаку саканата цел нема да се постигне.

# ВРЕМЕ ДА СЕ ЗАПОЧНЕ СО ДИСЦИПЛИНА

**Родителите кои им попуштаат на своите деца се дисквалификуваат за небесниот ред.** – На небото постои совршен ред, совршена слога и еднодушност. Доколку родителите не успеат да ги навикнат своите деца на послушност, како можат да се надеваат да бидат примени во друштвото на светите ангели во светот каде владее мир и хармонија?

Оние кои што немаат почит кон редот и дисциплината во овој живот нема да имаат респект ниту за редот кој владее на небото. Тие никогаш нема да бидат примени таму, затоа што сите коишто ќе се удостојат да влезат на небото ќе бидат љубители на редот и ќе ја почитуваат дисциплината. Карактерот кој ќе биде формиран на оваа земја одлучува за вечната судбина. Кога Христос ќе дојде, Тој нема да го промени карактерот на ниту една личност... Родителите не треба да занемарат ниту една обврска кон своите деца. Тие треба да ги воспитуваат своите деца, како тие би биле на благослов за општеството на оваа земја и да можат да ја примат наградата на идниот вечен живот.

**Кога дисциплината треба да започне.** – Тогаш кога детето ќе започне да ја одбира својата волја и начин на постапување, тогаш треба да започне со неговото воспитување и дисциплина. Тоа може да се нарече несвесно образование. Тогаш треба да започне едно дело, свесно и силно. Најголемото бреме за оваа работа почива врз мајката. Таа е прва која се грижи за детето, и таа ја поставува основата на воспитувањето кое на детето ќе му помогне да развие силен и симетричен карактер...

Често пати бебињата покажуваат најодлучна волја. Доколку таа волја не е потчинета на помудар авторитет отколку невоспитаните желби на детето, сатаната превзема контрола врз умот и ја обликува наклонетоста во согласност со неговата волја.

Занемарувањето на делото на дисциплинирање и воспитување додека изопачената наклонетост се засилува, му чини најголема штета на детето; затоа што тоа пораснува да биде себично, кое многу бара и кое луѓето не се наклонети да го сакаат. Дури ни самите тие не можат да се поднесат како што тоа не можат да го сто-

рат ни другите; заради тоа тие секогаш ќе бидат исполнети со незадоволство. Делото на мајката мора да започне на рани години, не давајќи му на сатаната можност да ги контролира умовите и наклонетостите на нивните малечки.

**Потиснете го првото појавување на злото.** – Родители, вие треба да започнете со првите поуки за дисциплината кога вашите деца се бебиња во вашите раце. Учете ги својата волја да ја потчинат на вашата. Тоа може да се постигне со сталоженост, но исто така и со исполување на цврстината. Родителите мораат совршено да владеат со своите чувства и благо, но одлучно да ја свиваат волјата на детето сѐ додека тоа не се навикне дека не може да очекува ништо друго освен да се потчини на нивната волја.

Родителите со тоа обично не почнуваат на време. Првото исполување на темперамент не се угушува на време и децата растат во тврдоглавост, која се зголемува со нивното раснење и се засилува со нивната сила.

**„Премногу млади за да бидат казнети?“** – Илија не управувал со своето семејство според начелата што ги пропишал Бог. Тој работел по своја замисла. Нежниот татко пропуштил недостатоците и грешките на своите синови да ги исправи во нивното детство, мислејќи дека со текот на времето нивните лоши склоности ќе се загубат сами од себе. И денес многу родители прават иста грешка. Тие мислат дека познаваат подобар начин на воспитување на своите деца од начинот што го пропишал Бог во Својата реч. Тие поттикнуваат лоши склоности кај нив, правдајќи го тоа со зборовите: „Децата се уште малечки за казната да ја сфатат правилно. Треба да се почека додека станат разумни, па работата убаво да им се објасни.“ Така на лошите навики им се дозволува да се засилуваат и тие стануваат дел од природата. Така децата растат незауздани и неослободени од карактерните недостатоци кои во текот на целиот живот ќе им служат на проклетство, и кои лесно ќе преминуваат врз другите.

Нема поголемо проклетство за едно семејство отколку на децата да им се попушта на волјата. Ако родителите ја исполнуваат секоја желба на своите деца и им дозволуваат да прават нешто што знаат дека нема да им служи на добро, децата бргу губат секоја почит кон родителите, не го уважуваат ниту Божјиот ниту чо-

вечкиот авторитет и сатаната живи ги лови, ставајќи ги под своја власт.

**Нека домашното воспитување биде пред другите занимања.** – Многумина укажуваат на децата на проповедниците, учителите и другите луѓе со висока репутација на образованост и побожност и уверуваат дека доколку овие луѓе, со своите супериорни предности, не успеваат во управувањето со семејството, оние кои се помалку угодни не треба да се надеваат на успех. Прашањето кое треба да се постави гласи: дали тие луѓе на своите деца им го дале тоа што е нивно право – добар пример, верна поука и правилно ограничување? Преку занемарување на тие неопходности родителите на општеството му даваат деца кои се неврамнотежени во умот, нетрпеливи при ограничување и во незнаење за должностите на секојдневниот живот. Со тоа тие на светот му нанесуваат штета којашто го натежнува сето добро кое тие го извршуваат преку својата работа. Тие на децата им ја пренесуваат својата перверзност на карактерот како наследство, и во исто време нивниот зол пример и влијание го расипува општеството и прави пустош во црквата. Ние не можеме да мислиме дека било кој човек, колкава и да е неговата способност и корисност, најдобро му служи на Бога или светот додека неговото време е посветено на други нешта на сметка на занемарување на своите деца.

**Ветена е соработка од небото.** – Бог ќе благослови праведна и исправна дисциплина. Но „без мене“, вели Христос, „вие не можете да чините ништо.“ Небесните битија не можат да соработуваат со татковците и мајките, кои му дозволуваат на сатаната да се зафати за тоа малечко бебе, тој младешки ум, како инструмент преку кој може да работи во спротивност на делувањето на Светиот Дух.

# ДИСЦИПЛИНА ВО ДОМОТ

**Добро подредени и добро дисциплинирани семејства.** – Обврска е за оние кои тврдат дека се христијани да му покажат на светот добро подредени, добро дисциплинирани семејства – семејства кои ќе ја покажат силата на вистинското христијанство.

Не е лесна работа децата мудро да се воспитаат и обучат. Како што родителите се обидуваат пред себеси да го имаат судот и Божјиот страв, така ќе се појават потешкотии. Децата ќе ја откријат расипаноста која била врзана во нивните срца. Тие покажуваат љубов кон глупоста, кон независноста и омраза за ограничувањето и дисциплината. Тие мамат и искажуваат лаги. Премногу родители наместо да ги казнуваат своите деца заради тие дефекти, себеси се заслепуваат да не видат што се наоѓа под површината или да го согледаат вистинското значење на тие нешта. Заради тоа децата продолжуваат да мамат, формирајќи карактер кој Бог не може да го одобри.

Стандардот подигнат во Божјата Реч е отфрлен од страна од родителите на кои не им се допаѓа, како што некои го имаат тоа наречено, да користат лудачка кошула во воспитувањето на своите деца. На многу родители не им се допаѓаат принципите на Божјата Реч, затоа што тие принципи поставуваат врз нив премногу голема одговорност. Но она што децата ќе станат подоцна, и коешто сите родители ќе го видат, покажува дека Божјите патишта се најдобри и дека единствениот пат на сигурност и среќа се наоѓа во послушноста на Неговата волја.

**Ограничувањето на децата не е лесна задача.** – Во сегашната состојба на нештата во општеството, не претставува лесна задача за родителите да ги ограничат своите деца и да ги поучат според библиското правило за она што е исправно. Кога тие ги воспитуваат своите деца во хармонија со начелата на Божјиот Збор и, како Авраам во старо време, им заповедаат на своите домаќинства да ги следат по Господовиот пат, децата мислат дека нивните родители се премногу внимателни и дека непотребно бараат многу од нив.

**Погрешни мислења во поглед на ограничувањето.** – Да му се дозволи на детето да се раководи според своите природни склоности и моментални импулси значи да му се дозволи да се изопачува и станува вешто на зло. Мудрите родители нема никогаш да им кажат на своите деца: „Бирајте што ви се допаѓа; одете каде сакате и правете што сакате“; туку ќе речат: „Слушајте ги упатствата и налозите дадени во Божјата реч.“ Правилата и ограничувањата мора мудро да се поставаат и применат, за животот во семејството да не би биде лишен од својата убавина и привлечност.

**Слепата љубов на родителите претставува најголема пречка во воспитувањето.** – Гревот на родителската занемареност е скоро универзален. Слепа љубов кон оние кои се поврзани со нас преку врските на природата е премногу честа појава. Оваа приврзаност е во големо спроведена; таа не е балансирана преку мудрост или страв Божји. Слепата родителска љубов е најголема пречка на патот на правилното воспитување на децата. Таа ја попречува дисциплината и обучувањето коешто се бара од Бога. Понекогаш, заради таа приврзаност, изгледа како родителите да се лишени од својот разум. Тоа е како нежната милост на злите – суровост замаскирана во облека на таканаречена љубов. Тоа е таа опасна подводна струја која ги води децата во пропаст.

Родителите се во постојана опасност да ѝ попуштаат на природната љубов на штета на послушноста кон Божјиот закон. Многу родители, за да им угодат на своите деца, го дозволуваат она што Бог го забранува.

**Родителите се одговорни за она што децата можеле да станат.** – Доколку како учители во домот, таткото и мајката им дозволат на децата конците на контрола да ги земат во свои раце и потоа застранат, тие се сметаат за одговорни за тоа што нивните деца би можеле да бидат.

Сите кои во својата слепа љубов кон децата се раководат од своите склоности, дозволувајќи им на децата да ги задоволуваат своите себични желби и не го истакнуваат Божјиот авторитет со тоа што ќе ги укоруваат нивните гревови и ќе ги казнуваат нивните лоши дела, јасно покажуваат дека повеќе ги ценат своите безбожни деца отколку Бога. Тие повеќе се трудат да го сочуваат угледот на

своите деца отколку да го прославaт Бога; повеќе настојуваат да им угодат на своите деца отколку на Господа...

Оние кои немаат доволно храброст да го осудат погрешното или оние кои поради својата рамнодушност или недостиг на интересирање не вложуваат сериозни напори да го очистат семејството или Божјата црква, ќе бидат одговорни за сите зла што можат да произлезат од нивното занемарување на должностите. Ние сме исто толку одговорни за злото што сме можеле да го спречиме со родителскиот или со пасторскиот авторитет, како самите да сме го сториле.

**Нема место за пристрасност.** – Многу е природно родителите да бидат пристрасни кон своите деца. Посебно ако тие родители чувствуваат дека самите поседуваат супериорни способности, ќе ги сметаат своите деца за супериорни над другите. Заради тоа многу од она што можело строго да се укори кај нивните деца се смета за паметно и остроумно. Додека таа пристрасност е природна, таа не е праведна и христијанска. Голема штета вршиме врз нашите деца кога дозволуваме тие грешки да опстојуваат некорегирани.

**Не правете компромис со злото.** – Мора да им се објасни дека Божјото владеење не познава компромис со злото. Ни во домот ни во училиштето непослушноста не смее да се толерира. Ниту еден родител или учител, кому му лежи на срце доброто на оние што му се доверени, нема да се нагодува со тврдоглавата самоволност која отфрла авторитет, или прибегнува кон изговори, и заобиколувања со цел да ја избегне послушноста. Само лажната чувствителност, а не љубовта си поигрува со злото, се обидува преку ласкање или подмитување да обезбеди согласност и конечно прифаќа некоја замена наместо она што го барала.

Денес во премногу семејства постои премногу самоугодување и непослушност која не се исправа, или пак е манифестиран неподнослив, господарски дух кој создава најлоши зла во диспозицијата на децата. Родителите некогаш ги исправаат на таков непромислен начин што нивните животи се направени мизерни и тие го губат сиот почит кон таткото, мајката, браќата и сестрите.

**Родителите пропуштаат да ги разберат правилните начела.** – Големо страдање има надојдено врз човештвото затоа што родителите се одалечиле од божествениот план да ги следат своите замисли и несовршено развиени идеи. Многу родители го следат својот моментален импулс. Тие заборавaaт дека сегашното и идното добро на нивните деца бара паметна дисциплина.

**Бог не прифаќа оправдување за погрешно управување со децата.** – Премногу често во срцата на децата се предизвикува побуна заради погрешната дисциплина на родителите, но во случај да се применел правилен начин, децата би формирале добри и хармонични карактери.

Додека родителите имаат сила да ги дисциплинираат, образуваат и обучат своите деца, нека ја употребуваат таа сила за Бога. Тој од нив бара чиста, непорочна, незастранувачка послушност. Тој нема да толерира ништо друго. Тој нема да го оправда погрешното справување со децата.

**Победете го природниот дух на своеглавост.** – Некои деца се природно посвоеглави од други и нема да се препуштат на дисциплина, и како последици тие себеси се прават многу непривлечни и непријатни. Доколку мајката нема мудрост како да се справи со таа фаза на карактерот, ќе дојде до најнесреќна состојба на нештата; затоа што таквите деца ќе го следат својот ум кој води кон нивно уништување. Но колку е ужасно едно дете да негува дух на своеглавост не само во детството, туку и во позрелите години, а заради недостаток на согласување во детството, тоа држи при себе огорченост и нељубезност во мажественоста и женственоста кон мајката која пропуштила своите деца да ги порасне под ограничување.

**Никогаш не му велете на детето: „Јас не можам ништо да сторам со тебе.“** – Нека вашето дете не ве слушне никогаш да кажете: „Јас не можам ништо да сторам со тебе.“ Сè додека имаме пристап до Божјиот престол, ние како родители треба да се засрамиме да кажеме нешто такво. Повикајте кон Христа и Тој ќе ви помогне своите деца да ги донесете при Него.

**Семејното управување треба да биде внимателно проучувано.** – Јас сум слушнала како некои мајки велат дека немаат способност да управуваат како што тоа го можат другите, дека тоа е посебен талент кој не го поседуваат. Оние кои го сфаќаат својот недостаток треба семејното управување да го сторат дел од своето проучување. Но сепак највредните сугестии од другите не треба да бидат прифатени без размислување и разликување. Тие можеби не се еднакво адаптирани за околностите на секоја мајка или кон посебната диспозиција и темперамент на секое дете во семејството. Нека мајката грижливо го проучува искуството на другите, нека таа ја забележи разликата помеѓу нивните методи и нејзините и внимателно да ги испита оние кои изгледаат дека се од вистинска вредност. Доколку еден метод на дисциплина не ги донесе посакуваните резултати, нека биде пробан поинаков план, и резултатите ќе бидат внимателно забележани.

Мајките, повеќе од сите други, треба да се навикнат себеси на размислување и испитување. Доколку тие бидат истрајни во тоа, ќе откријат дека се здобиваат со способност, која мислеле дека им недостига, дека тие учат како да обликуваат правилни карактери кај своите деца. Резултатите од работата и размислувањата посветени на оваа работа ќе бидат видени во нивната послушност, нивната едноставност, скромност и морална чистота; и богато ќе бидат отплатени сите вложени напори.

**Родителите треба да бидат соединети во дисциплината.** – Во своите напори во душата на своите деца да положи добар темел на христијански карактер, мајката секогаш треба да ја има поддршката и соработката од таткото. Колку и да е нежен, таткото не смее да ги затвора очите за погрешките и маните на своите деца само затоа што не му е пријатно да ги казнува.

Правилните принципи мораат да бидат зацврстени во умот на детето. Доколку родителите се единствени во ова дело на дисциплинирање, детето ќе разбере што се бара од него. Но доколку таткото, преку збор или поглед, покаже дека тој не ја одобрува дисциплината која ја пружа мајката, доколку тој мисли дека таа е премногу строга и мисли дека тој мора да надомести заради грубоста преку мазење и попуштање, детето ќе биде упропастено. Од родители кои чувствуваат сочуство ќе биде практикувана измама и детето наскоро ќе научи дека тоа може да чини како му е угодно. Ро-

дителите кои го чинат тој грев против своите деца ќе бидат одговорни за пропаста на нивните души.

**Комбинирано влијанието на љубовта и авторитетот.** – Нека светлината на небесната благодат го проткае вашиот карактер, за да постои сончева светлина во домот. Нека постојат мир, убави зборови и бодри изрази на лицето. Тоа не е слепа љубов, не е таа нежност која поттикнува грев преку немудро попуштање, и кое што претставува најголема суровост, не е лажна љубов која му дозволува на детето да владее и од родителите да прави робови на неговите каприци. Не треба да постои родителска пристрасност, не треба да постои опресија; комбинираното влијание на љубовта и авторитетот ќе постави правилна матрица врз семејството.

**Претставувајте го Божјиот карактер во дисциплината.** – Бидете цврсти, бидете одлучни во спроведувањето на Библиските инструкции, но бидете слободни од сите страсти. Имајте на ум дека кога станувате груби и неразумни пред своите малечки, вие ги учите да бидат исто такви. Бог бара од вас да ги воспитате своите деца, воведувајќи го во својата дисциплина сето устројство на еден мудар учител кој е под Божја контрола. Доколку Божјата трансформирачка сила се практикува во вашиот дом, вие самите постојано ќе учите. Вие ќе го претставувате карактерот Христов и вашите напори во таа насока ќе бидат угодни за Бога. Никогаш не ја занемарувајте работата која треба да биде извршена за помладите членови на Господовото семејство. Родители, вие сте светлина во домот. Тогаш вашата светлина нека светли преку угодни зборови, и смирувачки тон на гласот. Од нив извадете го сето осило преку молитва кон Бога за самоконтрола. И ангелите ќе бидат во вашиот дом, затоа што тие ќе ја набљудуваат вашата светлина. Дисциплината која вие им ја пружате на вашите деца ќе произлегува во силни, јасни струи од вашиот исправно раководен дом кон светот.

**Да не постои колебање во правилните начела.** – Во старо време родителскиот авторитет бил почитуван и уважуван; децата биле потчинети на своите родители слушајќи ги со стравопочит; меѓутоа, во ова последно време тој ред е наопаку. Многу родители се целосно потчинети на своите деца. Тие не се осмелуваат да се

спротивстават на волјата на своите деца и затоа им се потчинуваат. Меѓутоа, сè додека тие се под покривот на своите родители и зависат од нив, децата се должни да се потчинуваат на нивната контрола. Родителите мораат да бидат одлучни, барајќи нивните гледишта и расудувања да се уважуваат.

**Превземете крајни мерки доколку доброволната послушност не е прифатлива.** – Некои попустливи родители кои ја сакаат леснотијата се плашат да практикуваат здрав авторитет над своите непокорни деца, за во некој случај тие да не си заминат од дома. За некои би било подобро да го сторат тоа отколку да останат дома и да живеат на грбот на своите родители, во исто време газејќи врз сиот авторитет, човечки и божествен. Можеби ќе биде најдобро таквите деца да доживеат такво искуство за кое тие мислат дека е толку пожелно, да научат дека чини нешто да се заработи за живот. Нека родителите му кажат на момчето кое се заканува дека ќе си оди од дома: „Синко мој, доколку си одлучен да го напуштиш домот попрво отколку да дојдеш во согласност со праведните и прикладни правила кои постојат тука, ние нема да те попречиме во тоа. Доколку мислиш дека светот ќе биде попријателски кон тебе од твоите родители кои за тебе се грижеле отсекогаш, ти ќе мора сам да научиш од таа грешка. Кога ќе посакаш да дојдеш во домот на својот татко и да се потчиниш на неговиот авторитет, ти си добредојден. Обврските се обострани. Додека ти се пружа храна, облека и родителска грижа, ти за возврат си должен да се потчиниш на правилата во домот и на здравата дисциплина. Мојот дом не може да биде загаден со мирисот на тутун, со безбожност или пијанство. Јас посакувам Божјите ангели да дојдат во мојот дом. Доколку ти целосно си одлучен да му служиш на сатаната, ти ќе бидеш во толку добра заедница со она друштво кое ти го сакаш како што ќе бидеш со нив кога и би останал дома.“

Таквиот начин на постапување ќе го сопре патот кон пропаст на илјадници. Но често пати децата знаат дека тие можат да го чинат она што е најлошо, а сепак една немудра мајка да се застапува за нив и да ги сокрие нивните престапи. Многу бунтовнички синови ликуваат заради тоа што нивните родители немаат сила да ги ограничат... Тие не присилуваат на послушност. Таквите родители ги поттикнуваат своите деца на трошење и не го почитуваат Бога преку нивното немудро попуштање. Тие бунтовнички, расипани млади го формираат најтешкиот елемент кој може да се контролира во училиштата и факултетите.

**Не бидете уморни во чинење на она што е добро.** – Работата на родителите не запира. Таа не треба да биде превземена со вигор за еден ден и занемарена следниот. Многумина се подготвени да ја започнат работата, но немаат волја да истраат во неа. Тие се желни да започнат некоја голема работа, да направат некоја голема жртва; но тие тонат пред непрестаната грижа и напори во малите нешта од секојдневниот живот, секојчасовното кастрење и воспитување на страните тенденции, делото на поучување, укорување или охрабрување, малку по малку како што е тоа потребно. Тие посакуваат нивните деца да ги исправат своите мани и да формираат правилни карактери одеднаш, достигнувајќи го врвот со поскок, а не преку постепени чекори; и заради тоа што нивните надежи не се веднаш реализирани, тие се обесхрабруваат. Нека таквите личности се охрабрат кога ќе се сетат на зборовите на апостолот: „Да не бидеме уморни да чиниме добро, зашто ќе жнееме во право време ако не се умориме."

Децата на оние кои ја празнуваат саботата можат да станат нетрпеливи поради ограничувањата, мислејќи дека нивните родители се премногу строги; во срцата на младите можат да се родат непријатни чувства и тие можат да станат незадоволни и несреќни, окривувајќи ги за тоа оние кои се грижат за нивното сегашно, идно и вечно добро. Но само за неколку години подоцна тие ќе им бидат благодарни на своите родители за оваа строгост, грижа и буден надзор во времето кога тие сè уште биле неискусни.

**Читајте поттикнувања од Божјиот Збор.** – Кога децата грешат, родителите треба да одвојат време ним да им читаат нежно од Божјиот збор такви поттикнувња кои посебно важат за нивниот случај. Кога тие се испитани, искушани или обесхрабрени, цитирајте им ги драгоцените зборови на утеха од Библијата, и нежно водете ги да ја стават својата доверба во Исуса Христа. Така младиот ум може да биде насочен кон она што е чисто и облагородувачко. И како што големите проблеми на животот и делувањата Божји со човечката раса се откриени за нивното разбирање, се практикуваат резонирачките сили, судот се буди, додека поуките за божествената вистина се втиснати врз срцето. Така родителите можат секојдневно да ги обликуваат карактерите на своите деца, за да бидат погодни за идниот живот.

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПРАВНА ДИСЦИПЛИНА

**Замолете го Бога да влезе и владее.** – Барајте послушност во вашето семејство; но додека настојувате кон тоа, барајте го Бога заедно со своите деца, и замолете го Него да дојде и да владее. Вашите деца можеби направиле нешто кое бара казна; но доколку со нив се соочите со Христов дух, нивните раце ќе се најдат околу вашиот врат; тие себеси ќе се понизат пред Господа и ќе ја признаат својата грешка. Тоа е доволно. Ним не им треба казна. Да му благодариме на Господа за тоа дека Тој има отворено пат преку кој ние можеме да допреме до секоја душа.

Доколку вашите деца се непослушни, тие треба да бидат корегирани... Пред да ги корегирате, заминете насамо и побарајте од Бога да ги омекне и потчини срцата на вашите деца и да ви даде мудрост за тоа како да се соочите со нив. Мене не ми е познато во ниту еден случај каде метод не успеал. Вие не можете да направите едно дете да ги разбере духовните нешта кога неговото срце е исполнето со страст.

**Поучете ги децата трпеливо.** – Господ сака срцата на тие деца од најраната возраст да му бидат нему дадени во служба. Додека тие се премногу млади за со нив да се резонира, одвратете ги нивните умови колку што можете најдобро; и како што тие раснат, учете ги преку начела и пример дека не можете да им попуштате на нивните грешни желби.

Поучете ги трпеливо. Понекогаш тие ќе треба да бидат казнети, но тоа никогаш не правете го на таков начин како тие би чувствувале дека се казнети во гнев. Преку таков начин на постапување вие само ќе предизвикате поголемо зло. Многу несреќни несогласувања во семејниот круг би можеле да се избегнат доколку родителите би го послушале Господовиот совет во воспитување на своите деца.

**Родителите треба да бидат под Божја дисциплина.** – Мајки, колку и вашите деца да се предизвикувачки во нивното незнаење, не му попуштајте на натрпението. Бидете цврсти со нив. Не дозволувајте да ги контролира сатаната. Дисциплинирајте ги само тогаш

кога вие сте под дисциплината Божја. Христос ќе биде победник во животот на вашите деца доколку вие се поучите од Него кој е кроток и понизен, чист и неосквернат.

Но доколку се обидувате да ги управувате без прво самите да практикувате самоконтрола, без планирање, размислување и молитва, вие најсигурно ќе жнеете горки последици.

**Никогаш не ги исправајте во гнев.** – Вие треба да ги казнувате своите деца во љубов. Не им дозволувајте на децата да чинат како што сакаат сè додека не станете гневни и тогаш да ги казните. Таквото казнување само му помага на злото, наместо да го лекува.

Да се манифестира страст кон едно дете кое греши значи да се зголеми злото. Тоа ги подига најлошите страсти кај детето и го води да мисли дека вие не се грижите за него. Тоа резонира во себеси дека вие така не би го третирале доколку се грижите за него.

Немојте да мислите дека Бог не го забележува начинот на кој тие деца се исправаат. Тој знае, и Тој знае исто така какви можат да бидат благословените последици доколку делото на исправање се изврши на начин за да се придобие наместо да се одбие...

Ве молам, не ги исправајте своите деца во гнев. Ако некогаш треба да постапувате со понизност, трпеливост и молитва тоа е сега. Потоа доаѓа време да се клекне со децата и да се побара прошка од Бога. Настојувајте да ги придобиете за Христа преку манифестација на љубезност и љубов и вие ќе видите како една повозвишена сила од било која земна сила соработува со вашите напори.

Кога сте принудени да го исправите детето, не го кревајте гласот високо... Не губете самоконтрола. Родителот кој, кога го казнува детето, му дава место на гневот сноси поголема вина отколку детето.

**Карањето и раздразнувањето никогаш не помагаат.** – Грубите и гневни зборови немаат небесно потекло. Карањето и раздразнувањето на децата никогаш не помагаат. Наместо тоа, тие ги потикнуваат најлошите чувства на човечкото срце. Кога вашите деца грешат и се исполнети со бунтовништво и вие сте искушани да зборувате и постапувате грубо, почекајте пред да ги казните.

Дајте им можност да мислат и дозволете му на својот темперамент да се олади.

Кога постапувате љубезно и нежно со своите деца, заедно ќе го примите Божјиот благослов. Дали мислите дека некој на денот на Божјиот суд ќе жали за тоа што бил трпелив и љубезен со своите деца?

**Нервозата не е оправдание за нетрпеливоста.** – Родителите својот погрешен начин на постапување го оправдуваат со тоа што не се чувствуваат добро. Тие се нервозни и сметаат дека во таа состојба не можат да бидат трпеливи, смирени и пријатни. Со тоа тие се мамат себеси, а на сатаната му пружаат задоволство да ликува заради тоа што тие преку благодатта Божја, понудена во толкаво изобилие, не ги совладале своите природни наклоности. Тие се должни во секое време да владеат со себеси. Тоа Бог го бара од нив.

Понекогаш кога се уморни од работа или потиснати со грижи, родителите немаат смирен дух, туку манифестираат недостаток на трпение коешто не е удогно пред Бога и кое донесува облак над семејството. Родители, кога се чувствувате раздразливи, не чинете толку голем грев со тоа што ќе го затруете целото семејство со таа опасна иритабилност. При такво време поставете двојна стража над себеси и решете ниту еден збор, освен угодни, бодри зборови да не излезат од вашите усни. Практикувајќи таква самоконтрола, вие ќе станувате посилни. Вашиот нервен систем нема да биде толку чувствителен... Исус ги знае нашите слабости и Тој самиот имал дел во нашето искуство во сите нешта освен грев; заради тоа Тој за нас има подготвено пат кој одговара за нашата сила и способност.

Понекогаш се чини како да се оди наопаку во семејниот круг. Постои раздразливост насекаде и изгледа како сите да се мизерни и несреќни. Родителите за тоа ги обвинуваат своите деца и за нив мислат дека се многу непослушни и непокорни, најлоши деца на светот, кога причината за безредие почива кај нив. Бог од нив бара да практикуваат самоконтрола. Тие треба да сфатат кога им се препуштаат на нетрпеливоста и раздразливоста, тие причинуваат другите да страдаат. Оние околу нив се погодени од духот кој тие го манифестираат, и доколку како одѕив тие постапуваат според истиот дух, злото се зголемува.

**Понекогаш постои сила во молчењето.** – Оние кои сакаат да управуваат со другите, мораат прво да научат да управуваат со себеси... Кога родителот или учителот ќе стане нетрпелив или е во опасност да зборува неразумно, тогаш нека замолкне. Во молчењето се крие чудесна сила.

**Дадете малку заповеди; тогаш барајте послушност.** – Нека мајките водат грижа да не прават непотребни барања како би ја покажале својата власт пред другите. Дајте малку заповеди, но гледајте тие да бидат почитувани.

Немојте... во вашата дисциплина на децата да ги ослободувате од она што барате тие да сторат. Нека вашиот ум не биде толку преокупиран со други нешта како тоа би причинило вие да бидете безгрижни. И не станувајте уморни во своето старателство затоа што вашите деца забораваат и го чинат она што вие сте им го забраниле.

Целта на сите ваши заповеди треба да биде за највозвишено добро за вашите деца и гледајте тие заповеди да бидат почитувани. Вашата енергија и одлука мора да биде непоколеблива, но сепак секогаш во потчинетост на Христовиот Дух.

**Соочување со немарливо дете.** – Кога ќе побарате од своето дете да направи нешто, а тоа одговари: „Да, јас ќе го сторам тоа," а потоа занемарува да го исполни својот збор, вие не смеете тоа така да го оставите. Вие морате да го повикате детето да одговара за тоа занемарување. Доколку поминете низ тоа без забелешка, вие своето дете го образувате на навики на занемарување и неверност. Бог на секое дете му има дадено нешто за кое тоа е одговорно. Децата треба да ги почитуваат своите родители. Тие треба да помогнат во носењето на бремињата и одговорностите на домот; и ако занемарат да ја извршат својата одредена работа, тие треба да бидат повикани на одговорност и од нив да се бара да го извршат тоа.

**Последици од непромислена, еднолика дисциплина.** – Кога децата имаат направено нешто погрешно, тие самите се убедени за својот грев и се чувствуваат понижени и вознемирени. Кога тогаш би биле укорувани за своите грешки, тоа често пати ќе резултира со тоа што тие ќе станат тврдоглави и таинствени. Како ждре-

бића кои не се потчинуваат, тие изгледаат одлучни во правењето неволји, и укорувањето нема да направи никакво добро. Родителите треба да настојуваат да ги одвратат нивните умови во некоја друга насока.

Но проблемот е во тоа што родителите не се еднобразни во своето управување, туку повеќе постапуваат според импулс отколку од принцип. Тие излеваат страсти и не поставуваат пред своите деца пример на тоа какви треба да бидат христијанските родители. Еден ден тие ги прогледуваат грешките на своите деца, а следниот ден не манифестираат трпение или самоконтрола. Тие не се држат до патот Господов за да вршат правда и суд. Тие често пати се повеќе виновни отколку нивните деца.

Некои деца наскоро ќе го заборават лошото што им е направено од таткото и мајката; но други деца кои се поинакви не можат да заборават грубо, неразумно казнување кое тие не го заслужиле. Така на нивните души им е наштетено и нивните умови се збркани. Мајката ги губи своите можности да внесе правилни начела во умот на детето, заради што не негува самоконтрола и манифестира добро балансиран ум во нејзиното однесување и дела.

Бидете толки смирени, толку слободни од гнев, како би биле уверени дека вие ги сакате, и покрај тоа што ги казнувате.

**Предизвиците понекогаш се подобри од казнувањето.** – Јас имам чувствувано таков длабок интерес во овој дел од делото така што имам присвоено деца како тие би биле воспитани на правилен начин. Наместо да ги казнувам кога грешат, јас за нив креирав предизвици за да чинат добро. Едно девојче имаше навика да се фрла себеси на подот за да може да ѝ биде дозволено да чини како сака. Јас нејзе ѝ реков: „Доколку не го изгубиш својот темперамент за еден ден, чичко Вајт и јас ќе те земеме во кочија и ќе поминеме еден среќен ден во природа. Но доколку се фрлиш еднаш на подот, ти ќе го изгубиш тоа право на задоволство.“ Јас работев на тој начин за тие деца и сега сум благодарна дека имав можност да чинам така.

**Со погрешното постапувај неодложно, мудро но цврсто.** – Непослушноста мора да биде казнета. Погрешното мора да биде исправено. Злото кое постои во срцето на едно дете мора да биде соочено и победено од страна на родителите и учителите. Со гре-

шките мора да се соочиме неодложно и мудро, со цврстина и одлучност. Омраза кон ограничувањето, љубов кон самопопуштањето, рамнодушноста во поглед на вечните нешта, се нешта со кои треба грижливо да се постапи. И повеќе од тоа: оној кој себеси се предава на сатанското водство настојува постојано да ги мами другите. Од најраните години на детето, треба да настојуваме во него да го потчиниме духот на светот.

**Стапот понекогаш е неопходен.** – Мајката може да се запраша: „Треба ли воопшто да го казнам своето дете?"

Шибањето може да биде неопходно кога други средства не помагаат; но сепак употребата на стапот треба да се избегне кога тоа е можно. Но ако благите мерки се покажат недоволни, детето треба да почувствува дека казната, кога станала неизбежна, се применува поттикната од љубов. Една таква корекција често пати се покажува доволна за цел живот.

И кога таквиот чекор стане неизбежен, на детето најпрво треба да му се предочи фактот дека тоа не се прави за да се задоволи родителот, или за да се воздигне неговиот авторитет, туку за доброто на самото дете. Детето треба да се поучи дека секоја неисправена грешка му донесува несреќа нему и тоа го предизвикува Божјето незадоволство. Под таква дисциплина детето во потчинување на својата волја на небесниот Отец ќе ја најде својата најголема среќа и успех.

**Последен ресурс.** – Многу пати ќе согледате дека доколку со нив постапувате љубезно, нема да има потреба да се бичуваат. И таков начин на постапување со нив ќе ги води кон тоа да имаат доверба во вас. Тие од вас ќе начинат свој доверител. Тие ќе дојдат при вас и ќе речат: јас згрешив денес во толку часот и сакам да ми простиш и да го замолиш Бога да ми прости. Јас имам поминато низ слични сцени и заради тоа јас знам... Јас сум благодарна за тоа дека имав храброст, кога тие погрешија, со нив да се соочам цврсто, да се молам за нив и пред нив да го држам стандардот на Божјиот збор. Јас сум среќна дека пред нив ги претставив ветувањата на победникот и понудените награди за оние кои се верни.

**Никогаш немојте да казнувате со страст.** – Никогаш детето не го казнувајте со страст, освен ако не сакате тие да научат да се тепаат и расправаат. Како родители, вие стоите на местото на Бога за вашите деца, и вие треба да внимавате над себеси.

Вие можеби ќе треба да казните со стап; тоа понекогаш е неопходно, но одложете да се соочите со таа потешкотија, додека не се здобиете со контрола врз себеси. Запрашајте се себеси: Дали јас го имам потчинето својот живот и волја на Бога? Дали се имам себеси поставено онаму каде Бог може да управува со мене за да имам мудрост, трпеливост, љубезност и љубов во соочувањето со тврдоглавоста во домот?

**Предупредување до еден темпераментен татко.** – Брате Л. дали некогаш си размислувал што е детето и каде оди тоа? Твоите деца се помлади членови на Господовото семејство, браќа и сестри кои нашиот небесен Татко ги има доверено на ваша грижа, за да ги обучите и приготвите за небо. Доколку кон нив постапуваш така грубо како што често си чинел, зарем не помислуваш дека Бог ќе те повика на одговорност? Не смееш да бидеш така груб со своите деца. Детето не е ниту коњ ниту куче на кое можеш да му заповедаш како што сакаш или во секоја прилика да го натераш на послушност со стап, бич или со удирање. Има деца кои се со така лош ќуд така што им е потребна казна со удар, но во многу случаи со тоа се постигнува полошо...

Никогаш не подигнувај рака да ги удриш децата доколку со мирна совест не можеш да паднеш пред Бога и побараш од Него благослов за тоа казнување. Поттикнувај љубов во срцето на своите деца. Учете ги да се зауздуваат себеси поттикнати од благородни причини. Не им дозволувај да мислат дека мораат да ти се покоруваат само затоа што ти тоа го сакаш, затоа што тие се слаби а ти јак, затоа што ти си татко а тие деца. Доколку сакаш да го упропастиш своето семејство, тогаш само продолжи да владееш со груба сила и ќе успееш во тоа.

**Никогаш не затресувајте дете кое погрешило.** – Јас имам речено дека кога се затресува едно дете, со тоа се внесува два зли духа во него, а истресува еден зол дух надвор. Доколку детето не е во право, да се затресе ќе го стори само полошо. Тоа него нема да го потчини.

**Прво користи разум и молитва.** – Прво резонирајте со своите деца, јасно покажувајќи ги нивните грешки, втиснувајќи го врз нивиот ум фактот дека тие не само што имаат згрешено против тебе, туку и против Бога. Со срце полно со сочувство и жал за твоите деца кои грешат, моли се за нив пред да ги казнуваш. Тогаш тие ќе видат дека не ги казнуваш затоа што ти причинуваат непријатност или пак затоа што вие сакате да го истурите своето незадоволство врз нив, туку дека тоа е сторено од чувство на должност, за нивно добро; и тие ќе ве сакаат и почитуваат.

Таквата молитва може да изврши такво влијание врз нивните умови што тие ќе видат дека вие не сте неразумни. И доколку децата согледаат дека не сте неразумни, вие имате здобиено голема победа. Тоа е делото кое треба да биде вршено во нашето семејство во овие последни денови.

**Ефективноста на молитвата при криза во дисциплината.** – Не им се заканувајте со гневот Божји на децата доколку тие сторат нешто погрешно, туку преку своите молитви донесете ги при Христа.

Пред да го казните своето дете и да му зададете физичка болка, вие можете, како христијански татко и мајка, да покажете љубов кон своето заблудено малечко. Кога со своето дете ќе клекнете на молитва, повикајте се на зборовите на сочувствителниот Спасител: „Пуштете ги децата да доаѓаат кај мене, и не им забранувајте; затоа што на таквите е царството Божјо.“ (Матеј 10:14) Таквата молитва ги доведува ангелите на ваша страна. Детето нема никогаш да го заборави таквото искуство. Таквото давање на поуки ќе ги прати Божји благослов, и детето ќе биде приведено кон Христа. Кога децата ќе сфатат дека родителите со своето настојување навистина сакаат да им помогнат и тие своите енергии ќе ги насочат во добра насока.

**Лични искуства во дисциплинирањето.** – Јас никогаш не сум им дозволила на моите деца да мислат дека тие можат да ми нанесуваат порази во нивното детство. Јас исто така во моето семејство донесов деца од други семејства, но јас никогаш не им дозволив на тие деца да мислат дека тие можат да ѝ нанесуваат порази на својата мајка. Никогаш не си дозволив да кажам некој груб збор или да станам нетрпелива или раздразлива кон децата. Тие ниту

еднаш не ме изнервираа – ниту еднаш не ме предизвикаа на гнев. Кога мојот дух беше возбуден, или пак се чувствував на кој и да е начин провоцирана, јас велев: „Деца, ние ќе го оставиме тоа да почива; сега нема ништо да речеме за тоа. Пред да одиме на спиење, ќе разговараме за тоа.“ Имајќи го сето тоа време за размислување, до вечерта тие ќе се оладеа, и јас со нив можев да се справам на многу поубав начин...

Постои правилен начин, а постои и погрешен начин. Јас никогаш не ја кренав својата рака над моите деца пред да разговарам со нив; и доколку тие се покорија, и доколку тие ја видоа својата грешка (а тие секогаш го правеа тоа кога јас во молитва го изнесував тоа пред нив), и доколку тие се потчинија (а тие секогаш го сторија тоа кога јас го правев ова) тогаш ги имав под моја контрола. Кога се молев со нив, тие целосно се понизуваа и покоруваа, фрлајќи ги своите раце околу мојот врат, почнувајќи да плачат...

Јас никогаш не дозволував, во исправањето на моите деца, дури ни мојот глас да се промени на кој и да е начин. Кога гледав нешто погрешно, јас чекав да помине жестокоста на ситуацијата и тогаш јас ќе ги повикав откако тие имаа време да размислуваат и беа засрамени. Тие би станале засрамени доколку јас им оставив еден час или два да размислуваат за тие нешта. Јас секогаш одев настрана и се молев. Јас тогаш не им се обраќав.

Откако тие беа оставени насамо за некое време, тие доаѓаа кај мене во врска со тој случај. „Добро,“ ќе речев јас „ние ќе чекаме до вечерта.“ И во тоа време ние ќе имаме молитва и тогаш јас ќе им речев дека тие ги имаат повредено своите души и го имаат ожалостено Духот Божји преку својот погрешен начин на постапување.

**Одвојте време за молитва.** – Кога се чувствував вознемирена од тоа што децата го правеа и бев искушувана да зборувам зборови од кои би се засрамила, јас молчев и веднаш излегував од собата и го молев Бога да ми даде трпение со тие деца. Тогаш јас ќе се вратев и зборував со нив, велејќи им дека тие не смеат тоа да го повторат. Ние можеме да заземеме таква положба во таа прилика како не би предизвикале гнев кај децата. Ние треба да зборуваме љубезно и трпеливо, имајќи на ум колку сме и ние самите застранети и како сакаме да бидеме третирани од нашиот небесен Отец.

**Радост може да следи по болката од дисциплинирањето.** – Нека децата и младите бидат поучени дека секоја грешка, секоја мана, секоја тешкотија што сме ја совладале, станува скалило кон она што е подобро и повозвишено. Со такви искуства постигнале успех сите кои некогаш живееле живот вреден за живеење.

**Следете го Божјиот прирачник.** – Библијата е прирачник за управување со децата. Тука, доколку родителите посакуваат, можат да најдат план за воспитување и образување на децата, за да не прават грешки... Кога тој прирачник се следи, родителите, наместо на своите деца да им пружаат неограничени угодувања, почесто ќе го користат стапот за казнување; наместо да бидат слепи за нивните грешки, нивните перверзни темпераменти, и живи само за нивните доблести, тие ќе имаат јасно согледување врз нештата и ќе гледаат според светлината од Библијата. Тие ќе знаат дека мора да им заповедаат на децата да одат по правиот пат.

**Вашиот дел и Божјиот дел.** – Откако ја имате завршено верно својата обврска, тогаш донесете ги при Бога и помолете го да ви помогне. Кажете му дека го имате завршено својот дел и тогаш преку вера замолете го Бог да го заврши својот дел, тоа кој вие не можете да го извршите. Замолете го да ги ублажи нивните наклонетости, да ги направи меки и нежни преку Својот Свети Дух. Тој ќе ве слушне како се молите. Тој ќе сака да ги вослиши вашите молитви. Преку Својот Збор, Тој ви наложува да ги исправите своите деца, „не поштедувајќи ги заради нивното плачење“ и Неговиот Збор треба да биде земен во предвид во тие нешта.

# СО ЉУБОВ И ЦВРСТИНА

**Два начини и нивните резултати.** – Постојат два начини да се постапува со децата – начини кои се разликуваат многу по начелата и последиците. Верноста и љубовта, соединети со мудрост и цврстина, во согласност со учењето на Божјиот збор, ќе донесе среќа во овој живот и во следниот. Занемарувањето на должностите, непромисленото попуштање, пропуста да се ограничат или исправат глупостите на младите, ќе резултира во несреќа и конечна пропаст на децата, а ќе донесе и разочарување и душевни маки за родителите.

Љубовта има сестра близначка, а тоа е должноста. Љубовта и должноста стојат една покрај друга. Ако покажуваме само љубов, а ја занемариме должноста, децата ќе станат тврдоглави, своеглави, перверзни, себични и непослушни. Ако ја оставиме само строгата должност, не ублажувајќи ја со љубовта која придобива, ќе се појават слични последици. Обврската и љубовта мора да се спојат ако сакаме децата да бидат правилно дисциплинирани.

**Љубезноста да биде закон на домот.** – Божјиот начин на управување претставува најдобар начин како треба да се воспитуваат децата. Бог никого не присилува да му служи и исто така никакво присилување ниту притисок не смее да има ниту во семејството ниту во училиштето. Но сепак, ниту родителите ниту учениците не смеат да дозволат нивниот збор да не се почитува и цени. Ако тие пропуштаат да ги исправат своите деца кога тие грешат, Бог ќе ги смета за одговорни за таквиот пропуст. Но, некои во таквото настојување да ги поправат, ги штедат од осудата и критиката. Нека љубезноста биде владеачко правило и во семејството и во училиштето. Нека децата бидат научени, а не натерани да го држат Божјиот закон и потоа цврсто, но со љубов проткаено влијание ги задржи од секое зло.

**Имајте разбирање за незнаењето на детето.** – Татковци и мајки, во домот вие треба да го претставите Божјиот карактер. Вие треба да барате послушност, не со навала на зборови, туку на љу-

безен начин полн со љубов. Вие треба да бидете полни со сочувствување за вашите деца да бидат привлечени кон вас.

Бидете пријатни во домот. Ограничете го секој збор кој може да предизвика несвет темперамент. Божествениот налог гласи: „Татковци, не ги провоцирајте своите деца на гнев.“ Имајте на ум дека вашите деца се млади по години и искуство. Во контролирањето и нивното дисциплинирање, бидете цврсти, но љубезни.

Децата секогаш не го разликуваат доброто од лошото, и кога грешат, тие често пати се третирани грубо, наместо да бидат љубезно поучени.

Во Божјиот збор не е дадена дозвола за родителска грубост или опресија или пак за непослушноста на децата. Законот Божји, во домашниот живот и во владите на нациите, се излева од едно срце на бесконечна љубов.

**Сочувство за дете кое не ветува.** – Јас ја гледам неопходноста родителите да се справат во мудроста Христова со своите деца кои грешат... Оние кои не ветуваат се оние на кои им треба најголемо трпение и љубезност, најнежно сочувство. Меѓутоа, многу родители откриваат ладен, нечувствителен дух, кој никогаш нема да ги води до покајание оние кои грешат. Нека срцата на родителите бидат омекнати од Христовата благодат и Неговата љубов ќе го пронајде патот до срцето.

Правилото на Спасителот – „Како што сакате да ви прават луѓето вам, така правете им и вие ним“ (Лука 6:31) – мора да биде правило на сите кои се занимаваат со воспитување на деца и млади. Тие се помлади членови на Господовото семејство, сонаследници со нас во благодатта на животот. Христовото правило мора свето да се почитува во однесувањето со најмрзеливите, со најмладите, со најнеумешните, па дури и со оние што грешат и се непокорни.

**Помогнете им да децата да победат.** – Бог нежно се грижи за децата. Тој сака тие да се здобиваат со победи секој ден. Сите ние треба да настојуваме да им помогнеме на децата да бидат победници. Нека тие не бидат повредени од членовите на нивното семејство. Не дозволувајте вашите дела и зборови да бидат од таква природа како вашите деца би биле провоцирани на гнев. Но

сепак тие мора верно да бидат дисциплинирани и исправени кога чинат нешто погрешно.

**Пофалете кога тоа е можно.** – Фалете ги децата кога чинат добро, бидејќи промислена препорака е голема помош за нив како што е и за оние постари во години и разбирање. Никогаш не бидете некооперативни во светоста на домот. Бидете љубезни и со нежно срце, покажувајте христијанска учтивост, благодарејќи им и пофалувајќи ги своите деца за помошта која ви ја дале.

Бидете пријатни. Никогаш не изговарајте гласни зборови полни со страст. Во ограничувањето и дисциплинирањето на своите деца, бидете цврсти, но љубезни. Поттикнувајте ги да ги вршат своите должности како членови на семејната организација. Изразете го своето ценење за напорите кои тие ги направиле за да ги зауздаат своите наклонетости во чинење на она што е погрешно.

Бидете она што посакувате вашите деца да бидат кога тие ќе имаат власт над своите семејства. Зборувајте како што би сакале тие да зборуваат.

**Внимавајте на тонот на вашиот глас.** – Зборувајте секогаш со мирен, сериозен глас, во кој нема да биде изразен ниту траг на страст. Страста не е неопходна за да се обезбеди неодложна послушност.

Татковци и мајки, вие сте одговорни за вашите деца. Бидете внимателни за тоа под какви влијанија ги поставувате. Немојте, преку укорување или раздразнување да го изгубите своето влијание врз нив за добро. Вие треба да ги насочувате, а не да ги возбудите страстите на нивните умови. Каква и провокација да имате, бидете сигурни тонот на вашиот глас да не покажува иритација. Нека во вас не видат манифестација на духот на сатаната. Тоа нема да ви помогне да им угодите и да ги воспитате вашите деца за идниот, бесмртен живот.

**Правдата да биде измешана со милоста.** – Родителот кој дозволува неговото управување да стане деспотизам прави ужасна грешка. Тој му наштетува не само на детето туку и на себеси, угаснувајќи ја во нивните млади срца љубовта која треба да тече во дела и зборови на љубов. Љубезноста, воздржувањето и љубовта,

манифестирани кон децата, ќе се вратат кон родителите. Тоа што го сеат, тоа и ќе го жнеат.

**Суровоста предизвикува борбен дух. Совет до строгите родители.** – Суровост и правда, непомешани со љубов, нема да ги водат вашите деца да чинат што е право. Забележете колку бргу во нив се подига борбен дух. Постои подобар начин на справување со нив отколку само преку присилување. Правдата има сестра близначка, која е љубовта. Нека љубовта и правдата се ракуваат во сите ваши управувања, и вие сигурно ќе ја имате Божјата помош која ќе соработува со вашите напори.

Авторитетот на родителите треба да биде апсолутен, но сепак тој не треба да биде злоставен. Во управувањето со своите деца родителот не треба да биде воден од каприц, туку од библиските стандарди. Кога тој дозволува неговите груби црти на карактерот да управуваат, тој станува деспот.

**Укорете, но со љубов и нежност.** – Без сомнеж вие ќе ги видите слабостите и застранетоста кај вашите деца. Некои родители ќе ви кажат дека тие им зборуваат и ги казнуваат своите деца, но тие не можат да видат дека тоа им чини навистина добро. Нека таквите родители пробаат нови методи. Нека тие помешаат љубезност, приврзаност и љубов со семејното управување, но сепак нека бидат цврсти како карпа за правите начела.

Јас сум поучена да им кажам на родителите, подигнете го стандардот на однесување во вашите домови. Учете ги вашите деца да бидат послушни. Управувајте со нив преку комбинирано влијание на приврзаноста и авторитетот налик на Христовиот. Нека вашите животи бидат такви како за нив би можеле да се кажат зборовите на препорака кажани за Корнелиус, за кого беше кажано дека тој „се боеше од Бога со целиот свој дом.“

**Не практикувајте ниту суровост ниту претерано попуштање.** – Ние не се согласуваме со таа дисциплина која ги обесхрабрува децата преку тешка цензура, или ги иритира преку страствено исправање, и тогаш, како што импулсот се менува, ги ублажуваме со бакнежи, или ги повредуваме преку угодувања кои се штетни. Претераното попуштање и несоодветната суровост исто така треба да бидат одбегнувани. Додека не можеме да ги оставиме будно-

ста и цврстината, исто не треба да заборавиме на сочувството и нежноста. Родители, имајте на ум дека вие се справувате со деца кои се борат со искушението и на тие зли нагони нив им е толку тешко да се спротивставаат како и на оние личности од позрели години. Децата кои навистина копнеат да чинат што е право можат повторно и повторно да доживеат неуспех и исто толку често им е потребно охрабрување за да имаат енергија и истрајност. Бдејте над делата на овие млади умови со молитвена грижа. Засилете го секој добар импулс; охрабрете ја секоја благодорна активност.

**Одржувајте постојана цврстина, нестраствена контрола.** – Децата поседуваат чувствителна природа која знае да љуби. Децата лесно се прават среќни и несреќни. Преку внимателна дисциплина со зборови полни со љубов и дела, мајките можат да ги врзат своите деца до нивните срца. Постојаната цврстина и нестраствена контрола се неопходни за дисциплината на секое семејство. Кажете го мирно тоа што сакате, бидете разложни во своите постапки и спроведувајте го тоа што сте го кажале без да правите промени.

Манифестирањето на наклонетост во вашето дружење со децата ќе се исплати. Не ги отфрлајте заради недостаток на сочувство во нивните детски игри, радости и жалости. Никогаш не дозволувајте да се намуртите или пак груб збор да излезе од вашите усни.

Дури и љубезноста мора да има своја граница. Авторитетот мора да се поддржува преку одлучна строгост затоа што од некои ќе биде примен со шегување и омаловажување. Таканаречената нежност, наговарањето и попуштањето насочено кон младите, од страна на родителите и старателите е најголемото зло кое може да дојде врз нив. Цврстината, одлучноста и позитивните барања, се непоходни за секое семејство.

**Имајте ги на ум своите грешки.** – Нека таткото и мајката имаат на ум дека тие самите се одраснати деца. И покрај тоа што голема светлина засветлувала на нивниот пат и тие имаат подолго искуство, сепак колку лесно тие се возбудени на завист, љубомора и зли претпоставки. Заради своите грешки и заблуди тие треба да научат да постапуваат внимателно со своите деца кои грешат.

Некогаш може да се чувствувате засрамени заради тоа што вашите деца постапуваат спротивно од она што вие сте им го кажале. Но дали некогаш сте размислувале за тоа колку пати сте постапувале спротивно од она што Господ ви го заповедал да го чините?

**Како да се задобие љубовта и довербата.** – Постои опасност и родителите и просветните работници да сакаат да заповедаат и да диктираат, додека недоволно се дружат со своите деца или ученици. Тие често пати се држат премногу резервирано и својот авторитет го наметнуваат на ладен и несимпатичен начин, со што срцата на децата и учениците не можат да се придобијат. Кога тие би ги собирале децата околу себе, покажувајќи со тоа дека ги сакаат и исполуваат интерес за нивните напори, па дури и за нивните игри, однесувајќи се понекогаш дури и како дете помеѓу нив, тие би ги сториле децата многу среќни и би ја придобиле нивната љубов и доверба. На тој начин и децата побрзо би научиле да го почитуваат и прифаќаат авторитетот на своите родители и учители.

**Млад човек во заблуда на кого му е потребно сочувство.** – Твоите писма јас ги читав со интерес и сочувство. Јас би рекла дека на твојот син сега му е потребен татко како никогаш порано. Тој има погрешено; ти го знаеш тоа и тој знае дека ти го знаеш тоа; и зборовите кои ти безбедно би му ги рекла во неговата невиност, и кои не би предизвикале никакви лоши последици, сега би изгледале како нељубезност и би биле остри како нож... Јас знам дека родителите се срамат заради грешките на детето кое ги има обесчестено многу болно, но дали заблудениот го ранува и повредува срцето на земниот родител повеќе отколку што Божјите деца го повредуваат нашиот небесен Родител, кој ни има дадено и сè уште ни дава од Неговата љубов, повикувајќи нè да се вратиме и покаеме од нашите гревови и безаконија и дека Тој ќе ги прости нашите престапи?

Не ја повлекувај својата љубов сега. Таа љубов и сочувство се потребни сега како никогаш порано. Кога другите гледаат кон него со ладни чувства и ги толкуваат лошите дела на вашето момче на најлош можен начин, зар таткото и мајката нема да настојуваат да ги водат неговите стапала по безбедни патеки? Јас не го познавам карактерот на гревовите на вашето дете, но јас со сигурност ве-

лам, што и да е тоа, нека никакви коментари од човечките усни, никаков притисок од човечките дела, од оние коишто мислат дека чинат правда, да те водат да постапиш на начин кој може да биде протолкуван од вашиот син дека вие се чувствувате премногу понижени и обесчестени за повторно да ја задобиете неговата доверба и да ги заборавите неговите престапи. Нека ништо не причини да губите надеж, нека ништо не ја прекине вашата љубов и нежност за оној кој погрешил. Само заради тоа што тоа греши, тој има потреба од тебе и тој сака таткото и мајката да му помогнат да заздрави од стапиците на сатаната. Држете го цврсто преку вера и љубов и прилепувајте се до сѐсочувствителниот Откупутел, имајќи на ум дека постои Еден кој има поголем интерес во него, дури повеќе и од вашиот.

Не зборувајте со обесхрабрување и безнадежност. Зборувајте со храброст. Кажете му дека тој може да биде избавен, дека вие, неговиот татко и мајка, ќе му помогнете да се фати за небото и ги постави своите стапала на сигурната Карпа, Исус Христос, да најде сигурна поддршка и ненамалувачка сила во Христа. Доколку неговата грешка некогаш е толку жалосна, нема да му помогне на вашиот син постојано да го притиснувате тоа врз него. Потребен е правилен начин за да се спаси една душа од смртта и една душа да се запази од извршување на многу гревови.

**Барајте помош од Бога за да го победите избувливиот темперамент.** – Јас посакувам да му кажам на секој татко и мајка, доколку имате избувлив темперамент, барајте помош од Бога за да го победите. Кога сте испровоцирани да бидете нетрпеливи, одете во својата соба, клекнете и побарајте помош од Бога за да извршувате правилно влијание врз своите деца.

Мајки, кога му се препуштате на нетрпениeто и постапувате избувлуво со своите деца, вие не учите од Христа, туку од еден друг господар. Исус вели: „Земето го Моето бреме врз себеси и научете од мене; затоа што јас сум кроток и смирен по срце; и вие ќе најдете почивка за своите души. Затоа што јаремот Мој е благ и бремето мое е лесно.“ Кога вашата работа е тешка, кога се жалите на тешкотиите и искушенијата, кога велите дека немате сила да го победите искушението, дека не можете да ја победите нетрпеливоста и дека христијанскиот живот е напорна работа, бидете сигурни

дека вие не го носите јаремот Христов; вие носите бреме од некој друг господар.

**Одблеснување на Божјиот лик.** – На црквата им се потребни луѓе со кроток и тивок дух, кои се долготрпеливи. Нека тие се научат на тие доблести во соочувањето со своите семејства. Нека родителите мислат многу повеќе за вечните интереси на детето отколку што мислат за нивната сегашна удобност. Нека кон децата гледаат како кон помлади членови на Господовото семејство, и ги воспитаат и дисциплинираат нив на таков начин како тие би ги воделе да го рефлектираат Божјиот лик.

# ОТСЕК XI

# *Погрешна дисциплина*

# ЗЛОТО КОЕ ПРОИЗЛЕГУВА ОД ПОПУШТАЊЕТО

**Вистинската љубов не му угодува на грешното.** – Љубовта е клуч кој допира до срцето на детето, меѓутоа, љубовта која ги води родителите да им попуштаат на своите деца во нивните грешни желби не е љубов која ќе делува за нивно добро. Срдечната љубов која произлегува од љубовта кон Христа ќе ги оспособи родителите да практикуваат промислен авторитет и да бараат неодложна послушност. Срцата на родителите и децата треба да бидат приврзани, како тие како семејство би биле канал преку кој можат да течат мудроста, доблеста, воздржувањето, љубезноста и љубовта.

**Колку повеќе попуштања, потешко за раководење.** – Родители, направете го домот среќен за своите деца. Со тоа не мислам да кажам дека вие треба да им попуштате на своите деца. Колку повеќе им попуштате, потешко ќе биде да се раководи со нив и за нив ќе биде потешко да живеат верен, благороден живот кога тие ќе излезат во светот. Доколку вие им дозволите да чинат како што им е угодно, нивната морална чистота и милност на карактерот брзо ќе избледат. Учете ги да бидат послушни. Нека тие согледаат дека авторитетот мора да биде почитуван. Тоа изгледа како да ќе им донесе мала непријатност сега, но тоа ќе ги поштеди од многу непријатности во иднината.

Грев е да му се угодува на дете кога е младо и кога греши. Детето треба да се држи под контрола.

Доколку на децата им се дозволи да чинат како сакаат, тие примаат идеја дека тие можат да бидат опслужувани, згрижени, да им се попушта и да бидат забавувани. Тие мислат дека нивните желби и нивната волја мора да биде задоволена.

Дали таа (мајката) не треба на детето да му дозволи да чини како сака понекогаш, да му дозволи да чини како што тоа посакува, дозволувајќи му да биде непослушно? Секако не, но толку сигурно колку што таа му дозволува, таа толку сигурно му дозволува на сатаната да го засади свето пеколно знаме во нејзината куќа. Таа мора да ја бие битката за тоа дете кое тоа не може да ја бие за себеси. Тоа е нејзиното дело, да го укори ѓаволот, да го бара Бога се-

срдно и никогаш да не му дозволи на сатаната да го земе нејзиното дете од нејзините раце и да го постави во своите раце.

**Попуштањето предизвикува немир и незадоволство.** – Во некои семејства желбите на детето се закон. Сето она што тоа го посакува му се дава. Сето она што нему не му се допаѓа, тоа е охрабрено и понатаму да не му се допаѓа. Се мисли дека тие попуштања би требало да го направат детето среќно, но тоа се токму тие нешта што него го прават да нема мир и да биде незадоволно. Попуштањето го има расипано неговиот апетит за едноставна, здрава храна, за едноставна, здрава употреба на неговото време; угодувањето ја има извршено работата на расипувањето на карактерот за сегашноста и за вечноста.

**Не му попуштајте на наговарањето.** – Родителите ќе треба за многу работи да дадат одговор во денот на судот заради своето зло попуштање на своите деца. Мнозина ја задоволуваат секоја неразумна желба, зашто тоа е подобар начин да се ослободат од досадувањето од било кој друг начин. Детето треба да биде така воспитано така што зборот на одбивање ќе го прими со вистински дух и ќе го прифати како конечен.

**Не го прифаќајте зборот на детето над зборот на другите.** – Родителите не треба лесно да поминат врз гревовите на своите деца. Кога тие гревовите се посочени од страна на некој верен пријател, родителите не треба да мислат дека неговите права се нападнати, дека тоа има примено лична навреда. Навиките на сите млади и секое дете влијаат врз благостостојбата на општеството. Погрешниот начин на живот на еден млад човек може да води многу други по тој зол пат.

Не им дозволувајте на вашите деца да видат дека вие го имате во предвид нивниот збор пред изјавите на постарите христијани. Велејќи дека им верувате на своите деца попрво отколку на оние за кои имате докази дека се Божји деца, вие ги поттикнувате во навиката на лажење.

**Наследството на едно расипано дете.** – Препуштањето на детето на неговата сопствена волја доведува до зла кои не е можно да се опишат. Некои што заради таквиот пропуст во детството за-

страниле, можат преку напорна примена на практичните поуки да се освестат и дојдат при себеси; но многумина се засекогаш изгубени затоа што во детството и младоста примале само делумно, еднолично воспитување. Детето кое на таков начин е размазено во детството, со тоа е оптоварено низ целиот свој живот. Во тешкотиите, разочарувањето и искушенијата кои животот со себе неизбежно ги донесува, тие секогаш ќе настојуваат да ја спроведуваат својата погрешно насочена волја која не била на време дисциплинирана. Децата кои не биле благовремено научени на послушност и покорување, развиваат непостојан и импулсивен карактер. Таквите во својот подоцнежен живот секогаш тежнеат да владеат, затоа што не се научени дека треба и да се потчинат. Тие немаат морална сила да го зауздаат својот самоволен ќуд, да ги исправуваат своите погрешни навики или да ја потчинат својата неконтролирана волја. Невоспитани и недисциплинирани во детството, тие своите тешки мани како наследени особини ги исполуваат и во доба на зрелоста. Изопачениот интелект ретко може да разликува помеѓу вистинитото и лажното.

# ЛАБАВАТА ДИСЦИПЛИНА И НЕЈЗИНИТЕ ПЛОДОВИ

**Погрешното воспитување влијае врз целиот верски живот.** – Врз родителите кои не ги воспитале своите деца да бидат богобојазни, туку им дозволиле да пораснат недисциплинирани и неконтролирани почива проклетство. За време на своето детство ним им било дозволено да манифестираат страсти, своеглавост и да постапуваат водени од импулсот, и тие истиот дух го внесуваат во домот. Тие се дефектни по темперамент и страствени во управувањето. Дури и во своето прифаќање на Христа тие не ги победиле страстите на кои им било дозволено да управуваат во нивните детински срца. Тие со себе ги носат последиците од своето рано воспитување низ целиот свој верски живот. Претставува најтешка работа таквиот впечаток да се отстрани од растението Господово; затоа што како што стеблото е свиткано, така и дрвото е наклонето. Доколку таквите родители ја прифатат вистината, тие ќе имаат тешка битка да бијат. Тие можеби ќе бидат преобразени по карактерот, меѓутоа целото нивно верско искуство е погодено од лабавата дисциплина практикувана над нив во нивните рани животи. И децата треба да страдаат заради нивното дефективно воспитување; затоа што тие ги пренесуваат своите мани врз нив до третото и четвртото поколение.

**Денешните Илии.** – О, кога денешните Илии, кои можат да се најдат насекаде како бараат оправдание за застранувањето на своите деца, веднаш би го користеле нивниот од Бога даден авторитет да ги ограничат и корегираат. Нека родителите и старателите, кои го прогледуваат и оправдуваат гревот во оние кои се под нивна грижа, имаат на ум дека тие така стануваат помошници во тие погрешки. Доколку, наместо неограничено попуштање, често пати би се користел казнувачкиот стап, не во страст, туку со љубов и молитва, ние ќе видиме посреќни семејства и подобра состојба на општеството.

Занемарувањето на Илија јасно е претставено пред секој татко и мајка во земјата. Како последица на неговата непосветена љубов или немање желба да го врши она што е непријатно, тој жнеел жетва на безаконие во своите изопачени синови. И родителите кои

го дозволиле беззаконието и децата кои го практикувале се виновни пред Бога, и Тој нема да прифати жртва или дар за нивниот престап.

**Општеството проколнато од дефектните карактери.** – Беззаконието кое постои денес во светот може да биде трасирано на занемарувањето на родителите да се дисциплинираат себеси и своите деца. Илјадници и илјадници од жртвите на сатаната се тоа заради непромислениот начин на кој тие беа управувани за време на нивното детство. Остриот Божји укор почива врз таквото управување.

**Разлабавување на уздите на дисциплината.** – Децата со кои погрешно се управувало, кои не се воспитани да имаат послушност и почит, се поврзуваат себеси со светот и превземат контрола врз своите родители, ставајќи узда на нив, водејќи ги таму каде што тие сакаат. Премногу често, токму во времето кога децата треба да покажат неоспорлива почит и послушност на советот на своите родители, родителите ги разлабавуваат уздите на дисциплината. Родителите кои до тогаш биле светли примери на доследна побожност сега се водени од своите деца. Нивната цврстина ја нема. Родителите кои го носеле Христовиот крст, и ги имале белезите на Господа Исуса врз нив со една единствена цел, се водени од своите деца по сомнителни и неизвесни патеки.

**Попуштање на постарите деца.** – Татковците и мајките кои треба да ја разберат одговорноста која почива врз нив, ја олабавуваат својата дисциплина за да ги задоволат наклонетостите на своите синови и ќерки кои растат. Волјата на детето е закон кој се признава. Мајките кои биле цврсти, постојани и непопустливи во својата прилепеност до начелата, одржувањето на едноставноста и верноста, стануваат попустливи како што нивните деца се спојуваат со мажественоста и женственоста. Во нивната љубов кон покажувањето тие му ги даваат своите деца на сатаната со своите раце, како што отпадничките евреи им дозволувале на своите деца да преминуваат преку оганот на Молох.

**Обесчестување на Бога за да се придобие наклонетоста на детето.** – Татковците и мајките им попуштаат на наклонетостите

на безбожните деца, и им помагаат со пари и средства за да се покажат во светот.

О, каков одговор ќе дадат таквите родители на Бога! Тие го обесчестуваат Бога и им даваат секаква чест на своите застранети деца, отворајќи врати за нивно забавување кои тие во минатото го осудиле од принцип. Тие дозволиле играње на карти, игранки и балови за да ги придобијат своите деца за светот. Во време кога нивното влијание врз нивните деца треба да биде најсилно, носејќи сведоштво за тоа што значи вистинското христијанство, како Илија, тие себеси се донесуваат под Божјо проклетство со тоа што го обесчестуваат Него и ги игнорираат Неговите барања, со цел да се здобијат со благонаклонетост кај своите деца. Но модерната побожност нема да биде од голема вредност во часот на смртта. И покрај тоа што некои проповедници можат да одобрат таков вид на религија, родителите ќе откријат дека тие ја оставаат круната на славата за да се здобијат со ловори кои немаат никаква предност. Нека Бог им помогне на таквите татковци и мајки да се разбудат за својата должност.

# РЕАКЦИИ НА ДЕТЕТО

**На провокација.** – Децата се поттикнати да им бидат послушни на своите родители во Господа, меѓутоа и на родителите исто така им е наложено: „Не ги провоцирајте своите деца на гнев, за тие да не бидат обесхрабрени.“

Со своите постапки ние децата повеќе ги провоцираме отколку што ги придобиваме. Видов една мајка како на детето му отргнува од раце нешто што му пружа посебно задоволство. Не знаејќи за причината на ваквото постапување, детето природно се почувствува злоставено. Следеше кавга помеѓу родителот и детето и со еден остар прекор призорот беше завршен, колку што тоа од надвор можеше да се види; но тој судир во чувствителната детска душа оставило болен впечаток кој нема лесно да се избрише. Таа мајка постапила многу немудро. Без причина предизвикала такво реагирање. Со својата остра и непромислена постапка поттикнала најлоши страсти во срцето на своето дете, и во секоја слична прилика тие страсти се побурно и се послино ќе доаѓаат до израз.

**На наоѓање мани.** – Вие немате право да донесете темен облак над среќата на вашите деца со тоа што ќе наоѓате мани или ќе ги казнувате строго за некои незначајни грешки. Грешката треба да биде направена да изгледа толку грешна каква што е, и треба да се превземе цврста, одлучна постапка за да се спречи нејзиното повторно појавување; но сепак децата не треба да бидат оставени во безнадежна состојба на умот, туку со одреден степен на храброст, за да можат да ја подобрат и задобијат вашата доверба и одобрување. Децата можат да посакуваат да чинат што е право, можат да одлучат да бидат послушни; но ним им е потребна помош и охрабрување.

**На премногу остра дисциплина.** – О, колку Бог е обесчестен во семејството кога таму не постои вистинско разбирање за тоа од што се состои семејната дисциплина, и децата се збунети за тоа што е тоа дисциплина и устројство. Вистина е дека премногу острата дисциплина, премногу критицизам, непотребни закони и

прописи, водат кон дисреспект на авторитетот и кон дисреспект кон оние прописи кои Христос би сакал тие да ги исполнат.

Кога родителите манифестираат груб, строг, господарски дух, дух на своеглавост и тврдоглавост се јавува кај децата. Така родителите пропуштаат да вршат омекнувачко влијание врз децата кои тие можеа да го вршат.

Родители, зарем не можете да видите дека острите зборови предизвикуваат противење? Што би правеле кога вие би биле третирани така непромислено како што вие ги третирате своите малечки? Ваша должност е да проучувате од причина до последица. Кога вие ги укорувавте вашите деца, кога со гневни изливи ги удиравте оние кои се премногу мали за да се одбранат себеси, дали сте се запрашале себеси какви последици би имал таквиот третман врз вас? Дали сте размислувале колку сте чувствителни во поглед на зборовите на критика или обвинување? Колку често се сметате повредени кога мислите дека некој не ги согледал вашите способности? Вие не сте ништо друго туку пораснати деца. Тогаш размислувајте како вашите деца се чувствуваат кога вие им зборувате груби, остри зборови, строго казнувајќи ги за пропустите кои не се ниту половина толку сериозни во Божјиот поглед, колку вашиот третман на децата.

Многу родители кои тврдат дека се христијани не се обратени. Христос не пребива преку вера во нивните срца! Нивната острина, нивната непромисленост, нивните непотчинети темпераменти, ги одвраќаат нивните деца и ги прават ненаклонети кон сите верски поучувања кои ги примаат.

**На постојана критика.** – Во нашите напори да го исправиме злото, ние мора да се пазиме од тенденцијата да наоѓаме грешки или да критикуваме. Постојаната критика збркува, но не реформира. Кај многу умови, а често оние кои се со најфина восприемливост, атмосфера на несочувствителен критицизам е фатален за напорите. Цвеќињата не се отвораат над виорот на разорувачкиот ветар.

Едно дете кое е постојано критикувано за некоја посебна слабост почнува својата слабост да ја смета како својствена за себе, нешто против кое е напразно да се бори. Така се создава обесхрабрување и безнадежност, кои се често пати сокриени под изгледот на рамнодушност или наметливо покажување.

**На наредување или карање.** – Некои родители, во недостаток на самосовладување, често пати подигнуваат цела бура на незадоволство. Наместо од децата да побараат љубезно да го сторат ова или она, тие им наредуваат со прекорлив глас и во исто време ги критикуваат и укоруваат децата и тогаш кога тие не го заслужиле тоа. Родители, со таквите постапки кон своите деца вие ја уништувате нивната ведрина и полет. Децата ги слушаат вашите наредби, но не од љубов, туку само затоа што не се осмелуваат да чинат поинаку. Тоа тие не го чинат од срце. Тоа за нив претставува мачење, а не задоволство и често тоа ги наведува да не ги уважуваат вашите упатства, кое повеќе ја зголемува вашата раздразливост, а положбата на децата ја прави уште потешка. Постојано им наоѓате грешки и нивното погрешно однесување го претставувате во претерана светлина, сè додека не ги обземе обесхрабреност до таа мерка што веќе им е сеедно; дали сте задоволни со нивното однесување или пак не. Дух на безгрижност во стилот: „Што ми е гајле,“ ги обзема таквите деца и тие својата радост и задоволство почнуваат да ја бараат надвор од домот, далеку од своите родители, затоа што во тој дом не можат да ја најдат. Се мешаат со децата на улица и наскоро стануваат слични на најлошите.

**На самоволен начин на постапување.** – Волјата на родителите мора да биде под Христовата дисциплина. Обликувани и управувани од Божјиот чист Свети Дух, тие можат да воспостават неприкосновена власт над децата. Но доколку родителите се строги и ако бараат многу во својата дисциплина, тие вршат дело кое тие никогаш нема да можат да го повратат. Преку својот самоволен начин на постапување, тие раздвижуваат чувство на неправда.

**На неправда.** – Децата се чувствителни и на најмала неправда и некои стануваат обесхрабрени под неа и нема да се покорат ниту на гласен, гневен глас на заповед, ниту пак ќе се плашат од закanување за казнување. Родителите често пати со своето лошо однесување предизвикуваат бунтовништво во срцата на своите деца, кои, кога со нив правилно би се постапувало, би формирале добри и хармонични карактери. Мајката која не владеела совршено врз себеси не е погодна да ги воспитува своите деца.

**На грабање или удирање.** – Кога мајката ќе го грабне детето или ќе го удри, дали мислите дека тоа му овозможува да ја види убавината на христијанскиот карактер? Не, навистина; тоа само тежнее да подигне зли чувства во срцето, и детето воопшто не е корегирано.

**На груби, несочувствителни зборови.** – Христос е подготвен да ги учи татковците и мајките како да бидат вистински воспитувачи. Оние кои ќе научат во Неговото училиште... никогаш нема да зборуваат на строг, несимпатичен тон; затоа што зборови искажани на таков начин стружат на увото, ги изморуваат нервите, предизвикуваат умствено страдање и создаваат состојба на умот која причинува да биде невозможно да се потисне темпераментот на детето кон кое се имаат искажано такви зборови. Тоа е честа причина зашто децата зборуваат неучтиво кон своите родители.

**На исмејување и шегување.** – Тие (родителите) немаат право да раздразнуваат, укоруваат или исмејуваат. Тие никогаш не треба да ги шегуваат со децата за перверзните црти на карактерот, кои тие самите им ги имаат префрлено. Таков начин на дисциплина никогаш нема да го излечи злото. Родители, нека начелата од Божјиот Збор ги упатуваат и укорат вашите застранети деца. Покажете им „така вели Господ“ за вашите барања. Укорот кој доаѓа како Божји збор многу повеќе е ефективен отколку оној кој доаѓа од устите на родителите проследен со остри, гневни тонови.

**На нетрпението.** – Нетрпението кај родителите предизвикува нетрпение и кај децата. Страстите кои ги исполуваат родителите ги креираат тие исти страсти и кај децата... Секој пат кога тие губат контрола над себеси, зборуваат и постапуваат нетрпеливо, тие грешат против Бога.

**На наизменично карање и наговарање.** – Јас често имам видено деца на кои кога нешто не им е дадено по нивно барање се фрлат себеси на подот во гнев, удирајќи и врискајќи, додека непромислената мајка наизменично го карала и наговарала детето со надеж дека во него ќе ја поврати неговата добра природа. Таков третман само ги храни страстите на детето. Следниот пат кога тоа ќе се случува тоа ќе го прави тоа со поголема своеглавост, уверено

дека ќе победи како и денот претходно. Така стапот е поштеден, а детето е расипано.

Мајката не треба да му дозволи на своето дете да придобие предност над неа ниту во еден случај. И, со цел да се одржува тој авторитет, не е неопходно да се нафати на остри мерки; цврста, постојана рака и љубезност која го уверува детето за љубовта ќе ја заврши поставената цел.

**На недостаток на цврстина и одлучност.** – Голема штета е нанесена заради недостаток на цврстина и одлучност. Јас знам како некои родители велат: Не можеш да го имаш ова или она, и тогаш омекнуваат, мислејќи дека можеби се премногу строги и на детето му го даваат она што претходно не му го дозволија. Така е нанесена штета за цел живот. Важен закон на умот е – еден кој не треба да биде прегледан – дека кога некој пожелуван предмет толку цврсто е одречен без каква и да е надеж да се добие, умот наскоро ќе престане да копнее по него и ќе биде окупиран со други работи. Но се додека постои каква и да е надеж за придобивање на посакуваниот предмет, ќе биде направен напор тој да се задобие...

Кога е неопходно родителите да дадат директна заповед, казната за непослушност треба да биде толку непроменлива како што се законите на природата. Децата кои се наоѓаат под такво цврсто, решително устројство знаат дека кога нешто им е забрането или одречено, никакво кокетирање или итрина не може да им го пружи тој предмет. Оттука тие наскоро учат да се потчинуваат и правејќи го тоа се многу посреќни. Децата на неодлучни родители кои премногу ги задоволуваат своите деца имаат постојана надеж дека наговарањето, плачењето или зловолието може да им го даде нивнот предмет или дека тие можат да си замислат дека можат да бидат непослушни без да добијат казна. Така тие се постојано во состојба на копнеж, надеж и неизвесност, кое ги прави неспокојни, раздразливи и непокорни. Бог таквите родители ги смета виновни за уништувањето на среќата на нивните деца. Ова зло погрешно раководење е клуч за нетрпението и нерелигиозноста на илјадници. Тоа било причина за пропаст на многумина кои го исповедале христијанското име.

**На ненужни ограничувања.** – Кога родителите остаруваат и имаат мали деца да ги одраснат, таткото веројатно ќе мисли дека децата мора да го следат тешкиот, рапав начин на живот кој тој го живее. За него е тешко да сфати дека децата имаат потреба нивниот живот од страна на нивните родители да биде направен угоден и среќен.

Многу родители на своите деца им одрекуваат угодување во она што е безбедно и безазлено и толку се уплашени во нив да поттикнат негување на желби кон недобри нешта така што тие дури не им го дозволуваат на своите деца уживањето кое децата треба да го имаат. Преку страв за зли последици, тие ја одбиваат дозволата да им попуштат во некои едноставни задоволства кои би ги запазиле од истото зло кое тие настојуваат да го одбегнат; и така децата мислат дека нема корист во очекување на какви и да се благонаклоности и заради тоа тие не ги бараат истите. Родителите им ги крадат задоволствата на децата за кои тие мислат дека треба да бидат забранети. На тој начин довербата помеѓу родителите и децата е уништена.

**На одбивање на некоја разумна привилегија.** – Доколку самите татковци и мајки немале среќно детство, зошто тогаш тие би ги заселиле животите на своите деца заради својата голема загуба во тој поглед? Таткото може да мисли дека тоа е единствениот безбеден начин на постапување; но нека тој има на ум дека сите умови не се конституирани на ист начин и дека колку се поголеми напорите да се ограничи, толку помалку ќе може да се контролира волјата за желбата да се задобие она што е одрекнато, а последица на тоа ќе биде непослушност кон авторитетот на родителите. Таткото ќе биде ожалостен од она што тој го нарекува самоволен начин на постапување на неговиот син, и неговото срце ќе биде рането заради неговата непослушност. Но зарем нема да биде добро за него да го има во предвид фактот дека првата причина за непослушност на неговиот син беше неговото немање волја на синот да му попушти во она во кое немаше грев? Родителите мислат дека доволна причина за одрекувањето на желбата на синот е тоа што истото нив им било одречено. Но родителите треба да имаат на ум дека нивните деца се интелигентни битија, и дека тие треба да постапуваат со нив како што и самите би сакале да се постапува со нив.

**На суровост.** – Родителите кои практикуваат дух на надмоќ и авторитет, пренесени од нивните родители, коешто ги води да бараат премногу во својата дисциплина и поучување, нема своите деца правилно да ги воспитаат. Преку својата суровост во постапувањето со нивните грешки, тие ги возбудуваат најлошите страсти на човечкото срце и децата ги оставаат со чувство на неправедност и нефер третман. Тие ја среќаваат во своите деца истата диспозиција која тие самите им ја имаат дадено.

Таквите родители ги протеруваат децата од Бога, зборувајќи им за верски работи; затоа што христијанската религија е направена непривлечна и дури одбивна преку таквото погрешно претставување на вистината. Децата ќе речат: „Добро, ако ваква е верата, тогаш јас не сакам ништо да имам со неа." Така често пати се креира непријателство во срцето против верата; и заради самоволното присилување на авторитетот, децата се водени да го презираат небесниот закон и устројство. Родителите ја зацврстиле вечната судбина на своите деца преку своето погрешно управување со нив.

**На тивок, љубезен начин на постапување.** – Доколку родителите посакуваат нивните деца да бидат пријатни, тие никогаш не треба да им зборуваат на начин на кој би ги карале. Мајката често пати си дозволува себеси да биде раздразлива и нервозна. Таа често пати го зграпчува детето и му зборува на груб, непријатен начин. Доколку детето е третирано на тивок, љубезен начин, тоа многу ќе стори да го запази пријатниот темперамент.

**На преколнување со љубов.** – Таткото, како свештеник на домот, треба да постапува благо и трпеливо со своите деца. Тој треба да внимава во нив да не предизвика појава на борбена наклоност. Тој не смее да дозволи престапот да помине неисправен, но сепак постои начин да се исправи без да се возбудат најлошите страсти во човечкото срце. Нека тој во љубов зборува со своите деца, велејќи им колку е ожалостен Спасителот заради нивната постапка; и тогаш нека клекне со нив пред седиштето на милоста и ги претстави пред Христа, молејќи се Тој да има сочувство над нив и да ги води да се покајат и побараат прошка. Таквата дисциплина скоро секогаш ќе го прекрши и најтврдоглавото срце.

Бог посакува со нашите деца да постапуваме во едноставност. Ние сме склони да заборавиме дека децата ја немаат предноста на долгите години на обучување кои постарите луѓе ја имале. Доколку малечките не постапуваат во согласност со нашите идеи во секој поглед, ние понекогаш мислиме дека тие заслужуваат карање. Но тоа нема да ги поправи нештата. Одведете ги кај Спасителот и кажете Му Нему сè за тоа; тогаш верувајте дека Неговите благослови ќе почиваат врз нив.

ГЛАВА 49

# ОДНОСОТ НА РОДНИНИТЕ

**Роднините кои им попуштаат на децата се проблем.** – Бидете внимателни како го предавате устројството на вашите деца на другите. Никој не може да ве ослободи од вашата од Бога дадена одговорност. Многу деца се целосно уништени од мешањето на роднините или пријателите во нивното домашно устројство. Мајките не треба никогаш да им дозволат на своите сестри или мајки да се мешаат во мудрото устројство на нивните деца. И покрај тоа што мајката можеби примила најдобро воспитување од страна не својата мајка, сепак, во девет случаи од десет, како баба, таа ќе ги расипе децата на нејзината ќерка, преку попуштање и непромислена пофалба. Сите трпеливи напори на мајката можат да пропаднат преку тој начин на постапување. Позната е изреката дека бабите, како правило, не се погодни да ги одраснат своите внуци. Мажите и жените треба да ја оддадат сета почит и покорност која им припаѓа на нивните родители; но во поглед на управувањето на своите деца, тие не треба да дозволат мешање, туку уздите на устројството треба да ги имаат во своите раце.

**Кога тие се смеат на непочитувањето и страстите.** – Каде и да одам, јас сум ражалостена заради занемарувањето на соодветната дисциплина и ограничување. На малите деца им е дозволено да одговараат, да покажуваат непочитување и непристојност, користејќи јазик кое на ниту едно дете не треба никогаш да му се дозволи да го користи кон своите претпоставени. Родителите кои дозволуваат употреба на неугоден говор се повеќе достојни за обвинување отколку нивните деца. Непристојноста кај детето не треба ниту еднаш да биде толерирано. Меѓутоа татковците и мајките, чичковците и тетките и дедовците и бабите се смеат при пројавувањето на страстите кај тие мали созданија кои имаат само една година. Нивното несовршено искажување на непочит, нивната детска тврдоглавост, се сметаат за остроумни. Така се формираат погрешни навики и детето расте да биде предмет на непријателство на сите околу него.

**Кога тие се обесхрабруваат од соодветното исправување.** – Јас треперам посебно за мајките, кога гледам дека се слепи и толку малку ја чувствуваат одговорноста која паѓа на мајката. Тие гледаат како сатаната работи во самоволното дете коешто е само неколку месеци старо. Исполнето со злобна страст, изгледа како сатаната да зема целосна контрола. Но во куќата можеби се наоѓа бабата, тетката или некој друг роднина или пријател, кои ќе настојуваат да сторат родителот да верува дека би било сурово детето да се поправи; кога токму спротивното е она што е исправно; тоа претставува најголема суровост на сатаната да му се дозволи да има власт над тоа нежно, беспомошно дете. Сатаната мора да биде укорен. Неговиот зафат над детето мода да биде скршен. Доколку исправувањето е потребно, бидете верни во тоа. Божјата љубов, вистинската милосрдност за детето, ќе води кон верно исполнување на должностите.

**Потешкотии кога семејствата живеат блиску едни до други.** – Не е најдобро за децата на едно, две или три семејства кои меѓусебно се поврзани преку брачни врски да живеат на неколку километри еден од друг. Нивното меѓусебно влијание не е поволно. Работата на едните е работа на другите. Потешкотиите и неволјите кои што секое семејство мора да ги искуси повеќе или помалку, и кои, колку што е можно, треба да бидат ограничени во границите на семејниот круг, се проширувaат на сите роднини и влијаат врз верските состаноци. Постојат нешта кои не треба да бидат познати за некое трето лице, колку пријателски и блиско поврзано тоа и да е. Таквите работи треба да останат кај поединците во семејствата. Меѓутоа, роднинските односи помеѓу неколку семејства, чиишто патишта постојано се вкрстуваат можат да му нанесат штета на достоинството кое треба да се запази во секое семејство...

Сите би биле многу посреќни кога би биле одвоени и кога би се посетувале повремено а влијанието на едните врз другите ќе биде десет пати поголемо.

# ОТСЕК XII

# *Развиток на умствените сили*

# ОД ШТО СЕ СОСТОИ ВИСТИНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Ширината на вистинското образование.** – Вистинското образование значи повеќе отколку само изучување на одредена студиска настава. Тоа е широко. Во него е вклучен хармоничниот развиток на сите физички сили и умствени способности. Тоа поучува на љубов и страв кон Бога и е подготовка за верно извршување на животните должности.

Првата голема поука во сето образование е да се знае и разбира Божјата волја. Секој ден ние треба да се трудиме да се здобиеме со тоа знаење. Да се учи за науката само преку човечкото толкување значи да се здобие погрешно воспитување, но да се научи од Бога и Христа значи да се научи науката на небото. Се има дојдено до збрка во образованието затоа што се немаат воздигнато Божјата мудрост и знаење.

**Влијание спротивно на себичното ривалство и алчност.** – Во време како што е нашето, каква е насоката на образованието што се дава? На кои движечки сили во човекот тоа најчесто му се обраќа? На самољубието. Голем дел од образованието што се дава, не го заслужува тоа име. Со вистинското образование се сузбиваат себичната амбиција, копнежот за власт, непочитување на правата и потребите на човештвото – пороци кои како проклетство го притискаат нашиот свет.

**Вистинското образование е практично и теоретско.** – Во детството и младоста практичното и теоретското обучување требе да биде соединето, и умот складиран со знаење...

Децата треба да бидат поучувани да носат дел од домашните должности. Тие треба да бидат поучени како да им помогнат на таткото и мајката во малите нешта кои тие можат да ги чинат. Нивните умови треба да бидат обучени да мислат, нивните мемории напрегнати да ја запаметат нивната одредена работа; и во обучувањето на навиките на корисност во домот, тие се образуваат во вршење на практичните должности соодветни за нивните години.

**Тоа не е природен избор на младите.** – Воспитувањето од таквиот карактер кое ќе ги приготви за практичниот живот, тие по природа не се склони да го одберат. Тие напорно ги истакнуваат своите желби; што им се допаѓа а што не, своите приоритети и наклонетости. Но доколку родителите имаат правилна претстава за Бога, за вистината и за влијанијата со кои треба да бидат опкружени нивните деца, ќе чувствуваат дека врз нив почива од Бога дадена одговорност грижливо да работат и да ги насочуваат младите кои што сè уште немаат искуство во животот.

**Не е метод за одбегнување на животните бремиња.** – На младите треба да им се втисне мислата дека образованието не ги учи како можат да се избегнат непријатните животни должности и тешките товари; туку како со подобри методи и повозвишени цели може да се олесни работата. Научете ги дека вистинската животна цел не е стекнување најголема добивка за себеси, туку оддавање почест на својот Создател преку извршување на својот дел од работите во светот и давање рака помошничка на оние кои се пославби или имаат помалку знаење.

**Воспитувањето треба да го разбуди духот на служба.** – Служењето на Христа во малите секојдневни нешта, повеќе од сè друго, има моќ да го образува карактерот и да го насочи животот кон патот на несебичната служба. Работата на родителите и наставниците е да го пробудат овој дух, да го охрабрат и правилно да го насочат. Не постои поважна работа која би можела да им биде доверена. Духот на служба е дух на небото и ангелите ќе соработуваат во секој наш напор да го развиеме и поттикнеме.

Ваквото воспитување мора да биде втемелено врз Божјата реч. Само во неа неговите принципи се дадени во потполност. Библијата треба да биде темел на проучувањето и поучувањето. Најсуштествено знаење е знаењето за Бога и за Оној што Тој Го испратил.

**Тоа го поставува моралното воспитување над интелектуалната култура.** – Децата се во голема потреба од правилно домашно воспитување кое би ги оспособило да станат корисни членови на човечкото општество. Меѓутоа, секој напор со која интелектуалната култура се издига над моралното воспитување, погрешно е насочен. Упатувањето, поправувањето и облагородува-

њето на децата и младите треба да биде најважна должност на родителите и учителите.

**Неговата цел е изградување на карактерот.** – Стекнувањето на таквото знаење кои нас ќе не направи подобри, кое во нас ќе ги развие најдобрите карактерни особини, а душата ќе ја удостои за животот кој по траење може да се мери со животот Божји, - тоа е највозвишеното воспитување. Вечноста не смееме никогаш да ја изгубиме од своите пресметки. Највозвишеното воспитување е она кое нашите деца и млади ќе ги упати во науката на христијанството, кое ќе им пружи искуствено знаење за Божјите патишта и за Неговиот татковски карактер, поуки кои самиот Христос лично им ги предал на Своите ученици.

**Тоа е обучување кое насочува и развива.** – Соломон вели: „Упатувај го детето по патот по кој треба да оди, па кога ќе остари, нема да отстапи од него.“ Овој јазик е позитивен. Обучувањето кое Соломон ни го наложува треба да упати, образува и развие.

Со цел родителите и учителите да ја вршат својата работа, тие самите за себе мора да го разберат „патот“ по кое детето треба да оди. Тоа опфаќа повеќе отколку само знаењето од книгите. Тоа го вклучува сето она што е добро, доблесно, праведно и свето. Тоа ја вклучува умереноста, побожноста, братската љубезност и љубов кон Бога и еден кон друг. За да се постигне таа цел, мора да се посвети внимание на телесното, умственото, моралното и верското воспитување на децата.

**Тоа подготвува работници за Бога.** – На татковците и мајките паѓа одговорноста за пружање на христијанско воспитување на децата кои им се доверени. Во ниту еден случај тие не треба да дозволат некоја работа толку да го апсорбира умот, времето и талентите за нивните деца да застрануваат сѐ додека тие не се многу оддалечени од Бога. Тие не треба да им дозволат на своите деца да слизнат од нивниот стисок во рацете на неверниците.

Тие треба да сторат сѐ што е во нивна моќ да ги држат настрана од впивањето на духот на светот. Тие треба да ги воспитуваат нив да станат работници заедно со Бога. Тие треба да бидат Божја човечка рака, угодувајќи си себеси и на своите деца за бескрајниот живот.

**Тоа поучува за љубовта и стравот Божји.** – Христијански родители, нема ли да сакате заради Христа да ги испитате вашите копнежи, вашата цел за вашите деца и да видите дали тие можат да го поминат тестот на Божјиот закон? Најнеопходното воспитување е она кое нив ќе ги учи на љубовта и стравот Божји.

# ПОДГОТОВКА ЗА УЧИЛИШТЕ

**Првите осум или десет години.** – Децата не треба долго да се држат затворени во домот, ниту од нив да се бара напорно да учат, сè додека не биде поставен добар темел за нивниот физички развој. Во текот на првите осум или десет години од животот, најдобрата училница за детето се полето или градината, мајката најдобар учител, а природата најдобар учебник. Дури и кога детето ќе порасне доволно за да посетува училиште, неговото здравје мора да се смета за многу поважно од интелектуалното знаење. Треба да му се обезбедат најповолни услови за физички и ментален раст.

Обичај е децата многу млади да се пратат на училиште. Од нив се бара да учат од книги кои ги обременуваат нивните млади умови... Тоа не е мудро. Едно нервозно дете не треба да биде обременето во таа насока.

**Програмата на детето за време на раното детство.** – За време на првите шест или седум години од животот на детето, посебно внимание треба да биде попрво посветено на неговото физичко воспитување отколку на умот. По тој период, доколку физичката конституција е добра, на воспитувањето на двете нешта треба да се посвети внимание. Раното детство се протега до шестата или седмата година. До тој период децата треба да бидат оставени, како млади јагниња, да талкаат околу куќата и во полињата, весело потскокнувајќи и скокајќи, слободни од грижата и неволјите.

Родителите, а посебно мајките, треба да бидат единствени учители на таквите мали деца. Тие не треба да ги образуваат од книги. Децата воглавно треба да бидат желни за знаење на нештата од природата. Тие ќе поставуваат прашања во поглед на нештата кои ги гледаат и слушаат и родителите треба да ја искористат можноста да ги поучат и трпеливо им одговорат на тие мали прашања. На тој начин тие можат да се здобијат со предност над непријателот и да подигнат бедем околу умовите на своите деца преку сеење на добро семе во нивните срца, не оставајќи му простор на лошото да зафати корен. Тоа што на децата им е потребно во нив-

ните нежни години за обликувањето на карактерот е љубовната инструкција на мајката.

**Поуки за време на транзициониот период.** – Мајката треба да биде учителот, а домот училиштето каде секое дете ќе ги прима своите први лекции; и во тие лекции треба да бидат вклучени навиките на работливост. Мајки, нека малечките си играат на отворен простор; нека ги слушаат песните на птиците и научат за љубовта Божја која е изразена во Неговите прекрасни дела. Поучувајте ги на едноставните поуки од книгата на природата и нештата околу нив; и како што нивните умови раснат, можат да се придадат поуки од книгите и цврсто да се врежат во меморијата. Но нека тие исто така научат, дури во своите најрани години, да бидат корисни. Учете ги да мислат на тоа, како членови на домаќинството, тие треба заинтересирано да помагаат во споделувањето на домашните бремиња, и да тежнеат кон здрава физичка активност во извршувањето на неопходните домашни обврски.

**Тоа не треба да биде болен процес.** – Таквото воспитување е од неискажлива вредност за детето и таквото воспитување не треба да биде болен процес. Тоа треба така да биде дадено за детето да може да најде задоволство учејќи да биде корисно. Мајките можат да ги забавуваат своите деца додека ги поучуваат да ги извршуваат малечките домашни должности со љубов. Тоа е делото на мајката – трпеливо да ги поучува своите деца, заповед врз заповед, правило врз правило, малку тука и малку таму. И во вршењето на таа работа, мајката самата ќе се здобие со бесценетото воспитување и дисциплина.

**Моралот загрозен од страна на училишното друштво.** – Не ги праќајте своите малечки премногу рано на училиште. Мајката треба да биде многу внимателна како вообличувањето на умот на толку мало дете му го предава на друг.

Многу мајки мислат дека тие немаат време за да ги поучат своите деца, и за да се ослободат од нив, од нивната врева и бељи, тие ги испраќаат на училиште...

Не само што може да биде доведено во опасност физичкото и умственото здравје на децата со тоа што ќе се испратат на училиште на премногу млада возраст, но тие се губители и во морален

поглед на нештата. Таму тие имаат можност да се запознаат со деца кои се невоспитани во своите манири. Тие се фрлени во друштвото на некултурните, на оние кои лажат, пцујат, крадат и мамат, и кои наоѓаат задоволство тоа знаење за пороците да го дадат на оние кои се помлади од нив. Младите деца, доколку бидат препуштени на себеси, попрво го учат лошото отколку доброто. Лошите навики најдобро се слагаат со телесното срце, и нештата кои тие ги слушаат и гледаат во раното детство и детството се длабоко врежуваат врз нивните умови; и лошите семиња кои се сејат во нивните млади срца ќе фатат корен и ќе станат остри трња кои ќе ги рануваат срцата на нивните родители.

# ОДБИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕ

**Која класа на едукатори?** – Постојат две класи на едукатори во светот. Една класа се оние кои Бог ги прави канали на светлината, а другата класа се оние кои сатаната ги користи како свои агенти, кои се мудри да чинат зло. Една класа го зема во предвид карактерот Божји и се богати во знаењето за Христа, кој Бог го пратил во светот. Таа класа целосно им се предава на оние нешта кои донесуваат осветлување од небото, небесна мудрост за воздигнување на душата. Секоја способност на нивната природа се потчинува на Бога и нивните мисли се донесени во покорност на Христа. Другата класа е во сојуз со принцот на темнината, кој секогаш е буден како би нашол прилика другите да ги учи на знаењето за злото.

**Одберете го училиштето каде Бог е темелот.** – Кога го планираат воспитувањето и образованието на своите деца надвор од семејниот круг, родителите мораат да го имаат на ум фактот дека веќе не е безбедно да се посетуваат јавните училишта; туку треба, не жалејќи труд и напор, да ги праќаат во училишта каде ќе примат воспитување засновано на библискиот темел. Врз секој родител почива свечена одговорност и должност своите деца преку христијанско воспитување да ги запознаат со Бога, наведувајќи ги да станат учесници во божествената природа и во сите нешта да ја прифатат Неговата волја и Неговиот пат.

**Имајте го на ум Божјиот совет до Израел.** – Додека судовите Божји паѓаа врз Египетската земја, Господ ги упатил Израелците не само да ги држат децата во сферата на нивните домови, туку да ја донесат дури и својата стока од полињата...

Како што Израелците ги држеле своите деца во своите куќи за времето кога Божјите судови паѓале врз земјата Египетска, така и во време на опасност ние треба нашите деца да ги држиме одвоени и различни од светот. Ние треба да ги учиме дека Божјите заповеди значат многу повеќе отколку што ние тоа го сфаќаме. Оние кои ги држат нема да ги имитираат делата на престапниците на Божјиот закон.

Родителите мора да гледаат кон Божјата реч со почит, бивајќи послушни на сите нејзини поучувања. До денешните родители, како и до Израелците, Бог објавува: „Овие зборови... нека ти се врежат во срцето; напомнувај им ги на своите синови. Зборувај им за нив кога седиш дома во својата куќа и кога одиш патем; кога легнуваш и кога стануваш. Врзи ги на својата рака за знак и нека ти бидат како запис меѓу очите! Напиши ги на довратниците на својата куќа и на своите врати.“

И покрај тие јасни инструкции, некои од Божјиот народ им дозволија на своите деца да посетуваат јавни училишта, каде тие се мешаат со оние кои се корумпирани во моралот. Во тие училишта нивните деца не можат ниту да ја проучуваат Библијата ниту да ги научат нејзините принципи. Христијански родители, вие морате да обезбедите начин на кој вашите деца ќе бидат образовани според Библиските начела.

**Библиската вистина неутрализирана; детето збунето.** – Дали вашите деца од учителите во јавните училишта примаат мисли кои се во хармонија со Божјиот збор? Дали гревот е претставен како повреда за Бога? Дали послушноста на сите Божји заповеди е поучена како почеток на сета мудрост? Ние ги испраќаме нашите деца во саботната школа за да бидат поучени во поглед на вистината, и потоа кога одат во целодневното училиште, им се дадени лекции кои содржат заблуди. Тие нешта го збунуваат умот, а тоа не треба да биде така; затоа што ако младите примаат мисли кои ќе го збунат умот, како ќе биде спречено влијанието на таквото образование?

Дали треба да се чудиме дека под таквите околности некои од младите меѓу нас не ги вреднуваат верските предности? Дали можеме да се чудиме на тоа дека тие застрануваат во искушение? Можеме ли да се чудиме дека, занемарени какви што биле, нивните сили се посветени на задоволство кое не им чини добро, дека нивните верски желби се ослабени и нивниот духовен живот затемнет. Умот ќе биде од ист карактер како и она од кое се храни, жетвата од иста природа според посеаното семе. Дали тие факти доволно ја покажуваат неопходноста за внимавање од најраните години на образованието кое младите го примаат. Зарем нема да биде подобро за младите да пораснат во степен на незнаење за

она што е општо прифатено како образование за да станат негрижливи во поглед на Божјата вистина.

**Домашни црковни училишта.** – Колку што е повеќе можно, на сите наши деца треба да им се пружи предимството на христијанското воспитување. За да им се овозможи, понекогаш мора да основаме домашни црковни училишта. Добро би било неколку семејства од едно соседство да се здружат и заеднички ангажираат еден понизен и богобојазлив учител кој на родителите ќе им пружи неопходна помош во воспитувањето на нивните деца. Тоа би било од голем благослов за многу изолирани групи на почитувачи на саботата, и тој план би бил многу повеќе според Господовата волја отколку досегашниот по кој децата беа одвојувани од своите семејства како би посетуваат некои од нашите поголеми училишта.

**Работете како за живот да ги спасите децата.** – Во некои земји родителите се принудени со закон да ги испратат децата во училиште. Во тие земји, во места каде има цркви, треба да се отворат училишта, дури кога би имало само шест деца кои би ги посетувале. Работете како што би работеле за својот живот да ги спасите своите деца од давењето од нечистото, расипничкото влијание на светот.

**Подготовка за повисокиот степен на образование на небото.** – Тој на родителите им испраќа повик на предупредување: Соберете ги своите деца во своите куќи; одвојте ги од оние кои не ги почитуваат заповедите Божји, кои чинат зло и другите ги учат на тоа. Излезете од големите градови колку што е можно поскоро. Основајте црковни училишта. На своите деца пружете им ја Речта Божја како темел на сето нивно обрзование. Таа е полна со прекрасни поуки и доколку учениците од неа направат предмет на своето основно проучување овде, тие ќе бидат подготвени за повисокиот степен на образование на небото.

# ОДГОВОРНОСТА НА ЦРКВАТА

**Црквата како стражар.** – Бог ја ставил Својата Црква како стражар, ревносно да бдее, водејќи грижа за своите млади и деца, и како стражар на ѕидот штом здогледа приближување на непријател веднаш да предупреди на опасност. Но Црквата не ја сфаќа таа ситуација. Таа спие на стража. Во ова време на опасност, татковците и мајките мора да се разбудат и тргнат, како да е во прашање животот, инаку во спротивно многу млади ќе бидат засекогаш загубени.

**Божјиот закон мора да биде воздигнат.** – Црквата има посебна задача во образувањето и воспитувањето на своите деца, за тие, при посетување на некое училиште или движејќи се во некое друго друштво, тие да не паднат под влијание на оние кои имаат расипани навики. Светот е полн со безаконие и непочитување кон барањата Божји...

Протестантските цркви ја прифатиле лажната сабота, чедото на папството и ја имаат воздигнато над Божјиот свет, посветен ден. Наша должност е на децата да им објасниме дека првиот ден од седмицата не е вистинскиот ден за одмор и дека празнувањето на тој ден, откако ни е дадена светлината во поглед на вистинскиот ден за одмор, значи отворено спротивставување на Божјиот закон.

**Дарувајте за мисиите, но не ги занемарувајте младите во домот. –** Зарем членовите на црквата ќе даваат средства за Христовото дело да се шири меѓу другите, а своите деца ги оставаат да учествуваат во делото и службата на сатаната.

Иако треба да вложуваме најсрдечни напори за масата луѓе со кои сме опкружени и да го потпомагаме делото во странските мисии, со никакво залагање во тој правец не може да го оправдаме запоставувањето на воспитувањето на нашите деца и млади. Тие мора да се обучуваат за еден ден да станат работници за Бога. И родителите и учителите мораат, преку поуки и пример, да настојуваат начелата на вистината и честитоста да ги всадат во мислите

и срцата на младите, како тие би станале мажи и жени непоколебливо предани на Бога и на Неговото дело.

**„Да се подигнеме и да градиме“** – Дали треба да дозволиме да бидеме заразени од светот – од неговото безаконие, неговата непочит за Божјите заповеди? Јас ги прашувам оние кои планираат да ги испратат своите деца во јавните училишта, каде што тие се склони да бидат заразени, како можете да превземете таков ризик?

ГЛАВА 54

# УЧИТЕЛИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО ПАРТНЕРТСТВО

**Тимската работа почнува во домот.** – Оваа соработка први мораат да ја започнат таткото и мајката, во домашниот живот. Тие се заеднички одговорни за воспитувањето на своите деца и затоа постојано мораат да се трудат да работат заеднички. Нека Му се предадат на Бога, молејќи Го да им помогне да се поддржуваат еден со друг. Нека ги учат своите деца да воспостават правилен однос кон Бога, кон принципите, па така и кон самите себе и кон сите со кои доаѓаат во допир. Кога вака воспитаните деца ќе тргнат на училиште, тие нема да прават истапи ниту да предизвикуваат загриженост. Тие ќе бидат поддршка за своите учители, а пример и охрабрување за своите другари.

Доколку родителите толку многу се преокупирани со работа и задоволствата на овој живот, така да ја занемарат соодветната дисциплина на своите деца, работата на учителот не само што е сторена многу тешка и напорна, туку често пати е и целосно бесплодна.

**Работата на учителот е дополнителна.** – Во обликувањето на карактерот ниту едно друго влијание не е толку важно како домашното влијание. Работата на учителот треба да ја надополнува таа на родителите, но не треба да го замени нивното место. Во сето она што е важно за добробитта на детето, родителот и учителите треба да соработуваат.

Поучувањето дадено на детето во домот треба да биде такво како би му помогнало на учителот. Во домот детето треба да биде поучувано на уредност, ред и темелност; и тие поуки треба да бидат повторени во училиштето.

**Домот може да биде благословен преку училиштето.** – Внимателниот наставник ќе најде многу можности да ги упати своите ученици на полезни дела. Особено младите деца имаат речиси неограничена доверба и почитување кон својот учител. Што и да предложи тој за помагањето во домот, за верноста кон секојдневните должности, за служење на болните и сиромашните, ретко кога нема да вроди со плод. И така ќе се постигне двојна добивка. Та-

квиот љубезен предлог ќе има повратно дејство врз оној кој го дал. Благодарноста и соработката со родителот ќе го олесни товарот на наставникот и ќе го осветли неговиот пат.

**Родителите можат да бидат советници на учителот.** – Родителите многу ќе му помогнат на учителот ако му го откријат она што само тие го знаат за карактерот на детето и за неговите физички карактеристики или недостатоци. Жално е што толку многу родители не ја согледуваат потребата од тоа. Мнозинството родители многу малку се трудат да се уверат во способноста на учителот, или да соработуваат со него во неговата работа.

Тие (родителите) мора да знаат дека нивна обврска е да соработуваат со учителите, да поттикнат мудра дисциплина и многу да се молат за оној кој ги поучува нивните деца.

# ЕДИНСТВО ВО ДИСЦИПЛИНАТА

**Учителот има потреба од такт во раководењето.** – Помеѓу младите постои голема разноликост во карактерот и воспитувањето. Некои живееле во средина на самоволно ограничување и строгост, кој во нив развил дух на своеглавост и пркос. Други пак биле домашни миленичиња, каде им било дозволено од страна на пренежните родители да ги следат своите наклонетости. Секој дефект нашол некое извинување, додека нивниот карактер не се деформирал. За да се справува успешно со тие различни умови, учителот треба да пројави голем такт и префинетост во управувањето, исто како и цврстина во устројството.

Често пати ќе се манифестираат одвратност, а дури и презир кон прикладните прописи. Некои со сета своја генијалност ќе се трудат да ги одбегнат казните, додека другите ќе покажат многу невнимателна рамнодушност за последиците на своите престапи. За сето тоа ќе биде потребно повеќе трпение и поголемо напрегање од страна на оние на кои им е доверено нивното воспитување.

**Нека правилата бидат малку, но нека бидат добро земени во предвид.** – Како во домот, така и во училиштето треба да постои мудра дисциплина. Учителот мора да прави правила како би го насочувал однесувањето на своите ученици. Тие правила треба да бидат малку и добро земени во предвид, и кога ќе бидат направени тие треба да бидат присилени. Секое начело кое е ставено во нив треба да биде поставено пред студентот за да го убеди во праведноста на истото.

**Учителот мора да бара послушност.** – Во училиштето, како и во домот прашањето за дисциплината треба да биде разбрано. Ние треба да се надеваме дека во училницата никогаш нема да постои причина за употреба на стап, но доколку во училиштето има некои кои тврдолаво се противат на сите совети и преколнувања, сите молитви и бреме на душата во нивна полза, тогаш е неопходно да се направи тие да разберат дека мора да бидат послушни.

Некои учители мислат дека не е најдобро да се присили послушноста. Тие мислат дека нивната должност е само да образуваат. Навистина, тие треба да образуваат. Но колку вреди образованието на децата кога тие не ги почитуваат начелата кои се поставени пред нив, а учителот не мисли дека има право да практикува авторитет?

**Нему му е потребна соработката од родителите.** – Родителите треба да го охрабрат учителот со тоа што ќе покажат дека ги ценат неговите напори. Тие никогаш не треба да кажат или сторат нешто што ќе поттикне непокорност кај своите деца.

Но јас знам дека многу родители не соработуваат со учителот. Тие во домот не го негуваат доброто влијание кое се врши во училиштето. Наместо во домот да го спроведуваат доброто влијание кое се врши во училиштето, тие на своите деца им дозволуваат да чинат како сакаат, да одат таму или тука без ограничување. И доколку учителот го практикува својот авторитет со тоа што бара послушност, децата им пренесуваат на своите родители преувеличен, искривен приказ за тоа како се постапувало со нив. Учителот можеби го сторил само она што било негова болна обврска; но родителите сочувствуваат со своите деца, и покрај тоа што тие не се во право. И често пати тие родители кои самите управуваат во гнев се најнеразумни кога децата се ограничени и дисциплинирани во училиштето.

Кога родителите ги оправдуваат поплаките на нивните деца против авторитетот и дисциплината во училиштето, тие не гледаат дека со тоа ја зголемуваат деморализирачката сила која преовладува до толку ужасен степен.

**Никогаш не го критикивајте учителот во присуство на децата.** – Родители, кога учителот во црковното училиште се труди вашите деца да ги воспита и дисциплинира како тие би задобиле живот вечен, никако не ги критикувајте неговите постапки во присуство на децата, дури и ако сметате дека тој бил преостар. Доколку посакувате вашите деца да ги предадат своите срца на Спасителот, соработувајте со учителот во неговите напори за нивното спасение. Колку е подобро ако децата од усните на своите мајки, наместо критики и осуда на сметка на учителот, слушнат зборови на пофалба во поглед на неговата работа. Таквите зборови оста-

ваат траен впечаток врз децата и ги наведуваат да го почитуваат учителот.

Доколку е непходно да се критикува работата на учителот или да се даде некоја корисна сугестија, тоа треба да се стори во личен разговор со него. Ако тоа се покаже безуспешно, тогаш работата треба да се пренесе на оние кои се одговорни за управување со училиштето. Ништо не треба да се каже ниту да се стори што би го намалило почитувањето на децата кон оној од кој во толкава мерка зависи нивната добробит.

**Непокорноста често пати започнува во домот.** – Со тоа што на децата им дозволуваат да чинат како што сакаат, родителите за себеси мислат дека покажуваат љубов, но тие практикуваат најголема суровост. Децата се способни да резонираат, и нивните души се повредни од непромислената љубезност, колку и да изгледа соодветна таа љубезност во очите на родителите. Со растењето на децата расте и таа непотчинетост. Нивните учители можеби ќе се обидат да ги корегираат, но премногу често родителите се на страна на децата и злото продолжува да расте, облечено, доколку е можно со уште подлабока наметка на измама отколку порано. Други деца се водени настрана преку погрешниот начин на постапување на тие деца, но сепак родителите не можат да ја видат грешката. Зборовите на децата се слушаат повеќе од зборовите на учителите, кои жалат над нивните грешки.

**Работата на учителот удвоена заради несоработката на родителите.** – Занемарувањето на родителите да ги воспитуваат своите деца ја чини работата на учителот двојно потешка. Децата го носат белегот на непокорни, немили црти на карактерот откриени од нивните родители. Занемарени во домот, тие дисциплината во училиштето ја сметаат за премногу угнетувачка и строга. Таквите деца, доколку внимателно не се пазени, ќе ги заразат другите деца со своите недисциплинирани, деформирани карактери... Доброто кое тие деца можат да го примат во училиштето за да дејствуваат против дефективното домашно воспитување е поткопано од сочувството кое родителите им го покажуваат во нивното чинење на она што е погрешно.

# ВОСПИТУВАЊЕТО ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ И НА ФАКУЛТЕТ

**Многумина ја губат својата вера во институциите воспоставени од светот.** – Ужасен е фактот, од кој треперат срцата на родителите, дека во толку многу училишта и факултети во кои ги праќаме младите да се здобијат со ментална култура и дисциплина, преовладуваат влијанија кои го изобличуваат карактерот, го одвратуваат умот од животните цели и го поткопуваат моралот. Во допир со нерелигиозни врсници, љубители на задоволства и разврат, многу, многу млади ја губат едноставноста и чистотата, верата во Бога и духот на самопожртвуваност кој нивните христијански родители го негувале со внимателни поуки и штителе со искрена молитва.

Мнозина од оние кои трнуваат на училиште со цел да се образуваат за некоја област на несебичната служба стануваат впиени од световните проучувања. Кај нив се буди амбиција да добијат специфични знаења и да се здобијат со положба и чест во светот. Намерата поради која тргнале на училиште се губи од предвид и животот се предава на себични и светски интереси. А често се создаваат и навики кои го уништуваат животот како за овој, така и за светот што доаѓа.

**Домашните верски влијанија се избришани.** – Вие се молите: „Не нè воведувај во искушение.“ Тогаш не дозволувајте вашите деца да бидат поставени таму каде ќе се соочат со непотребни искушенија. Не ги праќајте во училишта каде тие ќе се соочат со влијанија кои ќе бидат како кукол посеан во полето на нивното срце.

Во домашното училиште, за време на нивните рани години, воспитувајте ги и дисциплинирајте ги вашите деца во стравот Божји. И тогаш бидете внимателни за да не ги праќате таму каде верските впечатоци кои се примени ќе бидат избришани и љубовта кон Бога отстранета од нивните срца. Нека никаков предизвик за високи плати или за навидум големи образовни предности ве водат да ги испратите своите деца настрана од сферата на вашето влијание, да ги поставите таму каде тие ќе бидат изложени на големи иску-

шенија. „Каква е ползата за човекот, ако го придобие целиот свет, а на душата своја ѝ напакости? Или каков откуп ќе даде човек за својата душа?“ Марко 8:36,37.

**Сите деца треба да имаат едукативни привилегии.** – На сите наши млади треба да им биде дозволено да ги имаат благословите и привилегиите од образованието во нашите училишта, за тие да можат да бидат инспирирани да станат работници заедно со Бога. На сите ним им е потребно образование, за тие да можат да бидат погодни за корисност, квалификувани за место на одговорност како во приватниот, така и во јавниот живот.

**Зла од постојано учење во текот на целата година.** – Многу родители ги држат своите деца во училиште скоро цела година. Тие деца механички го преоѓаат сето градиво предвидено со наставната програма, меѓутоа го немаат запаметено она што го учеле. Интелектуалниот живот на тие постојани студенти на крај изгледа сиромашен. Монотоното продолжување на студиите го заморува умот и тие покажуваат многу слабо интересирање за тоа што го учат. Од прекумерното читање на книги многумина и се разболуваат. Тие немаат внатрешна љубов кон учењето ниту било каква амбиција за стекнување на знаење. Студиозното размислување и истражување ним никогаш не им станува навика...

Оние кои знаат логично да мислат и правилно да расудуваат, се малкумина, затоа што со лошите влијанија се попречува развојот на интелектот. Претпоставката на родителите и учителите дека со непрекинато учење се зајакнува умот ќе се покаже како заблуда, затоа што во многу случаи се постигнува спротивниот ефект.

**Критиката често пати со право им припаѓа на родителите.** – Не треба да се очекува учителот да го стори и она што спаѓа во задачата на родителот. Многу родители ужасно ги занемаруваат своите должности. Слично на првосвештеникот Илија, тие пропуштаат преку благовремена примена на ограничувањата да ги зауздаат своите деца, а тогаш така недисциплинирани ги праќаат во колеџ, да стекнат воспитување кое требало да го примат во родителскиот дом.

Учителите имаат задача која малкумина знаат да ја ценат. Ако успеат да ги реформираат тие самоволни момчиња и девојки, тоа

одвај им се признава за некоја заслуга. Доколку пак тие млади се определат за друштво кое е склоно кон зло и одат од лошо кон најлошо, тогаш се обвинуваат учителите и училиштето. Во многу случаи укорот и осудата ја заслужуваат токму родителите. Ним им се пружа првата и најповолната можност да ги контролираат и поучуваат своите деца, додека нивниот детински дух сè уште е приемчив за поуките и додека полесно се делува на умот и срцето. Меѓутоа, заради негрижливоста и мрзеливоста на родителите, на децата им се допушта да се поведат по сопствена волја сè додека не станат тврдоглаво упорни на погрешен пат.

**Тие треба да ја поддржат училишната дисциплина.** – Некои родители кои ги испратија своите деца во _______ им кажаа дека доколку нешто неразумно се бара од нив да не се покоруваат, без оглед кој и да го бара тоа од нив. Каква ли поука така им се дава на децата! Во своето неискуство како можат тие да судат помеѓу она што е разумно и неразумно?

Тие можеби ќе сакаат да бидат отсутни една ноќ, никој не знаејќи каде, и доколку се бара од страна на учителите и старателите да дадат сметка за себеси тие ќе го наречат тоа неразумно ускратување на нивните права. Нивната независност не треба да се попречи. Каква власт може да владее или да има авторитет врз тие млади, додека тие сметаат дека секоја дисциплина е неразумно ограничување на нивната слобода?

Во многу случаи таквите млади останале во училиштето само кратко време, враќајќи се дома со незавршено образование, како би имале слобода да ја следат својата наклонетост на нивните необучени, недисциплинирани волји кои тие не можат да ги имаат во училиштето. Лекциите на попуштање на кои се поучени од страна на немудриот татко или мајка го имаат извршено своето дело за сегашноста и вечноста и загубата на тие души ќе биде ставена на нивна сметка.

# ОТСЕК XIII

# *Основната важност на телесниот развој*

# ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ И ЗДРАВЈЕТО

**Добро насочено вработување и занимање.** – За децата и младите да имаат добро здравје, расположение, живост, добро развиени мускули и бистрина на мозокот, тие треба што повеќе да се задржуваат во отворена природа и на свеж воздух, и да имаат правилно пропишано занимавање и разонода.

Децата треба да имаат окупација за нивното време. Соодветната ментална работа и движењето на отворено нема да му наштети на телото на вашите момчиња. Корисната работа и запознавањето со тајните на работата во домот ќе биде од корист за вашите девојчиња, и одредено занимање на отворено е неопходно за нивната конституција и здравје.

**На студентите посебно им е потребна физичка активност.** – Неактивноста го ослабува организмот. Бог ги создал мажите и жените да бидат активни. Ништо не може да ја зголеми силата на младите како што тоа може да го стори прописното вежбање на сите мускули во корисна работа.

**Сите способности се засилуваат преку вежбање.** – Децата и младите кои постојано се врзани за училиштето и за книгите не можат да имаат здрава физичка конституција. Оптеретувајќи го мозокот со постојано учење, без соодветно физичко движење, крвта се насочува воглавно кон мозокот и циркулацијата на крвта низ организмот станува нерамномерна. Теоретското учење на децата и младите треба да се сведе во одредени часови, а преостанатото време тие треба да го поминуваат во физичка работа и движење. И ако своите навики во поглед на јадењето, облекувањето и спиењето го усогласат со природните закони, тие ќе можат да стекнат образование а при тоа да не го жртвуваат ниту телесното ниту менталното здравје.

Нека децата бидат поучувани, додека се доста млади, да носат помали одговорности во животот, и способностите така ангажирани ќе засилат преку употребата. Така младите можат да станат ефикасни помагачи во едно поголемо дело за кое Господ подоцна ќе ги повика...

Малкумина биле воспитани на навики на работливост, промисленост и грижливост. Неактивноста е најголемото проклетство на децата во ова време. Здрава, корисна работа ќе биде голем благослов, со тоа што ќе промовира формирање на добри навики и благороден карактер.

**Планирајте варијација и промени во работата.** – Активниот ум и рацете на младите мораат да бидат вработени, и доколку тие не се насочени кон задачи кои се корисни, кои нив ќе ги развијат и благословат другите, тие ќе најдат вработување во она што ќе делува како повреда за нив, како на телото така и на умот.

Младите треба бодро да ги споделуваат бремињата на животот со своите родители, и чинејќи така да зачуваат чиста совест, која е неопходна за телесното и моралното здравје. Чинејќи така, тие ќе бидат запазени да не бидат преоптоварени во истата работа за некое подолго времетраење. Доколку младите бидат држени во само еден вид вработување, задачата ќе стане здодевна, помалку ќе биде извршено отколку што можело преку промена на работата или по одредено време за одмор. Доколку умот е премногу оптоварен, ќе престане да биде силен и ќе дегенерира. Преку промена на работата, здравјето и енергијата можат да бидат зачувани. Не треба да има потреба да се отфрли корисното за некорисното, затоа што себичните уживања се опасни за моралот.

**Умореноста, нормална последица од работата.** – Мајки, ништо не води кон толкаво зло, како кога го ослободувате бремето од своите ќерки, кога не им давате ништо да работат и кога им дозволувате самите да ја одбираат работата, можеби некое плетиво или некоја друга лесна работа. Нека тие ги вежбаат своите екстремитети и мускули. Ако тоа ги замара, што тогаш? Зар и вас не ве замара вашата работа? Дали уморот ќе им наштети на вашите деца – освен ако не претераат – повеќе отколку што ќе ви наштети вам? Не, навистина.

Тие можат да се уморат, но колку сладок ќе биде одморот по соодветна тежина на работа. Сонот, благиот обновител на природата, го освежува уморното тело и го подготвува за обврските од следниот ден.

**Зошто сиромаштијата често пати претставува благослов.** – За нивното телесно здравје и морално добро, децата треба да

бидат учени да работат, и дури тогаш кога тоа не е неопходно, што се однесува до материјалната потреба. Доколку сакаат да имаат чисти и доблесни карактери, тие треба да се привикнат на корисна работа, при која ќе ги задвижат сите свои мускули. Задоволството кое децата ќе го имаат во тоа да бидат од корист, и во откажувањето на себеси за да им помогнат на другите, ќе биде најздравото задоволство кое тие некогаш го уживале.

**Умствените и физичките активности изедначени.** – Никогаш не треба да се дозволи учениците толку да се оптоварат со учење што ќе немаат време за физичко воспитување. Здравјето не може да се сочува ако секој ден не се оддели време за зацврснување на мускулите со вежбање на свеж воздух. Овие часови треба да се посветат на некој вид физичка активност, на нешто што ќе ги стави во движење нивните тела. Рамномерното оптоварување на умствените и физичките сили ќе го освежи умот на ученикот. Ако ученикот е болен, физичките вежби често помагаат тој да се врати во нормална состојба. Кога ќе го напуштат колеџот, студентите треба да имаат подобро здравје отколку кога дошле во него. Здравјето треба да се чува исто толку свето и неприкосновено како карактерот.

ГЛАВА 58

# ОБУЧУВАЊЕ ЗА ПРАКТИЧЕН ЖИВОТ

**Христовиот пример за совршен работник.** – Во Својот живот на земјата, Христос беше... послушен и корисен во домот. Тој го научил столарскиот занает и работел со Своите раце во малечкиот дуќан во Назарет... Библијата вели за Исуса: „И детето растеше, и засилуваше во духот, исполнет со мудрост; и благодатта Божја беше врз Него.“ Како што работел во детството и младоста, Неговиот ум и тело се развивале. Тој не ги користел Своите физички сили невнимателно, туку така ги практикувал како би ги држел во здравје, за да може да чини најдобро во секој дел од работата. Тој немал волја да биде дефективен, дури и во ракувањето на алатките. Тој беше совршен како работник, како што беше совршен и во карактерот.

Секое нешто кое Тој го направил било добро изработено, поедините делови точно одговарале едни на други, целото подесено да го поднесе тестот.

**Разбудена амбиција за корисни достигнувања.** – Во децата и младите треба да се поттикне амбиција за да се вежбаат во нешто кое ќе биде корисно и благотворно за нив самите и за другите. Вежбите и активностите кои ги развиваат умот и карактерот во кои рацете се учат да бидат корисни, со кои младите се привикнуваат да учествуваат во носењето на животното бреме, сето тоа придонесува за засилување на нивните физички сили и побрз развој на сите нивни способности. А наградата за тоа ќе се огледа во доблеста на работливост, во стекнување на навиките во животот да се чини добро.

Младите треба да научат дека животот значи сериозна работа, одговорност и грижа. Ним им е потребна обука која ќе им даде практично знаење - од нив ќе направи мажи и жени кои можат да се соочат со тешкотиите. Тие треба да научат дека дисциплината на систематската, добро организирана работа е неопходна, не само како заштита од ненадејни, непредвидени промени во животот, туку и како помош во сестраниот развој.

**Физичката работа не деградира.** – Распространета е заблудата на високите сталежи дека работата се смета за понижувачка.

Затоа младите многу грижливо настојуваат преку школување да се оспособат за учители, службеници, трговци и адвокати и да се дофатат до било која положба која не изискува физичка работа. Младите жени домашната работа ја сметаат за понижувачка. И покрај тоа што физичката работа е потребна за извршување на домашните обврски, ако не е претерана, засметана е за подобрување на здравјето, тие сепак тежнеат за образование кое ќе ги оспособи да станат учители и службенички, или да научат некој занает кој ќе ги примора постојано да седат во затворен простор.

Светот е полн со млади мажи и жени кои се возгордуваат од своето незнаење за која и да е корисна работа; и тие се скоро секогаш површни, суетни, љубители на покажувањето, несреќни, незадоволни и често пати неограничени во барањето на задоволства и непринципиелни. Таквите карактери се дамка за општеството и срам за нивните родители.

Никој од нас не треба да се срами од работа, колку и да изгледа безначајна или понизна. Работата го облагородува човекот. Сите кои работат со мозокот или рацете се работници и работнички. Сите кои ја вршат својата должност и оддаваат чест на својата религија исто толку како кога мијат садови или кога одат на состаноци. Додека рацете се зафатени во најобична работа, умот може да биде воздигнат и облагороден преку чисти и свети мисли.

**Младите да бидат мајстори, а не робови на работата.** – На младите треба да им се помогне да го разберат вистинското достоинство на работата.

Основната причина зошто физичката работа се омаловажува е фактот што таа често се извршува толку немарно и механички. Човекот работи затоа што мора, а не затоа што сака. Работникот не работи од срце, не се почитува самиот себеси ниту задобива почитување од другите. Обучувањето за работа треба да ја исправи оваа грешка. Таа треба да развие навики на точност и темелност. Учениците мораат да се учат на тактичност и систематичност, мораат да научат да го штедат времето и да го пресметаат секое движење. Не треба само да им се покажат најдобрите методи, туку треба да се вдахнат и со амбиција постојано да се усовршуваат. Нивна цел треба да биде своето дело да го направат онолку совршено колку што е тоа можно за човечкиот ум и рацете.

Таквата обука од младите ќе направи господари, а не робови на работата. Таа ќе ја олесни судбината на тешкиот трудбеник и ќе ја облагороди дури и најскромната професија. Оној што работата ја смета за измачување, кој ѝ пристапува сосема задоволен од своето незнаење не правејќи никаков напор да се усоврши, навистина ќе ја смета за товар. Но оние, кои и најскромната работа ќе ја сметаат за умешност, во неа ќе најдат благородност и убавина и ќе уживаат да ја извршуваат верно и ефикасно.

**Богатството да не оправда никого од практичното воспитување.** – Во многу случаи родителите кои се имотни не ја сфаќаат важноста нивните деца покрај научното образование исто така да бидат добро упатени и во практичните домашни обврски. Тие не согледуваат колку заради духовниот и моралниот живот на нивните деца и за нивното идно добро, е важно тие да стекнат јасна претстава за разбирање за корисноста на работата. Тоа е во интерес на нивните деца, за во случај на несреќни околности, да можат да останат во благородна независност, знаејќи како да ги користат своите раце. Доколку располагаат со капитал на здравјето и физичката сила, тие не мораат да бидат сиромашни, дури и ако во рацете немаат ниту еден денар.

Се случува оние кои во младоста живееле во изобилие, бидат лишени од сите свои блага, и бидат приморани сами да се издржуваат себеси и родителите и целото семејство. Тогаш колку е важно сите млади да бидат научени на работа, за да бидат подготвени за било какво изненадување! Богатствата се навистина проклество кога нивниот имател дозволува тие да стојат на патот на нивните синови и ќерки за тие да не се здобијат со знаење за корисна работа, која би ги оспособила за практичниот живот.

**Децата да имаат дел од домашните обврски.** – Верната мајка нема и не може да биде посветена на модата, ниту таа ќе биде роб во домот, да им попушта на каприците на нејзините деца и да ги оправда од работа. Таа нив ќе ги поучува да земат дел од домашните обврски, за тие да имаат знаење за практичниот живот. Доколку децата ја делат работата со мајката, тие ќе научат корисната работа да ја сметаат неопходна за среќата, која облагородува, а не деградира. Но доколку мајката ги воспита своите ќерки да бидат мрзоволни, додека таа носи тешки бремиња на домашниот жи-

вот, таа ги учи да гледаат кон неа како на слуга, да ги служи и ги врши нештата кои тие треба да ги чинат. Мајката треба секогаш да го задржи своето достоинство.

Некои мајки грешат што своите ќерки ги ослободуваат од работа и грижи. Оправдувањето кое овие мајки честопати го кажуваат гласи: „Моите ќерки се слаби.“ Но тие сигурно постапуваат на начин кој нив ќе ги направи слаби и неефикасни. Добро насочена работа е токму она што им треба да ги направи силни, енергични, бодри, среќни и храбри, да се соочат со разните искушенија со кои нивниот живот е опкружен.

**Назначете корисни задачи за децата.** – Бог посакува родителите и учителите да ги воспитуваат децата во практичните обврски на секојдневниот живот. Поттикнете работливост. Девојчињата – па дури и момчињьта за кои нема работа надвор од домот – треба да научат како да ѝ помагаат на мајката. Од детството, момчињата и девојчињата треба да бидат учени да носат сè потешки и потешки бремиња, разумно помагајќи во работата на семејната организација. Мајки, трпеливо покажете им на своите деца како да ги користат своите раце. Нека тие разберат дека нивните раце треба да бидат толку умешно користени како вашите во работата на домаќинството.

Секое дете во семејството треба да има дел во домашното бреме и треба да биде поучувано својата задача да ја извршува верно и бодро. Доколку работата е поделена на овој начин, и детето расне да носи бремиња кои одговараат за него, ниту еден член на семејството нема да биде преоптоварен и сите нешта ќе течат угодно и мазно во домот. Ќе биде негувана соодветна економија, затоа што секој еден ќе биде запознаен и заинтересиран за домашните работи.

**Готвењето и шиењето, основни лекции.** – Мајките треба да ги земат во кујната со себе своите ќерки и да им дадат темелно образование во готвењето. Тие исто така треба да ги поучат и во уметноста на шиењето. Тие треба да ги поучат како економично да кројат фустани и уредно да ги шијат. Некои мајки, за врз себеси да не ја нафрлат неволјата трпеливо да ги поучуваат своите неискусни ќерки, попрво се приклонуваат самите да го извршат тоа. Но правејќи така, тие ги занемаруваат неопходните гранки на вос-

питувањето и чинат грешка против своите деца; затоа што во подоцнежниот живот тие се чувствуваат засрамени заради својот недостаток на знаење во поглед на тие нешта.

**Пружете им воспитување на момчињата и девојчињата.** – Бидејќи во водењето на домаќинството учествуваат и мажите и жените, и момчињата и девојчињата треба да научат да извршуват должности во домот. Да се намести постелата, да се среди собата, да се измијат садовите, да се подготви оброк, да се испере и закрпи својата облека, тоа е знаење кое ниту едно момче нема да го направи помалку мажествено; тоа ќе го направи посреќно и пополезно. Ако девојчињата, од друга страна, научат да го впрегнат коњот и да управуваат со него, да се служат со пила и чекан, како и со гребло и мотика, тие ќе бидат поспособни да им се спротивстават на животните неволји.

Неопходно е нашите ќерки да научат прописно да го користат времето како што тоа е неопходно за нашите синови, и тие се еднакво одговорни пред Бога за начинот на кој го поминуваат. Нам ни е даден животот за мудро да ги усовршуваме талентите кои ги поседуваме.

**Привилегии во зачувувањето на силата на мајката.** – Секој ден постои домашна работа која треба да се изврши – готвење, миење садови, метење и чистење на прашината. Мајки, дали сте ги поучувале своите ќерки на тие дневни должности?... На нивните мускули им треба вежбање. Наместо да се здобиваат со вежби преку скокање и играње топка или крикет, нека нивната физичка активност биде насочена кон одредена цел.

Учете ги децата да го носат својот дел од бремињата во домот. Држете ги зафатени со некое корисно вработување. Покажете им како да ја вршат својата работа лесно и добро. Помогнете им да сфатат дека преку олеснување на бремињата на својата мајка, тие ја запазуваат нејзината сила и го продолжуваат нејзиниот живот. Многу уморни мајки имаат заминато предвремено во гроб не од друга причина освен онаа дека таа не ги поучувала своите деца да имаат дел од нејзините бремиња. Поттикнувајќи на дух на несебична служба во домот, родителите ги приближуваат своите деца поблизу до Христа, кој е сплотување на корисноста.

**Експеримент на среќа.** – Деца, седнете ја својата мајка на фотеља и прашајте ја што би сакала прво да сторите. Какво изненадување би било тоа за уморната, преоптоварена мајка! Никогаш децата и младите нема да чувствуваат мир на задоволство сè додека преку верно извршување на домашните обврски тие не ги ослободуваат уморните раце, срце и ум на мајката. Тие се степеници на скалата на прогресот кој ќе ги поведе напред кон примање повозвишено воспитување.

Верното извршување на секојдневните должности е она кое донесува задоволство и мир кој доаѓа при вистинскиот работник во домот. Оние кои занемаруваат да носат дел од одговорностите во домот се оние кои се вознемирени од осаменоста и незадоволството; затоа што тие не ја научиле вистината дека оние кои се среќни се среќни затоа што имаат дел од дневната работна рутина која почива врз мајката или другите членови на семејството. Мнозина заминуваат ненаучени на најкорисните поуки кои се неопходни да ги разберат за нивното идно добро.

# УЧЕЊЕ НА КОРИСНИ ЗАНИМАЊА

**Секое дете треба да научи некој занает.** – Негрижливоста на родителите на детето да му обезбедат вработување, кои што на себе ја превземале одговорноста за донесување на светот, ќе предизвика неискажливо зло, доведувајќи ги во опасност животите на многу млади наголемо осакатувајќи ја нивната корисност. Голема грешка е да им се дозволи на младите да пораснат без да научат некој занает.

Од столбот од облак Исус им даваше упатства на Евреите преку Мојсеј дека тие треба да ги воспитаат своите деца да работат, дека тие треба да ги учат на занает, и дека никој не треба да безделничи.

**Учете ги како да ги користат алатките.** – Кога децата ќе достигнат прикладни години, ним треба да им бидат дадени алатки. Доколку нивната работа се направи интересна, ќе откриеме дека тие брзо ќе се научат во користењето на алатите. Доколку таткото е градител, тој на своите момчиња треба да им даде лекции во градењето на куќа, секогаш внесувајќи во своите инструкции поуки од Библијата, зборови од Писмото во кои Господ ги споредува човечките битија со Неговото здание.

**Учете ги синовите на агрокултура.** – Татковците треба да ги учат своите деца да се зафаќаат со нив во нивните занаети и работи. Фармерите не треба да мислат дека агрокултурата е работа која не е доволно воздигнувачка за нивните синови. Агрокултурата треба да се унапредува преку употреба на научно знаење.

За обработката на земјата е кажано дека е некорисна. Луѓето велат дека не се исплатува обработката на почвата и тие ја оплакуваат тешката судбина на оние кои ја обработуваат почвата... Но доколку луѓе со соодветни способности се зафтатат со таква работа, ја проучуваат почвата и научат како да садат, обработуваат и ја собираат жетвата, ќе бидат видени поохрабрителни резултати. Многумина велат: „Ние се зафативме со агрокултура и знаеме какви се нејзините плодови,“ но сепак токму таквите треба да знаат како да ја обработуваат почвата и во својата работа да употребат

научно знаење. Нивните плугови треба подлабоко да ораат, правејќи пошироки бразди и тие треба да научат дека во обработувањето на почвата тие не треба по својата природа да станат прости и некултурни... Нека тие научат да го сеат семето во свое време, да посветат внимание на вегетацијата и да го следат планот кој Бог го замислил.

**Обучување е од голема вредност.** – За опуштање по учењето, најполезно е да се извршуваат работи кои го ставаат во движење целото тело и тоа на свеж воздух. Ниедна област од занаетчиската обука не е поскапоцена од агрокултурата. Би требале да се вложат поголеми напори да се создаде и поттикне интерес за земјоделските работи. Наставникот треба да го насочи вниманието на учениците кон она што Библијата го вели за земјоделството; дека според Божјиот план човекот треба да ја обработува земјата; дека првиот човек, управителот на целиот свет, добил градина која требал да ја обработува; дека многу од најголемите луѓе во светот, неговото вистинско благородништво, биле земјоделци. Покажете ја вредноста на таквиот живот...

Оној кој заработува за живот занимавајќи се со земјоделство, одбегнува многу искушенија и ужива неброени предимства и благослови кои им се ускратени на оние што работат во големите градови. И во овие денови на огромни здруженија на компании и деловна конкуренција, малкумина уживаат толку вистинска независност и толку голема сигурност дека ќе добијат праведна награда за својата работа, како оние што ја обработуваат земјата.

**Училиштата да посветат внимание на корисните занаети.** – Обучувањето за занаетчиска работа заслужува многу поголемо внимание од онаа што му се посветува. Би требале да се формираат училишта кои, покрај највисока ментална и морална култура, ќе даваат најдобри можности за физички развој и учење занаети. Би требало да се одржува настава по агрокултура, мануфактура, опфаќајќи колку е можно повеќе од најполезните занаети – потоа економија на домаќинството, здрав начин на готвење, шиење, изработка на здрава облека, лекување болни и слични предмети. Би требало да се поведе сметка да се обезбедат зеленчукови градини, работилници и амбуланти, а работата на секое подрачје би морала да биде под управа на вешти инструктори.

Работата треба да има одредена цел и да биде темелна. Иако секому му е потребно извесно познавање на различни занаетчиски работи, секој неизоставно би морал да биде умешен најмалку во една. Напуштајќи го училиштето, секое момче и секоја девојка би морале да бидат обучени на некој занает или занимање со кое, во случај на потреба, би можеле да заработуваат за живот.

**Знаењето за практичната работа е од поголема вредност отколку научното.** – Треба да постојат искусни учителки кои на младите дами ќе им дадат поуки во умешноста на готвењето. Младите девојки треба да бидат поучени како да кројат и поправаат облеки и така се оспособат за практичните животни должности.

За младите мажи, треба да постојат установи каде тие ќе можат да научат различни занаети, кои ќе ги доведат во вежбање нивните мускули исто така како и нивната умствена сила. Доколку младите имаат можност да стекнат само еднострано воспитување, што е тогаш позначајно – научното знаење со сета неповолност за здравјето и животот или знаењето за работата за практичниот живот? Ние без двоумење би одговориле, второто. Доколку едното мора да биде занемарено, нека тоа биде проучувањето на книгите.

# ПОЗНАВАЊЕ И ПОСЛУШНОСТ КОН ЗАКОНИТЕ НА ЖИВОТОТ

**Да се проучуваат превентивните мерки.** – Премногу малку се размислува за причините за смртност, болести и дегенерација кои денес постојат и во најцивилизираните и најразвиени земји. Човечката раса пропаѓа... Најголем број од злата кои на човештвото му донесуват беда и пропаст можат да бидат спречени, а најголема сила за справување со нив во голема мерка почива врз родителите.

**Нека поуките бидат постепени.** – Децата треба рано, на едноставен и лесно разбирлив начин, да се поучуваат на основите на физиологијата и хигиената. Тоа дело мора да го започне мајката во домот, а училиштето мора совесно да го продолжи. Како што учениците ќе стануваат постари, така и поучувањето од оваа област мора да продолжи сè додека тие не бидат приспособени да се грижат за домот во кој живеат. Тие мораат да ја согледаат важноста на заштитата од болести преку зачувувањето на животната сила на секој орган, а исто така треба да научат како да постапуваат во случај на вообичаените болести и несреќи. Секое училиште мора да предава физиологија и хигиена, и, колку е можно, повеќе да биде опремено со средства за прикажување на структурата, намената и негата на телото.

**Чудата на човечкото тело.** – Кога го проучуваме телесниот систем, треба да обрнеме внимание на неговата прекрасна прилагоденост кон потребите, на складното дејствување и меѓусебната зависност на различните органи. Кога на тој начин ќе се разбуди интерес кај ученикот и кога тој ќе ја согледа важноста на физичката култура, учителот може многу да придонесе за обезбедување правилен развој и усвојување добри навики.

**Учете ги децата да резонираат за причините и последиците.** – Учете ги своите деца да ја сфатат неизбежната поврзаност помеѓу причините и последиците. Откријте им го фактот дека болеста претставува казна која мора да се плати за секој прекршок на

законите кои владеат со нивните тела. Ако до подобрување не дојде толку брзо како што вие тоа би сте го посакувале, не се обесхрабрувајте, туку учете ги трпеливо сè додека не се здобиете со победа.

**Инсистирајте на правилни навики во здравјето.** – Мора да се инсистира на правилни навики во јадењето, пиењето и облекувањето. Лошите навики ги прават младите помалку приемчиви за поуките од Библијата. Децата треба да бидат заштитени од попуштање на апетитот, а посебно од употребата на стимуланси и наркотици. Трпезата на христијанските родители не треба да биде натрупана со храна која содржи зачини и мирудии.

**Важноста за правилната става.** – Една од примарните цели кон кои треба да се стремиме е правилното држење како при седење, така и при стоење. Бог го создал човекот исправен и Тој сака човекот да се здобие не само со физички, туку и со душевни и морални благослови, отменост, достоинство и сигурност, храброст и сигурност во себеси, каде многу придонесува правилното држење. Учителот во тоа треба да пружи поука преку пример и упатства. Треба да покаже како да изгледа правилното држење и упорно да бара од учениците да го практикуваат.

**Култура на дишење и глас.** – Веднаш по правилното држење, по важност следуваат дишењето и негата на гласот. Оној кој седи и стои исправено, обично и дише поправилно од другите. Но учителот треба да им ја нагласи важноста на длабокото дишење на своите ученици. Треба да прикаже како здравото дејствување на органите за дишење, го помага крвотокот, го оживува целиот организам, го буди апетитот, го потпомага варењето, предизвикува здрав и сладок сон и на тој начин не само што го освежува телото, туку и го ублажува и смирува умот. Додека ја објаснува важноста на длабокото дишење, тој треба упорно да бара тоа и да се применува. Длабокото дишење треба да се увежбува, и да се вложи труд во зацврснувањето на оваа навика...

Увежбувањето на гласот има важно место во физичката култура, бидејќи тоа ги шири и зајакнува белите дробови и на тој начин ги спречува болестите. За да се обезбеди беспрекорен изговор при читање и зборување, треба да се настојува стомачните

мускули интензивно да учествуваат во дишењето и органите за дишење да не бидат стеснети. Напорот треба да биде пренесен врз стомачните мускули, а не врз мускулите на грлото. Така може да се спречи голем замор и тешки болести на грлото и белите дробови. Треба да се обрне големо внимание на јасното изговарање на зборовите, со меки и добро обликувани гласови и не премногу брз говор. Тоа не само што ќе придонесе за здравјето туку и работата на ученикот ќе ја направи многу попријатна и поуспешна.

**Три неопходни нешта за среќа на семејството.** – При проучувањето на хигиената совесниот учител ќе ја искористи секоја можност да ја покаже неопходноста од совршена чистота и во личните навики и во одржувањето на околината. Треба да се нагласува колку секојдневното капење е полезно за унапредување на здравјето и за поттикнување на умствената активност. Треба да се посвети внимание на сончевата светлина и проветрувањето, на хигиената на спалната соба и кујната. Учете ги учениците дека здравата спална соба, совршено чистата кујна, вкусно поставената маса, полна со здрава храна, повеќе придонесуваат за среќата на семејството и разбудуваат почит на секој разумен посетител од било каков скап мебел во собата за дневен престој.

**Редовност во јадење и спиење.** – Не смее да се занемари важноста на редовноста во времето одредено за јадење и спиење. Бидејќи изградувањето на телото се извршува во текот на часовите за одмор, многу е важно, особено за младите, сонот да биде редовен и изобилен.

Регулирањето на времето потребно за спиење не смее лесно да се земе. Учениците не смеат да создаваат навики да работат покрај запалено светло до полноќ, и после тоа да мора да спијат преку ден. Ако таквите лоши навики ги формирале дома, тие мора да се поправат во тој поглед, заминувајќи во кревет во точно одредено време. Тогаш наутро ќе стануваат одморни и подготвени за должностите на новиот ден.

**Здравствени начела.** – Јас морам да се запознаам себеси. Јас морам секогаш да бидам ученик за да знам како да се грижам за ова здание, телото кое Бог ми го дал, да го запазам во најдобра состојба на здравјето. Јас морам да ги јадам оние нешта кои ќе би-

дат најдобри за моето физичко здравје и морам да посветам посебна грижа мојата облека да биде таква, како би обезбедила здрава циркулација на крвта. Јас не смеам себеси да се лишам од физичка активност и воздух. Морам да се здобијам со сета можна сончева светлина. Јас морам да имам мудрост за да бидам верен пазител на моето тело.

Јас би постапила многу немудро кога би влегла во ладна соба кога сум испотена; себеси ќе се направам немудар поверител кога би седела на провев и така себеси се изложам во можност да настинам. Јас би била немудра кога би седела со ладни нозе и раце така истерувајќи ја крвта од екстремитетите кон мозокот или внатрешните органи. Јас треба секогаш да ги заштитам своите стапала во влажно време. Јас треба редовно да јадам најздрава храна која би произвела најдобар квалитет на крв, и не треба да работам неумерено доколку до мене стои да не го сторам тоа. И ако јас ги престапувам законите кои Бог ги воспоставил во моето тело, треба да се покајам и реформирам, и себеси да се поставам во најповолна состојба под лекарите кои Бог ги обезбедал - чист воздух, чиста вода и исцелителната, драгоцена сончева светлина.

# ОТСЕК XIV

# *Одржување на физичката кондиција*

# ДОМАЌИНКАТА ВО КУЈНАТА

**Возвишениот повик на домаќинката.** – Не постои вработување поважно од домашната работа. Да се готви добро, да се постави здрава и вкусна храна на масата, потребни се разум и искуство. Оној кој ја подготвува храната која треба да биде внесена во нашите желудници и која треба да биде престорена во крв која треба да го храни телото, зазема најважна и возвишена положба.

На секое момче и девојка им е неопходно потребно темелно да ги запознаат секојдневните должности. Ако е потребно, младата девојка може да биде без познавање на францускиот јазик и алгебрата, не мора да знае ниту да свири на клавир; но таа безусловно мора да научи да прави добар леб, да сошие добро скроена облека и успешно да извршува многу должности кои спаѓаат во водење на домаќинството.

За здравјето и среќата на целото семејство ништо не е толку важно како умешноста и знаењето на готвачката. Со лошо подготвена, нездрава храна, таа може да ја намали или сосема да ја уништи работоспособноста на возрасните и да го попречи развојот на детето. Но, подготвувајќи храна прилагодена на потребите на телото, а истовремено и примамлива и вкусна, таа може да постигне толку добрини колку што во спротивниот случај би нанела штета. Така, на многу начини, среќата во животот е поврзана со верноста во обичните должности.

**Науката за готвење е неопходна уметност.** – Науката за готвењето не е безначајна... Оваа вештина треба да се смета за најдрагоцена од сите вештини, затоа што е тесно поврзана со животот. На неа треба да ѝ се посвети најмногу внимание, затоа што за да создава добра крв, телото бара добра храна. Темелот на она што ги одржува луѓето во здравје е здравствено-мисионерската работа на доброто готвење.

Постојат малку добри готвачки. На многу, многу мајки им се потребни лекции во готвењето, како би можеле пред своите семејства да изнесат добро подготвена и убаво послужена храна.

**Настојувајте да бидете мајстори во уметноста.** – Нашите сестри често пати не знаат како да готват. На таквите сестри би им препорачала: Јас би отишла кај најдобрата готвачка која може да се најде во земјата и би останала кај неа со седмици ако е потребно, додека не ја научам таа вештина за да станам мудра и вешта готвачка. Јас така би постапила, дури кога би имала и четириесет години. Ваша должност е да знаете да готвите и ваша должност е да ги научите вашите ќерки да готват.

**Проучувајте и практикувајте.** – Јадењата можат да се зготват така што ќе бидат едноставни и здрави, но потребно е умеење да се направат вкусни и хранливи. За да знаат како треба да готват, жените мораат вредно да учат, а потоа стекнатото знаење трпеливо да го применуваат во пракса. Мнозина страдаат поради тоа што не сакаат да се потрудат во оваа насока. На таквите им велам: Време е да ги разбудите своите заспани сили и да се информирате. Немојте да мислите дека времето посветено на стекнување на знаење и искуство во подготвувањето здрави, вкусни јадења е залудно пропуштено. Иако имате долгогодишно готвачко искуство, а покрај тоа и други семејни одговорности, должни сте да учите како најдобро ќе ја водите грижата за здравјето на своето семејство.

**Последици од лошо готвење.** – Илјадници и десетици илјади денес се жртви на лошото готвење. На многу гробови би можело да се напише: „Умрел од лошо готвење;“ „Умрел од преоптоварен желудник.“

**Учете ги вашите деца како да готват.** – Немојте да занемарите да ги поучите своите деца како да готват. Ако ги поучувате во тоа, вие им ги пренесувате начелата кои мораат да ги поседуваат во своето верско воспитување. Кога на своите деца им давате поуки од физиологијата, кога ги учите како се готви едноставно но сепак умешно, вие поставувате темели на најкорисните гранки на воспитувањето. Потребна е вештина за да се замеси добар и лесен леб. Во таквото готвење постои христијанство, и јас се сомневам во верата на оние личности кои се премногу немарни за да научат да готват.

**Поучувајте трпеливо и бодро.** – Мајките треба своите деца уште од нивната младост да ги водат во кујната, поучувајќи ги на вештината на готвење. Тие не можат да очекуват од своите ќерки да влезат во тајните на успешното водење на домаќинството без поучување. Мора да ги поучуваат трпеливо и со љубов, настојувајќи таа работа со своето вердо расположение и охрабрувачки зборови да им ја направат што попријатна.

Ако не успеат при првиот, вториот или пак третиот обид, не треба веднаш да ги прекоруваат, затоа што тие се и без тоа обесхрабрени и доаѓаат во искушение да кажат: „Не ми поаѓа од рака, јас не можат да го сторам тоа." Тогаш не е време за критика. Со тоа пробудената волја за работа само би ослабела. Тие треба постојано да бидат поттикнувани со охрабрувачки, ведри и благи зборови какви што се: „Никогаш во мислите не се задржувај на неуспехот. Ти си само ученичка, и се очекува да правиш грешки. Обиди се повторно. Сконцентрирај се на она што го работиш. Само биди повнимателна и сигурно ќе успееш."

**Како интересот и во одушевувањето можат да бидат оладени.** – Многу мајки не сфаќаат колку е важно ова знаење да им го пренесуваат на своите ќерки, и наместо да ги поднесат неволјите и грижата во поучувањето на своите деца, имајќи трпение со нивните слабости и грешки додека тие учат, тие повеќе сакаат тие работи сами да ги извршуваат. И кога нивните ќерки не успеваат во своите напори, тие ги обесхрабруваат со зборовите: „Не вреди ништо, ти навистина тоа не го можеш. Повеќе ми одмагаш отколку што ми помагаш."

Така првите напори на овие ученици завршуваат со неуспех а првите неуспеси го ослабнуваат нивниот интерес и нивната волја за учење така што нема да се нафатат на повторен обид, туку поправо ќе одберат да се занимаваат со шиење, плетење и чистење на куќата – сè друго само да не готват. Тука мајките многу грешат. Тие би морале преку трпеливо поучување да ги наведат своите ќерки да стекнат практично искуство со кое би се отстранила неумешноста и невештите движења на неискусните раце.

**Најнеопходната подготовка која младите дами можат да ја направат за практичниот живот.** – Младите домаќинки треба целосно да бидат упатени во вештината на готвење. Без оглед на

околностите во кои подоцна ќе живеат, тие ќе располагаат со едно знаење кое ќе можат практично и корисно да го употребуваат. Вештината на готвење е знаење кое најнепосредно влијае на човечкиот живот, и на животот на оние кои ни се најдраги.

Младите жени мислат дека готвењето е понижувачка работа, па извршуваат други домашни обврски; затоа многу мажени девојки се грижат за своето семејство без добра претстава за вистинските задачи на една сопруга и мајка.

**И мажите треба да научат да готват.** – И момчињата и девојките треба да се поучуваат како се подготвуваат економично здрави јадења без додаток на месо.

**Сериозни прашања за размислување.** – „Дали јадете или пиете, или што и да правите, правете го сето тоа за слава Божја." Дали така постапувате кога ја подготвувате храната за вашата трпеза и го повикувате семејството на оброк? Дали на децата им ја давате само онаа храна за која знаете дека ќе произведе најдобра крв? Дали тоа е храна која нивното здравје ќе го запази во најдобра состојба? Дали тоа е храна која најдобро ќе им помогне да го одржат животот и здравјето? Се трудите ли таква храна да изнесувате пред своите деца? Или, без оглед на нивното идно добро, им давате нездрава раздразнувачка храна?

# ЈАДЕЊЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ

**Започнете со правилно хранење на бебето. –** Тешко може да се процени важноста на создавањето правилни навики во исхраната кај детето. Малечките треба да научат дека јадат за да живеат, а не живеат за да јадат. Ова поучување треба да започне уште додека малечкото е во прегратките на мајката. Детето треба да се храни само во правилни интервали чие растојание ќе се зголемува со развојот на детето. Не треба да му се даваат слатки, или храна за повозрасни која тие не можат да ја преработат. Грижата и редовноста во исхраната на малечките нема само да го подобри нивното здравје, со што ќе ги наведе да бидат тивки и смирени, туку ќе ги постави и темелите на навиките кои ќе бидат благослов за нив во подоцнежните години.

**Воспитајте го вкусот и апетитот. –** Кога детето ќе излезе од пелени треба да се води голема сметка тоа да развие добар вкус и правилен апетит. На децата често им се дозволува да јадат кога сакаат без да се води сметка за нивното здравје. Маката и парите кои толку често се вложуваат во нездрави јадења ги наведуваат децата да мислат дека највисоката цел во животот, која донесува најмногу среќа е да бидат во состојба да му попуштаат на апетитот. Резултатот од ваквото воспитување е алчност, а потоа доаѓа и болест...

Родителите треба да го изградуваат апетитот на детето и не смеат да дозволат тоа да употребува нездрава храна.

**Храната има влијание врз духовната, менталната и физичката сила.** – Мајките кои им попуштаат на желбите на своите деца за сметка на здравјето и доброто расположение, сеат семе на зло кое ќе израсне и ќе донесе плод. Како што растат децата, така ќе расте и нивната попустливост кон себеси и тие ќе ја жртвуваат менталната и физичката виталност. Мајките кои го направиле тоа со горчина ќе го пожнеат она што го посеале. Ќе ги гледаат своите деца како израснуваат со несоодветен ум и карактер за да превземат благородна или полезна работа во општеството или домот. Духовните, умствените и телесните сили слабеат под влијание на

нездравата храна. Совеста отапува, а чувствителноста за добрите работи е се послаба.

**Одбери ја најдобрата храна.** – За да дознаеме која храна е најдобра мораме да го проучиме првичниот Божји план за исхраната на луѓето. Оној Кој го создал човекот и Кој ги разбира неговите потреби му ја одредил храната на Адам. Житарките, овошките, зеленчукот и јаткастите плодови ја претставуваат исхраната што Творецот ја одбрал за нас.

**Храната подгответе ја на едноставен начин кој ќе предизвика апетит.** – Бог обилно го има снабдено човекот со средства за задоволување на неизопачениот апетит. Тој пред него ги има рапространето производите на земјата – огромна разновидност на храна која одговара на вкусот и која е хранлива за телото. Нашиот небесен Татко рекол дека сетоа тоа може слободно да го јадеме. Овошјето, житарките и зеленчукот подготвени на едноставен начин, без зачини и масти од кој и да е вид, приготвени со млеко или павлака се најздрави за јадење. Тие го хранат телото и даваат сила на издржливост и енергија на умот која не може да се добие од надразнувачката храна.

**Апетитот не е безбеден водач.** – Треба да ја избереме онаа храна која најдобро ги обезбедува потребните елементи за изградба на телото. Во овој избор апетитот не е сигурен водич. Тој е изопачен од лошите навики во исхраната. Често бара храна која го нарушува здравјето и наместо сила предизвикува слабост... Голем причинител на болестите и страдањата што преовладуваат насекаде се токму популарно прифатените заблуди во врска со исхраната.

**Децата кои го следат невоспитаниот апетит.** – Додека седев во вагонот, слушав како родителите забележуваат дека апетитот на нивните деца е многу префинет, и доколку немаат месо и колачи тие не можат да јадат. Кога се земаше пладневен оброк, јас го набљудував квалитетот на храната која што им беше давана на тие деца. Тоа беше леб од фино брашно, исечена шунка посолена со црн бибер, зачинета туршија, колачи и компоти. Бледата и потемнетата боја на кожата кај лицето на овие деца, јасно укажуваше

на злоупотребата на напатениот желудник. Две од овие деца забележаа како деца од едно друго семејство јадат сирење со својата храна и веднаш изгубија апетит за она што беше пред нив, сè додека нивната мајка која им попуштала, не замоли за парче сирење да им даде на нејзините деца плашејќи се нејзините драги деца да не го завршат својот оброк. Мајката даде забелешка: „Моите деца го сакаат ова или она толку многу, и јас им го давам она што го бараат; затоа што апетитот го бара оној вид храна кое телото го побарува.“

Тоа би било точно кога апетитот не би бил никогаш изобличен. Постои природен и изобличен апетит... Апетитот се изопачува со погрешно воспитување. Совршените стомачни органи се надразнуваат и се оштетуваат сè додека не ја изгубат својата фина чувствителност. Едноставната, здрава храна им се чини блуткава. Злоупотребуваниот желудник нема да ја изврши доверената задача, додека не се поттикне со средства кои многу надразнуваат. Доколку овие деца од најрано детство биле воспитувани да земаат само здрава храна подготвена на наједноставен начин, која во голема мерка ги запазила своите природни својства, да одбегнуваат месна храна, животинска маст и сите зачини, вкусот и апетитот би им останале неизопачени. Во својата природна состојба тој може да укаже, во голема мерка, на храната која највеќе одговара на потребите на телото.

**Што е пак со месната храна?** – Ние не пропишуваме никакви одредени правила во поглед на исхраната; меѓутоа; кажуваме дека во земјите каде што има во изобилие овошје, житарки и јаткасти плодови, нема да биде исправно ако Божјиот народ користи месо. Покажано ми е дека месото поттикнува животински нагони, ги лишува мажите и жените од онаа љубов и сомилост која треба да ја негуваат кон секого и чинат ниските страсти да се здобијат со победа над возвишените особини на битието. Ако некогаш било здраво да се јаде месо, денес тоа веќе не е.

**Причини за отфрлање на месната исхрана.** – Оние кои јадат месо не јадат ништо друго освен житарки и зеленчук од втора рака; зашто од овие работи животните ги примаат хранливите состојки кои им овозможуваат да растат. Животот од житарките и зеленчукот преминува во животното што ги јаде. Ние го примаме јадејќи

го животното. Колку е подобро да го земаме директно, јадејќи ја храната што Бог ја одредил за нас!

Месото никогаш не било најдобра храна; но сега имаме двојно повеќе причини против неговата употреба бидејќи болестите кај животните брзо се зголемуваат. Оние кои јадат храна од животинско потекло не знаат многу за она што го јадат. Кога би можеле да го видат животното што го јадат и да дознаат со што било хрането, тие би се одвратиле од него со неодобрување. Луѓето постојано јадат месо полно со туберкулозни и канцерогени клетки. На тој начин се добиваат туберкулоза, рак и други фатални болести.

**Последиците не се веднаш согледливи.** – Последиците од месната исхрана можеби нема да се забележат веднаш; но тоа не значи дека таа не е штетна. Малкумина можат да се натераат да поверуваат дека месото што го јаделе ја загадило нивната крв и го предизвикало нивното страдање. Мнозина умираат од болести чија единствена причина е јадењето месо, не сомневајќи се за вистинската причина.

**Враќање кон првобитната исхрана.** – Зарем ова не е време кога сите треба да се стремат да го исфрлат месото од својата исхрана? Како можат оние кои сакаат да бидат чисти, благородни и свети, да уживаат во друштвото на небесните ангели, да продолжат да употребуваат нешто што е толку штетно за душата и телото? Како можат да убиваат Божји созданија за да го конзумираат нивното месо? Наместо тоа, нека се вратат кон здравата и вкусна храна која му била дадена на човекот на почетокот и нека бидат милостиви кон немите суштества кои Бог ги создал, и ги поставил под наша власт, поучувајќи ги своите деца да го прават истото.

**Начинот на живот на оние кои го чекаат Христовото доаѓање.** – Меѓу оние кои го чекаат Господовото доаѓање, јадењето месо ќе биде конечно напуштено; месото ќе престане да биде дел од нивната исхрана.

**Враќање кон Божјата замисла.** – Повторно и повторно ми беше покажано дека Бог го враќа Својот народ, назад на Својот првобитен план, а тој е да не се хранат со месото на мртвите животни. Тој има желба ние да го поучуваме народот за подобриот

начин на исхрана... Доколку месото се остави, доколку вкусот се воспитува во таа насока, доколу се изградува желба за храна од овошје и житарки, тогаш наскоро ќе биде онака како што Бог во почетокот замислил да биде. Неговиот народ нема да употребува месо.

**Поуки во поглед на промена на исхраната.** - Погрешно е мислењето дека силата на мускулите зависи од храната од животинско потекло. Потребите на организмот може да бидат подобро задоволени и може да се ужива во повитално здравје без нејзина употреба. Житарките, во комбинација со овошје, јаткасти плодови и зеленчук ги содржат сите прехрамбени состојки потребни за создавање добра крв. Овие состојки пак, не можат толку добро или во целост да се внесат преку месната храна. Кога употребата на месо би била толку суштествена за здравјето и силата, храната од животинско потекло би била вклучена во исхраната која на почетокот била одредена за човекот.

За да имаме хранлива и вкусна храна кога ќе го оставиме месото, неговото место треба да биде пополнето со разновидност од житарки, јаткасти плодови, зеленчук и овошје. Ова особено важи за оние кои се слаби или постојано преоптоварени со работа.

**Здравото хранење не претставува жртва.** – Иако децата треба да се учат да го контролираат апетитот и да јадат во согласност со здравјето, мора да им биде јасно дека се откажуваат само од она што може да им наштети. Тие се откажуваат од штетни нешта поради нешто подобро. Нека вашата трпеза биде привлечна и убава - полна со добри нешта со кои Бог обилно ни ги дарувал.

**Ние можеме да јадеме било што.** – Во многу семејства се прават големи подготовки за пречек на гости. Разновидност на храна се подготвува за на трпезата. Оваа храна е искушение за оние кои се привикнати кон таков вид на богата храна...

Јас знам за некои кои прават посебни подготовки за посетителите. Во своите семејства тие не се придржуваат кон редовност. Оброците се подготвени на начин да ја задоволат удобноста на сопругата и мајката. Среќата на сопругот и децата не се проучува. И покрај тоа што се прави таква парада за посетителите, било што се смета за доволно добро кога е само „за нас.“ Трпеза залепена

до ѕидот, ладен оброк поставен на неа, без вложен труд таа да биде привлечна, е честа појава. „Тоа е само за нас,“ тие велат. „Ние можеме да јадеме било што.“

**Нека оброкот биде пријатно време за дружење.** – Времето за јадење треба да биде можност за взаемно дружење и освежување. Сè што би можело да оптовари или раздразни, треба да биде отстрането. Треба да се негува доверба, љубезност и благодарност кон Давателот на сè што е добро, па и разговорот ќе биде радосна, пријатна размена на мисли кои ќе подигнуваат, наместо да заморуваат.

Трпезата не е место каде треба да биде предизвикана непослушност кај децата преку некое неразумно постапување од страна на родителите. Целото семејство треба да јаде со задоволство и благодарност, имајќи на ум дека оние кои што го сакаат Бога и Нему му се послушни ќе земат учество во вечерата на Јагнето во Божјото царство каде самиот Исус ќе ги служи.

**Редовност во јадењето.** – Во никој случај оброците не треба да бидат нередовни. Доколку се руча еден или два часа пред вообичаеното време, желудникот не е подготвен за ново оптоварување, затоа што сè уште ја нема сварено храната која била внесена во претходниот оброк и нема животни сили за нова задача. На тој начин телото се оптоварува.

Оброците не смеат да се одложат еден или два часа за да одговараат на околностите или за да може да се заврши некоја работа. Желудникот бара храна во времето кога е навикнат да ја прима. Доколку тоа време се одложи, животната сила на телото опаѓа и на крајот паѓа толку ниско за апетитот целосно да се изгуби. Доколку храната се земе тогаш, желудникот не е во состојба правилно да ја свари. Храната не може да се претвори во добра крв. Кога сите би јаделе во редовни временски интервали, не вкусувајќи ништо помеѓу оброците, би биле подготвени за своите оброци и би нашле задоволство во јадењето, кое ќе ги награди за нивното одрекнување.

**Учете ги децата кога, како и што да јадат.** – Децата воглавно се непоучени во поглед на важноста за тоа кога, како и што треба да јадат. Ним им е дозволено слободно да му попуштаат на својот

вкус, да јадат во било кое време, да посегнат по овошје кога тоа ги искушува нивните очи; и тоа, заедно со тортата, колачот, лебот и путерот и слатките коишто се јадат скоро постојано, од нив прави гурмани и со слабо варење. Органите за варење, како мелница која постојано работи, заслабуваат и од мозокот е побарана витална сила да му се помогне на желудникот во неговата претерана работа. Неприродните стимуланси и заморот на виталните сили нив ги прави нервозни, нетрпеливи на ограничувања, самоглави и надразливи. Во нив ретко може да се има доверба надвор од погледот на родителите. Во многу случаи изгледа дека моралните сили се мртви и тешко е да се доведат да го чувствуваат срамот на гревот и неговата ужасната природа; тие лесно креираат навики на неискреност, мамење, а често пати и отворено лажење.

Родителите ги осудуваат тие нешта кај своите деца, меѓутоа не сфаќаат дека нивното погрешно устројство е причина за злото. Тие не ја имаат сфатено неопходноста за ограничување на апетитот и страстите кај своите деца и тие се имаат засилено со нивните години. Мајките подготвуваат со своите раце и пред своите деца поставуваат храна која има тенденција нив да им наштети и телесно и умствено.

**Никогаш не јадете помеѓу оброци.** – Желудникот треба внимателно да се чува. Тој не смее непрекинато да работи. Дајте му на овој злоупотребуван и многу измачуван орган малку мир, спокојство и одмор...

По јадењето на редовниот оброк, на желудникот треба да му се даде одмор за пет часа. Ниту едно парче храна не треба да биде внесено во желудникот сè до следниот оброк. За тоа време желудникот ќе ја заврши својата работа и тогаш ќе биде во состојба да прими повеќе храна.

Мајките прават голема грешка дозволувајќи им ним (на децата) да јадат помеѓу оброци. Со тоа се преоптоварува желудникот и се поставува темел за идни болести. Нивната раздразливост можеби е причинета од нездрава храна, а покрај тоа уште и несварена; меѓутоа, мајката нема време да ја најде причината за тоа и да го исправи своето убиствено управување. Ниту таа може да запре од својата работа за да го утеши нивното нетрпеливо негодување. На малиот страдалник таа му дава парче колач или некоја друга слатка за да го смири, но со тоа злото станува уште поголемо...

Мајките често се жалат на нежното здравје на своите деца и бараат совет од лекар; меѓутоа кога би размислиле малку подобро, би согледале дека тешкотиите се причинети поради заблудите во поглед на исхраната.

**Доцните „закуски“ се многу штетна навика.** – Друга погубна навика е јадењето пред спиење. Иако се земени сите редовни оброци, луѓето повторно јадат пред спиење затоа што чувствуваат слабост. Ваквото попуштање создава толку силна навика што некои дури мислат дека ако не јадат воопшто нема да можат да заспијат. Како резултат на ова доцно јадење, органите за варење продолжуваат да работат за време на ноќта. Но иако постојано работи, желудникот не може правилно да ја изврши својата задача. Тогаш често се јавуваат непријатни сништа, а човекот наутро се буди неокрепен и без желба за појадок. Кога одиме на починка, желудникот треба да биде готов со својата работа и да ужива одмор како и другите органи во нашето тело. Оваа навика на вечерно јадење е особено штетна за оние кои многу време поминуваат во седечка положба. Ваквата неуредност често пати предизвикува болест која завршува со смрт.

**Мајка која е советувана дека појадокот е важен.** – Твоето дете е нервозно, и нејзината исхрана треба да биде внимателно пазена. Нејзе не треба да ѝ биде дозволена храна која ќе го задоволи вкусот без да даде соодветна хранливост... Нека таа никогаш не оди на училиште без да појадува. Не си дозволувај да ја следиш својата наклонетост во овој поглед. Постави се целосно под Божја контрола и Тој ќе ти помогне сите свои желби да ги доведеш во хармонија со Неговите барања.

Обичај и ред во општеството е да се земе лесен појадок. Меѓутоа, тоа не е најдобар начин на постапување со желудникот. За време на појадокот желудникот е во подобра состојба да свари повеќе храна отколку што тоа може да го стори за вториот или третиот оброк во текот на денот. Погрешен обичај е да се појадува штедливо, а да се јаде изобилно за време на ручекот. Нека вашиот појадок биде сличен на главниот дневен оброк.

**Обезбедете изобилство од најдобрата храна.** – Децата и младите не треба да бидат неухранети ниту најмалку; тие треба да

имаат изобилие на здрава храна, но тоа не значи дека пред нив можат да се поставаат богати колачи и слатки. Тие треба да вежбаат и да имаат најдобра храна, затоа што тие имаат важна улога врз состојбата на умствената и моралната сила. Соодветната, здрава исхрана ќе биде едно од средствата со кои може да се зачува здравото варење на храната.

**Партиципирај во тоа со умереност.** – Родителите често прават грешка со тоа што на своите деца им даваат премногу храна. Децата кои се третирани на ваков начин ќе пораснат во луѓе болни од органите за варење. Умереноста е неопходна дури и во конзумирањето на добрата храна. Родители, пред своите деца поставете ја количината која тие можат да ја јадат. Не оставајте ги да јадат онолку колку што тие мислат дека им треба... Родители, ако не се пазат во поглед на ова, вашите деца ќе поседуваат тапа восприемливост. Тие можат да одат на училиште, но тие нема да можат да научат како што би требало; затоа што силата која треба да оди во мозокот е користена во згрижување на вишокот храна која го оптоварува желудникот. Родителите треба да стекнат знаење за да сфатат дека премногу храна ги прави децата слаби наместо силни.

**Родителите треба да диктираат во тој поглед а не децата.** – Учете ги да се одрекуваат од апетитот, да бидат благодарни за обичната, едноставна исхрана која Бог им ја дал. Вие не треба да им диктирате што тие треба да јадат, но вие треба да им диктирајте за тоа што е најдобро за нив. Претставува за вас грев да им дозволите на своите деца да се жалат и поплакуваат на добрата, здрава храна, само затоа што не одговара на нивниот расипан апетит.

Нека детето не прими впечаток, дека затоа што е твое дете, вие нему мора да му се потчинете и да му биде дозволено да го одбере и насочи својот начин на јадење. Нему не треба да му биде дозволено да бира артикли на храна кои не се добри за него, само затоа што нему му се допаѓаат. Искуството на родителите треба да биде управувачка сила во животот на детето.

**Здраво живеење, лична должност.** – Она што го јадеме и пиеме има важна улога врз нашите животи и карактери, и христија-

ните треба своите навики на јадење и пиење да ги доведат во согласност со законите на природата. Ние мора да ја чувствуваме својата одговорност кон Бога во поглед на тие нешта. Послушноста на законите на здравјето треба сериозно да се проучуваат, затоа што намерно непознавање на тој предмет претставува грев. Секој еден треба да чувствува лична одговорност во споведување на законите на здраво живеење.

# УМЕРЕНОСТ ВО СИТЕ НЕШТА

**Неумереноста е причина за повеќето болести во животот.** – Неумереноста е основа на повеќето болести во животот. Таа годишно уништува десетици илјади животи. Ние за умереноста не зборуваме како само за употребата на алкохолни пијалоци, туку ѝ даваме пошироко значење, вклучувајќи ги штетните попуштања на каков и да е апетит или страст.

**Умереноста е начело од верскиот живот. –** Мораме да поучуваме и да спроведуваме во дело умереност во сите нешта од овој живот. Умереноста во јадењето, пиењето, спиењето и облекувањето е едно од големите начела на верскиот живот.

**Навиките на умереност даваат богати награди.** – Новото поколение е опколено со нешта создадени за искушување во поглед на апетитот. Особено во големите градови луѓето многу лесно им се препуштаат на сите можни попуштања и примамливи уживања. Меѓутоа, оние кои, како Даниел нема да сакаат да се осквернат, ќе примат награда за умереноста во нивните навики. Зголемувајќи ја на тој начин својата физичка сила и издржливост, тие создаваат резерва која добро ќе им дојде во случај на потреба.

Правилните навики во секојдневниот живот го потпомагаат развојот на умните способности. Бистрината на умот, физичките сили и долговечноста, сето тоа зависи од низа непроменливи закони. Не постои случајност во тој поглед. Оној кој ја создал природата нема да се вмеша за да ги запази луѓето од последиците на прекршувањето на законите на природата.

**Во учењето.** – Неумереноста во проучувањето е еден вид опивање; и оние кои така постапуваат, како пијаницата, заталкуваат од безбедните патеки и се тетеравaт и паѓаат во мракот. Господ би сакал секој студент да има на ум дека окото мора да биде насочено само кон славата Божја. Тој не треба да ги исцрпува и напразно троши своите физички и умствени сили настојувајќи да се здобие со сето можно научно знаење, туку треба да ја запази свежината и силата на сите свои сили и да ги вклучи во работата која

Бог му ја одредил помагајќи им на душите да го најдат патот кон праведноста.

**Во работата.** – Ние треба да бидеме умерени во својата работа. Ние не треба да се ставиме во положба да работиме претерано. Некои тоа можеби ќе го сторат кога е неопходно, но тоа треба да биде исклучок, а не правило. Ние треба да бидеме умерени во сите нешта. Доколку му дадеме чест на Бога со тоа што ќе го вршиме својот дел, Тој ќе го стори Својот дел со тоа што ќе го запази нашето здравје. Ние треба да имаме чувствителна контрола над сите наши органи. Преку практикување умереност во јадењето, пиењето, облекувањето, работата и во сите нешта, ние за себе можеме да го сториме тоа што ниеден лекар не ќе може да го стори за нас.

Како правило, работата од тој ден не треба да продолжи и во вечерта... Мене ми беше покажано дека оние кои прават така често пати губат повеќе отколку што добиваат, затоа што нивната сила е исцрпена и тие работат црпејќи енергија од својата возбуденост. Тие можеби нема да согледаат некоја неодложна штета, но со сигурност тие ја поткопуваат својата конституција.

**Во јадењето.** – Вистинската умереност нè учи да го отфрлиме сето она што е штетно, и промислено да го користиме она што е корисно. Постојат малкумина кои сфаќаат како што треба колку многу нивните навики на јадење се поврзани со нивното здравје, нивниот карактер, нивната корисност во овој свет и нивната вечна судбина. Апетитот секогаш треба да биде во потчинетост на моралната и интелектуалната сила. Телото треба да биде слуга на умот, а не умот на телото.

Оние кои јадат и работат неумерено и неразумно, тие зборуваат и постапуваат неразумно. Не е неопходно да се пијат алкохолни и силни пијалоци за човекот да стане неумерен. Гревот на неумереност во јадењето – покажан во премногу честото и прекумерно земање на храна или со употреба на силно зачинети и нездрави јадења – ги уништува органите за варење, влијае врз мозокот, го изопачува расудувањето и го оневозможува разумното, трезвено и здраво размислување и работа.

**Не се одрекувајте од Бога преку ниту еден акт на неумереност.** – Ние сме скапо платени; затоа треба да го прославиме Бога во нашето тело и нашиот дух, кои се Негови. Ние не треба да се одречеме од Него ниту преку еден акт на неумереност, затоа што единородниот Божји Син не купи нас со бесконечна цена, со тоа што го жртвуваше Својот живот. Тој не умре за нас за да можеме да станеме слуги на злите навики, туку да можеме да станеме синови и ќерки Божји, служејќи му Нему со сета сила на битието.

Оние коишто имаат постојано на ум дека сме скапо платени нема во својот желудник да внесат храна која ќе му угодува на апетитот, но која им наштетува на органите за варење. Тие нема да ја упропастат Божјата сопственост преку попуштање во несоодветни навики на јадење, пиење или облекување. Тие ќе се грижат многу за човечката машинерија, сфаќајќи дека мора да го чинат тоа за да можат да работат во партнерство со Бога.

**Спроведувајте умереност во сите детали на животот.** – Ние ургираме принципите на умереност да бидат спроведувани во сите детали на домашниот живот; за пример на родителите треба да биде поуката за умереност; дека децата треба да бидат учени и присилени на самоодрекување и самоконтрола, колку што е тоа доследно, од самите пелени.

## ГЛАВА 64

# ДОМОТ И ДЕЛОТО НА УМЕРЕНОСТ

**Целосна апстиненција е одговорот.** – Единствен начин на кој можеме да се сочуваме од силната неумереност е потполното воздржување од виното, пивото и сите жестоки пијалоци. Мораме да ги научиме и нашите деца дека, за да се биде вистински маж, сè ова мора да се отфрли. Бог ни открил во што се состои вистинската мажевност. Само оние што ќе ја поседуваат, Тој ќе ги признае како победници и нивните имиња нема да ги избрише од книгата на животот.

Родителите можат, преку срдечни, истрајни напори, непристрасни од обичаите на модата на животот, да изградат морална тврдина околу своите деца која ќе ги одбрани од мизеријата и злото причинето од неумереноста. Децата не треба да бидат препуштени да пораснат како сакаат, неправилно развивајќи црти на карактерот кои ќе бидат отсечени на самиот почеток; туку тие треба да бидат дисциплинирани внимателно и воспитани да застанат на страната на правото, на страната на реформата и апстиненцијата. Во секоја криза тие тогаш ќе имаат морална независност да се соочат со бурата на опозицијата која сигурно ќе ги нападне оние кои ќе застанат во полза на вистинската реформа.

**Неумереноста често пати е резулатат на попуштањето во домот.** – Во нашата земја се имаат вложено големи напори да се запре неумереноста, но тешка работа е да се надвладее и врзе целосно израснат лав. Доколку половина од тие напори се вложат во тоа родителите да се осветлат за својата одговорност во формирањето на навиките и карактерите кај своите деца, илјада пати поголемо добро може да резултира отколку што тоа сега е случај. Ние на сите работници во делото на умереноста им посакуваме Божји благослов; но ние ги повикуваме да гледаат подлабоко во причината за злото против кое се борат и да бидат потемелни и попостојани во реформата.

Но, за да го пронајдеме коренот на неумереноста, мораме да одиме подлабоко отколку само употребата на алкохолот или тутунот. Безделничењето, бесцелноста или лошото друштво можат да приготват пат за невоздржливоста. Често пати тие причини можат

да се најдат на семејната трпеза, во семејствата кои себеси се сметаат за строго умерени. Сè што го попречува варењето на храната, што непотребно го возбудува духот, или на било кој начин го ослабнува организмот, нарушувајќи ја рамнотежата на менталните и физичките сили, ја слабее контролата на умот над телото и така наведува на неумереност. Падот на многу талентирани млади животи може да му се припише на неприродниот апетит, кој бил предизвикан од штетната исхрана.

Трпезите на нашиот американски народ воглавно се подготвени на начин на кој би се создале пијаници. Апетитот владее кај повеќето луѓе. Кој и да му попушта на апетитот со тоа што јаде премногу често, и храна која не е со здрав квалитет, ја ослабнува својата сила да им се спротивстави на барањата на апетитот и страстите во другите нешта во пропорција со некоректните навики на јадење.

**Чајот и кафето се фактори кои придонесуваат.** – Со неумереноста, која започнува уште во родителскиот дом, на децата прво им ослабнуваат органите за варење и набргу, секојдневната храна не може да го задоволи нивниот апетит. Доаѓа до нездрава состојба на организмот и се јавува силна желба за нешто што надразнува. Чајот и кафето имаат непосредно дејство. Под влијание на тие отрови, нервниот систем се возбудува и во некои случаи, за извесно време, изгледа дека силите на умот се засилиле и фантазијата заживеала. И, бидејќи овие надразливи напитоци доведуваат до „пријатни последици“ мнозина доаѓаат до заклучок дека тоа им е навистина потребно, но тоа секогаш има и противдејство. Нервниот систем ја позајмува силата од своите помошни извори, која била предвидена за подоцнежна употреба и сето тоа привремено закрепнување е проследено со соодветна депресија. Ненадејното олеснување предизвикано од употребата на чајот или кафето е очигледен доказ дека она што изгледа дека дава сила, всушност, само ги надразнува нервите и последиците за организмот мораат да бидат штетни.

**Тутунот, лукав отров.** – Користењето на тутунот е навика која често пати го погаѓа нервниот систем на посилен начин отколку употребата на алкохолот. Тој ја врзува жртвата во посилни јазли на ропство отколку алкохолот; таа навика е потешко да се победи.

Телото и умот, во многу случаи се поцелосно опиени од употребата на тутунот отколку од алкохолните пијалоци; затоа што е посуптилен отров.

Тутунот... го погаѓа умот и ги затапува чувствата, како умот не би можел јасно да ги разликува духовните нешта, посебно оние вистини коишто имаат тенденција да го исправат ова нечисто попуштање. Оние коишто користат тутун во кој и да е облик не се чисти пред Бога. Со таква нечиста навика за нив не е возможно да го прослават Бога во своето тело и дух, кои се Негова сопственост.

Тутунот ја затапува острината на мозокот и ја умртвува неговата чувствителност. Пушењето предизвикува жед и желба за жесток пијалак и во многу случаи го поставува темелот на пијанството.

**Влијанието на стимулансите и наркотиците.** – Влијанието на стимулансите и наркотиците ја намалуваат физичката сила и сето она што влијае врз телото влијае и врз умот. Стимулансот може за кратко време да ја подигне силата и да предизвика умствена и физичка активност; но кога ќе го снема тоа стимулирачно дејство, и умот и телото ќе бидат во полоша состојба отколку претходно. Алкохолните пијалоци и тутунот се имаат покажано како ужасно проклетство за нашата раса, не само во ослабувањето на телото и збунувањето на умот, туку во снижувањето на моралот. Кога контролата на разумот е поставена настрана, животинските страсти земаат превласт. Колку повеќе се користат тие отрови, посурова ќе биде природата на човекот.

**Учете ги децата да се гнасат од стимулансите.** – Учете ги своите деца да им биде одратно сѐ што на било кој начин може да ги раздразни. Мнозина од незнаење поттикнуваат кај своите деца желба за такви средства.

Бог ги повикува родителите да ги пазат своите деца од попуштањето на апетитот, а посебно од употребата на стимулансите и наркотиците. Трпезите на христијанските родители никогаш не треба да бидат натоварени со храна која содржи штетни мирудии и зачини. Тие треба да проучуваат како да го запазат желудникот од какво и да е злоставување.

Во ова динамично време колку е поневозбудлива храната толку подобро. Умереноста во сите нешта и цврстото одрекување од апетитот се единствениот безбеден пат.

**Предизвик до родителите.** – Родителите можат да им ја пренесат на своите деца својата наклонетост кон апетитот и страстите и тогаш ќе им биде многу потешко тие деца да ги научат да бидат умерени и да имаат чист и свет живот. Ако децата од своите родители наследиле наклонетост кон нездрава храна и опојни средства, врз родителите почива света должност да ги потиснат таквите лоши наклонетости кои децата ги примиле од нив! Тие мораат вредно и ревносно да ја вршат својата должност кон својот несреќен пород, да ја вршат со вера и со надеж.

**Вкусот и апетитот мораат да бидат воспитани.** – Разбирањето на законите на животот и здравјето треба да биде прва работа за родителите, како ништо не би било направено од нивна страна во подготовката на храната или преку какви и да се други навики, кои ќе развијат лоши тенденции кај нивните деца. Колку внимателно треба мајките да проучуваат да ги подготват своите трпези со наједноставна, здрава храна, за органите за варење да не ослабнат, да не се поремети нервниот систем и поуките кои тие им ги даваат на своите деца да не бидат поништени преку храната која е поставена пред нив. Таа храна или ги ослабува или ги јакнее органите за варење и има голем удел во развивањето на телесното и моралното здравје на децата, кои се Божја сопственост откупени со крв.

**Негрижливите родители се одговорни.** – Многу родители на своите деца им дозволуваат да јадат и пијат кога ќе посакаат за да ја избегнат должноста трпеливо привикнување на своите деца на самооткажување. Оваа желба да го задоволат својот вкус и стремежите кај младите не опаѓа со текот на годините; и кога ќе пораснат, со нив загосподарува она на што со попуштањето биле поттикнувани и тие стануваат робови на желбите. Кога ќе го заземат своето место во општеството и почнат да живеат за себе, тие немаат сила да му се спротивстават на искушението. Во жртвите на алчноста, пушењето, пијанството и развратот, ги гледаме тешките последици од погрешното воспитување...

Кога ќе го слушнеме жалното оплакување на христијаните и христијанките поради ужасните зла на неумереноста, истовремено ни се наметнуваат прашањата: Кој ги воспитувал тие млади? Кој во нив ги поттикнувал тие незадржани желби? Кој ја занемарил свечената одговорност на вообличувањето на нивниот карактер, за да бидат корисни во овој живот и да се удостојат за друштвото на небесните ангели во вечниот живот?

**Вистинската работа започнува во домот.** – Домот е место каде вистинската работа мора да почне. Најголемото бреме почива врз оние кои ја имаат одговорноста на воспитување на младите, во обликување на нивните карактери. Тоа е работа за мајката, да им помага на своите деца да обликуваат правилни навики и чисти вкусови, да развијат морална чистота и вистинска морална вредност. Поучувајте ги дека тие не треба да бидат занишани од другите, дека тие не треба да попуштаат пред погрешните влијанија, туку да влијаат врз другите за добро, да ги облагородат и подигнат оние со кои се дружат. Учете ги дека ако се поврзат со Бога, тие ќе примат сила од Него да опстојат пред најжестоките искушенија.

**Умереноста не е предмет за шегување.** – Многумина предметот на умереност го земаат како предмет за шегување. Тие тврдат дека Бог не се грижи за толку малечки работи како што се нашето јадење и пиење. Но доколку Господ не се грижи за тие нешта, Тој себеси не би ѝ се открил на жената на Маное, давајќи ѝ одредени инструкции и два пати наложувајќи ѝ да внимава како не би ги занемарила. Зарем тоа не е доволен доказ дека Тој се грижи за тие нешта?

**Реформата започнува со мајката.** – Внимателноста со која мајката треба да внимава на своите животни навики е опишана во Светото Писмо.

Мајката треба да започне со реформа пред раѓањето на нејзините деца; и доколку Божјите барања беа верно послушани, неумереноста не би постоела.

Во упатствата на ангелот до еврејските родители не биле вклучени само навиките на мајката, туку и воспитувањето на детето. Не било доволно Самсон, детето што го ослободил Израел, да има

само добро наследство при раѓањето. Ова наследство требало да биде проследено со грижливо воспитување. Тој уште од раното детство требало да биде воспитуван да изградува навики на строга умереност...

Упатствата дадени во поглед на Еврејските деца ни покажуваат дека не смее да се занемарат работите што влијаат врз физичката благосостојба на детето. Ништо не е неважно. Секое влијание што го погодува телесното здравје има свое влијание и врз умот и карактерот.

Од самата колевка децата треба да бидат поучувани на умереност и самоконтрола. Врз мајката воглавно почива бремето на оваа работа, и, помогната од таткото, таа може успешно да ја спроведува.

**Продолжете со лекциите при огништето и во училиштето.** – Многу е тешко да се ослободиме од навиките на кои им се попуштало низ животот и кои го имаат воспитано апетитот. Демонот на неумерност не е лесно да се победи. Тој има џиновска сила. Нека родителите почнат да поучуваат против неумереноста при своите огништа, во своите семејства, во принципите кои ги учат своите деца тие да ги следат од своите пелени за да можат да се надеваат на успех. Тоа ќе ви се исплати мајки, драгоцените часови кои ви ги дал Бог, да ги вложите во обликувањето, развивањето и воспитувањето на карактерите на вашите деца, учејќи ги стриктно да се придржуваат до принципите на умереност во јадењето и пиењето.

Такви поуки би требало да се даваат во секое училиште и во секој дом. Младите и децата треба да разберат дека алкохолот, тутунот и другите слични отрови со своето влијание го разурнуваат телото, го замаглуваат умот и духот го прават телесен. Мора да се објасни дека секој што ги употребува овие отрови не може долго да ја задржи полната сила на своите физички, ментални и морални способности.

**Направете ги јасни последиците од малите отстапувања.** – Треба да се чуваме од почетоците на злото. При подучувањето на младите треба мошне јасно да се нагласи до какви последици доведува навидум малото оддалечување од правичното... Младите мораат да бидат проткаени со помислата дека мораат да бидат

господари, а не робови. Бог нив ги назначил за владетели на царството кое е во нив, и тие мораат да се служат со царската власт што им е дадена од Небото. Ако ваквите поуки се даваат совесно, последиците од тоа ќе се почувствуваат далеку вон кругот на младите. Со тоа влијание ќе бидат опфатени и спасени илјадници мажи и жени кои се наоѓаат на самиот раб на пропаста.

**Градете храброст во спротивставувањето на искушението.** – Потребни се индивидуални напори на вистинска страна за да се потисне раснечкото зло на неумереноста. О, кога би можеле да најдеме зборови кои би го стопиле и разгориле патот до срцето на секој родител на земјата!

Родителите можат да постават темели за здрав и среќен живот на своите деца. Можат да ги испратат од домовите со морална сила која ќе му се спротивстави на искушението и храброст и сила за успешна борба со животните проблеми. Можат да ги вдахнат со одлучност да не отстапуваат од зададената цел и да развијат кај нив сила да живеат живот на слава на Бога и на благослов за светот. Можат да ги насочат нивните нозе на вистинската патека која низ сонце и сенки води до славните височини.

Бог повикува кон нас да застанеме на широката платформа на умереноста во јадењето, пиењето и облекувањето. Родители, зарем нема да се разбудите за своите од Бога дадени одговорности? Проучувајте ги начелата на здравствената реформа и учете ги вашите деца дека патот на самоодрекување е единствениот безбеден пат.

# ОТСЕК XV

## *Соодветна облека*

# БЛАГОСЛОВИТЕ ОД ПРОПИСНОТО ОБЛЕКУВАЊЕ

**Соодветна и пристојна.** – Ние имаме предимство со облекувањето, како и со сè друго, да Му укажеме чест на нашиот Создател. Тој сака нашата облека да биде не само уредна и здрава туку и соодветна и пристојна.

Ние треба да настојуваме да изгледаме најдобро што можеме. Во службата на светилиштето Бог го специфицирал секој детал во поглед на облеката на оние кои служеле пред Него. Така ние сме поучувани дека Тој има желби во поглед на облеката на оние кои му служат. Посебно биле дадени многу специфични упатства во поглед на облеката на Арон, затоа што неговата облека била симболична. Така и облеката на Христовите следбеници треба да симболизира нешто. Во сите нешта ние треба да го претставуваме Него. Нашата личност во секој поглед треба да биде карактеризирана со уредност, скромност и чистота.

**Илустрирана со нештата од природата.** – Преку нештата од природата (цвеќињата, полските кринови) Христос ја илустрирал убавината која небото ја вреднува, скромната привлечност, едноставноста, чистотата, соодветноста која ќе нè направи пријатни за Него.

**Карактерот може да биде расудуван преку начинот на облекување.** – Облеката и нејзината уредност може да биде показател за личноста на човекот или жената.

Ние го пресудуваме карактерот на една личност преку стилот на облеката која ја носи. Скромна, побожна жена ќе се облекува скромно. Префинетиот вкус и културниот ум, ќе биде откриен преку изборот на едноставна, прикладна облека... Жената која е едноставна и скромна во својата облека и во нејзините манири покажува дека таа разбира дека вистинската жена е карактеризирана преку својата морална вредност. Колку прекрасна, колку интересна е едноставноста во облекувањето, која според убавината може да се спореди со полските цвеќиња.

**Принципи на раководење во облекувањето.** – Нека нашите сестри се облекуваат скромно, како што многумина прават, поседувајќи облека од добар, траен материјал, соодветен за овој век, и нека умот не биде преокупиран во поглед на прашањето за облеката. Нашите сестри треба да се облекуваат едноставно. Тие себеси треба да се облечат во скромна облека, срамежливо и трезвено. Дајте му на светот жива илустрација за внатрешниот украс на Божјата благодат.

**Следете ги Божјите начела за облекување и покрај тоа што можеби ќе се разликувате.** – Христијаните не смеат да дозволат светот кон нив да гледа со чудење затоа што по начинот на облекување се разликуваат од сите останати. Меѓутоа, ако нивниот начин на облекување, усвоен во согласност со должноста да се облекуваат скромно и здраво, станува старомоден не треба да го менуваат само за да бидат како останатиот свет; туку во благородна независност и морална храброст треба да останат доследни, дури и ако заради тоа се разликуваат од целиот свет.

Доколку светот прифати еден пристоен, удобен и здрав начин на облекување, кој е во согласност со Библијата, нашиот однос кон Бога и светот нема да се промени со тоа прифаќање. Христијаните треба да го следат Христа и да се облекуваат во согласност со прописите на Божјата реч. Тие ќе избегнуваат крајност и смерно ќе чекорат по правиот пат, без оглед на пофалбата, одобрувањето или осудата, држејќи се до она што е исправно затоа што е исправно.

**Одбегнувајте крајности.** – Не се преокупирајте со тоа што ќе настојувате да ја следите неразумната мода на облекување. Облекувајте се уредно и пристојно, но себеси не правете се предмет на забелешки заради претерано облекување или заради облекување на негрижлив, несреден начин. Постапувајте како да знаете дека окото небесно е врз вас и дека вие живеете со Божје одобрување или неодобрување.

**Грижата за облеката да не биде збунета со гордоста.** – Оние кои се безгрижни и неуредни во облеката ретко се воздигнуваат во своето однесување и поседуваат малку префинетост на чувствата.

**Христос искажа предупредување.** – Христос забележал колкаво внимание му се посветува на облекувањето, затоа ги предупредил Своите следбеници и, повеќе од тоа, им наредил да не размислуваат премногу за тоа: „Зошто се грижите за облеката? Погледајте ги полските кринови како растат; не се трудат, ниту предат; но ви велам дека ни Соломон, во целата своја слава, не се облече така, како еден од нив."... Горделивоста и раскошот во облекувањето се гревови на кои жените им се посебно наклонети; затоа овие предупредувања се однесуваат директно на нив. О, колку мала вредност имаат златото, бисерите и скапоцените облеки кога ќе се споредат со кротоста и убавината Христова.

**Библиски инструкции за Божјиот народ.** – Упатена сум на следните стихови кои, според зборовите на ангелот „претставуваат упатство за Божјиот народ." 1. Тимотеј 2:9,10: „Исто така и жените да се украсуваат со пристојна облека, скромно и невпечатливо, не со плетенки и злато, со бисери или со скапоцени облеки, туку со добри дела, како што им прилега на жените кои тврдат дека се побожни." 1. Петрово 3:3-5: „Вашето украсување да не биде надворешно: во плетење на косата, во китење со златен накит или во раскошно облекување, туку во скриената личност во срцето, во нераспадливиот украс на кроткиот и тивок дух, што е од голема вредност пред Бога. Зашто така некогаш се украсуваа светите жени кои се надеваа во Бог, и им се покоруваа на своите мажи."

Многумина гледаат кон овие налози како на нешто старомодно, недостојно за забелешка; но Оној кој им ги дал на Своите ученици ја разбираат опасноста од љубовта кон облеката во нашето време и нам ни го испрати тоа предупредување. Дали ние ќе го послушаме тоа предупредување и ќе бидеме мудри?

Оние кои искрено настојуваат да го следат Христа ќе внимаваат како се облекуваат. Тие ќе се трудат да се прилагодат на јасните упатства на Спасителот.

**Опасности во љубовта кон облеката.** – Љубовта кон облеката го загрозува моралот и жената ја прави спротивно од она што претставува христијанка, која се одликува со скромност и трезвеност. Упадливата и екстравангардна облека премногу често поттикнува похот во срцето на оние кои ги носат и ги будат истите стра-

сти во срцето на оние кои ја набљудуваат. Бог гледа дека пропаста на карактерот често пати претходи на попуштањето на гордоста и суетноста во облекувањето. Тој гледа дека скапата облека ја задушува желбата да се чини добро.

**Сведоштвото на едноставноста во облеката.** – На моите млади сестри им препорачувам едноставно, недекоративно и неупадливо облекување. На никој подобар начин вие не можете да дозволите вашата светлина да светли кон другите отколку во едноставноста на облеката и однесувањето. Вие можете да им покажете на сите, дека во споредба со вечните нешта правилно ги цените нештата на овој свет.

**Умереноста ќе биде штит од илјадници опасности.** – Сестри мои, чувајте се од сето она што изгледа дека е зло. Во овој век на разврат, полн со расипаност, нема да бидете сигурни ако не стражарите. Доблеста и скромноста се ретки. Апелирам кон вас како Христови следбеници, кои тврдите дека сте добри христијани, внимателно да ја чувате драгоцената, бесценета скапоценост на скромноста.

Скромната едноставност во облекувањето, соединета со скромност во однесувањето, многу ќе придонесе младата жена да биде опкружена со атмосфера на света воздржаност, која ќе ја заштити од илјадници опасности.

**Старомодна идеја.** – Да се воспитуваат децата да чекорат по тесниот пат на чистота и светост е мисла целосно чудна, и старомодна идеја. Тоа е застапено дури и меѓу родителите кои тврдат дека му служат на Бога, но нивните дела сведочат дека тие се обожувачи на мамона. Тие се желни да се натпреваруваат со своите соседи. Тие сакаат нивната облека и облеката на нивните деца, да изгледа слично со облеката на членовите на црката во која припаѓаат.

**Единствена облека со која е дозволен влез на небото.** – Постои облека кон која секое дете и секое младо суштество може да копнее без опасност. Тоа е праведноста на светиите. Само кога тие би сакале и кога за тоа би се залагале толку колку што се трудат својата облека да ја усогласат со мерилата што ги пропишува

модата на овој свет, набргу би се облекле во Христовата облека на праведност и нивните имиња не би биле избришани од книгата на животот. И мајките, како и младите и децата, треба да се молат: „Создај чисто срце во мене, Боже, и дух вистински обнови во мене“ (Псалм 51:10) Таа чистота на срцето и убавината на духот се повредни од злато и во овој живот и во вечноста. Само оние кои се со чисто срце ќе го видат Бога.

Затоа мајки, учете ги вашите деца заповед врз заповед, правило врз правило, дека Христовата праведност е единствената облека што ќе им овозможи пристап на небото и дека облечени во неа и тука ќе бидат во состојба верно да ги извршуваат своите секојдневни должности со кои ќе го прославаат Бога.

# ПОУЧУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ НАЧЕЛА НА ОБЛЕКУВАЊЕ

**Неопходен дел од воспитувањето.** – Никакво воспитување не може да биде целосно ако не се дадени и принципите на правилното облекување. Без такво подучување, воспитното дело многу често се попречува и расипува. Љубовта кон облекувањето и предаденоста на модата спаѓаат помеѓу најстрашните соперници на учителот и меѓу најделотворните пречки за воспитувањето.

**Не е даден прецизен животен стил.** – Мене не ми беше даден ниту еден одреден стил како точно правило кое треба да нè управува во облекувањето.

**Уредно, привлечно, чисто.** – Младите треба да се охрабрат да формираат исправни навики во облекувањето, за нивната појава да биде уредна и привлечна; тие треба да бидат учени да ги чуваат своите облеки чисти и уредно поправени. Сите нивни навики треба да бидат такви како преку нив би можеле да бидат помош и утеха за другите.

Нека облеката биде соодветна и пристојна. Ако е и од најобично платно, треба секогаш да биде уредна и чиста.

**Ред и исправен вкус.** – Во својата облека тие (христијаните) ќе го одбегнуваат сето она што е излишно и за покажување пред светот; но сепак ќе се облекуваат чисто, неупадливо, скромно, уредно и вкусно.

Добриот вкус не треба да се презре ниту осудува. Ако живееме во склад со својата вера, тогаш ќе се одликуваме со недекоративно облекување и добри дела, кои ќе нè прават посебен народ. Недостатокот на смислата за уредност и чистота во облекувањето не се сложува со нашата вистина, затоа што вистината никогаш не понижува туку облагородува.

Сестри мои, вашата облека или зборува во полза на Христа и светата вистина или во полза на светот. Каков е случајот со вас?

**Добар вкус во боите и исписот.** – Вкусот треба да биде манифестиран и во поглед на боите. Еднообразноста во овој поглед е пожелна колку што е тоа погодно, па сепак разноликоста кај оние со различна боја на кожа може да биде земена во предвид. Треба да се одбираат скромни бои. Кога се користи испишан или сликовит материјал, фигурите кои се премногу големи и многу светли покажувајќи суетност и плитка гордост во оние кои ги одбираат, треба да бидат одбегнувани. Исто така и екстремниот вкус на облекување во повеќе бои е непримерен.

**Имајте ја во предвид трајноста и службата.** – Нашата облека, иако скромна и едноставна, треба да биде со добар квалитет, прикладни бои и соодветна за служба. При нејзиниот избор треба да се раководиме од нејзината трајност, а не од изгледот. Таа треба да нè затоплува и заштитува. Во книгата Соломонови изреки е опишана една мудра жена: „Не се плаши од студ за челадта своја, зашто сета челад нејзина е облечена во двојни алишта“ (Изреки 32:21).

**Се заштедува при купување на добар материјал.** – Исправно е да се купи добар материјал и внимателно да се направи облека. Тоа претставува економија. Многуте украси не се потребни и да се попушта во нив значи да се потрошат пари за задоволување на егото кои инаку можат да бидат вложени во Божјата служба.

**Имајте ги на ум потребите во Божјото лозје.** – Ние треба да се облекуваме уредно и вкусно; меѓутоа, мои сестри, кога купувате или правите облека за себеси и своите деца, мислете на Божјото лозје каде сè уште треба многу што да се направи.

Световните луѓе трошат многу пари на облека. Но Бог го повикал Својот народ да излезе од светот и да се издвои. Несериозната или скапа облека не одговара за оние кои тврдат дека живеат во последните денови...

Практикувајте економија во вашето трошење на пари за облека. Имајте на ум дека она што го носите постојано врши влијание врз оние со кои доаѓате во контакт. Не растурајте на себеси средства кои се многу потребни на некои други места. Не ги трошете Господовите средства за да го задоволите својот вкус за скапа облека.

**Едноставноста на облеката ја препорачува религијата на оној кој ја носи.** – Едноставноста во облеката ќе стори една мудра жена да изгледа на најдобар можен начин.

Облекувајте се како што христијаните би се облекувале – едноставно и недекоративно како што и доликува на жена која тврди дека е побожна, со добри дела.

Многумина со цел да си запазат место меѓу бесмислената мода, го губат својот вкус за природна едноставност и се освоени од вештачкото. Тие жртвуваат време и пари, силата на интелектот и вистинското воздигање на душата, и го посветуваат целото свое битие на барањата на елегантниот живот.

Драги млади, наклонетоста кај вас да се облекувате според модата и да носите чипки и злато, и вештачки украси за да се украсувате, на другите нема да им ја препорача верата или вистината која вие ја исповедате. Луѓе од проникливост ќе гледаат кон вашите напори да го разубавите надворешното како доказ дека поседувате слаби умови и горди срца.

**Да не се облекуваме за покажување.** – Јас ќе ги потсетам младите кои се украсуваат себеси и носат пердуви на своите шешири, дека заради нивните гревови, на главата на нашиот Спасител беше ставен срамен венец од трње. Кога посветувате драгоцено време за украсување на вашата облека, имајте на ум дека Царот на славата носеше недекоративна наметка. Вие кои се заморувате со украсување, ве молам имајте на ум дека Исус често пати беше уморен од постојана тешка работа и самоодрекување, и пожртвување за да ги благослови оние кои страдаат и сиромашните... Заради нас Тој ги упати Своите молитви кон Својот Татко, во силни повици и солзи. За да нè спаси од истата гордост и љубов кон суетноста и задоволството на кои сега им попуштаме, и која ја истерува љубовта кон Христа, беа пролеани тие солзи и дека ликот на нашиот Спасител изразува повеќе жалост и агонија отколку лицето на кој и да е човечки син.

**Непотребни украси.** – Правете облека без непотребни украси и ставете ги настрана за напредокот на Божјото дело средствата кои на таков начин се заштедени. Научете ја лекцијата на самоодрекување и на тоа учете ги вашите деца.

**Точката објаснета.** – Повеќе пати ми беше поставено прашањето дали сметам дека е погрешно да се носи недекоративна платнена крагна. Мојот одговор секогаш беше: Не. Некои прифатиле екстремно толкување на она што го напишав за крагната и тврдат дека е погрешно да се носи било каква крагна. Ми беше покажано дека спапоцени крагни, непотребните украсни ленти и чипки заради модата и покажувањето носат и некои празнувачи на саботата. Споменувајќи ја крагната не сакав да кажам дека ништо слично не треба да се носи; или кога ги споменав украсните ленти дека такви ленти не треба да се носат.

**Одбегнување на екстравагарнтност и украсувања.** – Нашите проповедници и нивните сопруги треба да бидат пример за недекоративност во облеката; тие треба да се облекуваат уредно, удобно, носејќи материјал со добар квалитет, одбегнувајќи го сето она што е екстравагарнтно и украсно, дури и ако тие нешта не се скапи; затоа што сите тие нешта зборуваат за наша штета. Ние треба да ги воспитаме младите на едноставност во облеката, на недекоративност и уредност. Нека посебните украси бидат изоставени, дури и ако чинат незначително малку.

**Не за покажување пред светот.** – Вистински облагородената личност не наоѓа задоволство во украсувањето на телото, за да се покажува со тоа.

Библијата учи на скромност во облекувањето. „На ист начин исто така, жените да се облекуваат во скромна облека.“ 1. Тимотеј 2:9. Овој стих забранува облекување за покажување, впечатливи бои, обилно украсување. Сето она што е дизајнирано за да привлече внимание кон оној што го носи истото или да предизвика воодушевување е исклучено од скромното облекување кое Божјиот Збор го наложува.

Самоодрекувањето во облеката е еден дел од нашата христијанска должност. Недекоративното облекување, воздржување од накит или украси од секој вид е во хармонија со нашата вера. Дали ние сме во бројот на оние кои ја гледаат неразумноста на светот во попуштањето на екстравагантноста во облеката, како и во љубовта кон забавувањето.

**Бесмртните украси наспроти златото и бисерите.** – Постои украс кој никогаш нема да помине, кој ќе ја промовира среќата на сите оние што се наоѓаат околу нас во овој живот и ќе светли со незаматена слава во бесмртната иднина. Тоа е украсот на кроткиот и понизниот дух. Бог нам ни наложил да ја носиме на себеси најскапоцената облека... Наместо да настојуваме кон златните украси за надворешноста, треба да се вложи сериозен напор за да се обезбеди таа мудрост која е повредна од чистото злато.

Од колку мала вредност се златото, бисерите или скапата облека во споредба со убавината Христова. Природната убавина се состои во симетрија, или во хармонична пропорција на деловите, еден со друг; меѓутоа духовната убавина се состои во хармонија или во сличност на нашите души со Исуса. Тоа ќе го направи оној кој ја поседува подрагоцен од чисто злато, дури и од офирско злато. Благодатта Христова е навистина украс кој нема цена. Таа го воздига и облагородува оној што ја поседува и одблеснува зраци на слава кон другите, привлекувајќи ги и нив исто така кон Изворот на светлина и благослов.

**Привлечноста на вистинската убавина.** – Постои природна наклонетост кај сите да бидеме попрво сентиментални отколку практични. Во поглед на тој факт, важно е родителите, во воспитувањето на своите деца, да ги управуваат и обучуваат нивните умови да ја сакаат вистината, должноста и самоодрекувањето и да поседуваат благородна независност, да го одбираат правото, дури и доколку мноштвото одбере да не биде во право...

Доколку ги запазат здравото тело и милиот темперамент, тие ќе поседуваат вистинска убавина која тие можат да ја носат со божествената благодат. И тие нема да треба да бидат украсени со вештачки работи, затоа што тие нешта се секогаш израз на отсуство на внатрешниот украс на вистинската морална вредност. Прекрасниот карактер има вредност во Божјите очи. Таквата убавина ќе привлече и нема погрешно да насочи. Таквата привлечност како боите кои никогаш не изbледуваат.

Чистата Исусова вера бара од своите следбеници едноставноста на природната убавина и угладеност на природната префинетост и возвишена чистота, а не лажност и извештаченост.

**Учете ги децата да ја препознаат добрата облека.** – Ние треба да бидеме верни на должностите на домашниот живот. Нека вашите деца разберат дека таму мора да владее послушност. Учете ги да прават разлика помеѓу она што е разумно и она што е неразумно во поглед на облеката и опремете ги со облека која е уредна и едноставна. Како луѓе кои се подготвуваат за скорото Христово доаѓање, ние на светот треба да му дадеме пример на умерена облека во контраст со модата која преовладува во денешно време. Разговарајте за тие нешта и планирајте мудро што ќе правите; тогаш спроведувајте ги своите планови во своите семејства. Бидете одлучни да се водите според повозвишените начела отколку поимите и желбите на вашите деца.

Доколку вашите срца се соединети со Христовото срце,... нема да се облече ништо што ќе привлече внимание или ќе создаде судир.

**Обезбедете пристојна облека соодветна за годините и положбата во животот.** – Моја сестро, поврзи ги своите деца до своето срце преку љубовта. Посвети им соодветна грижа и внимание во сите нешта. Облечи ги пристојно, за да тие не се срамат од својот изглед, затоа што тоа ќе му наштети на нивното самопочитување... Треба секогаш да се биде чисто и прикладно облечен, онака како одговара за вашите години и положба во животот.

**Телото не треба да биде притегнато.** – Облеката треба да биде така подесена што нема да ја попречува циркулацијата на крвта, ниту слободното, длабоко природно дишење. Стапалата треба соодветно да се заштитат од студ и влага. Така облечени можеме слободно да се движиме на свеж воздух и наутро и навечер дури и по роса или штом ќе престанат дождот или снегот без никаков страв од настинка.

**Облеката на малите деца.** – Ако облеката на детето му овозможува топлина, заштита и удобност, ќе се отстранат главните причини за надразнетост и немир. Малечкото ќе има подобро здравје, а мајката ќе биде ослободена од грижата која е голем товар за нејзината сила и време.

Стегнатиот повој ја попречува работата на срцето и градите и треба да се одбегнува. Ниту еден дел од телото не треба да се чув-

ствува неудобно поради облека која потиснува некој орган или ја намалува слободата на движење. Облеките на сите деца треба да бидат доволно комотни за да овозможат целосна слобода на движењето и дишењето и скроени така што сета нивна тежина ќе се држи на рамениците.

**Нека екстремитетите бидат соодветно облечени.** – Посебна грижа треба да се посвети на екстремитетите, и тие да бидат исто така добро затоплени како и градите и пределот околу срцето, каде се наоѓа најголемата количина на топлина. Родителите кои на своите деца им оставаат голи нозе и раце, на модата го жртвуваат здравјето и животот на своите деца. Ако екстемитетите не се затоплени како телото, циркулацијата нема да биде рамномерна. Екстремитетите се оддалечени од најважните органи, така што крвта се натрупува во главата ако тие не се доволно заштитени. Тоа предизвикува главоболка или крварење од носот. Или пак се чувствува притисок во градите што предизвикува кашлање или вознемиреност на срцето, затоа што во таа област се задржува вишокот на крв. Или пак, крвта навалува во желудникот и предизвикува пореметување во варењето.

За да одат во чекор со модата, мајките ги оставаат скоро голи рацете и нозете на децата и заради тоа крвта се свртува од својот природен пат и навалува во внатрешните органи; тоа предизвикува пореметување во циркулацијата и разни заболувања. Нашиот Создател не ги создал екстремитетите да бидат постојано изложени како што е тоа случај со лицето. Господ обезбедил... исто така големи вени и нерви за рацете и нозете, како би можеле во себе да задржуваат голем дел од крвта. Со тоа екстремитетите добиваат иста топлина како и трупот. Тие би требало да бидат целосно облечени како би се привлекла крвта во екстремитетите.

Сатаната ја измислил модата која ги остава екстремитетите голи, и го попречува природниот тек на крвта. А родителите се поклонуваат пред олтарот на модата и ги облекуваат своите деца така што нервите и вените се стегаат и не можат да одговорат на целта којашто Бог им ја наменил. Последиците на тоа се често ладни нозе и раце. Тие родители кои се водат според модата а не според разумот ќе одговараат пред Господа затоа што го упропастуваат здравјето на своите деца. На богот на модата често пати му се жртвува дури и самиот живот.

**Разлика помеѓу облеката на мажите и жените.** – Се забележува сè посилна наклонетост жените по својот начин на облекување и надворешниот изглед да бидат сè послични со мажите и обликот на нивната облека станува сè послична на машката, но Бог тоа го прогласува за одвратно. „исто и жените во пристојна облека, со срамежливост и честитост да се украсуваат себеси.“ (1. Тимотеј 2:9)...

Бог бара помеѓу машката и женската облека да се истакне јасна разлика, и Тој тоа прашање го смета за толку важно, што дал специфични упатства во тој поглед; затоа што кога двата пола би се облекувале на ист начин тоа би предизвикало вистинска конфузија и голем пораст на престапите.

**Облекување за во црква.** – Нека никој не го обесчести Божјото светилиште преку својот упадлив начин на облекување.

Сите треба да бидат поучени да бидат уредни, чисти и внимателни во облекувањето, но исто така и да не се оддаваат на надворешното украсување кое никако не одговара за светилиштето. Не треба да се облекуваме за да привлечеме внимание, затоа што тоа поттикнува недостаток на почит кон Бога. Вниманието на луѓето честопати е свртено на некој надворешен украс на облеката, и така се раѓаат мисли кои не би требало да најдат место во срцата на присутните. Бог треба да биде предмет на нашите мисли, предмет на богослужението; и сето она што го привлекува умот од светата служба е навреда за Него. Украсување со чипки и ленти, пердуви, злато и сребро претставува идолопоклонство и сосема не одговара за светата служба Божја.

Некои добиваат идеја дека со цел да го спроведат она одвојување од светот кое Божјиот Збор го бара, тие мора да бидат немарни во поглед на својот изглед. Постојат сестри кои мислат дека тие го спроведуваат начелото на неприлагодување со светот со тоа што носат обична шапка и истата облека ја носат цела седмица, ја носат на себе во сабота кога доаѓаат на собирот на светиите да се вклучат во богослужението. И некои мажи кои тврдат дека се христијани имаат слично гледиште во поглед на облекувањето. Тие луѓе се собираат со Божјиот народ во сабота и доаѓаат со своите облеки правливи и нечисти, а дури и со големи процепи на својата облека, и кои се облечени на нив на неуреден начин.

Овие луѓе, доколку имаат закажано средба со некој пријател кој е почестен во светот, и од кого сакаат да бидат благонаклонети, ќе се напрегнат себеси во неговото присуство да дојдат со својата најдобра облека која можат да ја здобијат; затоа што тој пријател би се чувствувал навреден доколку тие би се сретнале со него со неисчешлана коса, носејќи нечиста и неуредна облека. Но сепак таквите мислат дека не е важно во каква облека тие се појавуваат или каква е нивната надворешност кога доаѓаат во сабота да му служат на големиот Бог.

**Облеката не треба да биде главна точка на нашата вера.** – Не постои потреба облеката да биде главно прашање во вашата вера. Постои нешто повредно за кое може да се зборува. Зборувајте за Христа; и кога срцето е обратено, сето она што не е во хармонија со Божјата Реч ќе отпадне.

Вашата облека не прави да имате вредност во Божјите очи. Внатрешниот украс, доблестите на Духот, љубезниот збор, промислениот обѕир за другите е она што Бог го вреднува.

**Никој не треба да биде совест за друг, но поставете достоен пример.** – Не поттикнувајте вера чиј центар е облеката. Нека секој еден ги проучува јасните учења од Писмата во поглед на едноставноста и недекоративност на облеката и преку верна послушност на тие учења настојувајте да оставите достоен пример на светот и на оние кои се нови во верата. Бог не сака ниту една личност да биде нечија совест.

**Таму каде многу деноминации ја изгубија својата сила.** – Луѓето отсекогаш ги одбегнувале и отфрлале едноставните поуки и упатства од Божјата реч. Повеќето од таканаречените Христови следбеници во сите времиња ги игнорирале начелата на одрекување и понизност, кои бараат скромност и едноставност во зборувањето, постапувањето и облекувањето. Резултатот на тоа секогаш бил ист; оној кој се оддалечува од науката на евангелието ја усвојува модата, обичаите и начелата на овој свет. Наместо жива побожност доаѓа мртов формализам. Божјото присуство и сила ги напушта оние кои го љубат светот, а се наоѓа меѓу оние кои во понизност го обожуваат Бога и се послушни на Неговата реч. Тоа било така низ сите векови. Се појавувале разни заедници една по

друга; но, напуштајќи ја едноставноста, тие во голема мерка ја изгубиле својата поранешна сила.

**Божјиот Збор е стандард.** – Во поглед на облеката треба строго да се внимава, следејќи го одблизу Библиското правило. Модата е божица која управува со светот и таа често пати и се додворува на црквата. Стадардот на црквата треба да биде Божјиот Збор и родителите треба разумно да размислуваат за тој предмет. Кога ќе ги видат децата наклонети да ја следат световната мода, тие треба, како Аврам, непоколебливо да им заповедаат на своите семејства да ги следат. Наместо да се соединуваат со светот, поврзете ги со Бога.

# ФАСЦИНАНТНАТА СИЛА НА МОДАТА

**Модата е тирански владетел.** – Модата владее со светот; таа е една тиранска господарка која своите обожаватели често ги принудува да се изложуваат на најголеми незгоди и неудобности. Модата претставува данок кој се наметнува без разум и се наплаќа и собира без милост. Таа има маѓепсничка моќ и секогаш е подготвена да ги критикува и исмејува оние кои не сакаат будно да ја следат.

Богатите се трудат да се надминат едни со други во прифаќањето на нејзините стилови кои постојано се менуваат; средните и посиромашните слоеви се обидуваат да се приближат кон стандардите што ги поставиле оние за кои сметаат дека се над нив. Кога средствата или силата се ограничени, а желбата за елеганција голема, товарот станува речиси неподнослив. На мнозина не им е важно дали облеката е пристојна, или дури и убава; ако модата се смени, и таа мора да се преработи или отфрли.

Сатаната како поттикнувач и главен зачетник на модата, која постојано се менува и никогаш не може да го задоволи вкусот, секогаш измислува нешто ново на штета на телесното и моралното здравје на човекот; и ликува кога секоја замисла толку добро му успева. Смртта се смее така што обожавателите на модата, кои во својата лудост и слепа ревност го уништуваат своето здравје, така лесно ги доведува под своја контрола – во гроб. Среќата и Божјото одобрување се ставаат на нејзиниот олтар.

Идолопоклонството на облеката претставува морална болест. Таа не треба да биде пренесена во новиот живот. Во најголем број случаи потчинувањето на барањата на евангелието ќе бара одлучна промена на облекувањето.

**Цената кои некои ја плаќаат.** – Многу од модерните облеки што ги диктира модата се во голема спротивност со принципите дадени во Писмото. Можете ли да замислите стил кој се одржал неколку века или барем неколку децении? Колку од нив, кога ќе излезат од мода, можеле да бидат прогласени за нескромни; колку од нив се покажале како неадекватни за префинетата, богобојазлива жена која се почитува себеси... Многу сиромашни девојки, по-

ради модерна наметка се откажале од топла долна облека и тоа го платиле со животот. Посакувајќи го изгледот и елеганцијата на богатите многу други тргнале по патеката на нечесноста и срамот. Во многу домови е жртвувана удобноста, многу мажи се доведени до работ на финансиската пропаст за да ги задоволат екстравагантните барања на своите жени и деца.

**Спасението е загрозено заради идолопоклонство кон облеката.** – Гордоста и суетноста се манифестираат насекаде; меѓутоа оние кои се наклонети да гледаат во огледалото и да се воодушевуваат од себеси ќе имаат слаба наклонетост да гледаат кон Божјиот закон, големото морално огледало. Ова идолопоклоничко облекување го уништува сето она што е понизно, кротко и убаво по карактер. Таа ги конзумира драгоцените часови кои треба да бидат посветени на медитација, на истражување на срцето, на молитвено проучување на Божјиот Збор... Ниеден христијанин не може да се прилагоди на деморализирачките стилови на светот без да го загрози спасението на својата душа.

**Љубовта кон покажувањето го деморализира домот.** – Преку Христовата благодат, жените можат да се оспособат да извршат една голема и огромна работа. Заради тоа сатаната работи со своите изуми да измисли модни облеки, за љубовта кон покажувањето да ги апсорбира умот, срцето и љубовта дури и на оние кои тврдат дека се христијански мајки во ова време, за тие да немаат време за воспитување и образување на своите деца или за развивање на своите умови и карактери, за да можат да бидат пример за своите деца, мостри на добри дела. Кога сатаната ќе го одземе времето и приврзаноста на мајката, тој е целосно свесен за тоа колку има придобиено. Во девет од десет случаи тој ја има придобиено посветеноста на целото семејство кон облеката и лекомисленото покажување. Тој ги смета децата како свој плен, затоа што тој ја има заробено мајката.

Малите деца слушаат повеќе за облеката отколку за своето спасение,... затоа што мајката знае повеќе за модата отколку за нејзиниот Спасител.

Така на родителите и децата им е одземено она што е најдобро, најслатко и највистинито во животот. Модата им ја одзема подготовката за животот што треба да дојде.

**Недоволно храбри да се спротивстават на плимата.** – Многу од бремињата на мајката се последица од нејзините напори да држи чекор со модата на денешницата. Ужасни се последиците на модата врз физичкото, менталното и моралното здравје. Немајќи доволно храброст да застанат зад она што е право, жените ѝ дозволуваат на струјата на популарното мислење да ги влечат по неа. Премногу често христијанските мајки го жртвуваат начелото со желба да го следат мноштвото кои од модата прават свој бог.

**Родители – внимавајте.** – Родителите често пати ги облекуваат своите деца во екстравагантна облека, со многу украси и потоа отворено се воодушевуваат на нивниот изглед и ги пофалуваат за тоа. Тие неразумни родители би биле исполнети со страв доколку би можеле да видат како сатаната ги поддржува нивните напори и ги убедува на уште поголеми неразумности.

**Проблем со кој се соочуваат многу мајки.** – Вашите ќерки имаат наклонетост, доколку видат облека поинаква од она што тие го поседуваат, да посакуваат облека слична на таа. Или можеби посакуваат нешто друго кое гледаат дека другите го имаат, за кое вие мислите дека не е во ред да им го дадете затоа што не е во согласност со вашата вера. Дали ќе им дозволите да го измолат тоа нешто од вас, дозволувајќи им да ве обликуваат наместо вие да ги обликувате според начелата на евангелието? Нашите деца се многу драгоцени во Божјите очи. Ние треба да ги учиме од Божјиот Збор и да ги обучуваме на Неговите патишта. Ваша привилегија е да ги учите вашите деца да живеат за да поседуваат небесно одобрување.

Ние не треба да ги поттикнеме нашите деца да ја следат модата на светот; и доколку сакаме да бидеме верни во пружање на правилно воспитување, тие нема да го чинат тоа... Модата на светот често пати превзема глупав облик, и вие мора да заземете цврст став против неа.

**Плодот на љубовта кон покажување.** – Љубовта кон облеката и задоволството ја уништуваат среќата на илјадници. И некои од оние кои тврдат дека ги љубат и држат Божјите заповеди ја имитираат таа класа колку што можат поблиску, нарекувајќи се притоа христијани. Некои од младите се толку желни за покажување така

што имаат волја дури да се откажат и од христијанското име, за да ја следат својата наклонетост кон суетноста на облеката и љубовта кон задоволството.

**Божјите ќерки не се исполнети од модата.** – Постои доволно неопходна и важна работа во овој свет на сиромаштија и страдање за драгоцените моменти да се трошат за украсување или покажување. Ќерките на небесниот Цар, членовите на царското семејство, ќе чувствуваат должност да живеат еден повозвишен живот кој ќе биде тесно поврзан со Небото и кои ќе работат соединети со Спасителот на светот. Оние кои се зафатени со оваа работа нема да се задоволуваат со модата и неразумноста кои владеат со умот и чувствата на жените во овие последни денови. Доколку тие навистина се ќерки Божји, тие ќе бидат соучесници во божествената природа. Тие би поседувале најдлабоко сочувство, какво што имаше и нивниот божествен Откупител, кога ќе ги гледаат расипничките влијанија во општеството. Во заедница со Христа, тие, во својот делокруг и според своите можности, ќе работат на спасение на душите кои пропаѓаат, како што Христос чинеше во својот возвишен делокруг во полза на човекот.

# ОТСЕК XVI

## *Зачувување на моралниот интегритет*

# РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА РАСИПНИЧКИТЕ ПОРОЦИ

**Век каде преовладува беззаконието.** – Ние живееме среде опасностите на последните денови. Беззаконието се умножило и љубовта кај многумина е оладена. Зборот „многумина“ се однесува и на оние кои тврдат дека се Христови следбеници. И нив ги зафатила општата расипаност и тие се одвојуваат од Бога. Меѓутоа, тоа не мора да биде така. Причината за падот е тоа што тие не се запазиле чисти од расипаноста. Фактот што нивната љубов кон Бога се намалува додека беззаконието се умножува, покажува дека тие во извесна смисла учествуваат во него, инаку тоа не би влијаело на нивната љубов кон Бога и на нивната усрдност и залагање за Неговото дело.

**Влијанието на понижувачките книги и слики.** – Голем дел од младите имаат силна желба за книги. Тие читаат сè што ќе им падне во рака. Возбудливите љубовни романи и нечистите слики вршат лошо влијание на младината. Многумина прегледуваат романи; и како последица нивната имагинација се осквернува. По возовите често пати се нудат фотографии на разголени жени. Овие одвратни слики се наоѓаат и во фотографските работилници и по оние продавници каде тргуваат со гравури. Ова е век каде расипаноста насекаде преовладува. Со сликите и текстот се будат лоши страсти. Имагинацијата го изопачува срцето. Луѓето сакаат да ги набљудуваат сцените кои будат ниски, животински страсти. Тие порочни слики, кои делуваат на изопачената имагинација, ги расипуваат личните морални принципи и ги подготвува измамените, заслепени луѓе да се препуштаат на својата похот. Потоа доаѓаат гревот и злото кои ги спуштаат битијата создадени според Божјиот облик на ниво на животните и на крај ги одвлекуваат во пропаст.

**Развратот е посебен грев.** – Ми беше покажана ужасна слика на состојбата во светот. Насекаде владее неморал. Развратноста е посебен грев на овој век. Никогаш гревот порано така смело на ја подигал својата изопачена глава како денес. Совеста на луѓето е отапена и оние кои ја љубат моралната чистота и вистинската

добрина скоро се обесхрабрени со дрскоста, силата и превласта на гревот.

Токму гревот, а не искушенијата и страдањата, го оддалечуваат Бога од Неговиот народ и душите ги чинат неспособни да се радуваат и да го слават. Гревот е тој кој ги уништува душите. Гревот и пороците постојат и во семејствата на оние кои ја празнуваат саботата.

**Сатанскиот напад врз младите.** – Сатаната во овие последни денови посебно работи врз тоа да го завладее умот на младите, да им ги расипе мислите и да ги разгори страстите во нив; зашто тој знае дека на таков начин може да ги наведе и на нечисти постапки, поради што благородните способности на нивниот ум ќе се понижат и тој ќе може да завладее со нив и да ги прилагоди кон своите цели.

**Патоказ за иднината на општеството.** – Животот на денешната младина е сигурен показател каква ќе биде иднината на општеството. Имајќи го предвид сето тоа, на каква иднина можеме да се надеваме? Поголемиот дел од младите бара задоволство само во забавите и разонодата и не сакаат да работат... Многу ретко успеваат да владеат со себеси и се возбудуваат и гневат на најмала ситница. Мнозина, без оглед на возраста или положбата што ја заземаат во животот, немаат никакви начела ниту совест и со својот безделнички живот и расипнички навики итаат кон пороците и го расипуваат општеството, сè додека светот не стане втор Содом.

**Проблемот на само-злоставување.** – Моралната загаденост придонела повеќе од што и да е друго за човечкиот род да се изопачи. Таа се шири во опасни размери и предизвикува секаков вид на болести. Дури и малите деца, родени со раздразливи полови органи, наоѓаат моментално олеснување кога ги допираат со рацете. Тоа само ја зголемува раздразливоста и наведува на повторување на чинот, додека тоа не прејде во навика која со повторувањето станува сè посилна.

**Склоностите кон похотта се наследливи.** – Родителите обично и не се сомневаат дека децата знаат нешто за порокот. Во

поголемиот број на случаи родителите се оние кои се главни грешници. Тие ја злоупотребиле можноста која ја пружа бракот и со попуштање на страстите го зајакнале животинското во себеси. А кога тоа засилува, тогаш слабеат моралните и умствените способности. Животинскиот дел од природата го надвладеало она што е духовно. Така се раѓаат деца со многу изразени ниски нагони, носејќи го на себе жигот кој им го втиснала природата на нивните родители... Децата родени од таквите родители се оддаваат исто така на одвратните навики на тајниот порок... Гревовите на родителите ќе прејдат и на децата, затоа што родителите им го втиснале печатот на својата похотливост.

**Маѓепсано ропство.** – Младината и децата од исти пол го валкаат својот морал и тој одвратен грев ја упропастува душата и телото. Многумина кои тврдат дека се христијани се така затапени што нивните морални чувства не можат да се пробудат и не сфаќаат дека тоа е грев и дека, ако така продолжат, потполно ќе го упропастат духот и телото. Човекот, најблагородното битие на земјата, создаден според Божјиот лик, се претвора во животно! Тој станува телесен и изопачен. Секој христијанин мора да научи да ги заузда своите страсти и да се раководи според начелата. Ако не чини така, не е достоен да се нарече христијанин.

Јас видов дека некои, навидум со добро однесување, кои не одржуваат недозволени односи со другиот пол, се оддаваат скоро секојдневно на тајниот порок. Тие не се воздржуваат од тој страшен порок дури ни во моментот кога се одржуваат најсвечени состаноци. Тие би слушале насериозни, највозбудливи проповеди за страшниот суд, се чувствувале како пред Божјиот суд и трепереле од страв, но сепак, не би поминал ниту еден час, а тие веќе би се оддале на својот омилен, ужасен порок, скврнувајќи го сопственото тело. Има такви кои толку му робуваат на тоа ужасно зло така што се лишени од сила да ги совладаат своите страсти. Ние за некои ревно се залагавме, ги преколнувавме, плачевме и се молевме за нив; сепак, знаевме дека наспроти нашите сериозни напори и очајување, силата на грешната навика ја однела победата и тој грев е повторно сторен.

**Знаењето за порокот се шири од оние кои се негови жртви.** – Оние кои се целосно вкоренети во тој порок кој ја уништува ду-

шата и телото нема да мируваат додека не го пренесат и на оние со кои се дружат. Љубопитноста лесно се буди и порокот преоѓа од едно момче на друго, така што малкумина не знаат за овој грев кој унижува.

Еден расипан ум може за кратко време да посее повеќе зло семе отколку што многумина можат да го искоренат во текот на целиот свој живот.

# ПОСЛЕДИЦИ ОД ШТЕТНИТЕ НАВИКИ

**Виталната енергија е потрошена.** – Праксата на тајните навики ја уништува виталната сила на организмот. Сета неопходна витална активност ќе биде проследена со соодветна депресија. Меѓу младите, изворот на животните сили, мозокот, толку е тешко оптоварен при толку рани години така што постои недостаток и голема исцрпеност, која го изложува телото на болести од различни видови.

**Положена основа на различни болести подоцна во животот.** – Доколку таа пракса продолжи на возраст од петнаесет години и нагоре, природата ќе протестира против злоставувањето кое го има претрпено, и продолжува да страда и ќе стори тие да ја платат казната за престапот на нејзините закони, посебно на возраст помеѓу триесет и четириесет и пет години, преку различни болки во организмот, како што се заболување на црниот дроб и белите дробови, неуралгија, реума, заболување на ‘рбетниот столб, заболени бубрези и канцерогени тумори. Некој дел од телото губи сила да работи правилно оставајќи така потешка задача за остатокот од телото. Тоа го нарушува редот во телото и често пати се случува ненадеен колапс на организмот и смртта резултира како последица.

**Шестата заповед е целосно прекршена.** – Еден живот да се одземе во еден момент не претставува поголем грев во очите на небото отколку истиот да се уништи постепено, но сигурно. Луѓето кои себеси ќе си нанесат сигурно распаѓање, преку погрешни постапки, ќе претрпат казна тука, и без целосно покајание, нема да им биде дозволен влез на небото, исто како и на оној кој убива во еден момент. Бог одредил да постои поврзаност помеѓу причината и нејзините последици.

**Оние со чисти умови исто така се подлежни на болест.** – Сите млади кои се слаби ние не ги сметаме за виновни поради лошите навики. Постојат некои кои се со чист ум и кои се совесни и кои страдаат од различни болести за кои тие не се одговорни.

**Умствените сили се ослабени.** – Нежните и попустливи родители ги сожалуваат своите деца сметајќи дека учењето од нив изискува премногу напори и дека го упропастува нивното здравје. Навистина, не е паметно да се преоптоварува духот на младите со многу и тешки предмети. Но дали вие, како родители, сте загледале малку подлабоко во тоа нешто, или само сте се повеле по она што вашите деца ви го зборуваат? Дали можеби премногу брзо сте ги прифатиле тие привидни причини за нивните слабости? Родителите и старателите би требало малку подлабоко да разгледаат доколку сакаат да ја пронајдат причината за ова зло.

Умовите на некои од тие деца се така ослабнати што тие поседуваат само една половина или една третина од разумот кој би можеле да го поседуваат доколку би биле морални и чисти. Тие го растуриле тоа оддавајќи се на ниски нагони

**Решеноста и духовниот живот се уништени.** – Тајниот порок е уништувач на возвишените сили за донесување одлуки, и сериозни напори, а силата на волјата е оневозможена да формира добар религиозен карактер.

**Религијата може да биде формална, но таа е скудна.** – Некои кои тврдат дека се Христови следбеници знаат дека грешат против Бога и го упропастуваат своето здравје, но сепак се робови на своите расипани страсти. Тие поседуват виновна совест и имаат сè помалку и помалку наклонетост да му се приближат на Бога во тајна молитва. Тие можат да го задржат својот облик на побожност, но сепак да бидат скудни од Божјата благодат во срцето. Тие не поседуваат посветеност на Неговата служба, немаат доверба во Него, не живеат за Негова слава, не наоѓаат задоволство во Неговите уредби и не наоѓаат задоволство во Него.

**Комуникацијата со Небото е прекината.** – Свечените пораки од небото не влијаат на срцето кое не се оснажило против тој унижувачки грев. Чувствителните нерви на мозокот ја губат свежината среде болното надразнување како би се задоволила една неприродна телесна желба. Нервите на мозокот, кои се поврзани со целиот нервен систем, се единствен посредник преку кој небото може да комуницира со човекот и преку кој влијае на неговиот внатрешен живот. Сето она што го попречува текот на електричното стру-

ење во нервниот систем, ја намалува силата на животот и последица на тоа е губиток на чувствителноста на духот. Со оглед на сите тие факти, колку е значајно проповедниците и сите што исповедаат побожност да бидат чисти и неизвалкани од тој понижувачки грев.

**Некои се полни со покајание, но изгубена е самопочитта.** – Последиците на таквите ниски навики не се секогаш исти. Има деца кај кои моралната сила е многу развиена, а со тој грев се заразиле заради тоа што се дружеле со деца кои ја имаат таа одвратна навика. Таквите деца најчесто стануваат меланхолични, раздразливи и пакосни; но тие сепак можат да ја запазат почитта кон верата и не мора да бидат посебно неверни во односот на она што е духовно. Од време на време тие имаат голема грижа на совеста, се чувствуваат унижени во сопствените очи и губат самопочитување.

**Стекнете знаење за тие нешта.** – Бог вам ви дал тело за да се грижите за него и да го запазите во најдобра можна состојба, за да му служите и го прославувате. Вашите тела не се ваши. „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух Кој е во вас, Кого го имате од Бог, па дека не си припаѓате на себеси? Зашто скапо сте платени. Затоа, прославете Го Бог во своето тело.“ „Не знаете ли дека сте Божји храм и дека Божјиот Дух живее во вас? Ако некој го урива Божјиот храм, Бог ќе го урне него, зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие.“

# ПРЕДУПРЕДУВАЊА И СОВЕТИ

**Многу случаи се откриени.** – Бев ужасната кога ми беше покажана состојбата на семејствата на оние кои ја исповедаат вистината. Скоро е неверојатно колкава е расипаноста на младината, дури и на децата. Родителите не знаат дека тајните пороци го уништуваат и бришат Божјиот лик во нивните деца. Меѓу нас се наоѓаат гревовите на Содом. Родителите се одговорни, затоа што не ги воспитале своите деца да го љубат Бога и да му бидат послушни. Тие не ги зауздувале ниту пак ги поучувале на Господовите патишта. Тие им доволувале да заминуваат и доаѓаат како што им се допаѓа и да се дружат со деца од светот. Влијанието кое го уништува родителското воспитување и авторитет, може да се запази насекаде во таканареченото добро општество. Со своето облекување, изгледот и забавите децата се опкружуваат со атмосфера која е спротивна на Христовата.

Нашата единствена безбедност лежи во тоа да бидеме Божји посебен народ. Не смееме да отстапиме ниту за еден чекор пред обичаите и модата на овој изопачен век. Мораме да бидеме морално независни, не чинејќи никаков компромис со расипаните и идолопоклоничките обичаи на овој свет.

**Апел до една ќерка на која ѝ се попуштало.** – Твоите мисли се нечисти. Премногу долго си била ослободена од сите грижи и напори. Вршењето на домашните работи за тебе би биле вистински благослов. Уморот не би ти наштетил ни за десети дел од она колку што би ти наштетиле твоите похотни мисли и однесување. Ти си примила погрешни идеи во поглед на заедничкото дружење на девојките и момчињата и си сакала да бидеш во нивно друштво. Ти немаш чиста душа и срце. Тебе ти штетело читањето на љубовни романи, така што твојата душа е занесена со нечисти мисли. Фантазијата ти станала изопачена, додека не си дошла во состојба да не можеш да владееш со своите мисли. Сатаната те заробил според својата волја...

Твоето однесување не беше морално чисто, скромно, ниту како тоа приликува. Не си имала Божји страв пред своите очи. Често пати си била дволична за да ги оствариш своите планови и заради

тоа совеста не ти е чиста. Драга моја девојко, ако не запреш - сигурно ти престои пропаст. Престани да сонуваш, да градиш кули во воздух. Не дозволувај твоите мисли да одат по патот на лудоста и расипаноста.

Не можеш без опасност да се дружиш со момчињата. Во твоите гради се подигнал бран на плима на искушенија која може да ги задрма начелата, женствената доблест и вистинската скромност. Ако продложиш самоволно по тој пат, каква ќе биде твојата судбина?... Ти си во опасност, затоа што планираш да го жртвуваш вечниот живот на олтарот на страстите. Страста владее со целото твое битие, и тоа од каков вид? Ниска, срушувачка по својата природа. Попуштајќи им на таквите страсти, ти ќе го загорчиш животот на своите родители, ќе им нанесеш болка и срам на своите сестри, ќе го жртвуваш сопствениот карактер, ќе го пропуштиш небото и славниот бесмртен живот. Дали си подготвена за тоа?...

Ти не си скромна во однесувањето. Ти ги сакаш момчињата и сакаш да зборуваш за нив. „Устата зборува од вишокот на срцето." Навиките станале толку силни така што владеат со тебе; имаш научено да мамиш како би ги спровела своите цели и исполнила своите желби. Јас твојот случај не го сметам за безнадежен. Кога би го сметала за таков, мојата рака не би ги испишувала овие редови. Преку Божјата сила ти би можела да се покаеш за минатото...

Држи се настрана од момчињата. Во нивно друштво твоите искушенија стануваат сериозни и силни. Отфрли ја мажачката од твојата женска глава. Во било кој поглед не си подготвена за такво нешто. Тебе ти се потребни години на искуство пред да бидеш во состојба да ја сфатиш должноста и на себе го земеш бремето на брачниот живот. Грижливо внимавај на своите мисли, страсти и чувства. Немој да ги унижиш до таа мерка како тие би служеле на телесните желби. Воздигни ги до чистота, посвети ги на Бога.

Ти можеш да станеш паметна, скромна и доблесна девојка, но не без срдечни напори. Мораш да стражариш, мораш да се молиш, мораш да размислуваш, мораш да ги испитуваш своите побуди и постапки. Темелно испитувај ги своите чувства и постапки. Зар во присуство на родителите би се согласила на некоја нечиста постапка? Секако не. Но ти тоа го чиниш во присуство на својот небесен Татко, кој е така возвишен, свет и чист. Да, ти го расипуваш сопственото тело во присуство на чистите безгрешни ангели и во присуство на Христа; и продолжуваш тоа да го чиниш не обрну-

вајќи се на совеста, не обрнувајќи се на светлината и предупредувањета кои ти се дадени. Имај на ум дека твоите постапки се бележат. Ќе мораш да се најдеш очи во очи со она најтајното во својот живот...

Повторно те предупредувам знаејќи дека ќе морам да положам сметка за овие редови во денот кога ќе се одлучува судбината на секоја личност. Прийди веднаш кон Христа; само Тој може со силата на Својата благодат да те избави од пропаста. Само тој може да ги исцели твоите морални и умни особини. Нека твоето срце биде загреано од Божјата љубов, твојот разум чист и зрел, твојата совест чувствителна и чиста, твојата волја правилно насочена и потчината на управувањето Божјо. Можеш себеси да се сториш онаква каков што е твојот избор. Ако целосно го промениш својот сегашен живот, престанеш да чиниш зло и се научиш да чиниш добро, тогаш навистина ќе бидеш среќна, ќе имаш успех во животната борба и ќе стекнеш слава и чест во оној живот кој е подобар од овој. „Оберете овој ден кому ќе му служите.“

**Сатаната работи додека родителите спијат.** – Ова е век на брзање. Момчињата и девојчињата почнуваат да обрнуваат внимание едни на други иако сè уште треба да останат во детската соба и да бидат поучувани на скромност во однесувањето. Какви се последиците од ова дружење? Дали тоа ја засилува моралната чистота кај младината која се дружи на таков начин? Навистина не! Тоа ги засилува првите телесни страсти. Ѓаволот ги залудува момчињата и девојчињата кои по таквите средби се оддаваат на своите пороци.

Родителите спијат и не знаат дека сатаната го поставил своето пеколно знаме среде нивниот дом. Морав да се запрашам што ќе биде со младината во овој расипан век? Повторувам, родителите спијат. Децата се заслепени со љубовно болен сентиментализам и вистината нема да може да го исправи тоа зло. Што може да се стори за да се запре плимата на зло? Родителите можат многу да сторат доколку сакаат.

Ако на една млада девојка која само што навлегла во своите тинејџерски години и се приближи на несоодветен начин некое момче на нејзини години или постар, таа треба да се поучи да покаже силна неугодност заради тоа како тоа не би се повторило. Ако момчињата или младичите често бараат друштво на некоја

млада девојка, тогаш нешто не е во ред. На таквата млада девојка и е потребна мајка која ќе и го покаже нејзиното место, која ќе ја заузди и поучи за она што и доликува на девојка од нејзини години.

Изопачената наука според која од здравствена гледна точка е корисно младите од спротивните полови да се дружат го има извршено своето злодело. Кога родителите и старателите би покажале десети дел од остроумноста која ја поседува сатаната, тогаш тоа дружење од разни полови би било скоро нештетно. Но вака сатаната постигнува најголеми успеси во своите напори да го маѓепса духот на младината, а дружењето на момчињата и девојчињата само го зголемува злото за дваесет пати.

**Сликата не е обоена.** – Не се мамете самите себе и мислите дека, на крај на краиштата, сето ова е претерано. Јас не преувеличував. Ги изнесов фактите кои ќе ја издржат пробата на судот. Разбудете се! Разбудете се! Ве преколнувам да го сторите тоа пред да биде премногу доцна злото да се исправи, за вие и вашите деца не загинат во општата опасност. Фатете се сериозно за задачата и повикајте го на помош секој зрак на светлина кој светлел на вашата патека, и кој не сте го забележиле, како и онаа светлина која сега светли. Почнете да го испитувате својот живот и карактер како да сте пред Божјиот суд.

Сè додека родителите не се освестат, нема надеж за нивните деца.

# РОДИТЕЛСКА БУДНОСТ И ПОМОШ

**Родителите треба уште од пелени да ги поучуваат своите деца на самоконтрола.** – Колку е важно да ги учиме нашите деца на самоконтрола уште од пелени и да ги поучуваме на покорност на нивната волја на нашата. Ако ја имаат таа несреќа да стекнат погрешни навики, не знаејќи ги лошите последици од нив, сепак можат да се реформираат повикувајќи се на здравиот разум и убедувањето дека таквите навики ја уништуваат конституцијата и негативно влијаат врз умот. Треба да им покажеме дека без оглед со што корумпираните лица ги убедуваат за да ги замолкнат нивните разбудени стравови и да ги наведат сепак да им попуштаат на оваа погубна навика, без оглед на нивното преправање, тие се нивни непријатели и застапници на ѓаволот.

**Држете ги морално чисти – заградете ги нивните умови.** – Претставува зло за мајките да останат во незнаење за навиките на нивните деца. Ако тие се чисти, одржете ги такви. Утврдете ги нивните млади умови и подгответе ги да го презираат овој порок кој ги уништува здравјето и душата.

Сатаната ги контролира умовите на младите и ние мораме да работиме одлучно и верно да ги спасиме. Многу млади деца го практикуваат овој порок, кој прираснува за нив и се засилува со текот на годините, додека не ја унижи секоја благородна способност на телото и умот. Мнозина можеле да бидат спасени ако биле внимателно поучени во врска со влијанието на оваа навика врз нивното здравје. Тие не знаеле дека самите си нанесуваат многу страдања...

Мајки, не можете да бидете премногу внимателни во спречувањето на вашите деца да стекнат лоши навики. Злото полесно се учи отколку што се брише кога е веќе научено.

**Практикувајте одлучно набљудување и блиско истражување.** – Ако вашите деца го практикуваат овој порок, тие се можеби во опасност да измислуваат лаги за да ве измамат. Но мајки, не смеете лесно да се успокојувате и да престанете да истражувате. Не го оставајте проблемот додека не сте сигурни дека тој

веќе не е практикуван. Здравјето и душите на вашите сакани се во опасност, што ѝ дава најголема важност на оваа тема. Одлучното набљудување и блиско истражување ќе ја откријат вистинската состојба без оглед на обидите да се избегне или сокрие. Тогаш мајката треба верно да им ја претстави оваа тема во нејзината вистинска светлина, укажувајќи на нејзината унижувачка тенденција. Обидете се да ги убедите дека впуштањето во овој грев ќе го уништи нивното самопочитување и благородноста на карактерот, ќе ги уништи здравјето и моралот и неговата срамна дамка ќе ја извалка вистинската Божја љубов и убавината на светоста. Мајката треба да се занимава со оваа тема сè додека не добие доволно докази дека на таквата пракса ѝ дошол крај.

**Одбегнувајте брзање и критики на почетокот.** – Вие можеби ќе се запрашате, како да го исцелиме злото кое веќе постои? Како да ја започнеме работата? Доколку ви недостасува мудрост, одете кај Бога; Тој ветил дека ќе ви ја даде во изобилство. Молете се многу и срдечно за божествена помош. Едно правило не може да се следи во секој случај. Тука е потребно посветено расудување. Не бидете непромислени и агитирани, пристапувајќи им на своите деца со критика. Таков начин на постапување само ќе предизвика побуна во нив. Вие треба длабоко да жалите за тоа како сте постапувале, преку кое сте отвориле врата за ѓаволот да ги води вашите деца кон своите искушенија. Доколку вие ги немате поучено во поглед на престапувањето на законите на здравјето, прекорот почива врз вас. Вие имате занемарено една важна должност, чии последици можат да бидат видени во погрешните навики на вашите деца.

**Поучувајте со самоконтрола и сочувство.** – Пред да се зафатите со работата на поучување на вашите деца на поуката на самокотрола, вие прво треба тоа самите да го научите. Доколку лесно сте агитирани и станувате нетрпеливи, како можете да изгледате разумни за своите деца, додека ги поучувате да управуваат со своите страсти? Со самоприбраност и чувства на најдлабоко сочувство и милосрдност вие треба да им се приближите на вашите заблудени деца и верно да им ја преставите сигурната пропаст на нивните тела доколку тие продолжат по патеката која ја одбрале – дека како што продолжуваат да ги унижуваат физичките и ментал-

ните сили, така и моралната сила ќе пропаѓа и тие грешат, не само против себеси, туку и против Бога.

Вие треба да сторите тие да чувствуваат, доколку е можно, дека грешат против Бога, чистиот и свет Бог; да им укажете на тоа дека на големиот Испитувач на срцата не му се допаѓаат нивните постапки; дека ништо не е сокриено од Него. Доколку можете така да ги импресионирате своите деца како тие би пројавиле покајание кое е прифатливо за Бога, таа побожна жал која резултира со покајание за спасение, од кое не треба да се покајат, работата ќе биде целосна, реформата сигурна. Тие не треба да чувствуваат жал само затоа што нивните гревови се откриени; тие треба да ја согледаат својата грешна пракса во својот лош карактер и бидат водени да ги исповедаат пред Бога. Без резервираност треба и да ги остават. Тие ќе чувствуваат жал за своите погрешни постапки, затоа што причиниле незадоволство кај Бога и погрешиле против Него и ги обесчестиле своите тела пред Него кој ги создал нив и кој побарал тие да ги приложат своите тела како жива жртва, света и прифатлива за Него, која е и всушност нивната разумна служба.

**Пазете на друштвото на децата.** – Ако умот на нашите деца не биде цврсто урамнотежен со верски принципи, нивните морални чувства ќе се расипат со порочните примери на оние со кои постојано доаѓаат во допир.

Заштитете ги, како што тоа би го правеле верните мајки, да не се извалкаат од дружењето со секакво младо друштво. Како скапоцен накит, чувајте ги од развратното влијание на овој век. Ако вашата положба налага вие да не можете секогаш да го надгледувате нивното дружењето со младите, како што би сакале тоа да биде, тогаш нека нивните пријатели ги посетуваат вашите деца во ваше присуство и под никакви околности не им дозволувајте да ноќеваат во иста постела, дури ни во иста соба. Многу е полесно да се спречи злото, отколку потоа да се лекува...

Тие (родителите) им дозволуваат да посетуваат други млади пријатели, формираат свои познаници, и дури заминат од грижата на родителите, некоја оддалеченост од домот, каде им е дозволено наголемо да чинат како што им е угодно. Сатаната добро ги искористува сите такви можности и презема власт над умовите на тие деца кои мајките во незнаење ги изложуваат на тие препредени стапици.

**Исхраната е важна.** – Не можете да ги поттикнете моралните чувства на своите деца ако не сте доволно грижливи при изборот на нивната храна. Трпезата кои родителите им ја подготвуваат на своите деца за нив обично претставува замка.

Родителите кои им попуштаат на своите деца не можат истите да ги научат на самоконтрола и самооткажување. И самата храна што ја изнесуваат пред нив е таква што го надразнува желудникот. Дразбата предизвикана на ваков начин се пренесува до мозокот и така доаѓа до разгорување на страстите. Предупредувањето дека сето она што се внесува во желудникот има влијание не само врз телото туку, исто така, и врз умот никогаш не може да биде премногу нагласено. Преобилната и раздразлива храна трескавично ја вознемирува крвта, го возбудува нервниот систем и често ја замаглува претставата за моралот до таа мерка што телесните побуди ги надминуваат и разумот и совеста. За оние што се неумерени во јадењето често е многу тешко и речиси невозможно да имаат трпение и да владеат со себеси. Затоа е особено важно за децата, чиј карактер токму се вообличува, да им се дава само здрава и нераздразлива храна. Во својата голема љубов нашиот небесен Татко ни испратил светлина за здравствената реформа, за да не заштити од злата што настануваат поради неограниченото попуштање на желбите.

Доколку некогаш било време исхраната да биде што поедноставна, тогаш тоа е денес. Месото не смее да се изнесува пред нашите деца. Месото надразнува и ги засилува ниските страсти и ја умртвува моралната сила.

**Важноста на чистотата.** – Честото капење е многу корисно, особено навечер пред самото спиење, или наутро штом ќе се стане. Децата треба да се капат само неколку минути, а потоа да се тријат сѐ додека кожата не им поцрвене. Со тоа крвта се доведува во површинските делови од телото, а мозокот се ослободува и се намалува склоноста кон попуштање на нечисти навики. Учете ги децата дека на Бога не му е по волја кога ќе ги види валкани, неуредни и со искината облека, туку дека сака тие да бидат чисти и однадвор и одвнатре за Тој да може да престојува во нив.

**Чиста, нестегната облека.** – Да се има чиста и уредна облека претставува еден од начините да се задржат мислите на она што

е чисто и пријатно. Секој дел од облеката треба да биде недекоративен, едноставен, без непотребни украси, па перењето и пеглањето нема да бара многу труд. Особено долната облека, бидејќи таа доаѓа во директен допир со кожата, треба да се одржува чиста и слободна од сите непријатни мириси. Ништо што би надразнувало на било кој начин не треба да доаѓа во допир со детското тело, ниту треба да се дозволи облеката да биде премногу припиена и да ги стега. Кога на ова би му се посветило поголемо внимание, би имало далеку помалку попуштања на нечисти навики.

**Не ги ослободувајте од физичка активност.** – Ним (на младите) им се дозволува да одбегнуваат физичка работа од страв да не се преморат. Родителите сами ги носат бремињата кои би требало да ги понесат нивните деца. Во работата не треба да се претерува, меѓутоа, повеќе треба да се стравува од последиците на мрзеливоста. Мрзеливоста води кон угодување на расипаните навики. Вредноста не заморува и не исцрпува дури ни за една петтина онолку колку што заморува и исцрпува погубителната навика на самоскврнавење. Доколку нормалната работа ги исцрпува вашите деца, родители, бидете уверени дека нешто друго освен работата го надразнува нивниот нервен систем и создава чувство на постојан замор. Дајте им на вашите деца да работат физички и така ќе ги засилат своите нерви и мускули. Заморот кој е предизвикан од таквата работа ќе ја ослаби нивната наклонетост кон лошите навики.

**Попуштањето, отворена врата за искушението.** – Мајки, дајте им на своите деца доволно работа... мрзеливоста нема да биде корисна за физичкото, менталното и моралното здравје. Тоа ја отвора вратата и го повикува сатаната внатре, кој ја искористува таа можност и ги привлекува младите во неговите стапици. Преку мрзеливоста не само што е ослабена моралната сила и импулсот на страста засилен, туку ангелите на сатаната земаат власт над тврдината на умот и ја присилуваат совеста да се предаде на ниската страст. Ние треба да ги поучуваме нашите деца на навики на трпелива работливост.

**Бог нема да дозволи ниту еден покајаник да изгине.** – Вие треба да ги охрабрите вашите деца со мислата дека Бог ќе го при-

фати вистинското покајание и ќе ги благослови нивните напори да се очистат себеси од сета нечистотија на телото и духот. Кога сатаната гледа дека губи контрола врз умовите на вашите деца, тој ќе ги искушува посилно и ќе настојува тие да продолжат со практикување на тој грев кој презема контрола врз умот. Но преку цврста решеност тие мора да се спротивставуваат на искушенијата на сатаната да си попуштаат во животинските страсти, затоа што тоа претставува грев против Бога. Тие не треба да се впуштаат на забрането тло, каде сатаната може да полага право на нив. Доколку тие во понизност се молат на Бога за чистота на мислите и префинета и посветена фантазија, Тој ќе ги услиши и ќе им даде според нивните молби. Бог не ги има оставено да изгинат во нивните гревови туку ќе им помогне на слабите и беспомошните, доколку се фрлат себеси во вера врз Него.

# БОРБА ЗА РЕФОРМА

**Искреното покајание и одлучните напори се неопходни.** – Оние кои ги корумпираат своите тела не можат да ја уживаат наклонетоста Божја сè додека тие искрено не се покајат, извршат целосна реформа и усовршат светост во Господовиот страв.

Единствена надеж за оние кои практикуваат зли навики е засекогаш да ги остават доколку тие го вреднуваат здравјето и подоцнежното спасение. Кога на тие навики им се попушта доста долго време, ќе бидат потребни одлучни напори во противењето на искушението и во отфрлањето на тоа расипничко попуштање.

**Мислите мора да бидат под контрола.** – Мораш да владееш со своите мисли. Тоа нема да биде лесна задача. Тоа не можеш да го постигнеш без многу строги и тешки напори... Ако се занимаваш со празно фантазирање, дозволувајќи му на својот ум да размислува за нечисти работи ти во извесен степен си исто толку виновен пред Бога како кога твоите мисли би биле спроведени на дело. Спроведувањето на дело често пати изостанува само заради недостаток на поволни можности. Мечтаењето и градењето на кули во воздух се лоши и необично опасни навики. Кога еднаш ќе се стекнат такви навики, скоро е невозможно да се одвои од нив, а мислите управат на чисти, свети и возвишени нешта. Ќе мора да станеш верен стражар на своите очи и сите свои сетила ако сакаш да владееш со својот ум и да им оневозможиш на суетните и расипаните мисли да ја валкаат твојата душа. Само силата на благодатта може да го изврши тоа толку пожелно дело.

**Страстите и приврзаноста потчинете ги на разумот.** – Бог од тебе не бара само да владееш со своите мисли туку да владееш и со своите страсти и љубовни чувства. Твоето спасение зависи од тоа дали ќе владееш со себе во тој поглед. Страстите и наклонетостите се моќни орудија. Ако погрешно се применат, ако се стават во движење по пат на лоши побуди, тие се во состојба да те упропастат, и претворат во бедна рушевина, без Бога и без надеж.

Фантазијата мора упорно да се совладува, ако сакаме страстите и љубовните чувства да бидат потчинети на разумот, совеста и карактерот...

Ако не ги зауздаш своите мисли, читање и зборови, твојата фантазија безнадежно ќе заболи. Читај ја внимателно и со молитва својата Библија и управувај се според нејзините поуки. Во тоа лежи твојата безбедност.

**Затвори ги чувствата против злото.** – Оние кои сакаат да ја поседуваат таа мудрост која е од Бога мора да станат неразумни во грешното знаење на овој век за да можат да бидат мудри. Тие треба да ги затворат своите очи за да не можат да видат и научат нешто зло. Тие треба да ги затворат своите уши за да не би слушнат некое зло, и се стекнат со знаење кое ќе ја извалка нивната чистота на мисли и дела, и да внимаваат на своите јазици како не би изговориле било што расипано и измама се најде на нивните усни.

Не го читајте и не го гледајте она што предизвикува нечисти мисли. Развијавте ги моралните и умствените сили.

**Одбегнувајте неактивност и премногу учење.** – Прекумерното учење, исто така, зголемувајќи го приливот на крв во мозокот, создава болна раздразливост која ја намалува силата на самосовладување и многу често им дозволува на ненадејните заноси и каприци да излезат на површина. Така се отвораат вратите на порокот. Злоупотребата или неупотребата на физичките сили е во најголема мерка одговорна за плимата на расипаноста која се шири низ светот. „Гордоста, изобилството леб и безгрижниот мир" се исто толку смртни непријатели на човечкиот напредок во оваа генерација, како и тогаш кога го предизвикале уништувањето на Содом.

Учителите треба да ги разберат овие факти и да им зборуваат на своите ученици. Поучете ги учениците дека правилниот начин на живот зависи од правилниот начин на мислење и дека физичката активност е важна за непорочноста на мислите.

**Нема време за двоумење.** – Без сериозни напори и цврсти начела не можеме да ја стекнеме онаа чистота на животот и карактерот која ја имал нашиот божествен Пример. Колеблива личност нема да успее да достигне христијанско совршенство. Таа, мерена на мерилата на светилиштето, ќе биде пронајдена лесна. Сатаната го бара својот плен рикајќи како лав. Тој ги испробува своите искушенија врз секое непретчувствително момче... Сатаната им вели

на младите дека сè уште има доволно време, дека можат уште еднаш да му попуштат на тој порок и никогаш повеќе. Но тоа едно попуштање ќе го затруе целиот нивен живот. Не смеете ниту еднаш да зачекорите на забранетото тло. Во овие опасни денови, кога на сите страни има искушенија кои одвлекуваат во порок и расипаност, младите мораат од длабината на своите души да го подигнат својот глас кон небото. „Како младиот човек ќе го очисти својот пат?“ И нека неговите уши бидат отворени и неговото срце наклонето да ја чуе поуката која ќе му се даде и одговори: „Ќе се владеам по твоите зборови.“

Сите се одговорни за своите дела додека се наоѓаат на проба во овој свет. Сите имаат сила да управуваат со своите постапки доколку сакаат. Доколку се слаби во моралната чистота и чистотата на мислите и делата, тие можат да се здобијат со помош од Пријателот на беспомошните. Исус е запознаен со сите слабости на човечката природа, и доколку биде помолен, ќе даде сила да се победат најсилните искушенија. Сите можат да се здобијат со таа сила доколку ја бараат во понизност.

Единствена безбедност за младите во овој век полн со расипаност е да направат од Бога своја потпора. Без Божја помош, тие ќе бидат неспособни да ги зауздаат телесните страсти и желби. Христос ни пружа помош која ни е толку потребна; но само малкумина од нив сакаат да пријдат кон Него и да ја побараат таа помош. Кога бил на земјата Исус рекол: „Не сакате да дојдете кај Мене за да имате живот вечен.“ Во Христа сите можат да победат. Можете да кажете заедно со апостолот: „Туку го држам своето тело под контрола и го донесувам во потчинетост.“

# ОТСЕК XVII

# *Будење на духовната сила*

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ВЕЧНИТЕ ИНТЕРЕСИ

**Нашиот век носи посебна опасност за децата.** – Ние живееме во време кое е посебно лошо за децата. Силата на злото е налик на надојдена река која силно влече во пропаст, и за да се плива наспроти таа бујица е потребно нешто повеќе од силата и искуството на едно дете. Изгледа дека младите, воопшто земено, станале робови на сатаната, и како неговите ангели да ги водат во неизбежна пропаст. Сатаната и неговата војска водат непрекината војна против Божјото устројство и сите кои сакаат своето срце да му го предадат на Бога и да ги држат Неговите заповеди, тој настојува да ги збуни со своите искушенија како би изгубиле храброст и се откажат од борбата.

Нам никогаш не ни требало поблиска заедница со Бога отколку што ни треба денес. Една од најголемите опасности која демнее на Божјиот народ секогаш било прилагодувањето кон световните начела и навики. Младите посебно се во постојана опасност. Татковците и мајките треба постојано треба да внимаваат на искушенијата на сатаната. Додека тој настојува да ги упропасти нивните деца, нека родителите не си ласкаат себеси дека не постои посебна опасност. Нека тие не мислат и нека не се грижат за нештата од овој свет, додека повозвишените, вечните интереси на нивните деца се занемарени.

**Родителите воглавно се рамнодушни.** - Жалосно е тоа што родителите оладуваат во својот духовен живот, и заради недостаток на побожност и посветеност на Бога, тие не ја сфаќаат големата одговорност која налага тие трпеливо и целосно да ги воспитуваат своите деца да се држат до Господовиот пат.

Родителите воглавно даваат сè од себеси да ги онеспособат децата за суровата реалност на животот, за потешкотиите кои ќе ги опкружат нив во иднината, кога тие ќе треба да одлучат за правичното или погрешното и кога силни искушенија ќе надојдат над нив. Тогаш тие ќе бидат слаби онаму каде што треба да бидат силни. Тие ќе се колебаат во начелата и должноста и човештвото ќе страда заради нивната слабост.

**Важното дело е занемарено.** – Една причина за така распространето зло во светот на денешницата е тоа што родителите, обземани со другите грижи, го губат од видот она што е најважно – задачата своите деца трпеливо и нежно да ги поучуваат на патот Господов.

Мајките можат да се здобијат со знаење за многу нешта, но тие го немаат стекнато неопходното знаење доколку не го познаваат Христа како личен Спасител. Доколку Христос е во домот, доколку тој е Советник на мајките, тие ќе ги воспитуваат своите деца од нивните пелени на начелата на вистинската религија.

**На сатаната му е дозволено да управува.** – Заради тоа што луѓето и жените не го слушаат Бога, туку одат по сопствениот пат и ја следат својата изопачена фантазија, на сатаната му се дозволува да го подигне своето пеколно знаме во нивните семејства и да ги спроведе своите намери преку бебињата, децата и младината. Неговиот глас и волјата се изразуваат низ непокорната волја и изопачениот карактер на децата и преку нив тој ја исполува својата сила и ги спроведува своите планови. На Бога му се нанесува срам со постапките на изопачените темпераменти, кои ја исклучуваат стравопочитта за Бога и наведуваат на послушност на сугестиите на сатаната.

Многу родителите преку своето воспитување, преку своето неразумно попуштање и мазење на вкусовите и желбите, себеси се прават одговорни за извртените патишта и диспозицијата на своите деца. Сатаната може да управува со целото битие преку таа диспозиција за непослушност кон Божјите закони. Родителите не им заповедаат на своите семејства како што тоа го направил Авраам. И какви се последиците? Децата и младите стојат под бунтовничко знаме. Со нив не може да се управува, туку тие се одлучни да ја следат својата волја. Единствена надеж за децата е тие да бидат поучени да се одрекуваат од себеси и да не си попуштаат.

**Тешка битка со недисциплинираните деца.** – Децата на кои им е дозволено така да израснат во незаузданост ќе мораат пропуштеното да го учат дополнително ако сакаат да бидат Христови следбеници. Целиот нивен верски живот е под влијание на тоа што го научиле во детството. Самоволието, недостатокот на самоодре-

кување, неподнесување на укор, неприфаќање на совети и мислењето на другите, истата нетрпеливост кога се укорени, истата љубов на своето јас, немањето желба да се бара совет од други или проценката на другите да влијаат врз нив, истата мрзеливост и неприфаќањето на одговорноста, и многу други негативни особини од детството многу често во подоцнежниот живот доаѓаат до изразување. Сето тоа се одразува и во нивните односи со браќата и сестрите во црквата. Можно е таквите сето тоа и да го победат, но каква тешка борба треба да водат! Каков остар судир со самите себе! Каков е тежок патот на дисциплината низ кој мораат да поминат за да се издигнат на ниво на христијанскиот карактер! Но сепак, доколку конечно победат, ним ќе им биде дозволено да видат, пред да бидат преобразени, колку биле блиску до вечната пропаст, заради недостатокот на правилно воспитување во младоста, заради пропуста во детството да се научат на послушност.

**Оградете ги против расипничките влијанија.** – Родители, вие ја имате превземено врз себе одговорноста за донесување на деца во овој свет без нивна согласност и вие сте одговорни за животите и душите на вашите деца. Тие имаат привлечности во светот кои ги фасцинираат и заблудуваат. Вие можете да ги воспитате нив како би ги оградиле против расипничките влијанија. Вие можете да ги обучувате тие да ги носат одговорностите на животот и да ги сфатат своите одговорности пред Бога, вистината, должноста, и последиците кои нивните дела ќе гимимаат врз нивниот вечен бесмртен живот.

Денешните млади се во незнаење во поглед на изумите на сатаната. Заради тоа родителите треба да се разбудат во овие опасни времиња, работејќи истрајно и работливо, за да му затворат врата на првиот пристап на непријателот. Тие треба да ги поучат децата кога се во домот, или кога чекорат, кога стануваат и кога легнуваат.

Мора да биде пројавена вечна претпазливост, за децата да бидат водени по патеката на праведноста. Сатаната ја почнува својата работа врз нив од најраното детство и создава желби за она кое Бог го има забрането. Безбедноста на децата зависи во многу од претпазливоста, будноста и грижата на нивните родители.

Родителите не треба да дозволат ништо да ги спречи во настојувањето на своите деца им посветат сето неопходно време за да

ги упатат на тоа што значи да се покорат на Господа и имаат целосна доверба во Него.

**Родители, разбудете се од својата смртна дремка.** – Од рамнодушноста на родителите многу деца се водени да чувствуваат дека нивните родители не се грижат за нивните души. Тоа не треба да биде така, меѓутоа оние кои имаат деца треба така да се справуваат со своите домашни и деловни работи како ништо не би се нашло помеѓу нив и децата што би го намалило родителското влијание во нивното насочување кон Христа. Вие треба да ги учите своите деца на лекцијата за Христовата љубов, за тие да бидат чисти по срце, во однесувањето и разговорот...

Господ ќе работи врз срцата на децата доколку родителите соработуваат со божественото дело, но Тој нема да се зафати да го стори тоа што било одредено како ваш дел од работата. Родители, вие мора да се разбудите од својата смртна дремка.

**Нашата голема надеж е домашната религија.** – Родителите спијат. Нивните деца одат во уништување пред нивните очи и Господ би сакал Неговите објавители да ја претстават пред луѓето, преку начела и пример, неопходноста на верата во домот. Ургирајте го тоа нешто кај своите собранија. Потенцирајте го убедувањето за тие свечени обврски, која била толку долго занемарена, врз совеста. Тоа ќе ги прекрши духот на фарисејство и противењето кон вистината како ништо друго. Верата во домот е нашата голема надеж и ја прави иднината светла за обратувањето на целото семејство кон Божјата вистина.

**Како силата на сатаната може да биде скршена.** – Преку поучување, заповед врз заповед, правило врз правило како да му се предаде срцето и волјата на Христа, за силата на сатаната да биде скршена.

Татковци и мајки, во целосна сигурност на вера, застапувајте се за своите синови и ќерки. Доколку е неопходно, исповедајте се искрено пред своите деца за тоа што сте им дозволите да одат по патот на суетноста и да го ожалостат Господа, кој не го поштеди Својот Син заради загубениот свет, за сите да можат да примат прошка и простување на гревот...

Бог копнее татковците и мајките кои на разни начини им попуштале на своите деца на нивна штета, да го откупат времето. Обрнете внимание додека се вели денес.

**Родителите го имаат најблагородното мисионерско поле.** – Нека ваше животно дело биде да ги обликувате карактерите на вашите деца според божествениот Модел. Доколку тие поседуваат внатрешно украсување, украсот на кроток и тивок дух, тоа е затоа што вие истрајно сте ги воспитале да ги сакаат поуките од Божјиот збор и да бараат одобрување од Христа над одобрувањето од светот.

Како работници за Бога, нашата работа треба да започне со тие кои се најблиску. Таа треба да започне во нашиот дом. Не постои поважно мисионерско поле од тоа.

Нам ни треба мисионерски жар во нашите домови, за да можеме да го донесеме Зборот на животот пред членовите на нашите семејства и да ги водиме да бараат дом во Божјото царство.

Подигањето и воспитувањето на децата е најблагородно мисионерско поле кое луѓето и жените можат да го вршат.

**Родителите треба да ја обликуваат живата глина како уметници.** – Колку сериозно и колку истрајно уметниците работа да го преобразат платното во совршена сличност според својот модел; и колку вредно скулптурот цепка и делка од каменот скулптура според моделот кој го следи. Така родителите треба да работат да ги обликуваат, полираат, рефинираат своите деца според моделот кој им е даден ним во Христа Исуса. Како што трпеливиот уметник проучува, работи, и обликува планови за резултатите од неговата работа да ги направи посовршени, така родителот треба да смета дека времето кое се користи за воспитувањето на децата за корисен живот подготвувајќи ги за бесмртното царство е добро искористено. Делото на уметникот е мало и неспоредливо со тоа на родителот. Едниот работи со безживотен материјал, од кој тој обликува облици на убавина, но другиот се соочува со човечкото битие чијшто живот може да биде обликуван за добро или лошо, да го благослови човештвото или да го проколне, да замине во темнина или да живее засекогаш во идниот безгрешен свет.

**Нека совршеноста биде цел.** – Христос еднаш беше мало дете. Заради Него имајте почит кон децата. Гледајте кон нив како на света доверба, не да бидат мазени или идолизирани, туку да бидат поучувани да живеат чисти, благородни животи. Тие се Божја сопственост. Тој нив ги љуби и вас ве повикува да соработувате со Него поучувајќи ги да обликуваат совршени карактери.

**Потребни се обратени родители.** – Ден и ноќ јас сум обременета со мислата за нашата голема потреба за обратени родители. Колкумина постојат кои треба да ги понизат своите срца пред Бога и да дојдат во исправна врска со небото доколку сакаат да шират спасително влијание над своите семејства. Тие треба да знаат што треба да сторат за да го наследат вечниот живот, доколку сакаат да ги воспитуваат своите деца за наследството на откупените. Секој ден тие треба да примаат светлина од небото во нивните души, секој ден треба да примаат влијанија од Светиот Дух врз срцето и умот. Секој ден тие треба да го примаат Зборот на вистината и да дозволат тој да го контролира животот.

**Гледајте постојано кон Исуса.** – Родители,... напрегнете ги сите свои духовни жили и мускули за да го спасите своето мало стадо. Силите на пеколот ќе се соединат во напорот да го уништат, но Бог во ваша полза ќе подигне знаме против непријателот. Молете се повеќе отколку секогаш. Нежно и со срце полно со љубов учете ги своите деца да му пријдат на Бога како на свој небесен Татко. Поуката за самосовладување и корисност најуспешно ќе им ја втиснете преку личен пример. Учете ги дека Христос не живеел за да си угодува себеси.

Собирајте го секој зрак на божествена светлина кој светли врз вашиот пат. Чекорете во светлината како што чекорел Христос. Додека вие се заложувате на своите деца да им помогнете да му служат на Бога, ќе се појават најпровокативни искушенија; но не губете ја својата потпора; држете се цврсто за Исуса. Тој вели: „Нека се фати за мојата сила да стори мир со мене; и ќе стори мир со мене“ (Исаија 27:5) Ќе се појават потешкотии; ќе наидувате на многу препреки; но не престанувајте да гледате на Исуса. Кога ќе се појават потешкотии, запрашајте во молитва: „Господе, што треба да чинам?“ Кога своите грижи, без мрморење и негодување ќе ги предадете на Господа, Тој ќе ви го покаже патот по кој мора да про-

должите. Тој ќе ви помогне својот дар на говор да го употребите на начин сличен на Христовиот, така што мирот и љубовта ќе завладеат во домот. Продолжувајќи доследно по таквиот пат, вие можете да бидете евангелист во своето семејство, проповедници на благодатта на своите деца.

**Оваа работа се исплати.** – Чини нешто да се израснат децата според Божјиот пат. Тоа чини мајчини солзи и молитви на таткото. Тоа бара неослабнувачки напори, трпеливо поучување, тука и таму по малку. Но таа работа се исплаќа. Родителите така можат околу своите деца да градат бедеми кои ќе ги запазат од злото кое го потопува светот.

# СЕКОЈ ДОМ ТРЕБА ДА БИДЕ ЦРКВА

**Родителите треба да бидат Божји претставници.** – Секое семејство во домашниот живот треба да биде една црква, прекрасен симбол на Божјата црква на небото. Доколку родителите ја сфатат својата одговорност за своите деца, тие под никакви околности нема да ги укоруваат или да бидат раздразливи кон нив. Тоа не е вид на воспитување кое некој треба да го има. Многу, многу деца имаат научено да наоѓаат мани, да бидат раздразливи, укорливи и страствени деца, затоа што ним им било дозволено да бидат страствени дома. Родителите треба да имаат во предвид дека тие се на местото Божјо за своите деца, да го поттикнат секое правилно начело и да ја потиснат секоја погрешна мисла.

**Библиската вера, наша единствена заштита.** – Блажени се оние родители кои живеат богоугоден живот, така што ветувањата и заповедите Божји будат кај нивните деца чувство на благодарност и стравопочит; родителите кои со својата нежност, праведност и долготрпение им ја укажуваат на децата љубовта, правдата и долгототрпението Божјо; и кои учејќи ги своите деца да ги љубат, слушаат и да им веруваат, ги упатуваат истовремено да го љубат, да му веруваат и да му бидат послушни на својот небесен Татко. Родителите коишто во децата вградуваат таков дар на тој начин им подаруваат богатство подрагоцено од богатството на сите векови, богатство кое ќе трае долго колку и вечноста.

**Исповедањето е безвредно без вера во домот.** – Таму каде што има недостиг на вера во домот, исповедањето на истата е безвредно. Тогаш не дозволете нељубезни зборови да излезат од вашите усни на оние кои го сочинуваат семејниот круг. Нека атмосферата биде пријатна проткаена со нежна промисленост за другите. Само тие ќе влезат во небото кои во времето на проба формирале карактери кои дишат небесно влијание. Светијата на небото мора прво да биде светија на земјата.

Тоа го што прави карактерот мил во домот е тоа што ќе го направи мил во небесните живеалишта. Мерката на вашето христијанство е одредена преку карактерот на вашиот домашен живот.

Благодатта Христова ги оспособува оние кои поседуваат моќ од домот да направат среќно место, полно со мир и почивка. Се додека го немате Христовиот дух вие не сте Негови и никогаш нема да ги видите откупените светии во Неговото царство, кои треба да бидат едно со Него во совршеното среќно небо. Бог посакува да се посветите целосно на Него и да го претставите Неговиот карактер во домашниот круг.

Делото на посветување почнува во домот. Оние кои се христијани во домот ќе бидат христијани во црквата и во светот. Постојат многумина кои не растат во благодатта затоа што занемаруваат да негуваат вера во домот.

**Родителите како едукатори во домашната црква.** – Јас им се обраќам на татковците и мајките: Вие можете да бидете едукатори и духовни мисионери во вашите домашни цркви. Нека татковците и мајките чувствуваат потреба да бидат мисионери во домот, потреба домашната атмосфера да биде слободна од влијанието на нељубезниот и брз говор, и домашното училиште ќе биде место каде Божјите ангели ќе можат да дојдат, да благословат и да дадат успех за вложените напори.

Сметајте го семејството како училиште за воспитување, подготвително место за извршување на верските должности. Вашите деца треба да имаат дел во работата на црквата и секоја мисла на умот, секоја физичка способност треба да биде чувана силна и активна во служба на Христа. Тие треба да бидат учени да ја сакаат вистината затоа што е вистина; тие треба да бидат посветени преку вистината, за да можат да стојат на судот кој наскоро ќе одлучи за угодноста на секој кој може да влезе во повозвишеното училиште каде ќе стане член на царското семејство, дете на небесниот Цар.

**Тие мора да живеат постојан живот.** – На младиот дух сите работи оставаат свој впечаток. Младите гледаат на изразот на лицето, го запазуваат звукот на гласот и го имитираат однесувањето на постарите. Раздразливите родители на своите деца често им даваат такви поуки заради кои подоцна би го дале целиот свет, кога би бил нивен, за да ги одучат од истите. Децата мора да ја видат во животот на своите родители онаа доследност која е во согласност со нивната вера. Родителите можат да влијаат врз обли-

кувањето на карактерот на своите деца доколку живеат постојан живот и ако владеат со себеси.

**Обучувајте ги децата да бидат работници за Христа.** – Оние кои се соединети преку семејните врски имаат најсилни обврски еден кон друг. Членовите на семејството треба да манифестираат љубезност и најнежна љубов. Зборовите изговорени и делата извршени треба да бидат во согласност со христијанските начела. На таков начин домот може да биде училиште, каде можат да бидат обучувани работници за Христа.

Домот треба да биде сметан за свето место.

**Фатална грешка која многумина ја прават.** – Можеме ли да ги воспитаме нашите синови и ќерки за среден респектиран живот, живот во кој се исповеда христијанство, но каде недостасува Негова самопожртвуваност, живот за кој судот на Оној кој е вистина ќе мора да биде, „Јас не ве познавам“? Илјадници го чинат тоа. Тие мислат за своите деца да ја обезбедат ползата на евангелието додека тие се одрекуваат од неговиот дух. Но тоа не треба да биде така. Оние кои ја отфрлаат привилегијата на заедница со Христа во служба го отфрлаат единственото воспитување кое дава подготвеност за учествување со Него во Неговата слава. Тие го отфлаат воспитувањето кое во овој живот дава сила и благородност на карактерот. Многу татковци и мајки, кои на своите деца им го одрекуваат Христовиот крст, премногу доцна научиле дека тие на тој начин ги предаваат на Божјиот и човековиот непријател. Тие ја запечатуваат нивната пропаст, не само за иднината туку и за сегашниот живот. Искушението ги победува. Тие израснуваат за да бидат проклетство во светот, жалост и срам за оние кои им дале живот

Ние не знаеме на кој начин нашите деца ќе бидат повикани да служат. Можеби животот ќе го поминат во кругот на домот; можеби ќе се посветат на вообичаените занимања, или ќе отидат како учители на евангелието во незнабожечките земји. Меѓутоа, сите се повикани да бидат Божји мисионери, служители на милоста во светот. Тие треба да се здобијат со воспитување кое ќе им помогне да стојат покрај Христа во несебична служба.

**Учете ги да се потпираат на божествената помош.** – Доколку посакувате вашите деца да поседуваат зголемени способности да чинат добро, учете ги да имаат добар зафат за идниот свет. Доколку тие се поучени да се потпираат на божествената помош во своите потешкотии и опасности, ним нема да им недостасува сила да ги зауздаат страстите и да ги победат внатрешните искушенија да чинат што е погрешно. Поврзаноста со Изворот на мудрост ќе им даде светлина и сила на разликување помеѓу исправното и погрешното. Тие кои ќе го примат тоа ќе станат морално и интелектуално силни и ќе имаат појасни погледи и подобро расудување дури и за земните нешта.

**Спасението осигурано преку вера и доверба.** – Ние можеме да го поседуваме спасението Божјо во нашите семејства; но ние мораме да веруваме во него, живееме за него и да имаме непрекината, постојана вера и доверба во Бога... Ограничувањето кое Божјиот Збор го става врз нас е за наша корист. Тоа ја зголемува среќата во нашите семејства и на сите околу нас. Таа го префинува нашиот вкус, го посветува нашето расудување и донесува мир на умот, и на крајот вечен живот... Ангелите служители ќе се задржуваат во нашите живеалишта и со радост кон небото ќе носат вести за нашиот напредок во божествениот живот и ангелот запишничар ќе направи бодар, среќен запис.

Вашите деца од домот ќе носат драгоцени влијанија на домашното воспитување. Тогаш работете во домашниот круг, во првите години на животот на децата и тие со себе ќе го носат влијанието во училиштето; тоа влијание ќе биде почувствувано и од многу други. Така Господ ќе биде прославен.

## ГЛАВА 75

# ВОДЕЊЕ НА МАЛИТЕ ДЕЦА КОН ХРИСТА

**Колку рано децата можат да станат христијани?** – Во детството умот е лесно импресиониран и обликуван и тогаш е време кога момчињата и девојчињата треба да бидат учени да го сакаат и му оддаваат чест на Бога.

Бог сака секое дете на млади години да биде Негово дете, преку посинување примено во Неговото семејство. Иако млади по својата возраст, тие можат да бидат членови на верното домаќинство и да се стекнат со најдрагоцени искуства. Во нежноста и чувствителноста на детското срце, тие можат да бидат подготвени да примат впечатоци кои ќе останат трајни. Тие можат своето срце во целосна доверба и љубов да му го предадат на Христа и да живеат за Него. Христос од нив ќе направи мали мисионери. Целиот тек на нивните мисли може да се измени, така што гревот веќе не ќе им изгледа привлечен, туку од него ќе се тргаат, а дури и ќе го мразат.

**Годините не играат улога. –** Едно познато духовно лице еднаш беше запрашано колку старо треба да биде едно дете пред да постои разумна надеж за него да биде христијанин. „Тука годините не играат улога," гласеше одговорот. „Љубовта за Христа, спокојноста и довербата се квалификации кои се во хармонија со природата на детето. Онолку скоро кога детето може да ја сака и да има доверба во својата мајка, тоа може да го сака и да има доверба во Исуса како пријател на неговата мајка. Исус ќе биде негов Пријател, сакан и почитуван."

Во поглед на претходната вистинита изјава, дали можат родителите да бидат премногу претпазливи во претставувањето на начела и пример пред оние будни малечки очи и остри чувства? Нашата вера треба да биде практична. Таа е потребна во нашите домови онолку колку и во молитвениот дом. Не треба да постои ништо ладно, непријатно и негативно во нашето однесување; ние треба да покажеме, преку љубезност и сочувство, дека поседуваме топли, милни срца. Исус треба да биде почестениот Гостин во семејниот круг. Ние треба да разговараме со Него, да ги донесеме сите свои бремиња кај Него и зборуваме за Неговата љубов, Не-

говата благодат и Неговото совршеноство на карактерот. Каква лекција може секој ден да биде дадена од страна на побожните родители во носењето на сите свои неволји при Христа, Носителот на Бремето, наместо да раздразнуваат и укоруваат заради грижите и тешкотиите за кои тие не можат да сторат ништо. Умовите на малечките можат да бидат учени да се обратат кон Исус како што цветот ги насочува своите листови кои се отвораат кон сонцето.

**Божјата љубов треба да биде поучувана во секоја лекција.** – Првата лекција на кои децата треба да бидат поучувани е дека Бог е нивниот Татко. Таа поука треба да им биде дадена во нивните најрани години. Родителите треба да сфатат дека тие се одговорни пред Бога да ги запознаат своите деца со нивниот небесен Татко... Тоа дека Бог е љубов треба да биде поучувано преку секоја лекција.

Татковците и мајките треба да ги учат бебињата, децата и младите за Исусовата љубов. Нека првите зборови на бебето бидат за Христа.

Христос треба да биде поврзан со сите поуки дадени на детето.

Од најраните години на детето тоа треба да биде запознаено со нештата Божји. Нека мајката во едноставни зборови му раскаже за Христовиот живот на земјата. И повеќе од тоа, нека таа во секојдневниот живот внесе од учењата на Спасителот. Нека таа му покаже на своето дете, преку нејзиниот пример, дека овој живот е подготовка за животот кој треба да дојде, време дадено на човечките битија во кое тие треба да обликуваат карактер кој ќе им овозможи влез во Божјиот град.

**Ним им треба повеќе од само обично внимание.** – Господ не се прославува кога децата се занемарени и оставени... Ним им е потребно повеќе од обично внимание, повеќе од само еден збор на охрабрување. За нив е потребно вредна, грижлива работа пропратена со молитва. Срцето кое е исполнето со љубов и сочувство ќе допре до срцата на младите кои навидум се безгрижни и безнадежни.

**Исус вели: „Воспитајте ги овие деца за Мене.“** – Родителите треба да настојуваат да разберат дека тие треба да ги воспитуваат

своите деца за Божјите дворови. Кога ним им се доверени деца, тоа е исто како Христос да ги поставил во нивните раце и рекол: „Воспитајте ги овие деца за Мене, за тие да можат да светлат во Божјите дворови.“ Еден од првите гласови кој треба да го привлече нивното внимание е името Исусово и во своите најрани години тие треба да бидат водени на молитва на колена. Нивните умови треба да бидат исполнети со приказни за животот на Господа и нивната фантазија поттикната да си ја замислува славата на светот кој треба да дојде.

**Тие можат да имаат христијанско искуство во детството.** – Мој брате и сестро, вие имате една света работа да чините во воспитувањето на своите деца. Додека се млади, нивните срца и умови се најприемчиви за правилните влијанија... Учете ги дека тие имаат да извршат свој дел и да се здобијат со христијанско искуство дури и во своето детство.

Сè додека примарна работа за родителите во нивниот живот не биде да ги водат стапалата на своите деца кон патот на праведноста од нивните најрани години, ќе биде одбран погрешниот пред правилниот пат.

**Доброволната послушност е тест на обратувањето.** – Зарем ние не треба да ги учиме нашите деца дека доброволната послушност на волјата Божја докажува дали оние кои тврдат дека се христијани се навистина христијани? Господ го мисли секој Збор кој го кажува.

**Божјиот закон, основа на реформацијата.** – Законот Божји треба да биде средство за образување на семејството. Родителите се под најсвечена должност да чекорат според сите Божји заповеди, поставувајќи пред своите деца пример на најстриктна чесност...

**Поучувајте ги на тоа децата.** – Дали сте ги поучувале своите деца од нивните пелени да ги држат Божјите заповеди?... Вие треба да ги учите да обликуваат карактери според божествената сличност, за Христос да може да се открие Себеси на децата. Ние го знаеме тоа од историјата на Јосиф, Самуел, Даниел и неговите другари. Зарем не можеме да видиме од записот на нивните животи што Бог очекува од децата и младите?

Родителите... се под обврска пред Бога да ги претставаат своите деца при Него угодни во најраниот период да примат интелектуално познавање за она што значи да се биде следбеник на Исуса Христа.

**Сведоштвото на едно обратено дете.** – Верата им помага на децата да учат подобро и да вршат поверна работа. Едно малечко девојче од дванаесет години, на едноставен начин, докажуваше дека таа беше христијанин. „Јас не сакав да учам, туку да си играм. Јас бев мрзлива на училиште и често пати ги пропуштав своите лекции. Сега јас ја учам секоја лекција добро, за да му угодам на Бога. Јас бев немирна на училиште и кога учителите не гледаа во мене, јас правев смешки за децата да гледаат во мене. Сега јас сакам да му угодам на Бога преку тоа што ќе се однесувам добро и ќе се придржувам до училишните закони. Јас бев себична во домот, не сакав да извршувам должности и се муртев кога мајка ми ме повикуваше од играњето да ѝ помогнам во работата. Сега претставува вистинска радост за мене да ѝ помагам на својата мајка на секој можен начин за да ѝ покажам дека ја љубам.

**Внимавајте да не одложувате. –** Родители, своите малечки морате да почнете да ги дисциплинирате уште од најраното детство, за да можат да бидат вистински христијани... Внимавајте да не ги успиете под бездната на пропаста со погрешното сфаќање дека не се доволно возрасни за да положат сметка, да се покајат за своите гревови и да го прифатат Христа.

Децата од осум, десет или дванаесет години се веќе доволно возрасни за да може да им се зборува за прашањето на личната вера. Кога ги поучувате своите деца не укажувајте им на некое идно време кога ќе бидат доволно возрасни да се покајат и ја прифатат вистината. Ако тие правилно се поучуваат, многу мали деца можат да стекнат правилна претстава за својата грешност и за патот на спасение преку Христа.

Ми беше укажано на многу драгоцени ветувања наменети за оние кои рано почнуваат да го бараат Спасителот. Проповедник 12:1: „Спомнувај си за својот Творец во дните на младоста своја, додека не дошле тешки денови и не настанале години за кои ќе речеш, не ми се мили.“ Изреки 8:17: „Ги сакам оние што мене ме сакаат, и кои ме бараат, ќе најдат добрина.“ Големиот Пастир на

Израел сè уште вели: „Оставете ги децата да приоѓаат кај Мене и не пречете им, зашто на такви е царството Божјо.“ Поучете ги своите деца дека младоста е најдобро време кога треба да го бараат Господа.

**Насочувајте од пелените до младоста.** – Да му се дозволи на едно дете да ги следи своите природни наклонетости е да се дозволи тоа да се расипе и стане вешто во чинење зло. Последиците на погрешното воспитување почнуваат да се откриваат во детството. Во раната младост се развива себичен ќуд, и како што младите раснат, тоа расне го грев. Постојано сведоштово против занемарувањето на родителите е дадено од децата на кои им е дозволено да го следат својот начин на живеење. Таквиот надолен начин може да биде спречен само со тоа што ќе ги опкружите со влијанија кои ќе го запрат злото. Од пелените до младоста, детето треба да биде под влијание за добро.

**Утврдете ги децата за идните тестови.** – Родители, запрашајте се себеси едно сериозно прашање: „Дали ги воспитавме нашите деца да се потчинуваат на родителскиот авторитет, и така ги обучивме да му бидат послушни на Бога, а Неговиот закон да го сметаат за најврховен водич за однесување во животот? Дали ги воспитавме да бидат мисионери за Христа? Да одат и чинат добро?“ Верни родители, вашите деца ќе треба да војуваат решителни битки за Господа во денот на судирот; и додека се здобиваат со победи за Принцот на мирот, тие ќе се здобиваат со победи за себеси. Но доколку тие не одраснале во Господовиот страв; доколку тие немаат знаење за Христа, немаат врска со небото, тие нема да имаат морална сила, тие ќе се потчинат на земните моќници кои се воздигнале себеси над небесниот Бог во воспоставувањето на лажниот ден за одмор на место Саботата на Јехова.

# ПОДГОТОВКА ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЦРКВАТА

**Добро балансирано воспитување.** – Физичкото воспитување, развојот на телото, е многу полесно пружено отколку духовното воспитување.

Културата на душата, која дава чистота и воздигање на мислите и мил мирис на зборовите и делата, бара многу тешки напори. Потребно е трпение за секој зол мотив да се чува настрана од градината на срцето.

Духовното воспитување во никој случај не треба да биде занемарено. Ние треба да ги учиме нашите деца на прекрасните поуки од Божјиот збор, за преку нив тие да можат да се здобијат со познавање за Него. Нека тие разберат дека не треба да направат ништо што е погрешно. Учете ги да чинат суд и правда. Кажете им дека вие не можете да дозволите тие да направат нешто погрешно. Во името на Исуса Христа претставете ги пред Бога при престолот на благодатта. Нека тие знаат дека Исус живее за да посредува за нив. Поттикнете ги да формираат карактери обликувани според божествената сличност.

**Дефинирајте го практичното верско искуство.** – Христијанските родители би требало на своите деца да им ги дадат овие практични поуки во верското искуство. Бог го бара ова од вас и вие ја запоставувате својата должност ако не ја вршите оваа работа. Поучувајте ги своите деца во поглед на начинот на воспитување кој Бог го одредил и условите потребни за успех во христијанскиот живот.

**Поучувајте ги на познавањето на Бога.** – Да се познава Бог значи да се има вечен живот. Дали ги учите на тоа вашите деца, или пак ги учите да ги достигнат световните мерила.

**Поучувајте на секојдневно покајание и опростување.** – Лекцијата на која треба да бидат поучувани децата е дека нивните заблуди и грешки треба да бидат донесени при Христа во нивното детство. Учете ги да се молат за прошка секојдневно за секое погрешно нешто кое го имаат направено и дека Исус ја слуша едно-

ставната молитва на покајничкото срце, дека тој ќе им прости и ќе ги прими, исто така како што Тој ги примил децата донесени при Него кога Тој беше на земјата.

**Поучувајте ги на здрава доктрина.** – Оние кои ја запознале вистината и го почувствувале нејзиното значење и кои стекнале искуство во нештата Божји треба и своите деца да ги учат на здрава доктрина. Тие треба да ги запознаат со големите столбови на нашата вера, причините заради кои сме адвентисти на седмиот ден – заради што сме повикани како синови Израилеви, да бидеме одбран народ, свет народ, одвоен и различен од сите останати народи од лицето на земјата. Тие нешта треба да бидат објаснети со едноставен јазик кој лесно може да се разбере. И како што растат, поуките кои им се даваат треба да се прилагодуваат на нивните зголемени способности, додека темелите на вистината не се положат длабоко и целосно.

**Поучувајте кратко и често.** – Оние кои ги поучуваат младите и децата треба да одбегнуваат досадни и заморни коментари. Кратко и правилно насочени говори имаат поволно влијание. Ако треба многу да се каже, тогаш тоа треба да биде често и во краток облик. Понекоја интересна напомена уфрлена од време на време, помага повеќе отколку долго поучување. Долгите говори ги заморуваат младите. Премногу долгите говори предизвикуваат дури одвратност кон духовното поучување, како што претрпаниот стомак го слабее апетитот и предизвикува одвратност кон јадењето.

**Квечерините се драгоцени моменти.** – Домот треба попрво да биде училиште за поучување отколку место каде се врши монотона работа со мизерен дух. Квечерините треба да бидат негувани како драгоцени моменти, да бидат посветени на поучување на децата на патот на праведноста.

**Пребројте ги Божјите ветувања.** – Ние треба да го признаеме Светиот Дух како наш осветлувач. Ние треба да ја признаеме и доследно да ја цениме улогата на Светиот Дух како наш просветител. Тој Дух со задоволство се обраќа на децата и им го открива богатството и убавината на пишаната Божја Реч. Ветувањата кои ги изрекол Големиот Учител ќе ги заробат чувствата на децата и

детинската душа ја вдахнува со духовна сила која е од божествено потекло. Така запознавањето на она што е божествено расте во приемливата душа на детето и станува како барикада против сатанските лукави искушенија.

**Нека верското поучување биде угодно.** – Децата треба да се поучуваат во верата од нивното најрано детство и тоа не во осудувачки дух туку во ведар, радосен дух. Мајките мораат постојано да бидат будни како нивните деца не би паднале во искушение, а тие тоа да не го забележат. Родителите мора да ги пазат своите деца со разумно и пријатно поучување. Како најдобри пријатели на неискусните деца, треба да им помогнат во делото на победување затоа што за нив е од најголемо значење да станат победници. Тие мораат да имаат на ум дека нивните драги деца, кои тежнеат да чинат добро, се помлади членови на Господовото семејство и мораат со сите сили да се заложуваат како би им помогнале и ги упатат нивните нозе на вистинскиот пат на послушноста. Со љубов тие треба да се поучуваат од ден на ден на тоа што значи да се биде Божјо дете и послушно да се потчинува својата волја на Неговата. Поучувајте ги дека послушноста кон Бога ја опфаќа и послушноста кон родителите. Тоа мора да биде ваша работа секој ден и секој час. Родители, стражарете, молете се и од децата направете свои сопатници.

**Учете духовни лекции во домашните задачи.** – Бог им ја доверил на родителите и учителите должноста да ги воспитуваат младината во таа насока; и од секоја постапка во својот живот тие можат да извлечат духовна поука. Воспитувајќи ги да негуваат чистота на своето тело, треба да се учат дека Бог бара чистота и на срцето и телото. Чистејќи ја собата, тие можат да учат како Бог го чисти срцето. Тие нема да ги затвораат вратата и прозорците и во собата поставаат некое средство за прочистување на воздухот, туку широко ќе ја отворат вратата и прозорците, трудејќи се грижливо да ја отстранат секоја прашина. Така и прозорците на побудите и чувствата мораат да се отворат кон небото за да се отстрани секоја прав на себичноста и земниот дух. Благодатта Божја мора целосно да ја обземе одајата на умот и секој елемент на природата мора да се очисти и оживотвори преку Божјиот Дух. Неуредноста и немарноста во секојдневните должности ќе доведе до тоа да се

заборави Бог и да се запази само надворешниот облик на побожност и исповедање на верата, без нејзината содржина. Мораме да стражариме и да се молиме, инаку ќе ќе ја изгубиме стварноста држејќи се за сенката.

Во вршењето на ситните должности треба преку секојдневно искуство да се провлекува живата вера како златна нишка.

**Воспитувањето на срцето наспроти учењето од книги.** – Воспитувањето на срцето е поважно отколку образованието здобиено од книгите. Добро е а дури неопходно, да се здобие знаење за светот во кој живееме; но доколку ја изоставиме вечноста од нашето размислување, ќе направиме пропуст од кој нема да можеме никогаш да се опоравиме.

**Заедничка полза.** – Нашите деца се Божја сопственост; тие се скапо купени. Оваа мисла треба да биде инспирација во нашата работа за нив. Најуспешен метод за осигурување на нивното спасение и нивното пазење од патот на искушението е тие постојано да се поучуваат во Божјиот Збор.

**Како родителите можат да бидат камења за сопнување.** – Момчињата и девојчињата можат рано да развијат длабока и симетрична побожност доколку средствата кои Бог ги одредил се следени во Неговиот страв и љубов. Тие ќе ја манифестираат вредноста на исправното тренирање и дисциплина. Но впечатоците направени врз умовите на децата со зборови на учителот на вистината често пати се противдејствувани од зборовите и делата на родителите. Приемчивит, но сепак застранети срца на децата често пати се импресионирани од вистината, но често врз нив доаѓаат искушенија од страна на таткото или мајката и тие паѓаат како жртва на сатанските изуми. Скоро е невозможно да се поставаат стапалата на децата на безбедни патеки кога родителите не соработуваат. Злите мисли, кои излегуваат од устите на неразумните родители, се главна пречка за вистинското обраќање меѓу децата.

**Живејте во хармонија со вашите молитви.** – Ние мораме да живееме во хармонија со нашите молитви. Нема полза од нив ако ние живееме во спротивност со нив. Јас имам видено татко кој,

после читање на дел од Библијата и по искажаната молитва, често пати, скоро веднаш по подигањето од колената, почнува да ги укорува своите деца. Како може Бог да ја услиши молитвата која тој ја приложил? И доколку, по укорувањето на децата, таткото се моли, дали таа молитва ќе биде на полза на децата? Не, не доколку не е молитва на исповедање пред Бога.

**Кога децата се подготвени за крштавање.** – Никогаш не им дозволувајте на своите деца да мислат дека тие не се деца Божји се додека не се доволно возрасни да бидат крстени. Крштавањето не ги прави децата христијани; ниту пак ги обраќа; тоа е само надворешен знак кој покажува дека тие сфаќаат дека треба да бидат Божји деца преку признавањето на тоа дека веруваат во Исуса Христа како нивен Спасител и дека одсега ќе живеат за Христа.

Задача на родителите чии деца сакаат да се крстат се состои во испитувањето на себеси и давањето на совесни поуки на своите деца. Крштавањето е најсвет и најзначаен обред и заради тоа треба целосно да се сфати неговото значење. Тоа значи покајание заради гревовите и влегување во нов живот во Христа Исуса. Не треба да се брза за што поскоро да се изврши тој обред. Нека и децата и родителите добро пресметаат што ќе ги чини тоа. Согласувајќи се на крштавање на своите деца, родителите свечено се обврзуваат дека ќе бидат верни повериtели над нив и дека ќе ги водат во развивањето на нивниот карактер. Тие се обврзуваат дека со посебно внимание ќе бдејат над овие јагниња од стадото, за да не ја обесчестат верата која ја исповедаат...

Кога ќе настапи најсреќниот период во нивниот живот – кога љубејќи го Исуса во своите срца, сакаат да бидат крстени, тогаш постапувајте совесно со нив. Пред да пристапат кон обредот на крштавање запрашајте ги дали нивна главна цел во животот ќе биде да работат за Бога. Потоа кажете им како треба да започнат. Првите поуки се од најголемо значење. Објаснете им така да можат да разберат. Објаснете им што значи да се предадат на Господа, и покрај советите на христијанските родители да постапуваат точно онака како што тоа го побарува Неговиот Збор.

**Родителската должност по крштавањето.** – Откако верно сте го извршиле своето дело, ако сте уверени дека вашите деца го сфаќаат значењето на обратувањето и крштавањето, ако се нави-

стина обратени, тогаш пуштете ги да бидат крстени. Но повторувам, пред сè подгответе се самите да постапувате како верни пастири насочувајќи ги нивните неискусни нозе по тесната патека на послушноста. Бог мора да делува преку родителите, како на своите деца би им пружиле добар пример во љубовта, учтивоста и христијанската понизност и во целосно предавање на самите себе на Христа. Ако се согласите на крштавање на своите деца, а потоа им дозволите да чинат според својата волја, не чувствувајќи должност да ги управувате нивните нозе по вистинската патека, тогаш самите ќе бидете одговорни ако тие изгубат вера и храброст и интересирање за вистината.

Бог ве повикува да ги поучите да се подготват да бидат членови на царското семејство, деца на небесниот Цар. Соработувајте со Бога со тоа што ќе работите грижливо за нивното спасение. Доколку тие грешат, не ги укорувајте. Никогаш не им се подбивајте дека постапуваат погрешно и покрај тоа што се крстени. Имајте на ум дека тие треба многу да научат во поглед на обврските на едно Божјо дете.

**Подготовка за посебните собири.** – Заради своите души, заради Христа и заради другите, извршете ја својата должност во домот. Молете се како никогаш порано. Прекршете го своето срце пред Бога. Довете го во ред својот дом. Подгответе ги своите деца за таа прилика. Поучете ги дека не е толку важно во какви облеки ќе се појават пред Бога, туку да се појават со чисти раце и чисти срца. Отстранете ја секоја препрека од нивниот пат, сите размирици кои се наоѓаат меѓу вас и нив. Така ќе го повикате Господа во својот дом и светите ангели ќе ве пратат кога ќе тргнете на состаноците и ќе ја одбијат со својата светлина и своето присуство темнината на злите ангели.

**Сејте ги семињата на вистина преку вера.** – Треба да се молиме Бог да го благослови посеаното семе, и Духот Свети ќе дејствува дури и на децата. Ако имаме вера во Бога, ќе бидеме во можност да ги водиме своите деца при Јагнето Божје кое врз себе ги зема гревовите на светот. Оваа работа е со најголеми последици за младите членови на Господовото семејство.

# ОТСЕК XVIII

# *Одржување на верското искуство*

# БИБЛИЈАТА ВО ДОМОТ

**Бог обезбедува обилна гозба.** – Пружајќи ни предност да ја проучуваме Неговата Реч, Господ поставува пред нас раскошна духовна гозба. Многубројни се благодетите кои потекнуваат од духовното насладување од Неговата Реч, за која Тој сам кажува дека ги претставува Неговото тело и крв, Неговиот Дух и живот. Примајќи ја таа Реч како духовна храна, ние духовно засилуваме и раснеме, развивајќи се во благодатта и познавањето на вистината; создаваме навики на самосовладување, ние се утврдуваме. Слабостите и духовното детинство – раздразливоста, мрзоволиeто, настраноста и самоволието, себичноста, избувливите зборови и гневните постапки – исчезнуваат, и наместо сето тоа се развиваат доблестите на христијанската мажественост и женственост.

Прекрасните поуки од Библиски приказни и параболи, чистите, едноставни поучувања од Божјиот Свет Збор, е духовната храна за вас и за вашите деца.

**Таа претставува стандард за чесност.** – Зборот Божји треба да биде промислено презентиран на младите умови и да биде стандард за чесност, исправајќи ги нивните заблуди, просветлувајќи и водејќи ги нивните умови, што ќе биде далеку поефикасно во зауздувањето и управување на импулсивниот темперамент отколку грубите зборови, кои би предизвикале гнев. Ова воспитување на децата да го достигнат Библискиот стандард ќе бара време, истрајност и молитва. Тоа треба да биде извршено дури и доколку некои нешта околу домот се занемарени.

Светецот Израелов нам ни ги открил Неговите правила и закони кои треба да ги управуваат сите луѓе. Тие начела, кои се прогласени за „свети, праведни и добри“ треба да бидат стандард за постапување во домот. Не може да постои одвојување од нив без да постои грев, затоа што тие се основа на христијанската вера.

**Таа го засилува интелектот.** – Кога луѓето би ја проучувале Библијата како што треба, тие би станале умно посилни. Предметите кои се изнесуваат во Божјата Реч, достоинствената едноставност на нејзиниот израз, благородноста на темите кои таа ги при-

кажува во умот на читателите – сето тоа развива во човекот способности кои инаку би останале неразвиени. Во Библијата се открива безгранично поле во кое мислата може да навлегува. Со длабоко размислување за нејзините големи вистини и со запазувањето на нејзините големи вистини и со запазнавањето со нејзините светли и возвишени ликови, ученикот ќе стекне почисти и поблагородни мисли и чувства, отколку да го поминува времето читајќи некое друго дело со човечко потекло, а за литература со безвреден карактер воопшто и да не зборуваме. Младите не успеваат да го достигнат највисокиот развој на умот кога ќе го запоставаат најголемиот извор на знаење – Речта Божја. Причината што има толку малку луѓе со силен и здрав ум, луѓе кои се постојани, истрајни и полни со доблести, се наоѓа во тоа што во срцето нема Божји страв ни љубов кон Него и што принципите на верата не се применуваат во животот онака како што би требало.

Бог сака ние да се ползуваме со сите средства кои се потребни за развојот и зајакнувањето на нашите умни способности... Кога Библијата повеќе би се читала и кога нејзините вистини подобро би се разбрале, ние би биле далеку попросветен и поинтелигентен народ. Истражувајќи ја вистината која се наоѓа на нејзините страници, душата стекнува сила.

**Таа е основа за просперитет на домот, општеството, нацијата.** – Нема положба во животот, нема таква фаза во човечкото искуство за која библиското учење не би било најсуштествена подготовка.

**Познавањето на Библијата претставува заштитник.** – Тимотеј од детството го познавал Светото Писмо и тоа знаење го запазило од злото влијание кое го опкружувало и од искушението за задоволство и себично угодување на самиот себе. Таквото обезбедување е потребно на сите наши деца и должност е на родителите и Христовите пратеници да се погрижат децата да бидат исправно поучени во Божјата Реч.

**Љубовта кон Библијата не е природна.** – Младината е неупатена и неискусна, а библиската љубов и нејзините свети вистини не доаѓаат сами по себе. Ако не се вложи голем напор околу нив да се подигне заклон кој ќе ја штити од измамите на сатаната, мла-

дите ќе паднат на неговите искушенија и тој ќе ги зароби и води по својата волја. Децата и во најраните години мораат да ги научат барањата на Божјиот закон и верата во Исуса нашиот Спасител, како би се очистиле од нечистотијата на гревот. Таа вера мора да се поучува ден за ден, преку зборови и пример.

**Младите посебно го имаат занемарено проучувањето на Библијата.** – И младите и старите го занемаруваат проучувањето на Библијата; тие не ја земаат за предмет на своето проучување ниту за правило на својот живот. Во своето занемарување посебно предничат младите. Повеќете од нив наоѓаат време за читање на други книги, додека за Книгата која укажува на патот на вечниот живот немаат време. Безвредните измислици се читаат внимателно, додека Библијата се занемарува. Таа Книга би нè повела во поблагороден и посвет живот. Кога фантазијата на младите не би била расипана преку читање на измислени приказни тогаш Библијата би ја прогласиле за најинтересна книга која некогаш ја прочитале.

Умот на младите не го достига својот најблагороден развој токму тогаш кога тие го занемарат највозвишениот извор на мудроста – Речта Божја. Вистината дека во овој свет секогаш сме во присуство на Создателот, дека Тој нас секогаш нè гледа, дека сме создадени според Неговиот лик; дека Тој непрестано бдее над нас, дека нè љуби и се грижи за нас – тоа се чудесни теми за кои треба да размислуваме и кои пред нас отвораат широко поле за високи и благородни мисли. Оние кои својот ум и срце го отвораат за размислување на такви теми никогаш нема да се задоволат со безвредни и сензационални предмети.

**Занемарувањето на родителите се гледа кај децата.** – Дури додека се доста млади децата забележуваат; и доколку родителите покажат дека Зборот Божји не е нивен водач и советник, доколку тие не ја земат во предвид пораката која им е изнесена, истиот безгрижен дух кој вели „Не ми е гајле; ќе чинам како сакам“ ќе биде покажан од страна на децата.

**Дајте му ја на Речта нејзиното почитувано место.** – Како луѓе кои имаат примено голема светлина, ние треба да ги воздигнуваме другите преку нашите навики, нашите зборови, во нашиот живот

во домот и дружењето. Дајте му го на Зборот неговото почесно место како водач во домот. Нека тој биде сметан како советник во секоја потешкотија, стандард на секоја постапка. Дали моите браќа и сестри ќе бидат уверени дека не може никогаш да постои вистински просперитет за било која душа во семејниот круг доколку вистината Божја, мудроста на праведноста претседава? Секој напор треба да биде направен од страна на татковците и мајките да ја победат својата мрзелива навика Божјата служба да ја сметаат за бреме. Силата на вистината мора да биде посветувачки елемент во домот.

Родители, пружете им ги на своите деца, заповед по заповед, начело по начело, инструкциите содржани во Божјиот Свет Збор. Тоа е делото кое вие се заветувавте да го вршите кога бевте крстени. Нека ништо од световен карактер не ве спречи да ја вршите таа работа. Чинете сѐ што е во ваша моќ да ги спасите душите на вашите деца, без оглед дали тие се коска од вашата коска или месо од вашето месо, или ако тие биле примени во вашето семејство преку посинување.

**Нека таа биде учебник во домот.** – Родители, ако сакате да ги воспитате своите деца да му служат на Бога и да чинат добро во овој свет, од Библијата направете свој учебник. Таа ги открива лукавствата на сатаната. Таа е голем воспитувач на човечкиот род, поправач на карактерот и прекорувач на моралните зла – мерило кое ни овозможува да ја разликуваме вистината од лагата. Што и да учиме во училиштето, Библијата како голем воспитувач, треба да биде на прво место. Ако ѝ се даде тоа место, Бог со тоа ќе се прослави и Тој ќе ви помогне во обраќањето на вашите деца. Во таа света книга се наоѓа богат рудник на вистина и убавина и родителите треба самите себе да се обвинуваат ако не успеат да ја направат интересна за своите деца.

„Пишано е“ беше единственото оружје кое Христос го користеше кога искушувачот дојде со своите искушенија. Учењето на Библиската вистина е голема и величествена работа која секој родител треба да ја преземе. Во пријатна, среќна состојба на умот презентирајте ја вистината како што е изговорена од Бога пред децата. Како татковци и мајки, вие можете да бидете очигледни поуки за децата во секојдневниот живот преку практикување трпение, љубезност и љубов, преку поврзување на нив со себеси. Не им доз-

волувајте да чинат како што им е угодно, туку покажете им дека ваше дело е да го практикувате Божјиот Збор и да ги израснете во грижата и науката Господова.

**Проучувајте внимателно и систематски.** – Одржувајте систем во проучување на Светото Писмо во вашите семејства. Занемарете го она што е од привремена природа,... но бидете сигурни дека душата е нахранета со лебот на животот. Не е возможно да се проценат добрите последици на еден час или дури половина час посветен на бодро, заедничко проучување на Божјиот Збор. Нека Библијата самата биде толкувач, собирајќи го заедно сето она што е кажано во поглед на еден даден предмет во различни времиња и под различни околности. Не престанувајте со својот клас заради телефонски повици или посетители. Доколку тие дојдат за време на проучувањето, повикајте ги да бидат дел од тоа. Нека биде видено дека за вас е поважно да се здобиете со знаење од Божјиот Збор отколку да се обезбедите со добивките или задоволствата на светот.

Доколку ние би ја проучувале Библијата внимателно и со молитва секој ден, ние секој ден ќе видиме некоја прекрасна вистина во нова, јасна и силна светлина.

**Нека сите ги проучуваат лекциите од саботната поука.** – Саботната поука и на родителите и на децата им пружа прекрасна прилика за проучување на Божјата Реч. Меѓутоа за навистина да се ползуваат од благодетите која саботната поука треба да им ја пружи, и родителите и децата треба да посветат доволно време за студиозно проучување на лекциите, тежнеејќи да стекнат целосно сознание за изложените факти, а посебно за духовното значење на вистината која тие факти сакаат да ја истакнат. Ние посебно треба да ја втиснеме во умот на младите важноста на барањето на значењето на цитираните библиските стихови целосно сфати, посебно треба да се втисне во имот на младите.

Родители, најдете време секој ден со своите деца да ја проучувате саботношколската поука. Порадо откажете се од некоја посета ако треба, отколку да го жртвувате часот посветен на лекцијата од светата историја. Таквото проучување ќе биде вистинска благодат не само за децата туку и за родителите. Нека важните делови од стиховите од Библијата цитирани со лекцијата бидат за-

паметени, не како задача, туку како драгоцено предимство. Дури ако и при првото проучување не се запемти сѐ, меморијата преку вежбање ќе се засили, така што по извесно време со вистински задоволство ќе се собира благото кое се наоѓа во зборовите на вистината. Таквата навика ќе се покаже како најдрагоцена помош на духовното растење.

Родителите треба да чувствуваат дека за нив претставува света должност да ги поучат своите деца во уредбите и барањата Божји како и во пророштвата. Тие треба да ги воспитуваат своите деца во домот и самите треба да се интересираат за саботношколската поука. Проучувајќи со децата тие ќе покажат дека придаваат важност на вистината од лекциите и помагаат за создавање на вкус за знаењето од Библијата.

**Не бидете задоволни со површно знаење.** – Не смееме да се задоволиме со површно знаење, туку треба да тежнееме да го дознаеме полното значење на зборовите на вистината, напојувајќи се од духот на Светите Пророштва.

**Аплицирајте ги лекциите во искуството на детето.** – Поучувајќи ги децата од Библијата, можеме да постигнеме многу ако ги набљудуваме нивните склоности, она за што се заинтересирани и ако го привлечеме нивното внимание со она што Библијата го вели за нив. Оној кој нѐ создал со различни склоности, во Својата Реч подготвил по нешто за секого. Кога учениците ќе видат дека библиските поуки се однесуваат и на нивниот живот, поучете ги да ја прифатат Библијата за советник...

Богатството, силата и длабочината на библиската мисла се неисцрпни. Охрабрете ги и децата и младите да ги истражуваат нејзините скривалишта на мислата и изразот.

**Секој мора да проучува за себеси.** – Мајките и татковците носат тешка одговорност во поглед на своите деца. Оние родители кои веруваат и ја проучуваат Библијата ќе сфатат дека тие мора да бидат послушни на Божјите заповеди, и дека тие не смеат да живеат спротивно на Неговиот свет закон. Оние кои ќе дозволат било кој, дури и проповедник, да ги водат кон непослушност на Божјот Збор ќе мора на судот да се соочат со последиците на таквото постапување. Родителите не треба да ги доверат своите

души и душите на своите деца на проповедникот, туку на Бога, чии се тие по создавањето и откупувањето. Родителите треба да ги истражуваат Писмата за себе, затоа што тие треба да бидат спасени или загубени. Тие не можат да си дозволат нивното спасение да зависи од проповедникот. Тие мора да ја проучуваат вистината за себе.

**Направете го проучувањето на Библијата интересно за децата.** – Нека младите бидат поучувани да го сакаат проучувањето на Библијата. Нека прво место во нашите мисли и љубов биде дадено на Книгата над книгите, затоа што таа содржи знаење кое нам ни треба над сè друго.

Со цел да го вршат тоа дело, самите родители мора да бидат запознаени со Зборот Божји... И наместо да зборуваат празни зборови и кажување на бајки на своите деца, тие ќе им зборуваат за библиските предмети. Таа книга не беше одредена само за школарците. Таа е напишана на едноставен, јасен начин за да може обичниот човек да ја разбере; и со правилно објаснување, голем дел од неа ќе биде многу интересна и профитабилна дури и за малите деца.

Немојте да мислите дека Библијата за децата ќе стане досадна и заморна книга. Под поучување на еден мудар инструктор Речта станува сè повеќе и повеќе пожелна. Ќе им биде како леб на животот од кој душата не може никогаш да се презасити. Во неа има свежина и убавина која го привлекува и маѓепсува умот на младите. Таа е слична на сонцето кое постојано ја осветлува земјата, а при тоа неговите блескави зраци и топлината никогаш не исцрпуваат. Преку поуките од Библиската историја и доктрина децата и младите можат да се поучат дека по значењето и вредноста ниту една книга на светот не ѝ е рамна. Во неа сите можат да најдат извор на милост и љубов Божја.

Родители, нека поуките кои им ги давате на своите деца бидат што поедноставни, и не престанувајте со давање на поуки додека не бидете сигурни дека децата го сфатиле тоа што сте сакале да им го кажете. Поуките кои ги давате од Светите Списи на Божјата Реч морате да ги изложите така јасно како нивниот детски ум тоа навистина ќе го сфати. Преку едноставните поуки извлечени од Библијата и нивните лични доживувања, можете да ги поучите како да го ускладат својот живот со законот Божји како највозвишено

мерило. Од најраното детство и младост тие можат да се научат да водат сериозен и искрен живот, живот плоден со добри дела.

**Поттикнувајте најсвежи мисли; користете најдобри методи.** – Давајќи ја Својата реч, нашиот небесен Татко не ги заборавил децата. Каде во сѐ она што го напишале луѓето може да се најде нешто што има такво дејство врз срцето, нешто што толку го разбудува вниманието на малечките како што тоа го прават сториите од Библијата?

Со овие едноставни приказни, можат да се разјаснат големите принципи на Божјиот закон. Така, со илустрации кои се најдобро прилагодени за детското разбирање, родителите и учителите можат мошне рано да почнат да го исполнуваат Господовиот налог кој се однесува на Неговите уредби: „Пренесувај им ги на децата свои и говори за нив. Зборувај им за нив кога седиш дома во својата куќа и кога одиш патем; кога легнуваш и кога стануваш“ (Второзаконие 6:7).

Употребата на сликовити објаснувања, училишни табли, географски карти и слики помага овие поуки да се објаснат и да се врежат во сеќавањето. Родителите и наставниците мораат постојано да се трудат да ги усовршат своите методи. Во библиската настава треба да се применат нашите најскапоцени мисли, нашите најдобри методи и да се вложат нашите најсериозни напори.

**Нека Библијата биде ваш Водач.** – Вие мора од Библијата да направите свој водач доколку сакате своите деца да ги пораснете во грижата и науката Господова. Нека животот и карактерот Христов биде претставен како модел за нив кој треба да го копираат. Доколку грешат, читајте им што Бог рекол во врска со слични гревови. Постои потреба за постојана грижа и внимателност во оваа работа. Еден погрешен акт толериран од родителите, неисправен од страна на учителите, може да причини целиот карактер да стане деформиран и небалансиран. Учете ги децата дека тие мора да имаат ново срце; дека мора да бидат развиени нови вкусови, нови мотиви вдахновени. Тие мора да имаат помош од Христа; тие мора да станат запознаени со Божјиот карактер како што е откриен во Неговата Реч.

# СИЛАТА НА МОЛИТВАТА

**Потреба за семејна молитва.** – Секое семејство треба да подигне свој олтар за молитва, сфаќајќи дека стравот од Господа е почеток на мудроста. Доколу некои луѓе во светот имаат потреба од сила и охрабрување која религијата ја дава, тогаш тоа се оние кои се одговорни за образувањето и воспитувањето на своите деца. Тие не можат да го вршат тоа дело на начин прифатлив за Бога додека нивниот секојдневен пример ги поучува оние кои гледаат кон нив за водство дека можат да живеат без Бога. Доколку ги воспитаат своите деца да живеат само за овој живот, тие нема да се подготват за вечноста. Тие ќе умрат како и што живееле, без Бога, и родителите ќе бидат повикани на одговорност за загубата на нивните души. Татковци, мајки, вие треба да го барате Бога секое утро и вечер при семејниот олтар, за да можете да научите како да ги поучувате своите деца мудро, нежно и со љубов.

**Семејното богослужение е занемарено.** – Ако некогаш било време секој дом да биде дом на молитва, тоа е денес. Неверството и сомнежот преовладуваат. Се повеќе има неправда. Расипаноста тече низ животните струи на душата, и во животот се појавува побуна против Бога. Поробени од гревот, моралните сили се наоѓаат под тиранија на сатаната. Душата станала цел на искушувањето. Човекот ќе отиде таму каде што го води големиот бунтовник, ако не се испружи некоја моќна рака да го спаси.

Но сепак, во ова време на страшна опасност некои кои се нарекуваат христијани не одржуваат семејни богослуженија. Тие не го слават Бога во домот, не ги учат своите деца да го љубат и да се бојат од Него. Многу луѓе толку далеку се одвоиле од Него и се чувствуваат виновни да му се приближат. Тие не можат да пристапат „слободно кон престолот на благодатта“ „подигајќи ги светите раце без гнев и сомневање.“ Евреите 4:16, 1. Тимотеј 2:8. Тие немаат жива врска со Бога. Постои само надворешна побожност без сила.

Помислата дека молитвата не е важна е едно од најмоќните средства кои сатаната ги измислил за да ги упропастува душите.

Молитвата е општење со Бога, Изворот на мудроста, силата, мирот и среќата.

**Трагедијата на домот каде не се практикува молитва.** – Јас не знам за нешто друго што ми има нанесено толку голема жалост како домот каде не постои молитва. Јас не се чувствувам сигурна во таков дом ниту една вечер; и ако не беше заради надежта да им помогнам на родителите да ја сфатат својата неопходност и жалосна занемареност, јас таму не би останала. Децата ги покажуваат последиците од таквото занемарување; затоа што стравот Божји не е пред нив.

**Формалната молитва не е прифатлива.** – Во многу случаи утринското и вечерното богослужение е само малку повеќе од форма, тапо, монотоно повторување на одредени фрази во кој духот на благодарност или чувство на потребата не наоѓа израз. Господ не ја прифаќа таквата служба. Но молбата на понизното срце и кроткиот дух тој нема да го презре. Отворањето на нашите срца на нашиот небесен Татко, признавањето на нашата целосна зависност, изразувањето на нашите потреби, обожување со благодарна љубов – тоа е вистинска молитва.

**Нека постојат домови на молитва.** – Оние коишто тврдат дека го љубат Бога, треба слично на патријарсите во старо време, секаде каде што ќе подигнат свој шатор, покрај него да подигнат и олтар на Господа... Татковците и мајките често треба да ги издигнуваат своите деца кон Бога во понизна молитва за себе и за своите деца. Таткото, како свештеник на семејството, треба наутро и навечер да му принесува жртва на Господа на семејниот олтар, додека мајките и децата треба да му се придружат во молитва и во благодарење на Бога. Во едно такво семејство Исус радо ќе се задржува.

Нека членовите на секое семејство имаат на ум дека тие се блиско поврзани со небото. Господ има посебен интерес во семејствата на Своите деца на оваа земја. Ангелите го принесуваат чадот на добриот мирис за светиите кои се молат. Тогаш во секое семејство нека се воздигне молитва кон небото и наутро и во свежиот час на зајдисонце, во наша корист презентирајќи ги пред Бога заслугите на Спасителот. Секое утро и вечер небесната вселена го забележува секое семејство каде се приложува молитва.

**Ангелите внимаваат на децата посветени на Бога.** – Пред да појдат на работа сите членови на семејството треба да се соберат, и таткото или пак мајката во неговото отсуство, треба срдечно да му се помолат на Бога сите да ги запази тој ден. На молитвата треба да ѝ се пристапи со длабока понизност, со срце полно со нежност и свест за опасностите кои евентуално ви се закануваат вам и на вашите деца. Врзете ги преку вера своите деца за Божјиот олтар, доверувајќи ги во Неговата грижа. Ангелите ќе ги чуваат вашите деца кои се така посветени.

**Молитвата прави ограда околу вашите деца.** – Првата мисла на христијаните секое утро треба да биде мислата за Бога. Земните работи и интереси треба да дојдат на второ место. Децата треба да се научат да го почитуваат часот на молитва... Христијанските родители се должни преку срдечна молитва и жива вера да подигнат ограда околу своите деца. Тие треба трпеливо да ги поучуваат, упатувајќи ги благо и неуморно како да живеат за да му угодат на Бога.

**Имајте точни термини за богослужение** – Во секое семејство треба да постои одредено време за утринско и вечерно богослужение. Ништо не е подобро кога родителите ќе ги соберат своите деца наутро за да му се заблагодарат на небесниот Татко за Неговата заштита за време на денот. Ништо не е подобро кога навечер родителите и децата повторно ќе се соберат пред Него, за да се заблагодарат за благодетите кои ги имале во текот на изминатиот ден.

**Не бидете управувани од околностите.** – Семејното богослужение не треба да биде управувано според околностите. Вие не треба да се молите повремено и кога имате многу нешта да работите во тој ден, да ја занемарите молитвата. Правејќи така вие ги водите вашите деца да гледаат кон молитвата како нешто кое не е од голема важност. Молитвата значи многу за Божјите деца и жртви на благодарност треба да се издигнат пред Бога секое утро и вечер.

Татковци и мајки, колку и да се итни вашите работи, не пропуштајте да го соберете семејството околу Божјиот олтар. Побарајте ја заштитата на светите ангели во вашиот дом. Не заборавајте дека вашите најмили се изложени на искушенија.

Во нашата грижа на гостите да им осигураме удобност и задоволство да не заборавамe на нашата должност кон Бога. Часот на молитва не смее да се занемарува од која и да е причина. Не разговарајте и забавувајте се толку како сите би се умориле и нема можете да се радувате на часот на богослужение. Тоа би значело на Бога да му се принесе хрома жртва. Во раните вечерни часови да му принесеме на Бога молитви со песни на благодарност, кога можеме да се молиме без брзање и разумно.

Оние кои ќе дојдат на гости во христијанскиот дом треба да почувствуваат дека часот на молитва е најмило и најрадосно време во текот на денот. Овие моменти на богослужение вршат посветувачко и облагородувачко влијание на сите кои учествуваат во него, пружајќи му на духот мир и пријатен одмор.

**Децата треба да го почитуваат часот на молитва.** – Треба да ги воспитуваме своите деца да бидат љубезни, благи кон другите, нежни и лесно достапни и над сè, да имаат почитување кон верата и да го сфаќаат значењето на Божјите барања. Треба да ги научите да го почитуваат часот за молитва. Теба од нив да барате рано да станувaат, како би можеле да присуствуваат на семејното богослужение.

**Нека богослужението биде интересно.** – Таткото, кој е свештеник на својот дом, треба да го води утринското и семејното богослужение. Не постои причина зашто тоа не би било најинтересната и најрадосната активност во домашниот живот. Нека времето за семејно богослужение биде кратко и духовно. Не им дозволувајте на своите деца или некој друг член на семејството да не го очекуваат со радост заради неговата здодевност и заморност или недостаток на интерес. Кога се чита некоја долга глава и се објаснува и кога е приложена долга молитва, оваа драгоцена служба станува уморна и претставува олеснување кога ќе заврши.

Треба да биде посебен предмет за главите на семејствата да го направат часот на богослужение посебно интересен. Со малку мислење и грижлива подготовка за тој период кога ние ќе дојдеме во присуството Божјо, семејното богослужение треба да биде направено да биде пријатно и ќе има последици кои само вечноста ќе може да ги открие. Нека таткото одбере дел од Библијата кој е интересен и лесно разбирлив; неколку стихови ќе бидат доволни

за да се даде поука која може да биде проучувана и практикувана во текот на денот. Можат да се постават прашања, да се дадат неколку срдечни, интересни забелешки или да се илустрира една сторија на краток и јасен начин. Најмалку неколку стихови на духовни песни треба да бидат испеани и молитвата треба да биде кратка и јасна. Оној кој води во молитва не треба се моли за сите нешта, туку треба да ги изрази своите потреби во едноставни зборови и благодарност кон Бога.

Будењето и јакнењето на љубовта кон проучувањето на Библијата многу зависи од начинот на кој се ползуваат миговите за богослужение. Миговите на утринското и вечерното богослужение би требале да бидат најмилите и највредни мигови на денот. Мора да се разбере дека во тие мигови не смееме да се занимаваме со мачни и непријатни мисли; дека родителите и децата се собираат да го сретнат Исус и да ги повикаат светите ангели во нивниот дом. Богослуженијата треба да бидат куси и полни со живот, прилагодени според околностите со промени од време на време. Нека сите учествуваат во читањето на Библијата, да го учат и често да го повторуваат Божјиот закон. Децата ќе бидат многу повнимателни ако понекогаш им се дозволи сами да го одберат четивото. Поставувајте им прашања за четивото и дозволете им и тие да прашуваат. Употребете илустрации кои ќе помогнат да се објасни значењето на текстот. Ако богослужението со тоа не се продолжи премногу, малечките нека учествуваат во молитва, нека се соединат во песна, дури и ако е само една строфа.

**Молете се јасно и чисто.** – Преку својот пример учете ги децата да се молат со јасен и чист глас. Учете ги како да ги подигнат своите глави од столчето и никогаш да не ги покриваат своите глави со своите раце. Така тие можат да ги приложат своите едноставни молитви, повторувајќи ја заедно Господовата молитва.

**Силата на музиката.** – Историјата на песните во Библијата е полна со сугестии за употребата и предимствата на музиката и песната. Музиката често се изопачува да им служи на намерите на злото и таа така станува едно од најзаводливите средства за искушување. Сепак, правилно употребена, таа е скапоцен дар од Бога одреден да ги вознесе мислите кон она што е високо и благородно, да ја инспирира и воздигне душата...

Тоа е еден од најуспешните начини за втиснување на духовните вистини во срцето. Колку пати душата, соочена со опасност и готова да му се препушти на очајот, ќе се сети на некој Божји збор – долго заборавен рефрен од некоја песна од детството – и искушенијата ја губат својата сила, животот добива ново значење и нова цел, а храброста и радоста преминуваат и на другите души!

Вредноста на песната како воспитно средство не смее никогаш да се загуби предвид. Во домот треба да се пеат милозвучни и нежни песни и во него ќе има помалку прекорни зборови, а повеќе веселба, надеж и радост. И во училиштето треба да се пее, па учениците ќе се приближат кон Бога, кон своите учители и едни кон други.

Во текот на богослужението, со песната Му се обраќаме на Бога исто како и со молитвата. Многу песни, всушност, се молитви. Ако го научиме детето да го разбере тоа, тоа повеќе ќе размислува за значењето на зборовите што ги пее, и ќе биде почувствително на нивното влијание.

**Инструментално и вокално.** – Секое утро и вечер соединете ги вашите деца во Божјото богослужение, читајќи од Неговиот Збор и пеејќи му слава на Него. Учете ги да го повторуваат Божјиот закон. Во врска со заповедите, Израелците беа поучени: „Поучете ги на нив своите синови, изговарајте ги кога седите во својата куќа и кога одите патем; кога легнувате и кога станувате.“ Според тоа Мојсеј ги упатил Израелците да ги стават зборовите на законот во музика. Додека постарите деца свиреле на инструменти, помладите марширале, пеејќи ги заедно песните за Божјите заповеди. Во подоцнежните години тие ги задржале во своите умови зборовите на законот кој тој го научиле за време на детството.

Беше неопходно за Мојсеј да ги вплоти заповедите во свети песни, така што како што марширале низ пустината, децата би можеле да научат да го пеат законот стих по стих, колку тогаш е суштинско за нас во ова време да ги учиме децата на Божјиот Збор! Да дојдеме на помош на Господа, поучувајќи ги нашите деца да ги држат заповедите според пишаното. Да сториме сè што е во наша сила да пееме или свириме во нашите домови, за Бог да може да влезе.

**Посебно семејно богослужение во сабота.** – Во семејното богослужение треба да учевствуваат и децата. Секој треба да ја земе

својата Библија и да прочита еден или два стиха. Потоа, по пеењето на неколку познати песни, следува молитва. За тоа Христос нам ни оставил пример. Молитвата Господова не била со цел да се повторува како некоја формалност, туку пример за тоа каква треба да биде нашата молитва. – едноставна, срдечна и содржајна. Во облик на едноставна молба изнесете му ги на Господа своите потреби и изразете благодарност за Неговата милост. Со тоа го повикувате Исуса во својот дом и своето срце како добродојден гостин. Долгите молитви кои се однесуваат на некои не толку значителни работи во домот не треба да најдат место во семејството. Тие го чинат заморен часот на молитвата, кој би требало да ни биде како едно предимство и благослов. Овој час сторете го интересен и радосен.

**Повеќе молитва значи помалку казнување.** – Ние треба да му се молиме на Бога многу повеќе отколку што го чиниме тоа. Постои голема сила и благослов во заедничка молитва во нашите семејства, заедно со нашите деца. Кога моите деца имаат погрешено, и кога јас со нив зборував љубезно и тогаш се молев со нив, никогаш не заклучив дека беше неопходно да ги казнам после тоа. Нивните срца се топеа во нежност пред Светиот Дух кое дојде како одговор на молитвата.

**Ползата на тајната молитва.** – И Исус во текот на Својот земен живот примал мудрост и сила токму во часовите на тајна молитва. Младите треба да го следат Неговиот пример и да одделат тивки мигови во зората и самракот за разговор со Својот Татко на небесата. И во текот на денот своите срца треба да ги издигнуваат кон Бога. На секој чекор од нашиот пат, Тој вели: „Зашто Јас сум Господ, твојот Бог, ќе ја крепам твојата десница;... не бој се, Јас ќе ти помогнам“ (Исаија 41:13). Колкава свежина и сила, колкава радост и задоволство би се вселиле во нивниот живот кога нашите деца би ги научиле овие поуки во зората на нивната младост!

**Вратите небесни се отворени за секоја мајка.** – Молитвите на христијанските мајки се почитувани од Таткото на сите, кој го прати Својот Син на земјата да го откупи народот за Себе. Тој нема да ги тргне настрана вашите петиции и да ве остави вас и вашите семејства на нападите на сатаната во големиот ден на завршниот конфликт. На вас останува да работите со едноставност и верност, Бог ќе направи делото на вашите раце да истрае.

# САБОТАТА – ДЕН НА ЗАДОВОЛСТВО

**Преовладува непочитувањето на саботата.** – Ми беше покажано дека многу родители кои зборуваат дека веруваат во свечената вест за ова време не ги воспитале своите деца за Бога. Не се заузудвале и се раздразнувале на секој еден кој би се обидел да ги заузда. Тие не ги поврзувале своите деца секој ден преку живата вера за олтарот Божји. На многумина од овие млади им било дозволувано да ја кршат четвртата заповед и да се забавуваат на светиот ден. Тие не чувствувале никаква грижа на совеста шетајќи се по улиците во сабота заради разонода. Многумина одат каде што сакаат и работат што сакаат, а нивните родители во страв да не ги навредат, се повеле по примерот на Илија и не ги ограничуваат во своите забави.

Така овие млади на крајот губат секаков почит кон саботата и немаат никаква наклонетост кон верските состаноци и кон она што е свето и вечно.

**Послушајте го првиот збор на четвртата заповед.** – Фразата „Сеќавај се“ е сместена на самиот почеток на Четвртата заповед. Родители, вие треба самите да го запаметите саботниот ден и да го држите свет. И доколку го чините тоа, вие им давате правилно поучување на вашите деца; тие ќе имаат почит кон Божјиот свет ден... Христијанското воспитување е потребно во вашите домови. Во текот на целата седмица имајта ја Божјата света Сабота во вид, затоа што тој ден треба да биде посветен во служба на Бога. Тоа е ден кога рацете треба да почиваат од световните вработувања и кога потребите на душата треба да имаат посебно внимание.

Кога мислите се така посветени на саботата, тоа што е земно и минливо нема да го попречува она што е духовно. Ниту една должност која треба да се изврши во текот на шесте работни денови нема да биде оставена за саботата. Во текот на седмицата нашите сили нема да бидат така исцрпени со земната секојдневна работа за во денот кога Господ се одмарал и освежил да бидеме така уморни така што не можеме да учествуваме во Неговата служба.

**Нека петокот биде ден за подготовка.** – Во петокот треба да се заврши сета подготовка за саботата. погрижете се сета облека да биде подготвена, готвењето завршено, облеката очистена и да се искапете. Сето тоа може да се среди и заврши ако тоа си го поставиме како правило. Саботата не треба да се помине во крпење на облеката, во готвењето на храната, во тражењето на задоволствата или на која друга земна работа. Пред заоѓањето на сонцето напуштете ја сета земна работа и отстранете ја пред своите очи секоја световна книга или весник. Родители, објаснете им ги на децата своите постапки и нивната цел во тој поглед и дозволете им на децата да учествуваат во подготовката за саботата во согласност со законот.

Во многу семејства (во саботата) чизмите и чевлите се бојадисуваат и четкаат, нешто се сошива, сето тоа заради тоа што тие малечки работи не биле завршени во петок. Тие не се држеа до заповедта „сеќавај се да го празнуваш денот за одмор."...

Во петок треба да се среди облеката на децата. За време на седмицата децата со своите раце треба да ја положат својата облека, по упатство на мајката, за да можат да се облечат тивко, без збрки или брзање или раздразливост.

На уште една работа треба да ѝ се посвети внимание во подготовката на домот. Тој ден треба да се усогласат сите несогласувања помеѓу браќата, како во семејството така и во собранието.

**Саботата се започнува со семејно богослужение.** – Пред заоѓањето на сонцето членовите на семејството треба се соберат како би ја читале Божјата реч, би пееле и се молеле. Во тој поглед е потребна реформа, затоа што многумина во тоа станале немарни. Тие треба да се исповедаат на Бога и еден на друг. Мораме да започнеме одпочеток во секој поглед, вршејќи посебни израмнувања како секој член на семејството би се подготвил да го празнува денот кој Бог го благословил и посветил.

**Саботните часови не се наши туку Божји.** – Бог нам ни дал цели шест денови во кои ние можеме да ја вршиме својата работа и има резервирано само еден за Себеси. Тоа треба да биде ден за благослов за сите нас – ден кога ние треба да ги положиме сите наши световни работи и да ги центрираме нашите мисли на Бог и небото.

Кога саботата започнува, ние мораме грижливо да внимаваме на себе, на своите постапки и зборови, како не би го краделе Бога и се користиме со она време кое му припаѓа само Нему. Не смееме да работиме никаква работа за живеачка или било што од она што би можеле да го вршиме за останатите шест дена, ниту пак смееме да им дозволиме на своите деца тоа да го чинат. Петокот е ден за подготовка. Тој треба да се искористи за неопходните подготовки за саботата, а тогаш да се мисли и зборува за неа. Не смее да се зборува ниту чини ништо што небото би го сметало за кршење на светата сабота. Бог бара не само во сабота да не се фаќаме за никаква физичка работа, туку да го научиме својот дух да мисли само за светите прашања. Да се зборува за земните нешта всушност значи да се крши четвртата заповед, а исто тоа важи и за водењето на лесните и безначајните разговори. Ако зборуваме за сето она што ќе ни дојде на ум, тогаш тоа се празни зборови. Самото одвратување од правиот пат носи во ропство и навлекува осуда.

**Саботата е премногу драгоцена за да се преспие.** – Никој не треба да си дозволи, преку седмицата, да стане толку преокупиран во земните работи, и толку исцрпен од своите напори за земна добивка, така што во саботниот ден нема сила или енергија за службата Божја. Ние го крадеме Бога кога не сме во можност да го обожуваме Него во Неговиот свет ден. Ние се закинуваме себеси исто така; затоа што нам ни треба топлината и светлината на друштвото, како и силата која е придобиена од мудроста и искуството на другите христијани.

Немојте да ги поминувате драгоцените часови од саботата во постела. Во сабота наутро семејството треба да стане рано. Ако стане доцна, ќе настане пореметување и забрзаност во подготовката за доручек и саботната школа. Среде забрзаноста ќе настане метеж и нетрпеливост. Така во домот ќе се појават несвети чувства. Така обесветената сабота на тој начин станува бреме и нејзиното доаѓање ќе се очекува со непријатни чувства наместо со љубов.

**Посетете ги јавните служби со своите деца.** – За татковците и мајките треба да биде правило нивните деца да посетат богослужение во сабота и тоа правило треба да го присилат со својот

пример. Претставува должност да им заповедаме на нашите деца и нашите семејства.. како што тоа го стори Авраам. Преку пример како и преку начела ние треба да ги импресионираме со верските учења. Сите оние кои со крштеничкиот завет, свечено се посветиле себеси на Божјата служба; тие се под заветни обврски да се стават себеси и своите деца таму каде ќе можат да се задобијат со сите можни поттикнувања и охрабрувања во христијанскиот живот.

Но додека му служиме на Бога, тоа не треба да го сметаме за тешка и неподнослива работа, која пречи на умот. Господовата сабота е создадена за благослов и за нас и за нашите деца. Тие кон саботата треба да гледаат како на ден за задоволство, ден кој Бог го посветил; и тие тоа така ќе го сметаат доколку се соодветно обучени.

**Носете убава облека во домот на богослужение.** – На многумина им е потребно упатство за тоа како треба да се појават на состаноците при богослужението во сабота. Тие не треба да доаѓаат во присуството Божјо во обичната работничка облека која ја носат во текот на седмицата. Сите треба да имаат посебна облека за сабота која ќе ја носат кога присуствуваат на службата во Божјиот дом. Иако не треба да се прилагодуваме на светската мода, сепак не смееме да бидеме рамнодушни за нашиот надворешен изглед. Мораме да бидеме чисти и уредни, но без украсувања. Божјите деца мораат да бидат чисти и од надвор и од внатре.

**Објаснете ја саботната проповед на децата.** – Проповедниците се ангажирани во свето, свечено дело, но врз оние кои слушаат исто така почива иста толкава свечена одговорност. Тие треба да слушаат со одлучност да ги следат инструкциите кои мораат да ги практикуваат сите кои сакаат да се здобијат со живот вечен. Секој слушател треба да се труди да ја разбере секоја презентација на Библиската вистина како Божја порака до него, да таа биде примена со вера и ставена во пракса во секојдневниот живот. Родителите треба да им ги објаснат на своите деца зборовите изговорени од катедрата, за и тие исто така да разберат и имаат знаење, кое доколку се применува ќе донесе изобилно благодат и мир.

**Обезбедете посебен третман за време на оброкот.** – За сабота не треба да се подготви побогато или поразновидно јадење

отколку за другите денови. Напротив, храната треба да биде поедноставна и треба помалку да се јаде, како духот би бил бистар и енергичен за сфаќање на духовните нешта. Прекумерното јадење го замаглува мозокот. Многумина ќе ги слушаат најдрагоцените зборови и нема да ги разберат, затоа што умот им е пореметен од неправилната исхрана. Со прекумерното јадење во сабота многумина го обесчестуваат Бога повеќе отколку што тие мислат.

И покрај тоа што во сабота треба да се воздржуваме од готвење, сепак не е неопходно да се јадат ладни јадења. Ако времето е ладно, дозволено е да се подгрее јадењето кое сте го подготвиле претходниот ден. Иако едноставни, јадењата треба да бидат вкусни и убаво подготвени. Подгответе и нешто што ќе се смета за посебно задоволство кое семејството го нема секој ден.

**Останатиот дел од денот е исто така драгоцен.** – Саботната школа и богослуженеието заземаат само еден дел од саботниот ден. Оној друг дел кој преостанува на семејството може да се направи да биде најсвет и најдрагоцен од сите часови на саботата. Поголемиот дел од ова време родителите треба да го поминат со своите деца.

**Планирајте соодветно читање и разговор.** – Саботата – о! – направете ја наслатка, најблагословен ден од целата седмица...

Родителите можат и треба да посветат внимание на своите деца, читајќи им ги најпривлечните делови од Библиската историја, воспитувајќи ги да го почитуваат саботниот ден, држејќи ја според заповедта. Тоа не може да биде постигнато ако родителите не чувствуваат бреме да ги заинтересираат своите деца. Но тие саботата можат да ја направат задоволство доколку правилно постапат. Децата можат да се заинтересираат во добро читање или разговор околу спасението на своите души. Но тие треба да бидат воспитани и обучени. Телесното срце не сака да мисли за Бога, за небото или за небесните нешта. Треба да постои постојано потиснување на струјата на световноста и наклонетоста кон зло и да ѝ дозволиме на небесната светлина да влезе.

**Не бидете рамнодушни кон активностите на децата.** – Јас имам видено дека во саботниот ден многумина се рамнодушни и не знаат каде се нивните деца или што тие прават.

Родители, над сè грижете се за своите деца во саботниот ден. Не дозволувајте им да го престапуваат саботниот ден со тоа што ќе си играат во куќата или пак надвор. Вие самите ја прекршувате саботата ако им дозволите на вашите деца да го сторат тоа, и кога вие ќе им дозволите на вашите деца да талкаат наоколу и им дозволувате да си играат во сабота, Бог гледа кон вас како на престапници на саботата.

**Во природа со децата.** – Родителите можат да ги изнесат децата надвор за тие да го гледаат Бога во природата. Ним може да им се покажат цвеќиња и отворени цветчиња, високи дрва и прекрасни тревки и да бидат поучени дека Бог ги направил сите тие нешта во шест дена и се одморил во седмиот ден и истиот го посветил. Така родителите можат да ги врзат нивните лекции на поучување за нивните деца, така што кога тие деца гледаат кон нештата од природата, тие ќе се присетат на големиот Создател на сите нив. Нивните мисли ќе бидат воздигнати кон Богот на природата - назад кон создавањето на нашиот свет, кога беше поставена основата на саботата и кога сите Божји синови воскликнуваа. Такви се поуките кои треба да бидат втиснати врз умовите на нашите деца.

Ние не треба да ги учиме нашите деца дека тие не смеат да бидат среќни во сабота и дека е погрешно да се шета во природа. О, не. Хростос ги водеше Своите ученици покрај езерото во саботен ден и ги поучуваше. Неговите проповеди во сабота не беа секогаш проповедани во затворени ѕидови.

**Други очигледни поуки од природата.** – Учете ги децата да го видат Христа во природата. Изведете ги надвор, под величествените дрвја, во градината и учете ги во сите величествени дела на создавањето да видат израз на Неговата љубов. Поучувајте ги децата дека Бог воспоставил закони што управуваат со сите суштества, дека Тој поставил закони и за нас и дека тие закони се за наша среќа и радост. Немојте да ги заморувате со долги молитви и со досадни инструкции, туку преку очигледните поуки од природата научете ги на послушност на Божјиот закон.

**Пружете вистински концепт за Божјиот карактер.** – Како можат децата да стекнат подобро познавање за Бога отколку кога ќе

поминат во поле еден дел од своето време, не во игра, туку во друштво на своите родители? Овозможете им на нивните млади души да го најдат Бога во убавините на природата, обратете им внимание на знаците на Неговата љубов кон човекот во сето она што е создадено и тоа нив ќе ги привлече и заинтересира. Тие тогаш нема да бидат во опасност да го поврзуваат Бога со она што е строго и сурово, туку, гледајќи ги сите тие убавини кои Тој ги создал заради доброто на човекот, ќе гледаат на Него како на нежен Татко полн со љубов. Тие ќе сфатат дека Неговите забрани и заповеди немаат за цел само да ја истакнат Неговата моќ и власт, туку дека пред сè Тој ја имал во предвид среќата на Неговите деца. И кога Бог така ќе им се прикаже да ја согледаат сета Негова љубов и милост, убавина и привлечност на Неговиот карактер, тие ќе почувствуваат љубов кон Него. Можете да го свртите нивното внимание на убавите птици кои го исполнуваат воздухот со своите среќни песни, на тревките и прекрасно обоените цвеќиња од кои мирисаат целите полиња. Сето тоа ја објавува љубовта и вештината на небесниот Уметник и ја покажува Божјата слава.

Родители, зошто да не ги искористите поуките кои Бог ни ги дал во книгата на природата за на своите деца да им ја објасните Неговата вистинска природа? Оние кои ја жртвуваат едноставноста на модата и се одвојуваат од убавините на природата нема да бидат богати во духот. Тие не можат да ја разберат вештината и силата Божја која се огледа во Неговите создадени дела; и заради тоа нивните срца не забрзуваат и чукаат со нова љубов и интерес, и тие не се исполнуваат со восхитување и стравопочит гледајќи го Бога во природата.

**Ден да се живее Едемскиот живот. –** Вредноста на денот за одмор како воспитно средство е непроценлива. Што и да бара Бог од нас, Тој повторно ни го враќа, украсено и преобразено со Неговата слава...

И денот за одмор и семејството се воспоставени во Едем и Божја намера е тие да останат нераскинливо поврзани. Во тој ден, повеќе отколку во било кој друг, ние можеме да живееме едемски живот. Според Божјиот план, членовите на семејството треба да бидат здружени во работата и проучувањето, при богослужението и рекреацијата, таткото како свештеник на својот дом, а и таткото и мајката како учители и другари на своите деца. Меѓутоа, после-

дицитe од гревот, кои ги промениле животните услови, во голема мерка ја спречиле оваа заедница. Често, таткото во текот на седмицата одвај може да ги види лицата на своите деца. Нему му е речиси сосем ускратена можноста да другарува со децата и да ги поучува. Но, Божјата љубов им поставила граница на барањата на работата. Тој ја ставил Својата милостива рака на денот за одмор. Во тој Негов ден, Тој на членовите на семејството им дал можност да бидат во заедница со Него, со природата и едни со други.

**Направете ја саботата задоволство.** – Сите кои го сакаат Бога треба да сторат сè што можат саботата да ја направат вистинска милина, за таа да биде света и почитувана. Но тие не можат да го постигнат тоа ако бараат задоволства во грешните и забранетите забави. Сепак, можат да сторат многу за да ја воздигнат саботата во своето семејство и од неа да направат најинтересен ден во седмицата. Треба да најдеме време да се посветиме на своите деца. Промената на нив ќе влијае благопријатно. Можеме да излеземе со нив во природа, на чист воздух, да седиме со нив во полето, на сонцето и да му дадеме храна на нивниот неуморен дух разговарајќи за нив за Божјото дело. Можеме да им влееме љубов и почитување кон Него со тоа што ќе им обратиме внимание на убавината на природата.

Ние треба саботата да ја сториме до таа мерка интересна за членовите на своето семејство, за секој пат да ја очекуваат со радост. Родителите највеќе ќе ја возишат и слават саботата, ако пронаоѓаат погодни начини да ги поучат своите деца и да ги придобијат за духовниот живот, објаснувајќи им ја природата Божја и тоа што тој го бара од нас да го сториме како би го усовршувале својот христијански карактер и добиле живот вечен. Родители, направете ја саботата ден на задоволство, за вашите деца желно да ја очекуваат и поседуваат чувства на добродојде во своите срца за неа.

Достигнување врв **во молитва и песна.** – Како што заоѓа сонцето, нека гласот на молитва и песна на благодарност го обележат завршетокот на светите часови и побарајте го Божјото присуство за грижите на работната седмица која настапува.

На тој начин родителите можат да сторат саботата да биде најрадосен ден во седмицата – што таа и треба да биде. Тие можат да ги наведат своите деца тој ден да го сметаат за милина, ден над деновите, свет и славен ден Господов.

# СТРАВОПОЧИТ ЗА ОНА ШТО Е СВЕТО

**Драгоцената благодат на стравопочитта.** – Стравопочитта е една друга скапоцена доблест која треба грижливо да се негува.

Воспитувањето и образованието на младите треба да биде од таков карактер така што ќе ги воздига светите нешта и поттикне чиста посветеност на Бога во Неговиот дом. Многумина кои тврдат дека се деца на небесниот Цар немаат правилно гледиште за светоста на вечните работи.

**Треба да се има стравопочит кон Бога.** – Вистинската стравопочит кон Бога произлегува од сознанието за Неговата неограничена големина и од свеста за Неговото присуство. Срцето на секое дете мора да биде длабоко проткаено со таа свест за Невидливиот.

**Неговото име треба да биде почитувано.** – Треба да се покаже стравопочит и кон Божјото име. Никогаш не би смееле да го изговориме тоа име премногу лесно или непромислено. Дури и во молитвата треба да се одбегнува негово често и непотребно повторување. „Свето е и страшно Неговото име!“ (Псалм 111:9). Додека го изговараат, ангелите ги покриваат своите лица. Со какво стравопочитување ние, паднати и грешни, би требале да го изговараме со нашите усни!

**Неговиот Збор е свет.** – Мораме да покажеме стравопочит и кон Божјата Реч. Мораме да го почитуваме и печатениот текст, никогаш не смееме да го употребуваме во обични цели ниту со нив да постапуваме немарно. Писмото никогаш не треба да се цитира во шега или да се прераскажува за да се искаже некоја духовитост. „Секое Божји збор е чист“, „како сребро претопено во земјена печка пречистено седумпати“ (Изреки 30:5; Псалм 12:6).

**Местото за молитва – Бог е присутен.** – Преку утринска и вечерна жртва, во вид на молитва и благодарност, Бог треба да биде славен во секој христијански дом. Децата треба да бидат поучу-

вани часот на молитва никогаш да не го заборават и да му пристапат со стравопочит.

**Домот Божји – Неговиот свет храм.** – Многумина... немаат правилно гледиште за светоста на вечните нешта. Скоро сите треба да се поучуваат како да се однесуваат во Божјиот дом. Родителите не треба само да поучуваат, туку и да им заповедаат на своите деца во светилиштето да влегуваат со сериозност и стравопочит.

**Чувајте се од растечката негрижливост.** – Според светоста на старозаветното светилиште, христијаните можат да се поучат како треба да го почитуваат местото на кое Бог се состанува со Својот народ. Во навиките и обичаите на народот во поглед на верските обреди е дојдено до голема промена не на подобро, туку на полошо. Драгоцените свети нешта кои нè доведуваат во врска со Бога брзо го губат своето влијание врз умот и срцето и се доведуваат на низок степен со обичните нешта. Во голема мерка го снемало она почитување кое народот го чувствувал кон старозаветното светилиште во кое тој се состанувал со Бога во светата служба. Но Бог самиот го воспоставил редот на Својата служба, воздигајќи ја над сето она што е минливо.

Домот Божји често пати е обесчестен и саботата е прекршена од децата на оние кои веруваат во саботата. Во некои случаи ним во домот им е дозволено да трчаат, играат, зборуваат и го манифестираат својот лош темперамент на секој состанок каде светите му служат на Бога во убавината на светоста. И местото кое треба да биде свето, и каде треба да владее света тишина, и каде треба да има совршен ред, уредност и понизност, направено е да биде совршен Вавилон, „збрка." Тоа е доволно за да се предизвика Божјото негодување и Неговото присуство да не биде присутно на нашите собранија.

**Ние имаме повеќе причина за стравопочит отколку Евреите.** – Вистина е дека скоро целосно се угасило стравопочитувањето кон Божјиот дом. Светите нешта и светите места не се разликуваат од обичните; не се цени она што е свето и возвишено. Не е ли тоа причина за недостаток на срдечната побожност во нашите семејства? Не е ли тоа заради тоа што нашето возвишено

знаме на верата занемарено се влече по прашината? Бог на Својот народ во стариот завет му дал совршени прописи во поглед на редот и точноста. Зар се променил Неговиот карактер? Не е ли тој Големиот и Семоќен Бог којшто владее на небото над небесата? Зарем не би било добро често да ги читаме упатствата кои Самиот Бог им ги дал на Евреите, како би можеле ние, кои нѐ одблеснува светлината на величествената вистина, да се угледаме на стравопочитувањето кое тие му го укажувале на домот Божји? Ние имаме причини... да биде уште повнимателни и да негуваме уште поголемо стравопочитување кон нашето богослужение отколку Евреите. Меѓутоа, непријателот бил на дело за да ја уништи нашата вера во светоста на христијанското богослужение.

**Учете ги децата да влегуваат со стравопочит.** – Родители, воздигнете ги начелата на христијанството пред очите на своите деца. Помогнете им да го вткајат Исуса во своите животи. Научете ги да негуваат најголемо стравопочитување кон домот Божји и да сфатат кога влегуваат во истиот дека нивните срца треба да бидат обземени со мислите: „Бог е тука и ова е Негов дом. Јас морам да имам чисти мисли и најсвети побуди. Во моете срце не смее да има гордост, завист, зли претпоставки, омраза или измама затоа што се наоѓам во присуството на светиот Бог. Ова е место на кое Бог се состанува со Својот народ и го благословува. Возвишениот и свет Бог, кој живее во вечноста, ме гледа, го испитува моето срце и ги чита најтајните мисли и постапки на мојот живот.

**Да останат со своите родители.** – Моралниот вкус на оние кои доаѓаат на богослужение во светиот Божји дом мора да биде возвишен, благороден и посветен. Ова прашање во голема мерка е запоставено. Не се сфаќа неговото значење и како последица на тоа преовладува неред и непочитување и на Бога му се нанесува срам. Кога водачите на црквата, проповедниците и народот, татковците и мајките немаат возвишено гледиште за тоа прашање, што може да се очекува од неискусните деца? Децата често пати се собираат во групи, одвоени од родителите кои би требало да водат грижа за нив. Иако се наоѓаат во присуството Божјо каде неговите очи ги гледаат, децата се однесуваат лекомислено, се шегуваат и се смеат, безгрижни се, невнимателни и не чувствуваат стравопочитување.

**Да се биде трезвен и тивок.** – Не покажувајте толку малку почитување кон Божјиот дом и богослужението со тоа што ќе разговарате за време на проповедта. Оние кои го чинат тоа би биле исполнети со страв и ужас кога би можеле да видат како Божјите ангели ги гледаат и ги бележат нивните дела. Бог бара внимателни слушатели. Додека луѓето спиеле, непријателот посеал кокол.

**Да не се постапува како на обично место.** – Треба да постои свето одредиште, како во старото светилиште, каде Бог се сретнувал со Својот народ. Тоа место не треба да биде користено како место за обедување или состаноци, туку само за богослужение. Таму каде што децата посетуваат дневно училиште, ако на истото место тие се собираат за богослужение во сабота, тие нема да можат да чувствуваат светост на местото и дека тие мора да влезат со чувства на стравопочит. Светото и обичното се така помешани така што е тешко да се распознаат.

Заради таа причина домот или светилиштето посветено на Бога не треба да биде претворено во обично место. Светоста на местото не треба да биде збркана или помешана со секојдневните обични чувства или бизнис прашања. Треба да постои свечена стравопочит врз верниците кога влегуваат во светилиштето, и тие треба да ги оставаат зад себе сите обични световни мисли, затоа што тоа е место каде Бог го открива своето присуство. Тоа е приемно место на големиот и вечен Бог; и заради тоа гордоста, страстите, неслогата, самоценењето, себичноста и алчноста кои Бог ги прогласува за идолопоклонство, не одговараат за такво место.

**Да не се манифестира дух на лекоумност.** – Родители, ваша должност е да вашите деца да бидат во совршена потчинетост, со сите нивни страсти и зли темпераменти потчинети. И ако децата се земени на богослужение, тие треба да разберат каде се наоѓаат – дека тие не се дома, туку таму каде Бог се среќава со Својот народ. И тие треба да бидат тивки и да не си играат и Бог ќе го сврти Своето лице кон вас, да се состане со вас и да ве благослови.

**Детето кое смета да се изнесе надвор.** – Вашето дете треба да биде поучено да биде послушно како што децата Божји му се нему послушни. Доколку тоа начело се држи еден збор од вас ќе има тежина кога детето е немирно во Божјиот дом. Но доколку де-

цата не можат да бидат зауздани, доколку родителите сметаат дека зауздувањето е премногу да се бара, детето треба да биде изнесено од црквата веднаш; тоа не треба да биде оставено да ги одвратува умовите на слушателите со тоа што ќе зборува или трча наоколу. Бог е осрамотен од лабавиот начин на кој родителите управуваат со своите деца додека тие се во црква.

**Недостатокот на стравопочит причинет преку раскошно облекување.** – Сите треба да бидат научени да бидат чисти, уредни и внимателни во облекувањето, но исто така и да не се оддаваат на надворешно облекување кое никако не одговара за светилиштето. Украсувањето не смее да се дозволи, затоа што тоа поттикнува недостаток на стравопочит... Со сите прашања на облекување треба стриктно да се управува според начелата на Библијата. Модата е божица која владее со светот, но таа често пати се вовлекува и во црквата. Црквата треба да ја земе речта Божја за свое мерило, а родителите треба разумно да го сфатат тоа прашање.

**Покажете почитување кон проповедниците – Божјите претставници.** – Треба да се покаже стравопочит и кон Божјите претставници – кон проповедниците, учителите и родителите кои се повикани да зборуваат и дејствуваат во Негово име. Почитувајќи ги нив, Му укажуваме чест на Бога.

**Одговорноста на родителите кои критикуваат.** – Родители внимавајте, каков пример и какви поими им давате на своите деца. Нивниот дух е многу подложен на влијанието и лесно го прима. Ако говорникот при богослужението направи грешка, немојте да ја споменувате. Зборувајте само за неговите добри постапки и за добрите мисли кои ви ги изнел и кои треба да ги вреднувате како нешто што доаѓа преку Божјиот посредник. Многу е лесно да се види зошто работата на проповедникот има толку малку дејство на децата и зошто тие имаат така малку стравопочитуивање кон домот Божји. Нивното воспитување во тој поглед е неисправно.

Чувствителните и приемчивите умови на децата ја ценат работата на Божјиот слуга според тоа како гледаат на тоа Неговите родители. Многумина од оние кои се глава на семејствата дома ја критикуваат службата, одобрувајќи нешто малку, а осудувајќи го сето останато. И така веста Божја упатена на луѓето се критикува

и става во прашање и станува предмет на лекомислени разговори. Како влијаат на децата овие лекомислени и невнимателни примедби ќе откријат само небесните книги. Децата многу лесно ги примаат и сфаќаат овие нешта отколку што родителите се наклонети да мислат. Тие така добиваат погрешни морални поими, кои никогаш нема да можат целосно да се променат. Родителите се жалат дека нивните деца имаат тврдо срце и дека во нив не можат да пробудат чувство на одговорност кон барањата Божји; но во небесните книги непогрешливо е забележана вистинската причина за тоа. Родителите биле необратени. Нивните ниски и површни поими за светоста на проповедничкиот повик и светилиштето Божје се вткани во воспитувањето на нивните деца.

Прашање е дали некој кој со години добивал погрешно домашно воспитување некогаш ќе може да има чувствителна стравопочит и висок поим за Божјите проповедници и луѓето на кои Тој им го доверил спасението на душите. За овие работи треба да се зборува со стравопочит, со одбрани зборови и чувство на одговорност, како со тоа на сите со кои доаѓате во допир би им покажале дека веста на слугата Божји ја сметате за вест на самиот Бог.

**Практикувајте стравопочит сѐ додека тоа не стане навика.** – Многу е потребна стравопочитта кај младите во овој век. Јас сум преплашена кога гледам како децата и младите на религиозни родители се толку невнимателни за редот и соодветноста на однесувањето и облекувањето кое треба да го манифестираат во Божјиот дом. Додека Божјите слуги ги презентираат зборовите на животот до луѓето, некои читаат, други шепотат или се смеат. Нивните очи грешат со тоа што го одвраќаат вниманието на сите околу нив. Оваа навика, доколку се остави да продолжи, ќе расте и ќе има влијание врз другите.

Децата и младите никогаш не треба да мислат дека треба да се биде горделив со тоа да се биде рамнодушен и негрижлив на состаноците каде Бог се обожува. Бог ја гледа секоја мисла или дело каде нема стравопочит и тоа е запишано во небесните книги. Тој вели: „Јас ги знам твоите дела." Ништо не е сокриено од Неговото око кое ги испитува сите нешта. Доколку имате формирано во колкав и да е степен навика на невнимателност и рамнодушност во Божјиот дом, употребете ги силите со кои располагате да го исправите тоа и покажете дека поседувате самопочитување. Практикувајте стравопочит сѐ додека таа не стане дел од вас.

# КООРДИНАЦИЈА НА ДОМОТ И ЦРКВАТА

**Започнете го делото на благодатта во домот.** – Родители, започнете го делото на благодатта во црквата во својот дом, така однесувајќи се да децата видат дека вие соработувате со небесните ангели. Бидете сигурни дека вие сте обратени секој ден. Воспитувајте се себеси и своите деца за животот вечен во Божјото царство. Ангелите ќе бидат ваши силни помошници. Сатаната ќе ве искушува, но вие не се предавајте. Не зборувајте ниту еден збор со кој непријателот може да земе предност нас вас.

Вистината е чиста и нерасипана. Нека таа пребива во срцето. Нека одлуката на секој член од семејството биде: „Јас ќе бидам христијанин, затоа што во тукашново училиште јас морам да образувам карактер кој ќе ми даде влез во повозвошената школа на небото. Јас морам да им го чинам на другите она што јас посакувам тие да го чинат за мене, затоа што само тие кои го откриваат Христа во овој свет ќе можат да влезат во небесните дворови.“

Направете го домашниот живот колку што е можно поблиску до небото. Нека членовите на семејството не заборават, кога се собираат при семејниот олтар, да се молат за луѓето на одговорни места во Божјото дело.

Оние кои ги управуваат своите семејства на правилен начин ќе донесат во црквата влијание на ред и стравопочит. Тие ќе ги претстават атрибутите на милоста и правдата како соединети. Тие на своите деца ќе им го откријат Христовиот карактер. Законот на љубезноста и љубов на нивните усни нема да ги направат нивните заповеди слаби и без авторитет и нивните налози нема да бидат соочени со непослушност.

**Тоа што е домот, тоа ќе биде и црквата.** – Секое семејство претставува црква, над која семејствата претседаваат. Првото нешто за кое родителите треба да размислуваат е да работат за спасението на своите деца. Кога таткото и мајката како свештеник и учител во домот ја заземат својата положба цврсто на Христовата страна, во домот ќе биде ширено добро влијание. И тоа посветено влијание ќе биде почувствувано во црквата и ќе биде препознаено од секој верник. Заради големиот недостак на побожност и посве-

теност во домот, делото Божје е многу назадено. Никој човек во црквата не може да внесе влијание кое тој не го шири во својот домашен живот и во своите деловни релации.

**Соодветното однесување во црквата е научено во домот.** – Домот е училиште каде сите можат да научат како треба да постапуваат во црквата. Кога сите се членови на царското семејство, ќе постои вистинска учтивост во домашниот живот. Секој член на семејството ќе настојува да го направи домот угоден за секој друг член. Божјите ангели, кои им служат на оние кои ќе бидат наследници на спасението, ќе ви помогнат да направите модел на небесното семејство. Нека постои мир во домот и ќе има мир во црквата. Ова драгоцено искуство донесено во црквата ќе биде начин за создавање љубезност еден кон друг. Недоразбирањата ќе престанат. Вистинска христијанска учтивост ќе биде видена меѓу членовите на црквата. Светот ќе спознае дека тие биле со Исуса и се имаат поучено од Него. Каков само впечаток црквата би оставила врз светот кога сите членови би живееле христијански живот!

**Зошто постои слабост во црквата.** – Многумина изгледа мислат дека...во црквата, наголемувачката љубов кон задоволството е последица на занемарената пасторална работа. Вистина, црквата треба да има верни водачи и пастори. Проповедниците треба сериозно да работат за младите кои себеси не се предале на Христа, и за други кои, и покрај што нивните имиња се на црквените книги, не се религиозни и Христос не пребива во нив. Но проповедниците можат да ја вршат својата работа верно и добро, но сепак со тоа ќе се постигне малку доколку родителите ја занемарат својата работа. Недостатокот на христијанство во домашниот живот е причина зашто постои недостаток на сила во црквата. Се додека родителите не ја сфатат работата како што треба, ќе биде тешко младите да се разбудат за да ја сфатат својата должност. Доколку религијата владее во домот, таа ќе биде донесена во црквата. Родителите кои ја вршат својата работа за Бога се сила за добро. Кога ги зауздуваат и охрабруваат своите деца израснувајќи ги во грижата и науката Господова, тие го благословуваат соседството во кое живеат. И црквата е засилена преку нивната верна работа.

**Занемарливи родители не можат да ја воздигнат црквата.** – Доколку се дозволи непослушност во домашниот живот, срцата на децата ќе бидат исполнети со опозиција на Божјото устројство. Силата на Светиот Дух ќе биде недоволна да ги омекне и потчини нивните срца. Доколку во подоцнежните години, под посебни околности, тие се предадат на силата на Христовото евангелие, тие ќе треба да водат ужасни битки за да ја доведат нелојалната волја на потчинетост на волјата Божја. Често пати и црквата страда заради своите членови заради погрешното воспитување примено за време на детството. Како деца, ним им било дозволено да практикуваат измама за да ја добијат својата волја и духот кој бил дозволен да биде бунтовнички во домот, на крај ќе произведе и непослушност на Божјите барања.

**Духовноста може да биде убиена преку критицизам.** – Кога вие сте искушувани да зборувате раздразливи зборови, молете се за благодат за да му се спротивставите на искушението. Имајте на ум дека вашите деца ќе зборуваат онака како што ќе ве слушнат дека вие зборувате. Преку својот пример вие можете да ги воспитувате. Имајте на ум дека ако зборувате раздразливо со членовите на црквата, вие ќе зборувате исти такви зборови на небото, кога би ви се дозволило да влезете таму...

**Проповедникот има посебна можност.** – Во секоја прикладна можност на децата треба да им се повторува сторијата за Христовата љубов. Секоја проповед треба да содржи нешто посебно и за децата. Во тие малечки Христовиот слуга треба да стекне трајни пријатели. Тој не смее да пропушти ниту една прилика да им помогне во стекнување на појасно познавање на Светото Писмо. Тоа ќе го запре патот на сатанските изуми повеќе отколку што тоа ние можеме да си го претпоставиме. Ако децата рано се запознаат со вистината на Божјата Реч, на тој начин се подига брана против безбожноста и таквите деца ќе бидат во состојба непријателот да го пречекаат со зборовите: „Пишано е.“

**Бидете верни во домот како и при богослужението.** – Родители, како учители на вашите сакани вистината треба да биде управувачка сила над вашата совест и вашето разбирање, управувајќи над зборовите и делата. Бидете така верни во својот домашен жи-

вот како што сте во богослужението на Бога. Покажете им вистински карактер на сите во домот. Ангелите Божји се присутни, забележувајќи како младите членови на Божјото семејство се третирани. Верата во домот сигурно ќе биде воведена во црквата.

# ОТСЕК XIX

## *Денот на судот*

# ДОЦНА Е ЧАСОТ

**Сатаната ја собира својата војска.** – Сатаната ја собира својата војска, и дали ние поединечно сме подготвени за ужасниот судир кој е пред нас? Дали ние се подготвуваме себеси и нашите семејства да ја разбереме состојбата на нашите непријатели и методи на војување? Дали нашите деца формираат навики на одлучност, за да можат да бидат цврсти и непопустливи во секое нешто во врска со начелото и должноста? Се молам сите ние да можеме да ги разбереме знаците на времето и така да се подготвиме себеси и нашите деца за да во времето на судирот Бог биде наше прибежиште и одбрана.

**Подгответе се за запрепастувачко изненадување.** – Престапот скоро ја има достигнато својата граница. Збрката го исполнува светот, и голем ужас наскоро треба да дојде врз човечките битија. Крајот е многу близу. Божјиот народ треба да се подготвува за она што ќе го снајде светот како запрепрастувачко изненадување.

Нашето време е драгоцено. Ние имаме само малку, многу малку денови на проба во кои можеме да се подготвиме за идниот бесмртен живот.

**Свечени прашања за родителите.** – Татковци и мајки, каков е вашиот запис? Дали сте верни на довереното? Кога ги видовте децата наклонети да го следат својот ланец на постапки за кој вие знаевте дека ќе резултира во нечистотија на мислите, зборовите и делата, дали вие прво го замоливте Бога за помош, обидувајќи се да им ја покажете нивната опасност? Дали сте им ја покажале ним опасноста на следењето на патот кој самите го одбрале? Мајки, дали сте ја занемариле својата од Бога дадена работа – најголемата работа некогаш доверена на смртниците? Дали сте одбиле да ги носите своите од Бога дадени одговорности? Во времето на неволја коешто е токму пред нас, кога судовите Божји ќе паѓаат на нечистите и несветите, дали вашите деца ќе ве проколнат заради тоа што сте им попуштале на нивните желби?

**Треба да се поучат родителите кои се нови во верата.** – Оние кои на светот му ја објавуваат последната вест на милост

мораат да сфатат дека им е должност да ги поучуваат родителите во поглед на учењето на верата во семејството. Големото движење на реформа мора да започне со излагање на начелата на Божјиот закон на татковците, мајките и децата. Кога ги изложувате барањата на законот и кога мажите и жените согледаат дека должност им е да се покоруваат на истиот, треба да им се објасни дека одговорноста која ја превземаат со таа одлука не е само за себе, туку и за своите деца. Покажете им дека покорувањето на Божјиот Збор е единствена сигурна заштита од зло кое го води светот во пропаст.

**На нашите млади им е потребно помош и охрабрување.** – Сега е нашето време и можност да работиме за младите луѓе. Кажете им дека ние сега сме во опасна криза и сакаме да знаеме како да ја разликуваме вистинската побожност. На нашите млади им е потребна помош, да бидат подигнати и охрабрени, но на правилен начин; не, можеби како што тие посакуваат, но на начин кој ќе им помогне да имаат посветени умови. Ним им е потребна добра, посветувачка религија повеќе од што и да е друго.

**Не чекајте.** – Настаните кои доаѓаат фрлаат сенка на нашиот пат. Татковци, мајки, јас апелирам кон вас да направите сега најсериозни напори за вашите деца. Пружете им секојдневно верско поучување. Учете ги да го љубат Бога и да бидат верни на начелата на правото. Со возвишена, сериозна вера, насочена од божественото влијание на Светиот Дух, работете, работете сега. Не одложувајте го тоа за ниту еден ден, еден час.

**Вршете целосна работа.** – Родители, понизете ги своите срца пред Бога. Започнете темелна работа со вашите деца. Молете се пред Бога да ви ја прости вашата непослушност на Неговиот Збор во занемарувањето да ги воспитате своите деца на патот по кој треба да одат. Замолете за светлина и водство, за нежен израз на лицето и за јасно разликување за да можете да ги видите своите грешки и пропусти. Бог ќе ги вослиши таквите молитви од едно понизно и скршено срце.

**Исповедањето може да биде неопходно.** – Доколку не сте ги извршиле добро вашите должности кон вашите семејства, испове-

дајте ги своите гревови пред Бога. Соберете ги своите деца околу вас и признајте го своето занемарување. Кажете им дека имате желба да донесете реформација во домот и замолете ги да ви помогнат да го направите домот тоа што треба да биде. Читајте им ги упатствата дадени во Божјиот Збор. Молете се со нив; и молете го Бога да ги запази нивните животи и да им помогне да се подготват за дом во Неговото царство. На таков начин вие можете да почнете дело на реформација; и продолжете да го држите патот Господов.

**Дајте им на децата пример на стриктна послушност.** – Посебното дело на родителите е законите Божји да им ги направат јасни на нивните деца и да ургираат на нивна послушност, за тие да ја видат важноста од почитување на Бога во сите денови на нивниот живот. Тоа беше делото на Мојсеј. Тој требаше на родителите да им ја наложи нивната должност да им дадат пример на децата на стриктна послушност. И тоа е делото кое над сѐ друго треба да биде извршено во домашниот живот денес. Тоа треба да ја придружува тројната ангелска вест. Незнаењето не е оправдување затоа што родителите занемаруваат да ги учат своите деца што значи да се престапува законот Божји. Светлината изобилува, и никој не треба да чекори во темнина, никој не треба да биде во незнаење. Бог е навистина нашиот инструктор денес како што тој беше учител на децата израелски и сите се обврзани пред најсветите должности да ги почитуваат Неговите закони.

**Молете се и работете за нивното спасение.** – Учете ги вашите деца дека срцето мора да биде воспитувано на самоконтрола и самоодрекување. Побудите на животот мора да бидат во хармонија со Божјиот закон. Не бидете задоволни гледајќи како вашите деца раснат одвоени од Христа. Никогаш не се чувствувајте пријатно додека тие се ладни и рамнодушни. Викајте кон Бога ден и ноќ. Молете се и работете за спасението на душите на вашите деца. „Стравот Божји е почеток на мудоста." Тоа е извор, баланс на карактерот. Без Господовиот страв, тие нема да ја постигнат големата цел на нивното спасение.

**Постапувајте како градители на карактерот.** – Адвентистите на седмиот ден како родители мораат целосно да ја сфатат сво-

јата одговорност во изградбата на карактерот на своите деца. Тие имаат од Бога дадено предимство преку совесно залагање за своите деца да го засилуваат Божјето дело на земјата. Тој сака да види како од домовите на нашиот народ излегуваат голем број на млади кои, благодарејќи на побожното влијание на семејството, го предале своето срце Нему, подготвени да му посветат најдобра служба на својот живот. Насочени под надзорот на побожното семејство, под влијанието на утринското и вечерното богослужение, доследниот пример на богобојазливите родители, тие се научени да се покоруваат и на Бога и на своите учители и подготвени се како верни синови и ќерки Божји да вршат служба која нему му е угодна. Таквите момчиња и девојки се подготвени на светот да му ја покажат силата на Христовата благодат.

# НАГРАДИТЕ

**Графички приказ на судниот ден.** – Јас еднаш имав сон каде видов голема група собрана заедно; и одеднаш небото потемне, се слушна гром, светна светкавица и еден глас посилен од најсилнот тресок на громот зазвучи низ небото и земјата велејќи: „Свршено е.“ Дел од групата, со бледи лица, скокнаа напред со лелекање во агонија, извикувајќи: „О, јас не сум подготвен.“ Беше поставено прашањето: „Зошто не сте подготвени? Зошто не сте ги искористиле можностите кои јас милостиво ви ги дадов?“ Јас се разбудив со викот кој ѕвонеше во моите уши. „Јас не сум подготвен; јас не сум спасен – изгубен! изгубен! вечно изгубен!“

Во поглед на свечената одговорност која почива врз нас, ние треба да размислуваме за иднината, за да можеме да разбереме што треба да направиме за да се соочиме со неа. Дали и во тој ден ќе бидеме соочени со занемарувањето и презирот на Бог и Неговата милост, отфрлувајќи ја Неговата вистина и љубов? Во свеченото собрание на последните денови, пред целата вселена, ќе биде читана причината за осудувањето на грешникот. За прв пат родителите ќе дознаат каков бил тајниот живот на нивните деца. Децата ќе видат колку многу имаат погрешено против своите родители. Ќе постои големо откривање на тајните и побудите на срцето, затоа што тоа што било сокриено ќе биде манифестирано. Оние кои од свечените нешта направиле играчка ќе бидат отрезнети кога ќе се соочат со ужасната стварност.

Оние кои ја презреле Божјата Реч тогаш ќе се соочат со Авторот на вдахновените пророштва. Ние не можеме да си дозволиме да живееме без да го имаме на ум денот на судот; затоа што и покрај тоа што е долго одложуван, сега е близу, дури на врата, и брза многу. Трубата на Архангел наскоро ќе ги преплаши живите и разбуди мртвите. Во тој ден злите ќе бидат одвоени од праведните, како што овчарот ги одвојува козите од овците.

**Кога Бог ќе праша: „Каде се децата?“** – Родителите кои не одговориле на должностите кои Бог им ги дал ќе мора за тоа да одговараат на судот. Тогаш Господ ќе запраша: „Каде се децата кои ти ги дадов да ги одраснеш за мене? Зошто сега не се од мојата

десна страна?“ Многу родители тогаш ќе сфатат дека неразумната љубов ги заслепила нивните очи да не ги видат маните на своите деца и тие дозволиле тие да станат зли луѓе, недостојни за небото. Некои ќе видат дека на децата не им укажале доволно внимание, љубов и нежност и дека заради нивното невршење на должноста децата достигнале до состојба во која сега се наоѓаат.

Родители, доколку сте ја изгубиле својата можност, нека Бог ви се смилува затоа што во денот на судот Бог ќе рече: „Што имате направено за моето стадо, Моето убаво стадо?“...

**Семејствата ќе поминат на преглед пред Бога.** – Каква сцена ќе се укаже кога родителите и децата ќе се состанат при крајната пресметка! Илјадници деца кои биле робови на страстите и унижувачкиот порок, чии животи биле морални рушевини, ќе се најдат лице во лице со родителите кои ги направиле тоа што тие се. Кој ќе биде одговорен за ова освен родителите? Дали Господ ја расипа младината? Не! Тој ги создаде според Својот лик, малку пониско од ангелите. Кој го сторил тогаш ова страшно дело и ги изобличил нивните карактери? Кој така ги променил нивните карактери така да тие не го носат отисокот Божји, па Тој мора засекогаш да ги отфрли, затоа штои тие се премногу нечисти за да можат да најдат место со чистите ангели на небото? Зарем родителите не ги пренесоа на своите деца своите гревови во вид на изопачени апетити и страсти? Зарем тоа не го направија мајките кои трчаат по задоволство и го довршиле тоа дело со тоа што ги воспитале децата по примерот кој им бил даден? Сите овие мајки ќе мора да се појават пред Бога и нема да можат да го одбегнат тоа.

**На небото постои точен запис.** – Нека родителите и децата запаметат дека ден по ден тие формираат карактери и дека цртите на тие карактери се запишани во небесните книги. Бог зема слики од Својот народ, исто како што уметникот зема слики од мажите и жените, префлувајќи ги цртите на плочата на фотографскиот апарат. Каква слика сакате вие да продуцирате? Родители, одговорете го прашањето! Каква слика Големиот Уметник ќе направи за вас во небесните записи?... Ние мораме да одлучиме за тоа сега. Отсега, кога ќе дојде смртта, нема да има време да се исправат искривените патеки на карактерот.

За нас индивидуално тоа мора да биде најважна работа. Секој ден е направена слика за нас за сета вечност. Нека секој еден рече: „За мене денеска се прави слика.“ Запрашајте се секој ден, секој час себеси: „Како моите зборови ќе звучат за небесните ангели? Дали се тие како златни јаболка во сребрени садови или тие се како разорувачки град кој ранува и повредува?“

Не само нашите зборови и дела, туку нашите мисли, прават слика од тоа што сме ние. Тогаш нека секоја душа биде добра и нека чини добро. Нека сликата која ќе биде направена за вас биде таква како вие не би се засрамиле. Секое чувство кое го негуваме прави свое влијание врз изразот на лицето. Нека Бог ни помогне да го направиме записот во нашите семејства онаков како што ние посакуваме да биде во небесниот запис.

**Дали сте биле негрижливи?** – О, кога родителите со молитва и повнимателно би гледале на вечното добро на своите деца! Нека самите себе си го поставаат прашањето: Не сме биле лекомислени? Дали ја занемаривме својата света должност? Дали им дозволивме на децата да станат мета на искушенијата на сатаната? Нема ли да положиме една сериозна сметка пред Бога, затоа што не сме им дозволиле на нашите деца да ги користат своите способности, своето време и своето влијание работејќи против вистината и против Христа? Не сме ли ја занемариле својата родителска должност со тоа што сме го зголемиле бројот на поданиците на царството на сатаната?

Доколку мајките занемарат прописно да ги воспитаат своите деца, нивното занемарување се рефлектира назад кон нив, правејќи ги нивните бремиња и потешкотии потешки отколку што тие би биле доколку тие посветиле време и трпелива грижа да ги воспитаат своите деца на послушност и потчинетост. На крајот за мајките ќе се исплати обликувањето на карактерот на своите деца да го направат свое прво и најважно внимание за трњата да не земат корен и донесат изобилна жетва.

**Децата ќе ги осудат неверните родители.** – Божјето проклетство сигурно неизбежно ќе ги стигне неверните родители. Со таквиот свој однос кон децата тие не само што садат трње кое ќе ги ранува во овој живот, туку со своето неверство ќе мора да се соочат на Божјиот суд. Многу деца тогаш ќе ги осудуваат своите роди-

тели затоа што не ги ограничувале и ќе ги обвинуваат за својата пропаст. Лажната наклонетост и слепата љубов ги наведуваат родителите да пронаоѓаат изговори за грешките на своите деца и преку тоа да преоѓаат со молчење; и како последица на тоа, децата се изгубени, но нивната крв ќе се бара од неверните родители.

**Децата ќе им оддадат почит на верните родители.** – Кога ќе се одржува судот и кога ќе се отворат книгите, кога големиот Судија ќе ги изговори зборовите: „Добри и верни слуго," и ја стави круната на славата на челото на победникот, многумина ќе ја земат својата круна и пред собирот на целата вселена, покажувајќи на мајката ќе кажат: „Ова што сум преку Божјата благодат и го должам неа. Нејзините совети, нејзините молитви придонесоа за моето вечно спасение."

**Резултатите од верното воспитување ќе бидат манифестирани.** – Таму сите кои несебично работеле, ќе ги гледаат плодовите на својата работа. Таму ќе се види исходот на секој вистински принцип и благородно дело. Нешто од тоа гледаме уште тука. Но, колку малку резултати од својот труд гледа во овој живот оној кој го извршува најблагородното дело на светот! Колкумина работат несебично и неуморно за оние кои никогаш нема да ги видат ниту да ги запознаат! Родителите и учителите заминуваат на својата последна починка, а сè што правеле во животот изгледа залудно; тие не знаат дека нивната верност отпечатила извори на благослов кои никогаш нема да престанат да течат; тие само во вера гледале дека децата што ги воспитувале ќе станат благослов и инспирација за своите ближни, и дека нивното влијание повеќекратно ќе се зголеми... Луѓето сеат семе од кое други, над нивните гробови, жнеат благословена жетва. Тие садат овошки за други да можат да јадат плодови. Тука им е доволно што знаат дека ги поттикнале силите на доброто. Во вечноста ќе се види дејството и противдејството на сите нешта.

**Родителите можат со себе да ги донесат своите деца во ветената земја.** – Бог дозволил светлина од неговиот престол да светли во текот на целиот наш животен пат. Столб од облак преку ден и столб од оган преку ноќ, се движи пред нас како пред древ-

ниот Израел. Привилегија е за христијанските родители, како што беше за древниот Божји народ, да ги донесат своите деца со себе во Ветената Земја.

Вие сакате вашето семејство да биде со Бога. Вие сакате да ги донесете со себе при вратите на градот и да кажете: „Еве ме Боже мене и децата кои Ти ми ги даде.“ Тие може да се возрасни мажи и жени кои пораснале, но тие сепак се вашите деца; и вашето воспитување, вашата будност над нив била благословена од Бога, и сега тие стојат како победници. Сега вие може да речете: „Еве сум јас Господе, и моите деца.“

**Скршените семејни ланци ќе бидат поврзани.** – Исус доаѓа, доаѓа на облаците и со голема слава. Мноштво на светлосни ангели ќе го придружуваат. Тој ќе дојде да им оддаде чест на оние кои го љубеа Него и ги држеа Неговите заповеди и да ги земе со Себеси. Тој ги нема заборавено нив ниту Своето ветување. Ќе дојде до повторно поврзување на семејниот ланец.

**Утеха за мајка која изгубила дете.** – Ти прашуваш во поглед на тоа дали твоето малечко ќе биде спасено. Христовите зборови се твој одговор: „Дозволете им на малите деца да дојдат при Мене и не им забранувајте; затоа што на такви е царството Божјо. Имајте го на ум пророштвото: „Вака вели Господ: чуј, во Рама се слуша ридање и горчлив плач; Рахела ги оплачува своите синови и не сака да се утеши... Господ зборува вака: Прекрати да ридаш, избриши ги солзите во очите! Твоите страдања ќе бидат наградени: тие ќе се вратат од непријателската земја. Има надеж за твоето потомство – говори Господ – твоите синови ќе се вратат во својот крај.“

Ова ветување е за тебе. Ти можеш да бидеш утешена и да имаш доверба во Бога. Бог мене ме има поучено дека малечките ќе бидат легнати да почиваат пред времето на неволји. Ние ќе ги видиме нашите деца повторно. Ние ќе се сретнеме со нив и ќе ги познаваме во небесните дворови. Стави ја својата доверба во Бога, и не се плаши.

**Децата ќе бидат донесени во рацете на мајката.** – Живите праведници „наеднаш, за миг“ се преобразени. На Божјиот глас тие се прославени; сега стануваат бесмртни и со воскреснатите

свети се земени во пресрет на Господа на небото. Ангелите ги собираат „своите избрани од четирите ветра, од крајот на земјата до крајот на небото“ Малечките деца светите ангели ги носат во прегратките на нивните мајки. Пријателите, кои толку долго ги разделила смртта, пак се соединети за никогаш повеќе да не се разделат и со радосни песни се искачуваат заедно во Божјиот град.

**Небото е вредно за сите нешта.** – Небото е вредно да жртвуваме сè поради него. Тука не смееме ништо да ризикуваме или да ставиме на коцка. Мораме да знаеме дека Господ управува со нашите чекори. Бог нека ни помогне во големото дело на здобивање на победата. Тој на победниците им подготвил венци и круни, а на праведниците бели облеки. За оние кои копнеат по слава, чест и бесмртност, ја подготвил славата на неминливиот свет. Секој што ќе влезе низ вратата на Божјиот град, ќе влезе како победник. Тој тука нема да влезе како оправдан виновник, туку како син Божји. Зборовите на добредојде упатени на сите што ќе се удостојат да влезат низ вратата ќе бидат: „Елате, благословени од Мојот Татко; наследете го царството, приготвено за вас од почекот на светот.“ (Матеј 25:34)

**Соучесници во Христовата радост.** – Ние гледаме придружба на ангели од двете страни на портата; и како што поминуваме, Исус зборува: „Дојдете вие благословени од Мојот Татко, наследете го царството кое е подготвено за вас од создавањето на светот.“ Во тој стих Тој ти вели да бидеш соучесник во Неговата радост и каква е таа? Тоа е радоста да ги видите страдањата на вашата душа, татковци. Таа радост мајки е да ги видите вашите напори наградени. Тука се вашите деца; круната на животот е на нивните глави и ангелите Божји ги овековечуваат имињата на мајките чиишто напори ги имаат придобиено своите деца за Исуса Христа.

**Дали Бог ќе рече: „Добро сторено“?** – Кога ќе стоите пред големиот бел престол, тогаш вашата работа ќе изгледа онаква каква што е. Книгите се отворени, записот на секој живот е познат. Многумина во тоа големо мноштво се неподготвени за направените откровенија. До ушите на некои со плашлива јасност: „Измерен на мерила и најден лесен.“ На многу родители Судијата ќе им рече во тој ден: „Вие го имавте Мојот Збор кој јасно ви ја покажа вашата

должност. Зошто не бевте послушни на неговите учења? Зарем не знаевте дека тоа беше Божјиот глас? Зарем јас не ви реков да ги истражувате Списите, за да не заталкате? Вие не ги упропастивте само своите души, туку и со својата претензија на побожност, вие заведовте на погрешен пат многу други. Вие немате дел со Мене. Одете од Мене; Одете од мене.“

Друга класа стои бледа и трепери, имајќи доверба во Христа, но сепак потисната со чувството на сопствената недостојност. Тие со солзи радосници и благодарност ја слушаат пофалбата Господова. Деновите на постојана работа, на носење на бремето, деновите на страв и агонија се заборавени кога тој глас посладок од музиката на ангелски харфи, ги изговара зборовите: „Добро сторено, добар и верни слуго; влези во радоста на својот господар.“ Таму стои војска на спасени, со палмови гранки во нивните раце, со круна на нивната глава. Тие се оние кои преку верни, сериозни напори се здобиле со погодност за небото. Животното дело извршено на земјата е признаено во небесните дворови како добро извршена работа.

Со неискажлива радост, родителите ја гледаат круната, облеката, харфата, дадена на нивните деца. Деновите на надеж и страв се завршени. Семето сеено со солзи и молитви можеби изгледало дека е безнадежно, но жетвата е ожнеана сепак на крај со солзи, нивните деца се откупени. Татковци, мајки, дали гласовите на вашите деца ќе ја направат погласна песната на радост во тој ден?

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.018.1:23/28

ВАЈТ, Елена
Совети за правилно воспитување на детето : (компилација од списите на Елена Вајт) / Елена Вајт ; [ превод Миле Павловиќ ]. – 2. изд. - Скопје : Знаци на времето, 2009. – 401 стр. ; 21 cм

Превод на делото: Child Guidance / Ellen G. White

ISBN 978-9989-659-45-4

I. White, Ellen G. види Вајт, Елена
а) Домашно воспитување - Христијанство
COBISS.MK-ID 78725898